Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00015D5 -A8-09AUG13-1/1

Акумулатор



(Сместена на хидрауличниот резервоар)



S680, S685 и S690
(Сместена во близина на главниот контролен вентил)

За да спречите ризик од повреда, како и можно оштетување на акумулаторот или на хидрауличниот систем, одржувајте го препорачаниот притисок за азотниот гас.

Променете само со сув азот. Номиналниот работен притисок е 21,500 kPa (3120 psi), посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00015D6 -A8-09AUG13-1/1

Систем за ладење

Систем за разладување под притисок. За да избегнете повреди со изгореници заради неконтролирано ослободување на пареа и на врело разладно средство, чекајте додека системот се олади. Бавно олабавете го капакот. Оставете притисокот да се намали пред да го извадите капакот.



OUO6041,0000402 -A8-03SEP10-1/1

Избегнување на резервоарот за зрна

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Немојте да стоите или да се шетате на просторот што го покрива резервоарот за зрна.



OUO6041,000040F -A8-03SEP10-1/1

Избегнување на растоварната спирала со чисти зрна

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Не влегувајте во резервоарот за зрна додека моторот работи.



OUO6041,0000410 -A8-03SEP10-1/1

Врата на ротационата решетка и вентилатор на радијаторот

Избегнете телесни повреди од ротирачкиот фен и од елементите на решетката. Исклучете го моторот и извадете го клучот пред да ја отворите вратата на ротационата решетка.



OUO6041,00003FF -A8-03SEP10-1/1

Елеватор за чисти зрна

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Никогаш не го подигнувајте штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.



OUO6041,00003FE -A8-03SEP10-1/1

Собирач на камења

Избегнете сериозна повреда поради заплеткување со влезниот акцелератор. Влезниот акцелератор се вртки кога сепараторот е вклучен и ќе продолжи да се врти и по неговото исклучување. Не го чистите собирачот на камења сè додека не престанат сите движења на сепараторот.



H96854 —UN—05AUG10

OUO6041,0000457 -A8-03SEP10-1/1

Хидраулично масло и гас под притисок

ЗАБЕЛЕШКА: Ознаката се наоѓа на вратата на собирачот на камења и само на машини со пренос ProDrive™.

Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.



H108701 —UN—01AUG13

OUO6075,00015CF -A8-31JUL13-1/1

Акумулатор

ЗАБЕЛЕШКА: Ознаката се наоѓа на вратата на собирачот на камења и само на машини со пренос ProDrive™.

За да спречите ризик од повреда, како и можно оштетување на акумулаторот или на хидрауличниот систем, одржувајте го препорачаниот притисок за азотниот гас.

Променете само со сув азот. Номиналниот работен притисок е 21,500 kPa (3120 psi), посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.



H97866 —UN—03SEP10

OUO6075,0000921 -A8-01JUL13-1/1

Штитник на погонот на доставниот преносник

ЗАБЕЛЕШКА: Ознака е поставена на надворешната и на внатрешната страна на заштитните елементи и на двете страни на доставната комора.

Не го отворајте штитникот додека моторот работи.



H97201 —UN—05AUG10

OUO6041,0000458 -A8-03SEP10-1/1

Стартер

ЗАБЕЛЕШКА: Ознаката се наоѓа на стартерот.

Не го стартувајте моторот со краток спој на клемите на стартерот или со соленоидниот приклучок. Машината или компонентите може да се придвижат ако е заобиколено нормалното струјно коло.



H97206 —UN—05AUG10

OUO6075,00015D0 -A8-31JUL13-1/1

Издувна температура (конечно ниво 4/фаза IV)

ЗАБЕЛЕШКА: Налепниците се наоѓаат на заштитните површини (однадвор и на врвот).

Деловите на издувниот систем може да се жешки. Држете се настрана од деловите на издувниот систем за да избегнете посериозни изгореници.



H1108091 —UN—10JUN13



H1108092 —UN—06JUN13

OUO6075,00015DE -A8-14AUG13-1/1

Општ преглед на контролите и инструментите



H94806 —UN—15JUL10

A—CommandTouch™ Столпче во аголот на кабината
B—Рачка за менување на брзини (ако постои)
C—Педали за сопирачки
D—Рачна сопирачка за паркирање (ако постои)
E—CommandTouch™ Конзола за потпирање на раката
F—CommandCenter™ Приказ
G—Повеќенаменска рачка
H—Управувачки столб
I— Трепкачи/Рачка за избирање на светло

CommandTouch е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0000495 -A8-10DEC10-1/1

Контролна плоча над главата



H111447 —UN—20JUN14

A—Микрофон (изборно)
B—Прекинувач за грејачот на огледалото (изборно)
C—Прекинувач за контролата на огледалото (изборно)
D—Радио (изборно)

OUO6075,0001850 -A8-23JUN14-1/1

Микрофон (изборно)

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде на "ON" (вклучено) или машината мора да работи за да функционира микрофонот.

Возачот го користи микрофонот во горната плоча за да комуницира, а рацете да му се слободни, користејќи мобилен телефон со Bluetooth® (Bluetooth мора да биде вклучен).

ЗАБЕЛЕШКА: Bluetooth е комуникациска технологија со краток опсег која овозможува човек безжично да се поврзе со мобилен телефон.

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG



H97351 —UN—14JUL10

OUO6075,000089A -A8-14JUL10-1/1

Прекинувач за грејачот на огледалото (изборно)

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде на "ON" (вклучено) или машината мора да работи за да ги нагодите огледалата.

Огледалата се опремени со греачи за отстранување на мраз и на магла.

Прекинувачот за грејачот на огледалото (I) (дното на прекинувачот притиснат внатре) го исклучува напојувањето. Прекинувачот за грејачот на огледалото (II) (врвот на прекинувачот притиснат внатре) ги загрева огледалата.



H97712 —UN—23AUG10

I— Прекинувач за грејач на огледалото (OFF) (исклучено)
II— Прекинувач за грејач на огледалото (ON) (вклучено)

OUO6075,00008AE -A8-20AUG10-1/1

Прекинувач за контролата на огледалото (изборно)

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде на "ON" (вклучено) или машината мора да работи за да ги нагодите огледалата.

Прекинувачот за контролата на огледалото (A) доведува напон во левото или во десното огледало. Притиснете ја левата страна на прекинувачот за напон во левото огледало, или притиснете ја десната страна на прекинувачот за напон во десното огледало.

Прекинувачот за нагодување на огледалото (B) го движи избраното огледало горе или долу и лево или десно.



H97350 —UN—14JUL10

A—Прекинувач за контролата на огледалото

B—Прекинувач за нагодување на огледалото

OUO6075,00003F6 -A8-14JUL10-1/1

Видови на радија (изборно)



H1111448 —UN—19JUN14

Главни карактеристики	Радио	Приклучување на надворешни уреди	CD	CD, MP3/WMA	USB	Bluetooth®	Sat Радио
(A) - Делукс радио систем со ЦД	X	X	X	X			
(B) - Премиум радио систем (европски/извоз)	X	X	X	X	X	X	
(C) - Премиум радио систем (Северна Америка)	X	X	X	X	X	X	X

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG

OUO6075,000184F -A8-19JUN14-1/1

Дополнителни радио уреди

ВАЖНО: Ако монтирате или заменувате некој дополнителен радио уред, посетете го

Вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации.

OUO6075,0000B6E -A8-21MAR11-1/1

Радио програма за локална фреквенција

ЗАБЕЛЕШКА: Ако за радиото е потребен приемник за различна фреквенција, посетете го

Вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации.

Бранови појаси (Соединети Американски Држави/Канада)		Бранови појаси (Европа)	
FM	87.7 - 107.9 MHz	UKW (FM)	87.5 - 108.0 MHz
AM	530 - 1710 kHz	MW	522 - 1629 kHz
WX	162.4 - 162.55 MHz	LW	153 - 279 kHz

OUO6075,0001165 -A8-25JUN12-1/1

Команди на радиото



H111449 —UN—20JUN14

1— Контрола на јачината на звукот
2— Копче за појас на фреквенции (BND)
3— Копче за вклучување/Без звук
4— Копче за вадење
5— Отвор за ЦД
6— Приказ на радио
7— Копче за мени
8— Повеќефункционален преклопен прекинувач
9— Audio (AUD) копче
10— Блок копчиња (1 - 6)
11— Копче за известувања за сообраќајот (TA)
12— Копче за избор на извор (SRC)

ЗАБЕЛЕШКА: За повеќе информации погледнете во прирачникот за работа со радиото.

OUO6075,0001851 -A8-23JUN14-1/1

Антена

ВАЖНО: Доколку не го користите радиото или машината се превезува, спуштете ја антената и прицврстете ја со закачалката за неа. Доколку нема на располагање закачалка за неа, прицврстете ја антената на кровот од кабината со леплива лента.

Антената има прилагодлив опсег меѓу 5—60 степени. Надминувањето на максималниот агол ќе ја оштети антената.

Извадете ја радио антената (A) од закачалката (B) кога го користите радиото.



H111433 —UN—13JUN14

A—Радио антена **B—Држач**

OUO6075,000183C -A8-07JUL14-1/1

Монтирање на комуникации/CB радио



H94464 —UN—14MAY10



H96333 —UN—14MAY10

H101604 —UN—18MAY11

Задна положба на столпчето во аголот (десна задна страна)



H101603 —UN—18MAY11

Положба за Делукс кабина/положба за Премиум кабина

A—Точка за монтирање на антената

B—Кабел на антената

ВАЖНО: Не поставувајте радио кое има потреба од повеќе од 3 ампери или во спротивно може да настане дефект во електричниот систем.

За поставување на дополнително радио за комуникации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Точката за монтирање на антената (A) се наоѓа на покривот на кабината.

1. Отстранете го капакот против прашина од основата на антената.
2. Отстранете ја месинговата навртка од основата на антената.
3. Фрлете ја гумената подлошка.
4. Повторно поставете ја основата на антената така што O-прстенот ќе биде насочен надолу.
5. Поставете ја антената.

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете го држачот за чаша за да го пронајдете кабелот на антената и да го насочите низ отворот.

Кабелот на антената (B) се наоѓа на десната страна од кабината под конзолата на потпирачот за рака.

ВАЖНО: Капакот на столпчето во аголот мора да биде отстранет пред да се врши дупчење. Внимавајте да не ги оштетите кабелскиот сноп и цревата за разладното средство во прикажаните положби кога дупчите отвори или поставувате машински делови.

Употребете ги доставените држачи од производителот како шаблон за пронаоѓање на отворите и издупчете ги отворите по потреба во различните положби, како што е прикажано. За да го монтирате носачот, употребете завртки со само зацврстување или завртки со глава и навртки.

ЗАБЕЛЕШКА: Одредени опсези на емитување може да предизвикаат пречки на приемникот за положба. Изберете различен опсег за емитување или посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема ако се забележи губење на сигналот од приемникот за положбата.

Продолжува на следната страница

Навигација низ приказот на потпирачот за рака (GreenStar™ 3 CommandCenter™ без екран осетлив на допир)

Постојат два методи за навигација околу екраните за приказ.

Метод на копче за бирање и метод на потврден прекинувач:

Употребете го копчето за бирање (K) за да ги означите посакуваните икони (A—J).

Откако ќе се означи посакуваната икона, употребете ги следниве копчиња и прекинувачи:

- **Копче за бирање (K):** Завртете го копчето за:
  - Движење низ достапните ставки во избраната страница
  - Зголемување или намалување на вредностите за избраната ставка
- **Потврден прекинувач (L):** Откако ќе се избере достапната ставка, употребете го копчето за бирање и притиснете го прекинувачот за да:
  - Изберете ставка
  - Префрлување меѓу достапните избори во рамките на една ставка
  - Внесување/зачувување на вредностите
- **Прекинувач за откажување (M):** Притиснете го прекинувачот за да го откажете тековниот избор.

Метод на прекинувач за брз пристап:

Прекинувачите за брз пристап (A — J) овозможуваат избирање со едно притискање на посакуваното влезно поле или на соодветната ставка на приказот.

- **Прекинувачи за брз пристап (A — J):** Притиснете го за да ја изберете соодветната икона на приказот на потпирачот за рака или на приказот GreenStar™ (ако постои).

Прекинувачи за навигација:

- **Прекинувач за главно мени (N):** Притиснете го прекинувачот за да ја промените активната апликација која работи на приказот. Апликациите вклучуваат:
  - Центар за пораки
  - Поставки на приказот
  - Управувач на распоредот
  - Комбајн
  - Монитор на перформансите
  - GreenStar™
  - Видео

H94422 —UN—04MAR10



H106777 —UN—04FEB13

- Управувач на пристапот
- **Прекинувач за Почеток (O):** Го прикажува кориснички дефинираниот почетен екран. Ако се дефинирани повеќе екрани, притискањето повеќе пати на прекинувачот за почеток префрлува низ секој дефиниран почетен екран.

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00013B4 -A8-04FEB13-1/1

Навигација низ приказот на потпирачот за рака (GreenStar™ 3 CommandCenter™ екран осетлив на допир)

Постојат три методи за навигација околу екраните за приказ.

Метод на копче за бирање и метод на потврден прекинувач:

Употребете го копчето за бирање (K) за да ги означите посакуваните икони (A—J).

Откако ќе се означи посакуваната икона, употребете ги следниве копчиња и прекинувачи:

- **Копче за бирање (K):** Завртете го копчето за:
  - Движење низ достапните ставки во избраната страница
  - Зголемување или намалување на вредностите за избраната ставка
- **Потврден прекинувач (L):** Откако ќе се избере достапната ставка, употребете го копчето за бирање и притиснете го прекинувачот за да:
  - Изберете ставка
  - Префрлување меѓу достапните избори во рамките на една ставка
  - Внесување/зачувување на вредностите
- **Прекинувач за откажување (M):** Притиснете го прекинувачот за да го откажете тековниот избор.

Метод на прекинувач за брз пристап:

Прекинувачите за брз пристап (A — J) овозможуваат избирање со едно притискање на посакуваното влезно поле или на соодветната ставка на приказот.

- **Прекинувачи за брз пристап (A — J):** Притиснете го за да ја изберете соодветната икона на приказот на потпирачот за рака или на приказот GreenStar™ (ако постои).

Метод на екран осетлив на допир:

ВАЖНО: Во никој случај не смее екранот осетлив на допир да дојде во контакт со предмет кој е поцврст или поостар отколку врв на прст (пенкало, хемиско пенкало или какви било други метални предмети). Големиот притисок ги оштетува основните компоненти и ја прекинува гаранцијата. Слаби количини притисок, ако се употребуваат постојано, може да ја намалат веродостојноста на екранот осетлив на допир.

- Изберете и допрете ја посакуваната икона на приказот.

Прекинувачи за навигација:

- **Прекинувач за главно мени (N):** Притиснете го прекинувачот за да ја промените активната апликација која работи на приказот. Апликациите вклучуваат:
  - Центар за пораки
  - Поставки на приказот
  - Управувач на распоредот
  - Комбајн
  - Монитор на перформансите
  - GreenStar™
  - Видео
  - Управувач на пристапот
- **Прекинувач за Почеток (O):** Го прикажува кориснички дефинираниот почетен екран. Ако се дефинирани повеќе екрани, притискањето повеќе пати на прекинувачот за почеток префрлува низ секој дефиниран почетен екран.

H94422 —UN—04MAR10



H106777 —UN—04FEB13

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

CommandCenter е регистриран защитен знак на Deere & Company

OUO6075,00013B5 -A8-04FEB13-2/2

Навигација низ приказот на потпирачот за рака (приказ GreenStar™ 3 2630)

H94422 —UN—04MAR10



H106778 —UN—04FEB13

ЗАБЕЛЕШКА: Приказот GreenStar™ 2 2600 не е подржана конфигурација со потпирачот за рака. Приказот GreenStar™ 2 2600 може да биде монтиран само на столпчето во аголот.

Ако приказот GreenStar™ 3 2630 е монтиран како втор приказ на столпчето во аголот, модулот за корисничкиот интерфејс (UIM - user interface module) нема да ја контролира навигацијата низ екранот. Приказот на столпчето во аголот функционира само како екран осетлив на допир.

Метод на копче за бирање и метод на потврден прекинувач:

Употребете го копчето за бирање (K) за да ги означите посакуваните икони (A—J).

Откако ќе се означи посакуваната икона, употребете ги следниве копчиња и прекинувачи:

- **Копче за бирање (K):** Завртете го копчето за:
  - Движење низ достапните ставки во избраната страница
  - Зголемување или намалување на вредностите за избраната ставка
- **Потврден прекинувач (L):** Откако ќе се избере достапната ставка на приказот преку копчето за бирање, притиснете го прекинувачот за да:
  - Изберете ставка
  - Префрлување меѓу достапните избори во рамките на една ставка
  - Внесување/зачувување на вредностите
- **Прекинувач за откажување (M):** Притиснете го прекинувачот за да откажете тековен избор.

Метод на прекинувач за брз пристап:

Прекинувачите за брз пристап (A — J) овозможуваат избирање со едно притискање на посакуваното влезно поле или на соодветната ставка на приказот.

- **Прекинувачи за брз пристап (A — J):** Притиснете го за да ја изберете соодветната икона на приказот на потпирачот за рака или на приказот GreenStar™ (ако постои).

Метод на екран осетлив на допир:

ВАЖНО: Во никој случај не смее екранот осетлив на допир да дојде во контакт со предмет кој е поцврст или поостар отколку врв на прст (пенкало, хемиско пенкало или какви било други метални предмети). Големиот притисок ги оштетува основните компоненти и ја прекинува гаранцијата. Слаби количини притисок, ако се употребуваат постојано, може да ја намалат веродостојноста на екранот осетлив на допир.

- Допрете ја посакуваната икона на приказот.

Прекинувачи за навигација:

- **Прекинувач за главно мени (N):** Притиснете го прекинувачот за да ја промените активната апликација која работи на приказот. Апликациите вклучуваат:
  - Центар за пораки
  - Поставки на приказот
  - Управувач на распоредот
  - Комбајн
  - Монитор на перформансите
  - GreenStar™
  - Видео

Продолжува на следната страница

- Управувач на пристапот
- **Прекинувач за Почеток (O):** Го прикажува кориснички дефинираниот почетен екран. Ако се дефинирани повеќе екрани, притискањето повеќе пати на прекинувачот за почеток префрлува низ секој дефиниран почетен екран.

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00013B6 -A8-04FEB13-2/2

Распореди на навигацијата низ приказите

Информации и забава (A)
Дијагностика и калибрации (B)
Главна страница на комбајнот (F)
Информација за жетвата (G) [a]
Конфигурација на комбајнот (H)
Конфигурација на хедерот (I) [b]
Информации за моторот (J)

[a] *Иконата се менува помеѓу пченка и пченица во зависност од видот на хедерот кој е поврзан со машината.*
[b] *Промени на иконата врз основа на видот на хедерот кој е поврзан со машината.*

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.

H95608 —UN—30APR10

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-1/8

Информации и забава

ЗАБЕЛЕШКА: Иконите за информации и забава ќе варираат во зависност од тоа каков аудио извор е избран.

Информации и забава (A)

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.



H105326 —UN—01MAY12

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-2/8

Дијагностика и калибрации

Дијагностика и калибрации (B)		
Икона (F)	**Икона (G)**	**Икона (H)**
Главна страница на комбајнот	Калибрации	Дијагностички параметри
Икона (I)	**Икона (J)** [a]	
Специјални испитувања	Конфигурација на режимот за влечење	

[a] *Се појавува само кај машините со ProDrive™ и кај машини со менување на брзините со притисно копче.*

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.



OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-3/8

Главна страница на комбајнот

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за главната страница на комбајнот се појавува на сите екрани за приказ. Му овозможува на операторот да оди назад до главниот екран на комбајнот.

Главна страница на комбајнот (F)	
Икона (A)	Информации и забава
Икона (B)	Дијагностика и калибрации
Икона (F)	Главна страница на комбајнот
Икона (G)	Информација за жетвата[a]
Икона (H)	Конфигурација на комбајнот
Икона (I)	Конфигурација на хедерот[b]
Икона (J)	Информации за моторот

[a] *Иконата се менува помеѓу пченка и пченица во зависност од видот на хедерот кој е поврзан со машината.*
[b] *Промени на иконата врз основа на видот на хедерот кој е поврзан со машината.*

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.



Продолжува на следната страница

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-4/8

Информации за жетвата

Информации за жетвата (G) [a]	
Икона (F)	**Икона (G)**
Главна страница на комбајнот	Информации за приносот
	Информации за влагата
	Промена на ширината на режење/редовите[b]
Икона (I)[c]	**Икона (J)[c]**
Вкупни вредности за полето	Вкупни вредности за културата

[a] Иконата се менува помеѓу пченка и пченица во зависност од видот на хедерот кој е поврзан со машината.
[b] Ако е инсталиран приказ GreenStar™, тогаш ширината на режење/редовите се нагодуваат преку екранот GreenStar™ и се прикажани приказот на потпирачот за рака.
[c] Ако е инсталиран приказ GreenStar™, страницата Вкупни вредности за полето и страницата Вкупни вредности за културата нема да биде достапна. Вкупните вредности ќе бидат прегледувани преку приказот GreenStar™.



Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-5/8

Конфигурација на комбајнот

Конфигурација на комбајнот (H)		
Икона (A)	**Икона (B)**	**Икона (C)**
Конфигурација на нивото на резервоарот за зрна	Конфигурација на функциите на преклопувањето[a]	Конфигурација на управувањето со остатоците[b]
Икона (D)	**Икона (F)**	**Икона (G)**
Аларм за влага	Главна страница на комбајнот	Конфигурација на културите[c]
Корекција на влагата (урамнотежување)		Калибрација на загубата на зрна
Единици за приносот		Напредна конфигурација на загубата на зрна
Икона (H)	**Икона (I)**	**Икона (J)**
Автоматска конфигурација на нагодувањето на комбајнот	Интерактивно нагодување на комбајнот[d]	Конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™[e]

[a] Ако е опремен со преклопни капаци на резервоарот за зрна.
[b] Ако е опремен со дробилка/распрскувач на остатоци Premium Flex.
[c] Ако е инсталиран приказ GreenStar™, културата ќе биде конфигурирана на приказот GreenStar™.
[d] Ако е опремен со интерактивно нагодување на комбајнот.
[e] Ако е опремен со брзина на полнење Harvest Smart™.



Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-6/8

Конфигурација на хедерот

Конфигурација на хедерот (I) [a]	
Икона (F)	**Икона (G)** [a]
Главна страница на комбајнот	Конфигурација на ширината на хедерот
	Работни часови на хедерот
	Стопирање на снимањето на висина
Икона (H)	**Икона (I)**
Автоматски режими на висината на хедерот	Поставки со повеќе функционалната рачка [b]

[a]Промени на иконата врз основа на видот на хедерот кој е поврзан со машината.
[b]Во зависност од можностите на машината и типот на хедерот, прекинувачите може да се репрограмираат за да ја контролираат навалеността на драперот на шипката за косење (600D драпери), хидрауличното навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата) или шипката за косење напред/назад (европски хедер платформи 600X).



H109710 —UN—28JAN14

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-7/8

Информации за моторот

Информации за моторот (J)	
Икона (F)	**Икона (G)**
Главна страница на комбајнот	Работни часови на моторот и сепараторот
	Мерач на моќност
	Чистење на филтер на издувни гасови[a]
Икона (H)	**Икона (I)**
Управување со брзината на моторот[b]	Прогрес за ладењето на моторот[c]

[a]Се појавува кога е опремен со мотори Interim Tier 4/Stage III B или Final Tier 4/Stage IV.
[b]Се појавува кога е опремен со пренос ProDrive™.
[c]Се појавува кога е опремен со мотори Interim Final Tier 4/Stage IV и кога ладењето е во тек.



H108616 —UN—26JUL13

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за да преминете кон следниот екран. Видете ги следниве информации за понатамошна навигација низ екранот.

OUO6075,0001736 -A8-19MAR14-8/8

Значење на иконите на приказот

Дома (1): ги покажува тековните поставки на машината претходно поставени од возачот.

Информации за жетвата (2): ја покажува тековно следена информација за жетвата, перформанси/продуктивност, вкупен износ и му овозможува на возчот да ги нагоди саканите поставки.

Поставка (3): ги покажува тековните поставки на машината, осетливост на губење на зрното (големина на семето), тековна ширина на хедерот, поставка на влажноста и поставка Harvest Smart (ако постои).

Дијагностика и калибрација (4): ги покажува калибрациите на машината, обрасци за дијагностички параметри и посебни испитувања (обрасци).

Ожнеана област (5): ја покажува количината на ожнеаната област.

Растојание на ожнеаност (6): го покажува вкупното поминато растојание за моменталното активно оптоварување.

Елемент на генеричката решетката за чистење (7): ја прикажува генеричката икона за поставките на двата елементи отстранувач на плевел/сито на почетната страница.

Отстранувач на плевел (8): ја покажува тековната положба на отстранувачот на плевел.

Сито (9): ја покажува тековната положба на ситото.

Вентилатор за чистење (10): ја покажува тековната брзина на вентилаторот.

Брзина на вршалката/Clearance (11): ја покажува тековната брзина на роторот и клирансот.

Работни часови на моторот (12): ги покажува акомулираните работни часови на моторот.

CommandTouch на менувачот на повеќе брзинската доставна комора (ако постои) (13): го прикажува избраниот менувач за брзината на доставна комора.

Брзина и осетливост на хедерот (14): ги покажува тековните поставки на брзината и осетливоста.



H90897 —UN—28FEB08

Продолжува на следната страница

OUO6075,00003FE -A8-28SEP10-1/3

Снимање ON/OFF (15): прикажува дали снимањето е на ON (вкучено)/OFF (исклучено).

Агол на лопатката на секачот (ако постои) (16): ја покажува моменталната положба на аголот на лопатката на секачот.

Enter (влез)/Accept (прифати) (17:) му овозможува на операторот да влезе/ја прифати саканата информација или поставка.

Калибрирање (18): му овозможува на операторот да калибрира одредени карактеристики.

Следен чекор (19): му овозможува на операторот да ја види следната страница со информации.

Принос (20): го прикажува просечниот или моменталниот принос на културата.

Влажност (21): ја прикажува просечната или моменталната влажност.

Брзина на вршалката (22): ја покажува тековната брзина на вршалката.

Брзина на задното вратило (23): ја покажува тековната брзина на задното вратило.

Брзина на моторот (24): ја покажува тековната брзина на моторот.

Растојание на плочата на платформата (25): ја покажува тековната положба растојанието на плочата на платформата.

Брзина на намотката на платформата (26): ја покажува тековната брзина на намотката на платформата.

Брзина на транспортната лента (27): ја покажува тековната брзина на транспортната лента (ако постои).

Брзина на распрскувачот (28): ја покажува тековната брзина на распрскувачот (ако постои).



H90898 —UN—28FEB08

Продолжува на следната страница

Ширина на косење (29): ја покажува тековната положба на ширина на косење.

Cancel (откажи) (30): му овозможува на операторот да ја откаже саканата информација или поставка.

Бришење (31): му овозможува на операторот да ја избрише саканата информација или поставка.

Враќање/Назад (32): му овозможува на операторот да ја види претходната страница.

Чистач на зрна со самонивелирање (ако постои) (33): го покажува моменталниот агол на елементите отстранувач на плевел/сито.



H90899 —UN—28FEB08

OUO6075,00003FE -A8-28SEP10-3/3

Распореди за регион на приказот

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаниот екран служи само за пример. Екраните ќе се прикажуваат различно поради опциите на машината.

Приказот е поделен во три региони:

- **Лев регион (A):** овозможува операторот да го надгледува и да променува помеѓу следново:
  - Детални поставки за машината
  - Информации за насочување
  - Поставки на мониторот на перформанси
- **Централен регион (B):** овозможува операторот да ги прегледа и промени поставките на машината во широк опсег на примени.
- **Десен регион (C):** ги прикажува опциите на иконите кои му достапни на операторот во тековниот екран.
  - Избирањето на посакуваната икона во десниот регион ќе прикаже нов екран, функција или ќе овозможи променување на поставките.



H109852 —UN—14FEB14

OUO6075,0001761 -A8-14FEB14-1/1

Распореди за левиот регион на приказот

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаниот екран служи само за пример. Екраните ќе се прикажуваат различно поради опциите на машината.

Прикажувањето на екранот се појавува само во регионот за детални поставки на машината кога е опремена со приказ на потпирачот за рака GreenStar™ 3 CommandCenter™ екран осетлив на допир или со GreenStar™ 3 CommandCenter™ без екран осетлив на допир.

- **Детални поставки на машината (A):** овозможува операторот да избира и набљудува три полиња во левиот регион наеднаш. Секое поле прикажува тековна функција или одреден статус на машината.
- **Информации за насочување (B):** овозможува операторот да ги прегледува и променува поставките на нагодувањето.
- **Поставки на мониторот на перформанси (C):** му ја дава на операторот способноста да избира и набљудува три полиња во левиот регион наеднаш.



H105837 —UN—19SEP12

Секое поле прикажува тековна функција или одреден статус на машината.

OUO6075,00011C2 -A8-05DEC12-1/1

Комбајн—главен екран

ЗАБЕЛЕШКА: Само видливи параметри на машината.

- Влага (ако постои) (A)
- Принос (ако постои) (B)
- Култура (C)
- Поставки на машината
  - Брзина на вршалката (D)
  - Зазор на вршалката (E)
  - Брзина на вентилаторот (F)
  - Зазор на отстранувачот на плева (G)
  - Зазор на ситото (H)
- Расфрлувач/поставување на аголот на перките 1 (ако има во опремата) (I)
- Поставка 2 на брзина на распрскувачот/аголот на лопатката на дробилката (ако вградено) (J)
- Намалување на брзината на страничниот ремен и резервоар на жито 3/4 или целосен статус (K)
- Свредел за истовар надвор/статус вклучено (L)
- Индикатор за интерактивно прилагодување на комбајната (M)
- Harvest Smart™ Статус на стапка на достава (исклучено, смарт, или капацитет) (ако има во опремата) (N)



H109853 —UN—14FEB14

- Рачно снимање (ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО) (O)

OUO6075,0001762 -A8-24MAR14-1/1

Намалување на брзина на страничен ремен и сензор за полнење на резервоарот за жито (систем за надгледување на икони)

Икона за намалување на брзина на страничен ремен:

- (A) Иконата - укажува на тоа дека брзината на ременот од драперот е намалена на фабрички зададената брзина

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку се достигне нивото на 3/4 исполнетост на резервоарот за жито, иконата ви нуди можност да изберете помеѓу икона за намалување на брзината на страничниот ремен и икона за 3/4 исполнетост.

Икони за сензор за наполнетост на резервоарот за зрна:

- (B) Иконата - укажува на тоа нивото на резервоарот за жито не го достигнал сензорот за 3/4 или 4/4 исполнетост
- Иконата (C) - покажува дека нивото на резервоарот за зрна го има достигнато сензорот за наполнетост од 3/4



H110015 —UN—24MAR14

ЗАБЕЛЕШКА: На секои 30 секунди, иконата за наполнетост од 4/4 трепка 8 секунди што укажува дека резервоарот за зрна е полн и МОРА да биде растоварен.

- (D) Иконата - укажува на тоа дека нивото на резервоарот за жито го активирал сензорот за 4/4 исполнетост

OUO6075,0001763 -A8-24MAR14-1/1

Растоварна спирала (икони за следење на системот)

Икони за растоварната спирала:

- Икона (A) - укажува на тоа дека растоварната спирала не е занишана кон надвор и дека системот за растоварување не е вклучен
- Икона (B) - укажува дека растоварната спирала е занишана кон надвор

ЗАБЕЛЕШКА: На секои 3 минути, иконата се променува во икона со сина позадина и трепка 8 секунди што укажува на тоа дека растоварната спирала е вклучена.

- Иконите (C) - укажуваат дека растоварната спирала е занишана кон надвор и дека системот за растоварување е целосно вклучен



H109855 —UN—14FEB14

OUO6075,0001764 -A8-14FEB14-1/1

Интерактивно прилагодување на комбајната (ако има во опремата) (систем за надгледување на икони)

ЗАБЕЛЕШКА: Потребни се 30 секунди за иконата за интерактивно нагодување на комбајнот да се појави на приказот.

Индикатори на интерактивното нагодување на комбајнот:

- (A) Индикатор (системот е зафатен) - укажува на тоа дека нагодувањата на системот се извршуваат. Зелениот сегмент под иконата се движи напред и назад укажувајќи дека машината ги применува поставките и чека системот да се стабилизира.
- (B) Индикатор (жолт индикатор) - укажува на тоа дека системот е подготвен за верификација на поставките на подобрувањето. Иконата со жолта позадина трепка или станува неподвижна (трепка 30 секунди и станува неподвижна) укажувајќи на тоа дека системот направи нагодувања и ја чека реакцијата на операторот (оцена на параметрите на перформансите).



H109856 —UN—14FEB14

- (C) Индикатор (црвен индикатор) - укажува на тоа дека системот детектирал промена на состојбата. Иконата со црвена позадина му укажува на операторот дека системот детектирал промена во перформансите на машината. Системот верува дека операторот треба да ги оцени перформансите на машината и да го земе предвид оптимизирањето на поставките на машината.

OUO6075,0001765 -A8-05MAR14-1/1

Вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™(ако постои) (икони за следење на системот)

Икони за брзината на полнење Harvest Smart™:

- Икона (A) - системот е инсталиран на машината, но моментално е во положба OFF (исклучено)
- Икона (B) - системот е поставен во валиден работен режим (Смарт или за капацитет)
- Икона (C) - системот е подготвен да биде активиран од страна на операторот
- Икона (D) - системот е активен и работи нормално
- Икона (E) - системот е ограничен од поставката за теренска брзина на повеќенаменската рачка

Погледнете во Брзина на полнење Harvest Smart™ — идентификување на статусот во поглавјето Брзина на



H106523 —UN—14JAN13

полнење Harvest Smart™ Feed Rate за понатамошни информации.

OUO6075,000138A -A8-16JAN13-1/1

Рачно снимање ON (вклучено) / OFF (исклучено)

Екранот за снимањето прикажува податоци за статусот на снимањето (ON (вклучено) / OFF (исклучено)).

За да започнете со снимање податоци, сите следни ставки мора да бидат точни или да бидат рачно ВКЛУЧЕНИ:

- Сепараторот е вклучен
- Хедерот е вклучен
- Моторот е во висок празен од
- Хедерот е спуштен во положба за снимање
- Мора да бидат именувани Клиент, фарма и поле

За да го прекинете снимањето, едно од следново мора да се случи:

- Хедерот е подигнат на поставената точка за висина за стопирање на снимањето
- Хедерот е исклучен
- Снимањето е рачно поставено во положба OFF (исклучено)

Снимањето може да биде рачно стопирано и рестартирано без подигнување на хедерот или исклучување на сепараторот (пример; кога се приближувате до крајот од полето или крајните редови се веќе ожнеани, водни површини за кои не се посакуваат снимени податоци).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за снимање ON/OFF (вклучено/исклучено) (A).

Индикаторот за снимање ON/OFF (вклучено/исклучено) (B) се променува помеѓу отворен или исполнет круг.



H109857 —UN—14FEB14

A—Икона за снимање ON (вклучено) / OFF (исклучено)

B—Индикатор за ON (вклучено)/OFF (исклучено)

- Отворен круг - снимањето е OFF (исклучено)
- Полн круг кој трепка - снимањето е ON (вклучено)

Допрете го или притиснете го повторно потврдниот прекинувач за да го поставите снимањето во ON (вклучено) и рачно да го продолжите снимањето. Притиснете го копчето за спуштање на хедерот на повеќенаменската рачка (лесно притискање на копчето за спуштање на хедерот го започнува снимањето).

OUO6075,0001766 -A8-14FEB14-1/1

Повторна конфигурација на деталните поставки за машината

ЗАБЕЛЕШКА: Ги прикажува деталните поставки на машината. Овозможува операторот повторно да го конфигурира екранот и ја нуди можноста за следење на три ставки одеднаш. Ставките вариираат во зависност од конфигурацијата на машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за посакуваната поставка на машината (A).

Менито за поставки на машината го прикажува следново:

- Влага
- Принос
- Брзина на вентилаторот за чистење
- Брзина на вршалката
- Зазор на вршалката
- Зазор на отстранувачот на плева
- Зазор на ситото
- Брзина на задното вратило
- CommandTouch™ за запченикот на доставната комора со повеќе брзинската (ако постои)
- Растојание на плочата на платформата
- Брзина на намотката
- Брзина на транспортната лента
- Брзина на распрскувачот
- Бројач на тежината на ожнеаното
- Продуктивност (принос на час)



H109858 —UN—14FEB14

A—Икони за поставките на машината

- Ниво на резервоарот за зрна (%)
- Работни часови на возилото/сепараторот
- Мерач на моќност
- Положба на хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата)
- Напред/назад на шипката за косење (европски хедер платформи 600X)

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната поставка на машината.

Повторете ја постапката по желба во останатите менијата.

OUO6075,0001767 -A8-19MAR14-1/1

Повторна конфигурација на мониторот на перформанси

ЗАБЕЛЕШКА: Покажување детални поставки на мониторот на перформанси. Овозможува операторот повторно да го конфигурира екранот и ја нуди можноста за следење на три ставки одеднаш. Ставките варираат во зависност од конфигурацијата на машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната икона за поставка на мониторот за перформанси (A).

Менито за конфигурација на мониторот на перформанси го прикажува следново:

- Теренска брзина на возилото
- Брзина според сателитот за глобално позиционирање (GPS)
- Брзина на моторот
- Гориво на час
- Гориво на површина
- Површина на час
- Мерач на површина
- Напон на акумулаторот
- Мерач на растојание
- Бројач на тежината на културата
- Бројач на влагата на културата



H109859 —UN—14FEB14

A—Икони за поставки на мониторот на перформанси

- Бројач на вкупна површина на машината

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната поставка за мониторот за перформанси.

Повторете ја постапката по желба во останатите менијата.

OUO6075,0001768 -A8-14FEB14-1/1

Екран за информација за жетвата

Информација за жетвата:

- Принос (A)
  - Влажно (B)
  - Суво (C)
  - Моментално (Снимање ON уклучено) (D)
  - Просек (Снимање OFF - исклучено) (D)
  - Минимум (E)
  - Максимум (F)
- Влага (G)
  - Моментално (Снимање ON уклучено) (H)
  - Просек (Снимање OFF - исклучено) (H)
  - Минимум (I)
  - Максимум (J)
- Ширина на косење (K)



H94540 —UN—05OCT10

- Зголемување/намалување (L)

Продолжува на следната страница

OUO6075,000040E -A8-24MAY11-1/3



H94542 —UN—07OCT10



H94543 —UN—05OCT10

Збирови на полињата:

ЗАБЕЛЕШКА: Фарма/Именување на поле е поставка во апликацијата GreenStar. Погледнете го Прирачникот на GreenStar за дополнителни информации.

Следново се појавува на приказот на GreenStar (ако е вграден), наместо на приказот на потпирачот за рака.

Ако машината не е опремена со сензор за влага, се појавуваат само следниве информации на Field Totals (збирови на полињата):

- *Површина*
- *Време на жнеење*
- *Продуктивност*

- Збирови на полињата (A)
- Влажен принос (B)
- Сув принос (C)
- Вкупно влажно (Тежина lb. или kg) (D)
- Вкупно суво (Тежина lb. или kg) (E)
- Вкупно влажно (Единици на приносот) (F)
- Вкупно суво (Единици на приносот) (G)
- Влага (H)
- Површина (I)
- Време на жнеење (J)
- Продуктивност (K)

- Опции за избор
  - Икона за следна страница (L)
  - Икона за потполно бришење (M)
  - Икона за претходната страница (N)

Продолжува на следната страница





Вкупни култури:

ЗАБЕЛЕШКА: Фарма/Именување на поле е поставка во апликацијата GreenStar. Погледнете го Прирачникот на GreenStar за дополнителни информации.

Следново се појавува на приказот на GreenStar (ако е вграден), наместо на приказот на потпирачот за рака.

Ако машината не е опремена со сензор за влага, се појавуваат само следниве информации на Field Totals (збирови на полињата):

- *Површина*
- *Време на жнеење*
- *Продуктивност*

- Вкупни култури (A)
  - Влажен принос (B)
  - Сув принос (C)
  - Вкупно влажно (Тежина lb. или kg) (D)
  - Вкупно суво (Тежина lb. или kg) (E)
  - Вкупно влажно (Единици на приносот) (F)
  - Вкупно суво (Единици на приносот) (G)
  - Влага (H)
  - Површина (I)
  - Време на жнеење (J)
  - Продуктивност (K)
- Опции за избор
  - Икона за следна страница (L)
  - Икона за потполно бришење (M)
  - Икона за претходната страница (N)

OUO6075,000040E -A8-24MAY11-3/3

Избор на влажен или сув принос и промена на ширината на косење

Влажен или сув принос:

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за информација за бербата се менува меѓу пченка и пченица во зависност од видот на хедерот кој што е поврзан со машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информација за жетвата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информација за приносот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означено саканото квадратче за влажен принос (B) или за сув принос (C).

Квадратчето го прикажува знакот за избор кој укажува што беше избрано.

- Влажен принос - го покажува бројот на единици на принос за бројот на единици на површина за тековните услови на жнеење.
- Сув принос - го покажува бројот на единици на принос за бројот на единици на површина откако ќе се земе во обзир отстранувањето на влажноста.

Ширина на косење:

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е инсталиран приказ GreenStar, тогаш ширината на косење/редовите се нагодуваат преку приказот GreenStar и се прикажани само на приказот на потпирачот за рака.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата плус (+) (D), или иконата минус (-) (E). Саканата ширина на косење е претставена на линијскиот графикон (F).

ЗАБЕЛЕШКА: Бројот на ширината на косење де менува во зависност од избраната икона.

H96262 —UN—04MAY10



Икона за информација за жетвата



H105591 —UN—27JUN12

A—Икона за информација за приносот
B—Квадратче за влажен принос
C—Квадратче за сув принос
D—Икона плус
E—Икона минус
F—Линијски графикон за нагодување на ширината на косење

OUO6075,000040F -A8-27JUN12-1/1

Бришење на збировите на полињата

ЗАБЕЛЕШКА: Следново се појавува на приказот на GreenStar (ако е вграден), наместо на приказот на потпирачот за рака.

Ако машината не е опремена со сензор за влага, се појавуваат само следниве информации на Field Totals (збирови на полињата):

- *Површина*
- *Време на жнеење*
- *Продуктивност*

Иконата за информација за бербата се менува меѓу пченка и пченица во зависност од видот на хедерот кој што е поврзан со машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информација за жетвата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за збировите на полињата (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за следната страница (B) за да поминете на следната страница.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона:

- Икона за ресетирање на збировите на полињата (C) - ги бриши збировите на полињата за избраните фарма/поле/култура.
- Икона за претходната страница (D) - му овозможува на операторот да ја види претходната страница.

A—Икона за збировите на полињата
B—Икона за следна страница
C—Икона за ресетирање на збировите на полињата
D—Икона за претходната страница

H96262 —UN—04MAY10



Икона за информација за жетвата



H94548 —UN—05OCT10

H94549 —UN—05OCT10

OUO6075,0000411 -A8-03MAY10-1/1

Бришење на вкупните култури

ЗАБЕЛЕШКА: Следново се појавува на приказот на GreenStar (ако е вграден), наместо на приказот на потпирачот за рака.

Ако машината не е опремена со сензор за влага, се појавуваат само следниве информации на Field Totals (збирови на полињата):

- *Површина*
- *Време на жнеење*
- *Продуктивност*

Иконата за информација за бербата се менува меѓу пченка и пченица во зависност од видот на хедерот кој што е поврзан со машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информација за жетвата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за вкупни култури (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за следната страница (B) за да поминете на следната страница.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона:

- Икона за ресетирање на вкупните култури (C) - ги брише вкупните култури со избраната култура.
- Икона за претходната страница (D) - му овозможува на операторот да ја види претходната страница.

A—Икона за вкупни култури
B—Икона за следна страница
C—Икона за ресетирање на вкупните култури
D—Икона за претходната страница

H96262 —UN—04MAY10



Икона за информација за жетвата



H94550 —UN—05OCT10

H94551 —UN—05OCT10

OUO6075,0000412 -A8-03MAY10-1/1

Екран за конфигурација на комбајнот

Поставки на нивото на резервоарот за зрна:

ЗАБЕЛЕШКА: Овозможува операторот да го калибрира посакуваното ниво на наполнетост на резервоарот за зрна.

- Процент за нивото на резервоарот за зрна (A)
- Икона Зачувај (B) - овозможува операторот да го зачува полното ниво на резервоарот за зрна

Поставки на урамнотежувањето на брзината на растовар:

ЗАБЕЛЕШКА: Овозможува операторот да ја промени пресметаните вредности за брзината на растовар.

- Урамнотежување на брзината на растовар (C)



H105793 —UN—05DEC12

- Стапка на урамнотежување (-15 до 15)

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001807 -A8-17JUN14-1/8

Поставки на функцијата на преклопувањето:

ЗАБЕЛЕШКА: Ги покажува сите изборни функции на преклопувањето, ако постои.

- Преклопна растоварна спирала (A) (ако постои)
  - Индикатор за положбата на спиралата
  - Икона Расклопи
  - Икона Преклопи
- Капаци на резервоарот за зрна (B) (ако постојат)
  - Индикатор за положбата на резервоарот за зрна
  - Икона Расклопи
  - Икона Преклопи
- Преклоплив хедер за пченка (C) (ако има во опремата)
  - Икона Расклопи



H105794 —UN—05DEC12

- Икона Преклопи

OUO6075,0001807 -A8-17JUN14-2/8

Конфигурација на управувањето со остатоците:

- Положба на дробилката (A) (ако постои)
  - Подигната
  - Спуштена
- Положба на вратата за испуштање на отсечувањата (B) (ако постои)
  - Отворено
  - Затворено
- Положба на лопатката на сепараторот (C) (ако постои)
  - Стандардно
  - Напредно
- Брзина на распространувач (D) (Напреден PowerCast™ распространувач)
  - 350—550 врт/мин. (Пченка) (Стандардни 500 врт/мин.)

PowerCast е заштитен знак на Deere & Company



H105795 —UN—05DEC12

- 600—800 врт/мин. (Мали зрна) (Стандардни 700 врт/мин.)

OUO6075,0001807 -A8-17JUN14-3/8

Поставки за влага:

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува само ако е опремен со сензор за влага.

- Аларм за влага (A)
  - Вклучено - ON (B)
  - Исклучено - OFF (C)
  - Аларм при минимум (1—50%) (D)
  - Аларм при максимум (1—60%) (E)
- Корекција на влага (-25,0 до 25,0, чекори на зголемување од 0,1) (F)
  - Поставка за рачно поместување (G)
  - Фиксна влага (H)

Поставки на единиците за принос:

- Единици за приносот од жетвата (I)



H105789 —UN—05DEC12

- Фиксна листа

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001807 -A8-17JUN14-4/8

Поставки на културата:

ЗАБЕЛЕШКА: Именувањето на фарма/поле се поставува во GreenStar™ апликацијата. Погледнете го прирачникот за GreenStar™ за понатамошни информации.

- Култура (A)[1]
  - Фиксна листа
- Кога е штиклирана GreenStar™ Pro документацијата (B) - тогаш се синхронизира избраниот посев од екранот кај наслонот за рака со монтираниот екран во аголот (ако го има во опремата).
- Услови при вршење (C)
  - Фиксна листа
- Состојба на слама/кочан (D)
  - Фиксна листа

Калибрација на загубата на зрна:

- Калибрација на загубата на зрна
  - Референтен број на калибрација (E)
  - Икона за калибрација (F)
- VisionTrak™ Икона за прилагодување (G) - му овозможува на операторот да оди на следната страница за фино прилагодување на чистачките делови (во форма на чевли)/одделувачот, за загубите кај избраниот посев
  - Баланс на чистачките делови (во форма на чевли)/одделувачот (-50, стандардно е 0, 50) (H)
  - Степен на разделување кај чистачките делови (во форма на чевли)/одделувачот (-50, стандардно е 0, 50) (I)

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
VisionTrak е заштитен знак на Deere & Company

[1]Се појавува на приказот GreenStar™ (ако постои) наместо на приказот кај потпирачот за рака.



H111417 —UN—12JUN14



H111418 —UN—12JUN14

- Икона за враќање/назад (J) - му овозможува на операторот да се врати на претходната страница

Продолжува на следната страница

Поставки на машината:

- Автоматско нагодување на комбајнот (ACA) (нумерички запис)
  - Позиција на отстранувачот на плева (A)
  - Положба на ситото (B)
  - Брзина на вентилаторот (C)
  - Брзина на вршалката (D)
  - Зазор на вршалката (E)
  - Ожнеана култура (само гледање) (F)
- Модификатори на културата (G)
  - Стандардно
  - Суво (стандардно)
  - Влажно (стандардно)
  - Ново
  - Чистење
- Икона за влез/прифаќање (H) - овозможува автоматски да се прилагодат измените во поставките на машината избрани од страна на операторот и овозможува операторот да ги зачува личните поставки на машината.

  ЗАБЕЛЕШКА: Зададените вредности за брзина на вршење и брзина на вентилаторот светкаат се дури е вклучен сепараторот и брзината на моторот е над 2000 врт/мин.

  Личните поставки на машината исто така ќе се зачуваат (поставките нема да ги избришат фабрички зададените поставки) доколку се избрани нови од менито за модификатори на културата.



- Реалната (зададена вредност во црно) (I) - ја покажува моменталната зададена вредност на машината
- Зададената (зададена вредност во сино) J) - зададената вредност автоматски се зголемува или намалува при допир на симболот плус (+) или минус (-) или пак кога е вклучена опцијата за бирање

  ЗАБЕЛЕШКА: Машината автоматски се нагодува на зададената вредност на операторот.

- Икона за напредно поставување (K) - овозможува операторот да премине на следната страница за да ги провери конфигурациските поставки на машината за предмети надвор од кабината.

Продолжува на следната страница

Интерактивно прилагодување на комбајната (ако има во опремата) (цели за подобрување):

- Подрачја за подобрување - овозможува операторот да го модифицира подрачјето на перформансите на машината што не е на задоволително ниво
  - Квалитет на зрната (A)
  - Состојба на сламата (B)
  - Загуба на зрна (C)
- Икона Наредна страница (D) - овозможува операторот да премине кон наредната страница за прецизно нагодување на специфични ставки на жетвата
- Икона за откажување (E) - овозможува операторот да ја откаже конфигурацијата за интерактивно нагодување на комбајнот и да се врати во главниот екран на комбајнот
- Редослед на приоритети на жетвата (F) - го прикажува тековниот редослед на приоритетната листа на жетвата
- Икона за поставување на приоритетите на жетвата (G) - овозможува операторот да премине кон наредната страница за да го промени редоследот на приоритетната листа на жетвата



H108640 —UN—29JUL13



H108641 —UN—29JUL13

Интерактивно прилагодување на комбајната (ако има во опремата) (поставки со приоритет на жетвата):

- Приоритетна листа во жетва (H) - му овозможува на операторот да ги менува параметрите за тоа како машината да биде оптимизирана.
  - Загуба на зрна
  - Оштетување на зрна
  - Чистота на зрната
  - Состојба на сламата
- Редослед на приоритети на жетвата (I)
  - 1. Највисок приоритет
  - 2. Висок приоритет
  - 3. Низок приоритет
  - 4. Најнизок приоритет
- Икона Стрелка нагоре (J) - овозможува операторот да го помести означеното подрачје нагоре
- Икона Стрелка надолу (K) - овозможува операторот да го помести означеното подрачје надолу
- Означено подрачје (L) - овозможува означената ставка на листата да се помести нагоре или надолу
- Икона Избор нагоре (M) - овозможува операторот да го помести избраниот приоритет на жетвата нагоре по листата
- Икона Избор надолу (N) - овозможува операторот да го помести избраниот приоритет на жетвата надолу по листата
- Икона Зачувај (O) - овозможува операторот да ги зачува промените на листата на приоритети на жетвата

Продолжува на следната страница

Поставки на брзината на полнење Harvest Smart™ (ако постои):

- Тековен режим на работа (A)
  - OFF (исклучено)
  - Смарт
  - Капацитет
- Притисок кон кој се тежнее (30—420, прираст од 1) (B)
- Максимална моќност на моторот (60—106 %, прираст од 1) (C)
- Икона за напредни поставувања (D) - му овозможува на операторот да оди напред кон следната страница за поставување на максималната брзина на жнеење и на осетливоста
  - Максимална брзина на жнеење 2.0—14.0 km/h (1.2—8.6 mph), прираст од 0.1 km/h (0.1 mph)
  - Осетливост (1—100, прираст од 1)
- Показател на состојба Harvest Smart™ (E) - му овозможува на операторот да ја види моменталната состојба во која е Harvest Smart™
- Икона за дијагностичко отчитување (F) - му помага на операторот во обезбедување на повеќе информации при отклонување на проблеми во потсистемот на машината
- Harvest Smart™ калибрација (G) - му овозможува на операторот да ги внесе Harvest Smart™ работните карактеристики во меморијата



H106500 —UN—08JAN13

OUO6075,0001807 -A8-17JUN14-8/8

Поставки на нивото на резервоарот за зрна и урамнотежување на брзината на растовар

Конфигурација на нивото на резервоарот за зрна:

ЗАБЕЛЕШКА: Овозможува операторот да ја калибрира поставката на нивото на наполнетост на резервоарот за зрна.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на нивото на резервоарот за зрна (A).

Процентот на нивото на резервоарот за зрна (B) претставува визуелен водич додека се полни резервоарот за зрна.

Работете со машината се додека не се постигне саканото ниво во резервоарот за зрна.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C).

ЗАБЕЛЕШКА: Операторот може да зачува ниска поставка за резервоарот за зрна за да се спречи истурање на зрната преку страните при работа во услови на нерамен терен.

Поставки на урамнотежувањето на брзината на растовар:

ЗАБЕЛЕШКА: Различните култури, тежините и влажноста можат да влијаат врз отчитувањата на нивото од сензорот на резервоарот за зрна. Вредноста на урамнотежувањето на брзината на растовар има опсег од -15 до 15.

- Намалете ја вредноста на урамнотежувањето ако останат зрна во резервоарот кога резервоарот со зрна отчитува 0%.
- Зголемете ја вредноста на урамнотежувањето ако останат резервоарот со зрна е испразнет пред нивото на резервоарот со зрна да отчита 0%.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за урамнотежување на брзината (D).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се покаже вредноста на урамнотежувањето на брзината на истоварот.

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H105810 —UN—05DEC12



H105811 —UN—05DEC12

A—Икона за поставка на нивото на резервоарот за зрна
B—Процент за нивото на резервоарот за зрна
C—Икона за внесување/прифаќање
D—Мени за урамнотежување на брзината на растовар
E—Икона за внесување/прифаќање

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата внеси/прифати (E).

OUO6075,000119E -A8-17JUN13-1/1

Конфигурација на функциите на преклопувањето

ЗАБЕЛЕШКА: Екранот ги покажува сите изборни функции за преклопување. Функцијата на преклопувањето стандардно секогаш се прикажува во горниот дел од екранот во зависност од опциите.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на функциите за преклопување (A).

Преклопна растоварна спирала (ако постои)

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната икона.

- Икона Расклопи (B)
- Икона Преклопи (C)
- Индикатор за положба на спиралата (D)

ЗАБЕЛЕШКА: Преклопувањето на растоварната спирала претставува автоматска функција. Спиралата започнува автоматски да се преклопува или расклопува кога ќе се избере саканата икона.

Екранот укажува доколку растоварната спирала го нема има достигнато следново:

- *Целосната расклопена (во поле) положба. Растоварната спирала нема да работи доколку не е целосно расклопена.*
- *Целосна преклопена (при транспорт) положба откако операторот ќе ја преклопи растоварната спирала.*

Капаци за резервоарот за зрна (ако постојат):

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнувајте заплеткување на водови за напојување. Капаците на резервоарот треба да се затворени пред транспортирањето на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Капаците на резервоарот за зрна треба целосно да бидат отворени за да може да се вклучи сепараторот.

Допрете го или притиснете и задржете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона.

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H105812 —UN—05DEC12

A—Икона за конфигурација на функциите на преклопувањето
B—Икона Расклопи
C—Икона Преклопи
D—Индикатор за положбата на спиралата
E—Икона Расклопи
F—Икона Преклопи
G—Индикатор за положбата на резервоарот за зрна
H—Икона Расклопи
I— Икона Преклопи

- Икона Расклопи (E)
- Икона за Преклопи (F)
- Индикатор на позицијата на резервоарот за зрна (G)

Капаците се расклопуваат или преклопуваат во зависност од избраната икона.

ЗАБЕЛЕШКА: Капаците автоматски се преклопуваат или расклопуваат кога саканата икона е допрена или е притиснат потврдниот прекинувач.

Преклопен хедер за пченка (ако постои):

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната икона.

- Икона Расклопи (H)
- Икона за Преклопи (I)

Хедерите за пченка се расклопуваат или преклопуваат во зависност од избраната икона.

OUO6075,000119F -A8-20SEP12-1/1

Конфигурација на управувањето со остатоците

ЗАБЕЛЕШКА: Приказот ги прикажува сите изборни карактеристики за управување со остатоците, ако постојат.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за управување со остатоците (A).

Положба на дробилката (B) (ако постои):

Ја прикажува тековната положба на дробилката.
- Подигната
- Спуштена

Положба на вратата за испуштање на отсечувањата (ако постои):

ЗАБЕЛЕШКА: Сепараторот мора да биде ИСКЛУЧЕН кога се променува положбата на вратата за испуштање на отсечувањето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваното поле.

- Отворено (C) - автоматски ја отвара вратата сечење-за-испуштање.
- Затворено (D) - автоматски ја затвара вратата сечење-за-испуштање.

Полето го прикажува знакот за избор кој покажува што е избрано.

Вратата за испуштање на отсечувањето автоматски се отвора или затвора во зависност од тоа кое поле е избрано.

Положба на лопатката на сепараторот (ако постои):

ЗАБЕЛЕШКА: Сепараторот мора да биде ИСКЛУЧЕН кога се променува положбата на лопатките на сепараторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваното поле за стандардно или поле за напредно.

- Стандардно (E) - овозможува операторот да работи со лопатките на сепараторот во стандардната положба.

H94473 —UN—31MAR10



Икона за конфигурација на комбајнот



H1106813 —UN—05DEC12

A—Икона за конфигурација на управувањето со остатоците
B—Положба на дробилката
C—Положба на вратата за испуштање на отсечувањето (отворена)
D—Положба на вратата за испуштање на отсечувањето (затворена)
E—Положба на лопатката на сепараторот (стандардна)
F—Положба на лопатката на сепараторот (напредна)
G—Поле за брзина на распрскувачот

ЗАБЕЛЕШКА: Работењето на лопатките на сепараторот во напредна положба може да ја зголеми загубата на зрна во одредени култури и услови. Времето за задржување на културата во сепараторот се намалува за да се подобри квалитетот на сламата.

- Напредно (F) - овозможува операторот да ја промени положбата на лопатките на сепараторот за да се подобри квалитетот на сламата.

Полето го прикажува знакот за избор кој покажува што е избрано.

Лопатките на одделувачот автоматски се придвижуваат до саканата положба во зависност од тоа кое квадратче било избрано.

Продолжува на следната страница

Напредна PowerCast™ брзина на распространувачот (ако има во опремата):

ЗАБЕЛЕШКА: Наместете ја поставката за ширина на прекривката што ја образува распространувачот пред да ја прилагодувате брзината на распространување. За повеќе информации погледајте во делот за прекинувачот за прилагодување на прекривка (Напреден PowerCast™ заден распространувач) во CommandTouch™ конзолата кај наслонот за рака.

Брзината на распространување може да биде прилагодувана со вклучен или исклучен одделувач. Ова му овозможува на операторот да ја нагоди зададената брзина на распрскувачот. Кога сепараторот ќе се вклучи, распрскувачот работи на моменталната брзина.

Брзината на распрскувачот има опсег од:

- *350—550 врт/мин. (Пченка) (Стандардни 500 врт/мин.)*
- *600—800 врт/мин. (Мали зрна) (Стандардни 700 врт/мин.)*

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за брзина на распрскувачот (G).

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја посакуваната вредност на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

PowerCast е заштитен знак на Deere & Company
CommandTouch е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,000180E -A8-29MAY14-2/2

Променување на поставките за влага и поставките за единици за приносот

Поставки за сензорот за влага:

ЗАБЕЛЕШКА: Страницата се појавува ако машината е опремена со сензор за влага.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на влагата (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето ON (вклучено) (B) или полето OFF (исклучено) (C).

Полето го прикажува знакот за избор кој покажува што е избрано.

- Поле ВКЛУЧЕНО за алармот за влага - алармот за влага се вклучува кога вредноста опаѓа под поставката за минимално или над поставката за максимално (претходно поставени вредности од операторот).
- Поле ИСКЛУЧЕНО за алармот за влага - алармот за влага нема да се вклучува кога вредноста опаѓа под поставката за минимално или над поставката за максимално (претходно поставени вредности од операторот).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за минимум (D) или полето за максимум (E).

ЗАБЕЛЕШКА: Ова ја одредува поставената точка (минимум или максимум) за активирање на алармот за влага.

- Поле за минимум за алармот за влага - операторот го избира процентот влага за вклучување на алармот кога вредноста ќе опадне под оваа поставена вредност.
- Поле за максимум за алармот за влага - операторот го избира процентот влага за вклучување на алармот кога вредноста ќе ја надмине оваа поставена вредност.

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја посакуваната вредност на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

Поставки за коригирање на влагата/фиксна глава:

Допрете или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за корекција на влагата (F) или полето за фиксна влага (G).

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H105807 —UN—05DEC12

A—Икона за конфигурација на влагата
B—Поле ВКЛУЧЕНО
C—Поле ИСКЛУЧЕНО
D—Поле Минимум
E—Поле Максимум
F—Поле за корекција на влагата
G—Поле за Фиксна влага
H—Поле за вредност/променување
I— Мени за единиците за приносот

Полето го прикажува знакот за избор кој покажува што е избрано.

ВАЖНО: Променувањето на корекцијата на влагата нема да ги промени податоците кои се веќе зачувани. Откако ќе се остварат промените, сите информации за жетвата собрани од таа точка натаму ќе ги применуваат изменувањата.

- Поле за корекција на влагата - поставете ја корекцијата на влагата за правење разлика помеѓу сензорот за влага на комбајнот и сертификуваниот сензор за влага на елеваторот (пример: влага на елеваторот (13%) минус измерената влага од комбајнот (12%) = разлика во влагата (+1%)

  ЗАБЕЛЕШКА: Разликата во влагата може да биде позитивен или негативен број.

- Поле за фиксна влага - отчитувањето од сензорот за влага е оневозможено и форсира претходно поставени вредности за влагата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за вредност/променување (H).

Продолжува на следната страница

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја посакуваната вредност на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

Поставки на единиците за принос:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за единици за приносот (I).

Менито за единици за приносот го прикажува следново:

Бушели	Стотина тежина	Метрични тони
Барели	Фунти	Тони
Вреќи	Килограми	

Кога ќе се одбере посакуваната единица, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

OUO6075,000119C -A8-13SEP12-2/2

Калибрација на приносот

ВАЖНО: Калибрацијата мора да се прави секоја година и со секоја култура што се жнее за да се добијат прецизни мерења на тежината на зрната.

За најдобри резултати, осигурете дека калибрацијата на вибрацијата е извршена за секоја култура.

Достигнување на калибрации со висока прецизност:

ЗАБЕЛЕШКА: НЕ вртете околу крајот на редовите и не поминувајте низ водени делови додека ја извршувате калибрацијата.

- Одржувајте постојана брзина на протокот во рамките на калибрацијата на полнењето (надгледувајте ја брзината на протокот со VisionTrak™ мониторот на перформанси и соодветно нагодете ја теренската брзина).
- Извршете калибрација на полнењето при различни брзини на протокот (бидете запознаени со тоа што значи секоја карактеристика на калибрацијата на полнењето во случај ако некоја мора да биде избришана или ако треба да се додаваат повеќе полнења).
- Одржувајте ги сите калибрации на полнења на приближно иста тежина.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностика.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (A).

H94478 —UN—31MAR10

Икона за дијагностика



H106041 —UN—30OCT12

A—Икона за калибрација
B—Мени за калибрации
C—Икона за внесување/прифаќање

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за калибрации (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи **Yield** (принос).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C).

Продолжува на следната страница

OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-1/12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за наредна страница (A).

A—Икона за наредна страница



OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-2/12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за наредна страница (A).

- Идентитет на полнењето (B) - го прикажува тековниот број за идентитетот на полнењето за време на калибрацијата.

  ЗАБЕЛЕШКА: За калибрацијата да биде прифатена, мора да биде ожнеано најмало количество култура од 1.360 kg (3,000 lb.).

- Проценета тежина (C) - ја покажува тежината собрана од комбајнот за полнењето собрано од страна на системот за проток на маса за време на калибрацијата.



A—Икона за наредна страница
B—Идентитет на полнењето
C—Проценета тежина

OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-3/12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за управување со калибрацијата (A).

A—Икона за управување со калибрацијата



Продолжува на следната страница

OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-4/12

- Идентификација на полнењето (A) - ги прикажува броевите на идентитетот на собраното полнење, за понатамошни референци.
- Проценета тежина (B) - ја покажува тежината на собраното полнење од страна на системот за проток на маса за време на калибрацијата.
- Реална тежина (C) - ја прикажува тежината на полнењето внесена од страна на операторот.
- Процент на грешка (D) - ја прикажува процентуалната разлика помеѓу проценетата тежина и реалната тежина.

Формула:

Грешка % = 100 x (Проценета - Реална) ÷ Реална

Пример:

0,5% = 100 x (17919 - 17829) ÷ 17829



H106045 —UN—30OCT12

A—Идентификација на полнење
B—Проценета тежина
C—Реална тежина
D—Процент за грешка

OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-5/12

Бришење на вредностите за идентитет на полнењето и вредностите на приносот:

ЗАБЕЛЕШКА: Може да се зачуваат 13 идентификациски броеви на полнењето, по што меморијата е полна и мора да се избришат една или повеќе калибрации на полнењето пред да може да се собира другуо полнење.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога се означени иконите со стрелка кон горе/долу (A) за да се движите низ листата, додека не се прикаже идентитетот на полнењето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за посакуваниот идентитет на полнењето (B).



H106048 —UN—30OCT12

A—Икони со стрелка нагоре/надолу
B—Икона за бришење на идентитетот

Продолжува на следната страница

OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-6/12

Ажурирање на вредностите за реалната тежина:



H106046 —UN—30OCT12



H106047 —UN—30OCT12

A—Икони со стрелка нагоре/надолу
B—Поле за избирање на калибрација
C—Мени за реална тежина
D—Икона за внесување/прифаќање
E—Икона за калибрација

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога се означени иконите со стрелка кон горе/долу (A) за да се движите низ листата, додека не се прикаже идентитетот на полнењето.

ЗАБЕЛЕШКА: Полињата за избор остануваат недостапни додека не се внесе скала за реална тежина од страна на операторот.

- Ограничена прецизност - нема извршено постапка за калибрација од страна на корисникот. Системот по стандардно се враќа во фиксна внатрешна вредноста за калибрацијата која може да не биде соодветна за различните машини и теренски услови.
- Калибрација во единична точка - корисникот има извршено постапка за калибрација и има собрано една до три калибрации на полнењето. Најчесто соодветно за полиња каде приносите се речиси постојани, што овозможува постојана брзина на протокот.
- Калибрација за повеќе точки - корисникот има извршено постапка за калибрација и има собрано четири или повеќе калибрации на полнењето. Прецизноста на калибрацијата е подобра кај полиња каде условите на приносот се многу променливи, кога брзината на протокот не е постојана.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете во Калибрација на приносот во единична точка или Калибрација на приносот во повеќе точки понатаму во ова поглавје за понатамошни информации.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за посакуваната калибрација (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за посакуваната реална тежина (C).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се вредноста за реалната тежина.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата внеси/прифати (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за калибрација мора да се избере за да се ажурираат вредностите од калибрацијата на приносот. Ако е означена иконата за враќање/назад, вредностите не се зачувани или ажурирани.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (E) за да се ажурираат вредностите од калибрацијата на приносот.

Продолжува на следната страница

Конфигурација за напредна калибрација:



Екран за управување со полнењето



A—Икона за напредна конфигурација
B—Икона за единична точка наредна страница
C—Икона за повеќе точки наредна страница
D—Стандардна икона за наредна страница

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредна конфигурација (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Внесувањето фактори за калибрацијата е главно за помош при префрлувањето на вредностите од калибрацијата помеѓу различни машини во рамките на едно исто поле. Не се советува да се измислуваат нови калибрации.

- *Употребете ја стандардната калибрација за да се повратат фабричките вредности за калибрацијата во случај ако се внесени грешни записи кои не се прифатливи.*
- *Внесувањето на број за калибрација C11 додека се извршува калибрација во единична точка форсира линеарна калибрација (во единична точка) дури и ако претходната калибрација била калибрација на повеќе точки.*
- *Нагодувањето на бројот за калибрација C11 за време на калибрација на повеќе точки пропорционално ги нагодува и сите други броеви за калибрација C1—C10 врз основа на нагодувањето на бројот на калибрација C11. Нелинеарна карактеристика за калибрацијата се зачувува, но со различен интензитет. На пример, ако бројот на калибрацијата C11 се зголеми за 10% (0.1), броевите за калибрација C1—C10 исто така се зголемуваат за 10%.*
- *Ако се потребни непропорционални нагодувања (само за повеќе точки), сите броеви за калибрацијата треба да бидат посебно нагодувани.*

- Единична точка (B) - калибрацијата може да биде модифицирана преку нагодување на бројот за калибрација C11.
- Повеќе точки (C) - калибрацијата може да биде модифицирана преку нагодување само на бројот на калибрација C11 или нагодување на C11, а потоа нагодување на сите 10 броеви за калибрацијата.
- Стандардно (D) - ги враќа почетните фабрички броеви за калибрација.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за посакуваната калибрација (B — D).

Продолжува на следната страница

Стандардна калибрација:

ЗАБЕЛЕШКА: Ќе се појави следнава порака за предупредување:

Со ова ќе ги повратите почетните фабрички броеви за калибрација.

За да продолжите, притиснете го копчето за внесување/зачувај или притиснете го копчето за прекинување за да се вратите во екранот за управување со полнењето без вршење какви било промени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата внеси/прифати (A)..

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за откажување (B) за да се вратите на екранот за управување со полнењето без да извршувате промени.



H106079 —UN—01NOV12

A—Икона за внесување/прифаќање

B—Икона за откажување

Продолжува на следната страница

Калибрација за единична точка:



H106051 —UN—31OCT12



H106053 —UN—31OCT12

A—Број за калибрација C11
B—Икона за внесување/прифаќање
C—Икона за внесување/прифаќање
D—Икона за претходната страница
E—Икона за откажување

ЗАБЕЛЕШКА: Бројот за калибрација може да биде рачно нагоден, ако е позната големината или грешката за протокот на маса.

Формула:

Нов C11 = Стар C11 x Реална тежина ÷ Проценета тежина

Пример:

9048 = 8225 x 6600 ÷ 6000

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за број за калибрација C11 (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Опсези на број за калибрација:

- *C1: -250 до 15000*
- *C2 — C11: 0 до 15000*

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се прикаже саканата вредност за калибрација.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C) за да ја зачувате вредноста за калибрација и да се вратите на екранот за управување со полнењето.

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за внесување/прифаќање мора да се избере за да се ажурираат вредностите за калибрацијата. Ако е означена иконата за откажување (E), вредностите не се зачувани или ажурирани. Приказот се враќа во екранот за управување со полнењето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за претходната страница (D) за да се вратите на претходната страница ако е потребно.

Продолжува на следната страница

Калибрација за повеќе точки (само C11):



H106070 —UN—31OCT12



H106053 —UN—31OCT12

A—Број за калибрација C11
B—Икона за внесување/прифаќање
C—Икона за наредна страница
D—Икона за претходната страница
E—Икона за откажување

ЗАБЕЛЕШКА: Бројот за калибрација може да биде рачно нагоден, ако е позната големината или грешката за протокот на маса.

Формула:

Нов C11 = Стар C11 x Реална тежина ÷ Проценета тежина

Пример:

7477 = 8225 x 6000 ÷ 6600

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за број за калибрација C11 (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Опсези на број за калибрација:

- *C1: -250 до 15000*
- *C2 — C11: 0 до 15000*

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се прикаже саканата вредност за калибрација.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C) за да ја зачувате вредноста за калибрација и да се вратите на екранот за управување со полнењето.

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за внесување/прифаќање мора да се избере за да се ажурираат вредностите за калибрацијата. Ако е означена иконата за откажување (E), вредностите не се зачувани или ажурирани. Приказот се враќа во екранот за управување со полнењето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за претходната страница (D) за да се вратите на претходната страница ако е потребно.

Продолжува на следната страница

Калибрација за повеќе точки (C1 — C10):



H106071 —UN—01NOV12



H106072 —UN—01NOV12

ЗАБЕЛЕШКА: Факторите за калибрација C1 — C10 се степенувани според вредноста C11. Секогаш кога C11 е ажуриран во претходниот екран, C1—C10 ќе бидат автоматски нагодени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за наредна страница (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означат посакуваните броеви за калибрација (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Опсези на број за калибрација:

- *C1: -250 до 15000*
- *C2 — C11: 0 до 15000*

Броевите за калибрација C1 — C10 МОРА да бидат внесени во растечки редослед за да бидат прифатени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се прикаже саканата вредност за калибрација.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (D) за да ја зачувате вредноста за калибрација и да се вратите на екранот за управување со полнењето.

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за внесување/прифаќање мора да се избере за да се ажурираат



H106073 —UN—01NOV12

A—Икона за наредна страница
B—Броеви за калибрација (C1 — C10)
C—Икона за внесување/прифаќање
D—Икона за внесување/прифаќање
E—Икона за претходната страница
F—Икона за откажување

вредностите за калибрацијата. Ако е означена иконата за откажување (F), вредностите не се зачувани или ажурирани. Приказот се враќа во екранот за управување со полнењето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за претходната страница (E) за да се вратите на претходната страница ако е потребно.

OUO6075,00012DF -A8-19FEB13-12/12

Калибрација на приносот во единична точка или Калибрација на приносот во повеќе точки



H105056 —UN—19MAR12



H105057 —UN—19MAR12

A—Полнење 1
B—Полнење 2
C—Полнење 3
D—Полнење 4
E—Минимален проток
F—Среден проток
G—Среден проток
H—Максимален проток

ЗАБЕЛЕШКА: Променлива теренска брзина на машината е најдобриот начин за варијација на брзината на протокот.

Најдобриот начин за одржување на константна брзина на протокот е да се следи приказот VisionTrak™ или соодветно да се нагодува теренската брзина на машината.

Калибрација на приносот за единична точка

Калибрацијата на приносот за единична точка кога се собрани еден или до три калибрации на полнења.

Овој тип калибрација се препорачува кога ожнеаното поле има речиси константен принос и машината работи при константна теренска брзина со многу мала варијација на протокот.

За да соберете калибрација на полнење, ожнејте приближно 2.722 kg (6,000 lb.) при максимална брзина на жнеење.

Вршењето на едно или две дополнителни полнења не е потребно, но може да му овозможи на системот за изврши средна проценка на севкупната грешка.

Калибрација на приносот за повеќе точки

Калибрацијата на приносот за повеќе точки се користи кога се очекува ожнеаните полиња да имаат променливи приноси или машината работи со променливи брзини со променливи протоци на зрната.

Овој тип на калибрација ги собира калибрациите на полнењето при секоја очекувана состојба на проток.

За секоја калибрација на полнење, ожнејте приближно 2.722 kg (6,000 lb.).

Извршете најмалку **четири** калибрации на полнењето со различни теренски брзини (A — D) или со различни ширини на режење за да симулирате четири различни брзини на проток (E — H).

OUO6075,00013D5 -A8-19FEB13-1/1

Код за промена на радиусот на гумата

Ќе биде потребно повторно да го калибрирате системот ако гумите или крајните погони се променети во однос на оригинално испорачаните од фабриката. Проверете дали исправниот код на гумата е внесен во меморијата.

ВАЖНО: Кога се менуваат погонските тркала, радиусот на гумите исто така може да се промени. Контролната единица на кабината МОРА да се нагоди на новиот радиус на гумите. За повеќе информации, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

Неуспешното калибрирање на системот ќе доведе до приноси на мониторот за параметрите на жетвата.

OUO6075,0001111 -A8-11APR12-1/1

Калибрирање на температурата на сензорот за влажност

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи дијагностичката икона.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за калибрации (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи **Температура на сензорот за влажност**.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C).

A—Икона за калибрација
B—Мени за калибрации
C—Икона за внесување/прифаќање

H94478 —UN—31MAR10

Икона за дијагностика



H94928 —UN—11OCT10

OUO6075,0000746 -A8-05OCT10-1/2

ЗАБЕЛЕШКА: Калибрацијата мора да биде направена пред да почне жетвата и кога сензорот за влажност е празен.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата плус (+) (A), или иконата минус (-) (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Температурата на сензорот мора да биде нагодена во зависност од моменталната надворешна температура.

Зголемувајте и намалувајте додека не се прикаже саканата температура (C) на сензорот.

ЗАБЕЛЕШКА: Поместувањето (D) автоматски се нагодува кога е поставена надворешната температура на сензорот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (E) за да ја сочувате температура на сензорот.



H96030 —UN—05OCT10

A—Икона плус (+)
B—Икона минус (-)
C—Температура на сензорот
D—Изедначување (Offset)
E—Икона за внесување/прифаќање

OUO6075,0000746 -A8-05OCT10-2/2

Табела за стандардна влага и густина

Култура	Стандардна влажност (%)	Густина на културата (lbs/bushel)	Густина на културата (kg/bushel)
Луцерка	12.0	60	27
Јачмен	14.0	48	22
Јачмен (зима) [a]	14.5	48	22
Јачмен (пролет) [a]	14.5	48	22
Канола	10.0	52	24
Наут [a]	12.0	61	27
Пченка (сува или влажна)	15.0	56	25
Грав за јадење	14.5	60	27
Лен	7.0	56	25
Семиња за трева	12.0	22	10
Леќа	10.5	60	27
Лупина [a]	12.0	53	24
Просо	11.0	50	23
Горчица	8.0	60	27
Морнарски грав	14.5	62	28
Овес	14.0	32	15
Овес [a]	15.0	32	15
Грашок	10.5	60	27
Грашок [a]	12.0	60	27
Пуканки	14.0	60	27
Пуканки [a]	15.5	60	27
Семе за репка (суво или влажно) [a]	10.0	52	24
Ориз	14.0	45	20
'Рж	14.0	56	25
Шафран	6.0	45	20
Сорго (кинеска шеќерна трска)	13.0	56	25
Соја	13.0	60	27
Сончоглед	14.0	29	11
Сончоглед [a]	9.0	20	11
Тритикале [a]	14.5	58	26
Пченица (пролет)	13.0	60	27
Пченица (зима)	13.0	60	27

[a] *Листа само на европски култури.*

OUO6075,0000E89 -A8-22MAR12-1/1

Табела на стандардни тежини

Единица	Тежина (lb)	Тежина (kg)
Барели	162.0	73.5
Вреќи	100.0	45.4
Сто килограми	100.0	45.4
Фунти (lb)	1.0	0.454
Килограми (kg)	2.204	1.0
Метрички тони	2204.0	1000.0
Тони	2000.0	907.0

OUO6075,0000435 -A8-15APR10-1/1

Промена на поставките за културите и загубата на зрна

Мени на културата:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на културата (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за култура (B).

Менито за културата го прикажува следното:

Луцерка	Леќа	'Рж
Јачмен	Волчјак	Шафран
Јачмен - пролетен[a]	Просо	Сорго
Јачмен - зимски[a]	Синап	Соја
Канола	Бел грав	Сончоглед
Леблебија	Овес	Тритикале[a]
Пченка	Грашок	Пченица[a]
Грав за јадење	Царевка	Пролетна пченица
Лен	Семе на маслодајна репка[a]	Зимска пченица
Семиња за трева	Ориз	

[a] *Листа на европски култури.*

Кога ќе се одбере саканата култура, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

GreenStar™ Pro Документација:

Го синхронизира избраниот посев од екранот кај наслонот за рака со монтираниот екран во аголот (ако го има во опремата).

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога квадратчето за GreenStar™ Pro Документација (C) е нагласено.

- Означено - избраниот посев е синхронизиран заедно на двата екрана.
- Неозначено - избраниот посев на двата екрана работат независно еден од друг.

Состојба на вршалката:

На менито (D) за услови на вршење се прикажува следното:

- Лесно
- Нормално
- Тешко

Кога ќе се одбере саканата состојба на вршалката, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Состојба на сламата/кочаните:

На менито (E) за состојба на слама/кочан се прикажува следното:

- Кршливо

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H111419 —UN—12JUN14

A—Икона за конфигурација на културата
B—Мени на културата
C—GreenStar™ Pro Документација
D—Мени на состојбата на вршалката
E—Мени за состојбата на сламата/кочаните
F—Икона за калибрација на загубата на зрна
G—Вредност на калибрацијата на загубата на зрна

- Нормално
- Тешко

Кога ќе се одбере саканата состојба на сламата/кочаните, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Калибрација на загубата на зрна:

Нагодете ја машината и хедерот на прифатливите нивоа на загуба за специфичната култура и состојбата.

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата за калибрација на загубата на зрно (F) е нагласена.

ЗАБЕЛЕШКА: Со ова се внесуваат тековните работни карактеристики во меморијата и се центрира индикаторот за активност на вкупната загуба во столпчето во аголот.

Референтен број на калибрацијата:

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога вредноста за калибрација на загубата на зрно (G) е нагласена.

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже саканата референтна вредност на калибрацијата. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Продолжува на следната страница

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја саканата референтна вредност на калибрацијата на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

Рамнотежа на решетото/сепараторот

Прилагодување на рамнотежа на решетките помеѓу показателот на чистачките делови во форма на чевел и показателот на загубите одделувачот кај VisionTrak™ екранот. Нагодувањето може да се користи за прецизно нагодување на приказот, ако изгледа дека загубите доаѓаат од едно подрачје на машината, но повеќе загуби се прикажани во друго подрачје на машината поради состојбата на културата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки за VisionTrak™ (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за рамнотежа на решетото/сепараторот (B) или столбестиот дијаграм за рамнотежа на решетото/сепараторот (C).

Поле за нагодување на рамнотежата на решетото/сепараторот:

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже посакуваната вредност на рамнотежата на решетото/сепараторот. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност на рамнотежата на решетото/сепараторот.

Нагодување на столбестиот дијаграм за рамнотежата на решетото/сепараторот:

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите столбестиот дијаграм на рамнотежата на решетото/сепараторот до посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност на рамнотежата на решетото/сепараторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (F) за да се вратите на претходната страница.

Резолуција на решетото/сепараторот

Овозможува операторот да го модифицира бројот на ленти прикажани на приказот VisionTrak™ за индикаторот на загубата на решетото и за индикаторот за загуба од сепараторот (независно од бројот на средишните ленти).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки за VisionTrak™ (A).



H111420 —UN—12JUN14



H108629 —UN—26JUL13

A—Икона за поставки за VisionTrak™
B—Поле за рамнотежа на решетото/сепараторот
C—Столбест дијаграм за рамнотежата на решетото/сепараторот
D—Поле за резолуцијата на решетото/сепараторот
E—Столбест дијаграм за резолуцијата на решетото/сепараторот
F—Икона Враќање/Назад

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за резолуција на решетото/сепараторот (D) или столбестиот дијаграм за резолуција на решетото/сепараторот (E).

Поле за нагодување на резолуцијата на решетото/сепараторот

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Завртете го копчето за бирање додека не се прикаже вредноста за посакуваната резолуција на загубата на решетото/сепараторот. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност за резолуција на решетото/сепараторот.

Столбест дијаграм за нагодување на резолуцијата на решетото/сепараторот:

Продолжува на следната страница

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите столбестиот дијаграм за резолуцијата на решетото/сепараторот до посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност за резолуција на решетото/сепараторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (F) за да се вратите на претходната страница.

VisionTrak е заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001832 -A8-13JUN14-4/4

Промена на поставките на машината

Реални или зададени поставки:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставките на машината (A).

- Релна поставка (B) (вредноста на зададената точка е во црна боја) - ја покажува тековната вредност за зададената точка за машината.
- Поставка за зададена точка (C) (вредноста на зададената точка е во сина боја) - машината автоматски се нагодува на вредноста на зададената точка од операторот.

Поставки на машината:

ЗАБЕЛЕШКА: Зададените вредности за брзина на вршење и брзина на вентилаторот светкаат се дури е вклучен сепараторот и брзината на моторот е над 2000 врт/мин.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога едно од следното е означено:

- Брзина на вршалката (D)
  - 200 - 1000 вртежи/мин., зголемувања од 10 вртежи/мин.
- Зазор на вршалката (E)
  - 0 - 40 mm[1], зголемувања од 1 mm
- Брзина на вентилаторот (F)
  - 620 - 1350 вртежи/мин., зголемувања од 10 вртежи/мин.
- Зазор на отстранувачот на плева (G)
  - 0 - 22 mm (Општа намена) и 0 - 30 mm (длабок заб)[1], зголемувања од 1 mm
- Зазор на ситото (H)
  - 0 - 20 mm (Општа намена и длабок заб)[1], зголемувања од 1 mm

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже саканата вредност на машината. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја саканата вредност на машината на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата (I) за влез/прифаќање е нагласена за да овозможите автоматски да се прилагодат измените во поставките на машината избрани од страна на операторот и/или да овозможите да се зачуваат личните поставки на машината.

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H109932 —UN—28FEB14

A—Икона за поставките на машината
B—Реална поставка
C—Поставка за зададена точка
D—Брзина на вршалката
E—Зазор на вршалката
F—Брзина на вентилаторот
G—Зазор на отстранувачот на плева
H—Зазор на ситото
I— Икона за внесување/прифаќање
J— Мени за модификаторите на културата

Мени за променување на модификаторите на културата:

ЗАБЕЛЕШКА: Операторот може да зачува 20 кориснички поставки на културата со ограничување од 20 карактери за секоја. Персонализираните поставки на машината нема да ги избришат фабричките поставки.

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога е нагласено менито (J) за модификатори на жетва.

Менито за модификаторите на културата го прикажува следново:

- Стандардно - ги прикажува фабричките зададени поставки за избраните видови култура.
- Суво (стандардно) - ги прикажува фабричките стандардни поставки за пченката.
- Влажно (стандардно) - ги прикажува фабричките стандардни поставки за пченката.
- Ново - се избира кога ќе се внесат кориснички/лични поставки на културата.
- Чистење - ги прикажува фабричните стандардни поставки кои овозможуваат машината да биде исчистена.

Кога ќе се одбере саканиот модификатор на културата, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

[1]Рачното работење е дозволено над вредноста за реалната поставка (прикажана со затемнети букви) и вредноста за

Продолжува на следната страница

поставката за поставената точка (прикажана со сина боја), што е прикажано и преку зборот MAX (максимално). MAX (максимално) се прикажува додека операторот не оствари зголемување.

OUO6075,000177B -A8-03MAR14-2/3

Напредно поставување (конфигурациски поставки за предмети надвор од машината):

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредна конфигурација (A).

Пораките на екранот му укажуваат на возачот рачно да ги провери областите околу машината за препорачаните поставки.

ЗАБЕЛЕШКА: Ознаките прикажани на екранот се разликуваат во зависност од дополнителната опрема на машината и избраната земјоделска култура.

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата за наредна страна (B) (доколку е достапна) е нагласена за да преминете на наредната страна.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата за претходна страна (B) (доколку е достапна) е нагласена за да преминете на претходната страна.

A—Икона за напредна конфигурација
B—Икона за наредна страница
C—Икона за претходната страница



H109933 —UN—28FEB14



H109934 —UN—28FEB14

OUO6075,000177B -A8-03MAR14-3/3

Именување на прилагодени култури

ЗАБЕЛЕШКА: Операторот може да зачува 20 кориснички поставки на културата со ограничување од 20 карактери за секоја. Персонализираните поставки на машината нема да ги избришат фабричките поставки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито на модификаторите на културата (A).

Менито за модификаторите на културата го прикажува следново:

- Стандардно - ги прикажува фабричките зададени поставки за избраните видови култура.
- Суво (стандардно) - ги прикажува фабричките стандардни поставки за пченката.
- Влажно (стандардно) - ги прикажува фабричките стандардни поставки за пченката.
- Ново - се избира кога ќе се внесат кориснички/лични поставки на културата.
- Чистење - ги прикажува фабричните стандардни поставки кои овозможуваат машината да биде исчистена.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи New (Ново).



H109935 —UN—28FEB14

A—Мени за модификаторите на културата

B—Икона за внесување/прифаќање

Изменете ги поставките на машината како што вам ви е потребно.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (B).

Продолжува на следната страница



H87396 —UN—13FEB07

QWERTY распоред на тастатурата /ABC распоред на тастатура

A—Приказ на прилагодено име
B—Нумерички копчиња
C—Алфабетски копчиња
D—Копче за големи букви/копче Shift
E—QUERTY (Стандарден распоред на тастатура за пишување) или ABC копчиња
F—Копчиња за симбол
G—Копче за празно место
H—Копче за откажување
I— Копче за избриши сè
J—Копче за бришење наназад
K—Копче за тире
L—Копче Внеси
M—Копче за запирка
N—Копче за точка
O—Икона за внесување/прифаќање

ЗАБЕЛЕШКА: Тастерот за избирање на симболи (F) ве спроведува до друг распоред на тастатура што ќе ви овозможи селектирање на посакуваните симболи.

Се појавува алфанумеричка тастатура и ви овозможува да поставите сопствено име за некоја култура.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната икона на прикажаната тастатура.

Повторете ја постапката по потреба за да ја именувате прилагодената култура.

Откако ќе се именува прилагодената култура, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за внесување/прифаќање (O).

OUO6075,000177C -A8-28FEB14-2/2

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето (B) за GPS време и датум.

- Означено - менијата за датум и време не можат да се изберат. Датумот и времето се поставени според системот GPS.
- Неозначено - менијата за датум и време можат да се изберат. Датумот и времето не се поставени според системот GPS.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за временската зона (C).

ЗАБЕЛЕШКА: Временските зони се прикажани врз основа на средното време по Гринич (GMT).

Аргентина -2	Данска +1	Москва +3
Австрија+1	Германија +1	Самара +4
Австралија	Естонија +2	Оренбург +5
Брисбејн +10	Франција 0	Омск +6
Аделаида +10	Финска +2	Краснојарск +7
Перт + 9	Грција +2	Швајцарија +1
Мелбурн +11	Исланд 0	Словачка +1
Бугарија +2	Италија +1	Јужна Африка +2
Сао Паоло -3	Унгарија +1	Шведска +1
Мато Гросо -4	Централна Америка -5	Обединето Кралство 0
Ванкувер -7	Летонија +2	Украина +2
Каљари -6	Литванија +2	Турција +2
Винипег -5	Холандија +1	Лос Анџелес -7
Торонто -4	Норвешка +1	Денвер -6
Халифакс -3	Полска +1	Чикаго -5
Чешка +1	Португалија 0	Атланта -4
Хрватска +1	Романија +2	

Откако од менито се избере соодветната временска зона, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.



H95744 —UN—05OCT10

A—Икона за часовник
B—Поле за GPS време и датум
C—Икона за временска зона
D—Мени за датум (месец, ден, година)
E—Мени за време (часови, минути, претпладне или попладне)
F—Поле за летно сметање на времето

Поставки за датум:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканото мени за датум (D):

- Месец
- Ден
- Година

Откако во мените ќе се направи саканиот избор, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Поставки за време:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканото мени за време (E):

- Часови
- Минути
- A.M. (претпладне) или P.M. (попладне)

Откако во мените ќе се направи саканиот избор, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето (F) за летно сметање на времето.

- Означено - времето автоматски се ажурира ако летното сметање на времето се користи во Вашата држава/регија.
- Неозначено - времето мора рачно да се ажурира кога се менува летното сметање на времето.

Продолжува на следната страница

H95845 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Икона за главна апликација на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0001512 -A8-11JUN13-5/5

Дијагностички параметри, За, Тестирања на приказ

H95849 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Икона за апликација на приказот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставките на приказот.

OUO6075,0001513 -A8-11JUN13-1/5

Мени За:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за менито За (A).

Екранот го покажува следново:

- Информации за авторски права
- Информации за софтвер и хардвер
  - Број на дел од хардвер
  - Сериски број на хардвер
  - Број на дел од софтвер
  - Број на верзија на софтвер
  - Број на верзија на апликацијата



H95747 —UN—05OCT10

A—Икона за мени За

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001513 -A8-11JUN13-2/5

Тестови на приказ:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за тестови (A).

Тест за боја на приказ:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за тестови за боја на приказот (B).

- Тестови за боја на приказот на екранот (се појавува дијаграм со црвена, сина и зелена боја).
- Доколку не ги гледате боите од тестовите, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Тест за екранот осетлив на допир:

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи ако е опремен со екран осетлив на допир.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за тестови на екранот осетлив на допир (C).

- Тестот му дозволува на операторот да ги идентификува проблемите со пикселите на екранот.
  a. Кога ќе се допре екранот, се појавува обележана цел на допреното поле.
  b. Продолжете со допирање на екранот околу полето во кое се сомневате дека постои неисправен пиксел и забележете дали ќе се појави обележаната цел.
  c. Доколку не се појави обележаното поле, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Калибрација на екранот осетлив на допир:

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи ако е опремен со екран осетлив на допир.



H95748 —UN—05OCT10

A—Икона Тестови
B—Икона за тестирање на боја на приказ
C—Икона за екранот осетлив на допир
D—Икона за калибрација на екранот осетлив на допир

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација на екранот осетлив на допир (D).

1. Се појавува друг екран со симбол “X” во горниот десен агол.
2. Притиснете го симболот “X” од екранот и продолжете да ги следите симболите за “X” околу екранот. Секогаш притискајте го екранот точно во центарот од симболот “X”.

ЗАБЕЛЕШКА: Калибрацијата на Touchscreen откажува каква било друга зачувана калибрација и му дозволува на операторот да започне одново и да изврши нова калибрација.

Продолжува на следната страница

Дијагностички параметри:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи дијагностичката икона (A).

Екранот го покажува следново:

- Директен напон
- Напон преку контактниот клуч
- Висок напон на подрачната мрежа (CAN) (Магистрала на возило)
- Висок напон на подрачната мрежа (CAN) (Магистрала на приклучниот уред)
- Низок напон на подрачната мрежа (CAN) (Магистрала на возилото)
- Низок напон на подрачната мрежа (CAN) (Магистрала на приклучниот уред)
- Приказ на работните часови
- Присутна е USB

ЗАБЕЛЕШКА: Приклучокот за универзалната сериска магистрала (USB) е лоциран под потпирачот за рака. Приклучокот се користи за основни дијагностички параметри и за пренос на податоци. Не приклучувајте телефонски или аудио уреди во овој приклучок. Овој приклучок НЕ е наменет за полнење на направи што трошат електрична енергија.



H108237 —UN—11JUN13

A—Икона за дијагностика

OUO6075,0001513 -A8-11JUN13-4/5

H95845 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Икона за главна апликација на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0001513 -A8-11JUN13-5/5

Поврзување на повеќе прикази и помошни команди

H95849 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Икона за апликација на приказот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставките на приказот.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001514 -A8-11JUN13-1/4

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредните поставки (A).

A—Икона за напредни поставки



H108235 —UN—11JUN13

OUO6075,0001514 -A8-11JUN13-2/4

Поврзување на повеќе прикази:

ЗАБЕЛЕШКА: Софтверот автоматски детектира ако е поврзан друг приказ. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за понатамошни информации пред да менувате било какви поставки или ако системот не детектира поврзан приказ.

Помошни команди:

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата на помошните команди не е достапна.

A—Икона за повеќе прикази **B—Икона за помошни команди**



H96256 —UN—05OCT10

OUO6075,0001514 -A8-11JUN13-3/4



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95845 —UN—31MAR10



Икона за главна апликација на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0001514 -A8-11JUN13-4/4

Апликација за центарот на пораки



Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95846 —UN—31MAR10

H95878 —UN—29MAR10



Центар на пораки
Апликациска икона

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за центарот на пораки.

Продолжува на следната страница

Икона за центарот на пораки (A):

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за центарот на пораки.

Се прикажуваат пораките или активните кодови за грешки за операторот, ако се достапни.

Икона за дијагностички адреси (B):

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е опремен со изборен GreenStar приказ, не се обидувајте да пристапите до информациите за дијагностичките адреси на двата прикази истовремено.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностичките адреси.

Му овозможува на операторот да ја избере саканата контролна единица и да направи промени кај адресите или да ги види адресите (посетете го вашиот трговец со John Deere опрема).

Икона за дијагностичките кодови за грешки (C):

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е опремен со изборен GreenStar приказ, не се обидувајте да пристапите до дијагностичките кодови за грешки на двата прикази истовремено.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностичките кодови за грешки.

Му овозможува на операторот да ги види контролните единици, адресите на дијагностичките кодови, кодот (активен или не) и контролната единица за тоа колку пати кодот е прикажан (за повеќе информации погледнете Пристап до менито на дијагностичките кодови за грешки во делот Дијагностичките кодови за грешки).

Икона за информации за Електронската контролна единица (ECU) (D):

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации за електронската контролна единица.



H95965 —UN—05OCT10

Му овозможува на операторот да ги види контролните единици, адресите, бројот на пораките, броевите на честите контролни единици како и сериските броеви и броевите и верзиите на честите софтвери (посетете го вашиот трговец со John Deere опрема).

Икона за информации за CAN Bus (E):

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информација за CAN bus.

Му овозможува на операторот да види дали статусот на мрежата е активен или не, целокупниот број на пораки и високите или ниските CAN напони (посетете го вашиот трговец со John Deere опрема).

Икона на датотеки за отстранување на грешки при трансферот (F):

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за датотеки за отстранување на грешки при трансферот.

Скоро секој екран може да биде зачуван на внатрешната меморија, а потоа копиран на USB уред. (посетете го вашиот трговец со John Deere опрема).

Продолжува на следната страница

H95845 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10



Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Икона за главната примена на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0000652 -A8-26AUG10-3/3

Апликација на мониторот за перформанси

H95847 —UN—12OCT10



H95878 —UN—29MAR10



Мониторот за перформанси Икона за апликација

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за мониторот за перформанси.

OUO6075,0001779 -A8-28FEB14-1/5

Мени на мониторот за перформанси:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за саканото мени на мониторот за перформанси (A).

На менито на мониторот за перформанси што може да се конфигурира се појавува со следното:

- Просечна потрошувачка на гориво по површина (gal./acre, L/ha, gal./ha, L/acre)
- Моментална површина на час
- Просечна површина на час
- Ожнеана површина (се акумулира со снимање ON (вклучено))
- Растојание (Се акумулира цело време. Не зависи од статусот на снимање.)
- Моментална потрошувачка на гориво на час (gal./hr., L/hr)
- Продуктивност на жнеењето на час (волумен или тежина)
- Бројач за тежината
- Бројач за влажноста



H95803 —UN—05OCT10

A—Мени на мониторот за перформанси

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата опција на менито.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001779 -A8-28FEB14-2/5

Чистење на мониторот за перформанси:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за збирови (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за ресетирање на бројачот:

ЗАБЕЛЕШКА: Бројките од овој екран за областа на чистење, растојанието, тежината и влажноста нема да ги исчисти збировите на Клиент, Фарма, Поле и Култура.

Се чистат единствено бројачите на овој екран.

- Икона за ресетирање на бројачот за површината (B)
  - Ја покажува вкупната поминатата површина од ресетирањето.
- Икона за ресетирање на бројачот на растојанието (C)
  - Го покажува вкупното поминато растојание од ресетирањето.
- Икона за ресетирање на тежината и влажноста (D)
  - Ги покажува бројките на тежината и влажноста од ресетирањето.

Се покажува екран со предупредување и прашање дали сакате да ги ресетирате саканите збирови.



H95810 —UN—05OCT10

A—Икона за збирови
B—Икона за ресетирање на бројачот на површината
C—Икона за ресетирање на бројачот на растојанието
D—Икона за ресеторање на тежината и влажноста

ВАЖНО: Ако се поврзани повеќекратни екрани, тогаш ресетирањето на збировите на овој екран можа да ги ресетира збировите и на другите екрани, исто така.

Продолжува на следната страница

Напредни поставки на мониторот на перформанси:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредните поставки (A).

- Квадратче за автоматска ширина (B)

  ЗАБЕЛЕШКА: Секогаш треба да биде проверено и исклучено од возачот.

- Квадратче за ширина на хедерот (C)

  ЗАБЕЛЕШКА: Секогаш треба да биде исклучено од возачот.

  - Автоматски детектиран од поставките направени на екранот за поставки на хедерот.
- Статус на снимањето ON/OFF (вклучено/исклучено) (D)

  ЗАБЕЛЕШКА: Секогаш треба да биде исклучено од возачот.

- Мени за снимање (E)

  ЗАБЕЛЕШКА: Секогаш треба да биде исклучено од операторот и секогаш поставено на AUTO (автоматски).

- Интервал на сервисирање (F)

  ЗАБЕЛЕШКА: Звучен аларм и порака се појавуваат на приказот во рамки на 20 часа од поставката на интервалот за сервисирање.



H95813 —UN—05OCT10

A—Икона за напредни поставки
B—Квадратче за автоматска ширина
C—Квадратче за ширина на хедерот
D—Статус на снимањето ON/OFF (вклучено/исклучено)
E—Мени за снимање
F—Интервал на сервисирање
G—Време од последното ресетирање
H—Икона за ресетирање

  - Интервалот се нагодува меѓу 0 - 999 часови. Интервалот за сервисирање мора да се ресетира на нула по извршениот сервис.
- Време од последното ресетирање (G)
  - Го покажува бројот на часовите на моторот откако сервисирањето било последен пат ресетирано.
- Икона за ресетирање (H)
  - Ги бриши часовите од бројачот на последното сервисирање.

OUO6075,0001779 -A8-28FEB14-4/5



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95845 —UN—31MAR10



Икона за главната примена на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0001779 -A8-28FEB14-5/5

Апликација на управувач на изглед



Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95878 —UN—29MAR10

H95850 —UN—31MAR10



Управувач на изглед
Икона за апликација

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата на апликацијата за телефонот.

OUO6075,0001272 -A8-11OCT12-1/3

Конфигурација на регионот на почетната страна:

Му дозволува на операторот да покажува различни почетни страници.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за регион (A).

Екранот го покажува следново:

- Почетна страница 1
- Почетна страница 2
- Почетна страница 3

Откако ќе се одбере саканата почетна страница, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога се означени иконите со стрелка нагоре/надолу (B) за да се движите низ почетните страници (C).

Одберете ја саканата почетна страница.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означено полето за вклучување во циклус на почетни страници (D).

- Означено - избраната почетна страница е вклучена во циклусот на почетни страници.
- Неозначено - избраната почетна страница нема да биде вклучена во циклусот на почетни страници.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за Почеток или кој било друг екран менува низ избраните почетни страници. Прекинувачот за почетната страница на потпирачот за рака исто така менува низ избраните почетни страници.



H95818 —UN—05OCT10

A—Мени за регион
B—Икони со стрелка нагоре/надолу
C—Различни почетни станици
D—Поле за вклучување во циклус на почетни страници

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001272 -A8-11OCT12-2/3

H95845 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Икона за главна апликација на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0001272 -A8-11OCT12-3/3

Способност за видео интерфејс

ЗАБЕЛЕШКА: Приказот GreenStar™ 2 2600 не е компатибилен со видео.

Приклучоците означени како ADU 01, ADU 02, ADU 03 доставуваат видео сигнали до екранот на потпирачот за рака.

Приклучокот означен CPDU 01 доставува сигнал за видео за дополнителен приказ на столпчето во аголот.

Машината е опремена со четири влезови за видео камера кои се наоѓаат на десната страна од платформата на операторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Приказот GreenStar™ 3 CommandCenter™ на потпирачот за рака поддржува еден сигнал за видео.

Приказот GreenStar™ 3 2630 на потпирачот за рака поддржува три сигнали за видео.

Влез за видео (A — C) снабдуваат сигнали за видео до приказот на потпирачот за рака.

Влезот за видео (D) се поврзува со приказот GreenStar™ 3 2630 (изборно) кој е монтиран на столпчето во аголот.

Влезовите за видео се заштитени со во-линиски осигурувач (E).

За повеќе информации за решенија за компатибилна видео камера, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H108461 —UN—03JUL13

A—Влез за видео (потпирач за рака)
B—Влез за видео (потпирач за рака)
C—Влез за видео (потпирач за рака)
D—Влез за видео (столпче во аголот)
E—Во-линиски осигурувач

OUO6075,00015A7 -A8-03JUL13-1/1

Безбедност на видео

ВНИМАНИЕ: Не сметајте на камерата за избегнување на судар или откривање на лица во близина. За да избегнете можна повреда или смрт на операторот или на други лица, секогаш бидете внимателни и свесни за она што се случува околу Вас додека работете на машината. Прочитајте и разберете го делот Избегнување на несреќи при возење наназад во поглавјето Безбедност.

ВАЖНО:

- **Научете точно дали камерата или апликацијата за видео е "отсликана".**
- **Монтирајте ја камерата на тврдо и сигурно место.**
- **Знајте го видното поле на камерата.**
- **Одржувајте ја камерата соодветно сервисирана.**
- **Одржувајте ја леќата на камерата чиста.**

OUO6075,00013B2 -A8-31JAN13-1/1

Апликација за видео (ако постои)

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95851 —UN—31MAR10

H95878 —UN—29MAR10



Икона за апликација за видео

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за видео.

OUO6075,00013B1 -A8-31JAN13-1/4

Нагодување на контрастот:

Овозможува операторот да го осветлува или затемнува приказот за видео.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната икона:

- Икона за зголемување (A) - го осветлува приказот на видеото.
- Икона за намалување (B) - го затемнува приказот на видеото.

ЗАБЕЛЕШКА: Столбест дијаграм за контраст (C) се зголемува или намалува во зависност од тоа која икона е избрана.

Поставки за отсликување:

Овозможува операторот да ја отсликува сликата на екранот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за отсликување (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Отсликување ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО (E) се променува за да го предупреди операторот кој агол се прикажува.



H96255 —UN—05OCT10

A—Икона за зголемување контраст
B—Икона за намалување контраст
C—Столбест дијаграм за контраст
D—Икона за отсликување
E—Отсликување ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

Продолжува на следната страница

OUO6075,00013B1 -A8-31JAN13-2/4



H96254 —UN—05OCT10



H95821 —UN—05OCT10

A—Икона за напредни поставки
B—Активатор за задно видео
C—Активатор за видео од сепараторот
D—Активатор за видео од растоварната спирала
E—Активатор за видео од резервоарот за гориво
F—Мени за време
G—Икона Враќање/Назад

Поставка на видео:

ЗАБЕЛЕШКА: На приказот на потпирачот за рака за поддржани повеќе активатори за видео.

Овозможува операторот да поставува и гледа различни подрачја околу машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредните поставки (A).

Екранот го покажува следново:

- Активатор за видео за заден поглед (B)
- Активатор за видео од сепараторот (C)
- Активатор за видео од растоварната спирала (D)
- Активатор за видео од резервоарот за гориво (E)

ЗАБЕЛЕШКА: Видеото се прикажува автоматски на приказот кога ќе се исполни услов за активатор (пример: видеото за заден поглед се прикажува на приказот кога машината се движи наназад).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означат полињата за посакуваниот активатор за видео.

- Означено - го прикажува видеото.
- Неозначено = не го прикажува видеото.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваното менито за време (F) за полето за посакуваното видео.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваното време.

ЗАБЕЛЕШКА: Овозможува камерата да остане прикажана за продолжен временски период откако условот ќе се промени (пример: задното видео останува прикажано за продолжен временски период дури и откако повеќенаменската рачка ќе се помести нанапред).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (G).

OUO6075,00013B1 -A8-31JAN13-3/4



Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95878 —UN—29MAR10

H95845 —UN—31MAR10



Икона за главна апликација на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,00013B1 -A8-31JAN13-4/4

Примена на пристапниот управувач



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

H95852 —UN—31MAR10

Пристапен управувач икона за примена

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата на пристапниот управувач.

Продолжува на следната страница

OUO6075,00006F8 -A8-07OCT10-1/5





A—Мени на нивоата на пристап
B—Примена
C—Икона за промена на лозинка
D—Мени за лозинка
E—Икона со стрелка за назад
F—Икона за откажување
G—Икона за внесување/прифаќање

Поставки на нивото на пристап:

Му овозможува на сопственикот на машината да блокира/ослободи одредени функции. Ако функцијата е блокирана, само сопственикот може да направи промени/нагодувања. Ако функцијата е ослободена, и сопственикот и операторот можат да направат промени/нагодувања.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито на нивото на пристап (A).

Екранот го покажува следново:

ЗАБЕЛЕШКА: Мора да биде во режим на сопственикот за примена на блокира/ослободи (B). При промената на оперативниот режим во режим на сопственикот, потребна е лозинка.

- Оперативен режим - одредени промени/нагодувања се достапни кога се поставени од сопственикот.
- Оперативен режим - одредува кои промени/нагодувања му се достапни на операторите.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканото ниво на пристап.

Промена на лозинката:

Му овозможува на сопственикот на машината да постави лозинка за да спречи операторот да прави промени/нагодувања претходно поставени од сопственикот.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако лозинката е изгубена или заборавена, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за промена на лозинката (C).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач за да ги внесите бројките од калкулаторот во менито за лозинка (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата со стрелка за назад (E) за да ги избришите бројките ако згрешите.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за откажување (F) за да откажете и се вратите на претходниот екран.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (G).

Продолжува на следната страница

Апликации блокирање/ослободување:

Му овозмоува на сопственикот можност да блокира/ослободи одредени функции. Кога е на блокирање само одредени функции се видливи за операторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата со стрелка горе/долу (A) за да се движите низ различни апликации.

Комбајн	Екран
Центар за пораки	Управувач на распоредот
Монитор на перформанси	Видео
GreenStar	Управувач на пристап

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата апликација (B).



A—Икони со стрелка горе/долу
B—Примена

OUO6075,00006F8 -A8-07OCT10-3/5





A—Икони со стрелка горе/долу
B—Икона плус
C—Икона минус
D—Икона блокирање/ослободување
E—Икона за откажување
F—Икона за внесување/прифаќање

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога се означени иконите со стрелка горе/долу (A) за да се движите низ апликациите на под функциите.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата плус (B) (проширување на под функциите) или иконата минус (C) (намалување на под функциите).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата под функција.

ЗАБЕЛЕШКА: Под функциите се менуваат меѓу иконата блокирање/ослободување (D).

Сивата брава значи дека само некои под-функции се блокирани.

- *Икона за блокирање - операторот не може да прави промени/нагодувања.*
- *Само сопственикот може да направи промени/нагодувања.*
- *Икона за ослободување - и сопственикот и операторот можат да направат промени/нагодувања.*

Повторете колку што е потребно за останатите апликации.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за откажување (E) за да ги откажете промените и да се вратите на претходниот екран.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (F).

Продолжува на следната страница

OUO6075,00006F8 -A8-07OCT10-4/5

H95845 —UN—31MAR10



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Главна страница на комбајнот икона за примена

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,00006F8 -A8-07OCT10-5/5

Команди на конзолата на потпирачот за рака



H95194 —UN—11OCT10

1— Прекинувач за вклучување на хедерот и на реверсерот на доставната комора
2— Прекинувач за вклучување на сепараторот
3— Harvest Smart™ прекинувач за вклучување на брзината на полнење (ако постои)
4— Прекинувач за брзината на мотортот (голема брзина)
5— Прекинувач за брзината на мотортот (средна брзина)
6— Прекинувач за брзината на мотортот (мала брзина)
7— Копче на прекинувачот за менувачот за 3-та брзина (ако постои)
8— Копче на прекинувачот за менувачот за 2-та брзина / прекинувач за ProDrive режим 2 (ако постои)
9— Копче на прекинувачот за менувачот за 1-та брзина / прекинувач за ProDrive режим 1 (ако постои)
10— Прекинувач за сопирачката за паркирање (ако постои)
11— Прекинувач за погонот на четири тркала (голема брзина) (ако постои)
12— Прекинувач за погонот на две тркала (мала брзина) (ако постои)
13— Прекинувач за блокадата на диференцијалот (ако постои)
14— Висина на хедерот/HydraFlex™ Копче за контрола на притисокот
15— Копче за бирање Dial-A-Speed
16— Прекинувач за исклучување на патен транспорт
17— Прекинувач за кратенки на функциите за преклопување (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Секој прекинувач не е достапен за секој модел на машина.

Пред да работите со машината, запознајте се со прекинувачите и со командите.

Harvest Smart е регистриран заштитен знак на Deere & Company
HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0000A9E -A8-16NOV10-1/1

Прекинувач за вклучување на хедерот и на реверсерот на доставната комора

Прекинувачот за вклучување на хедерот (A) овозможува вклучување или исклучување на погонот на хедерот. Притиснете кон долу и на напред за да го блокирате прекинувачот во положба ON (вклучен), или повлечете го прекинувачот назад во OFF за да го исклучите.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога е вклучен реверсерот на доставната комора, намотка се движи во спротивен правец (само кај крут и HydraFlex хедери) помагајќи културата да се повлече подалеку од доставната комора.

Ако работите со голема брзина на моторот и ако се вклучи прекинувачот на реверсерот на доставната комора, моторот автоматски го намалува бројот на вртежи и поминува во долен празен од.

Прекинувачот на реверсерот на доставната комора (A) се користи за хидраулично префрлување на запчестиот преносник на доставната комора во режим за движење назад за да се ослободи приклучената доставната комора или хедерот.

Притиснете го прекинувачот долу и повлечете го назад, и задржете го додека доставната комора не се ослободи од приклучокот.

Системски барања:

- Прекинувачот за вклучување на хедерот и прекинувачот на реверсерот на доставната комора мора да бидат исклучени (OFF) за да се стартува машината.
- Прекинувач за вклучување на сепараторот мора да биде вклучен (ON).
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Операторот мора да седи за да работи хедерот.

Погонот на хедерот може да биде исклучен со прекинувачот за брзо сопирање (B) сместен на повеќе функционалната рачка.

За да го вклучите погонот на хедерот или спиралата за истовар ако е употребен прекинувачот за брзо сопирање, завртете го прекинувачот на OFF и назад на ON.



H94644 —UN—27JAN10

H94657 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за вклучување на хедерот/реверсерот на доставната комора

B—Прекинувач за брзо сопирање

Ако операторот го напушти седиштето по вклучувањето, хедерот ќе продолжи да работи уште пет секунди па ќе се исклучи.

За да се вклучи, седнете отсечно на возачкото седиште и завртете го прекинувачот на OFF и назад на ON.

OUO6075,000043D -A8-13DEC10-1/1

Префрлување на реверсерот на доставната комора

ЗАБЕЛЕШКА: Ако работите со голема брзина на моторот и ако се вклучи прекинувачот на реверсерот на доставната комора, моторот автоматски ќе помине во долен празен од.

Завртете го прекинувач за вклучување на хедерот/реверсерот на доставната комора (A) на OFF и намалете го моторот во долен празен од.

Притиснете го прекинувачот на реверсерот на доставната комора долу, повлечете го назад, и задржете го додека доставната комора не се ослободи од приклучокот.

Ослободете го прекинувачот откако ќе се ослободи доставната комора.

Поставете го моторот во брз празен од и продолжете ја жетвата.

ВАЖНО: Никогаш не се обидувајте да го форсирате собирањето на зрната преку машината со повторено кружење на погонот на реверсерот. Повторено кружење го намалува векот на траење на деловите.



H94655 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за вклучување на хедерот/реверсерот на доставната комора

OUO6075,000043E -A8-20NOV09-1/1

Прекинувач за вклучување на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Вклучете го сепараторот пред да го вклучите хедерот.

Прекинувачот за вклучување на сепараторот (A) овозможува сепараторот да биде вклучен или исклучен. Притиснете кон долу и на напред за да го блокирате прекинувачот во положба ON (вклучен), или повлечете го прекинувачот назад во OFF за да го исклучите.

Системски барања:

- Моторот работи во долен празен од.
- Прекинувачот за вклучување на сепараторот мора да биде исклучен за да ја стартувате машината.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.

Системите за нагодување на брзината на погонот на сепараторот и на брзината на вентилаторот за чистење работат само кога работи сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Сепараторот се исклучува кога брзината на битерот паѓа под 300 rpm.



H94656 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за вклучување на сепараторот

OUO6075,000043F -A8-28SEP10-1/1

Прекинувач за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™(ако постои)



H111263 —UN—23MAY14



H111264 —UN—23MAY14

A—Прекинувач за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Работни режими
C—Индикациско светло

Прекинувач за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™ (A) дозволува на машината да го вклучи Harvest Smart™ системот и да избере два работни режими.

Со едно притискање на копчето за вклучување на Harvest Smart™ брзината на полнење се појавува екран на приказот. Притиснете го повторно прекинувачот за да се префрлате помеѓу различните режими на работа (B):

- OFF (исклучено)
- Смарт
- Капацитет

Индикаторската сијаличка (C) се ВКЛУЧУВА со што се укажува дека системот е активен.

OUO6075,0001808 -A8-23MAY14-1/2

Погледнете во поглавјето Брзина на полнење Harvest Smart™ за понатамошни информации за работење со следново:

- Работен режим (A)
  - ИСКЛУЧЕНО
  - Смарт
  - Капацитет
- Целен притисок (B)
- Максимална сила на моторот (C)
- Икона за напредна конфигурација (D)
  - Максимална брзина на жнеење
  - Осетливост
- Индикатор за статус на Harvest Smart™ (E)
- Икона за дијагностичките параметри (F)
- Икона за калибрација на Harvest Smart™ (G)



H106500 —UN—08JAN13

OUO6075,0001808 -A8-23MAY14-2/2

Прекинувачи за брзината на моторот

Прекинувачите за брзината на моторот се користат за зголемување или за намалување на брзината на моторот.

- Прекинувачот (A) е за голема брзина.
- Прекинувачот (B) е за средна брзина.
- Прекинувачот (C) е за мала брзина.

Светлосниот индикатор (D) покажува кој прекинувач моментално е избран.

A—Голема брзина на моторот
B—Средна брзина на моторот
C—Мала брзина на моторот
D—Индикациски светла



H94729 —UN—27JAN10

OUO6075,0000450 -A8-28SEP10-1/1

Прекинувач за сопирачката за паркирање (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Системот е во рачен режим кога машината се стартува за првпат. Индикаторот за сопирачката за паркирање на столпчето во аголот свети покажувајќи дека сопирачката за паркирање е вклучена. Притиснете го прекинувачот за сопирачката за паркирање еднаш за да влезете во автоматскиот режим. Индикаторот за паркирните сопирачки се ИСКЛУЧУВА кога системот е во автоматски режим.

H94718 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за сопирачката за паркирање

Прекинувачот за сопирачката за паркирање (A) рачно или автоматски ја вклучува/исклучува сопирачката за паркирање спречувајќи движење на машината.

Автоматски режим:

ЗАБЕЛЕШКА: Сопирачката за паркирање се вклучува секогаш кога повеќенаменската рачка е поставена во неутрална положба или моторот е ИСКЛУЧЕН.

Ако повеќе функционалната рачка е во неутрална положба и брзината е помала од 1.5 km/h (1 mph), тогаш се вклучува паркирната сопирачка. Ако повеќе функционалната рачка се извади од неутралната положба, паркирната сопирачка се ослободува.

Рачно вклучување (Стандарден режим):

Ако повеќе функционалната рачка е во неутрална положба и брзината е помала од 3.0 km/h (1,9 mph), тогаш се вклучува паркирната сопирачка. Ако повеќе функционалната рачка се извади од неутрална положба или брзината е поголема од 1.5 km/h (1 mph) се огласува аларм.

- **Притисната паркирна сопирачка:**
  - Притиснете го прекинувачот за паркирна сопирачка за да ја активирате паркирната сопирачка. Индикаторот за сопирачката за паркирање на столпчето во аголот свети покажувајќи дека сопирачката за паркирање е вклучена.
- **Ослободена паркирна сопирачка:**
  - Притиснете го прекинувачот за паркирна сопирачка за да ја исклучите паркирната сопирачка кога повеќе функционалната рачка е во неутрална положба. Индикаторот за паркирната сопирачка на аголната контролна единица се ИСКЛУЧУВА. Паркирната сопирачка сеуште е вклучена се додека повеќе функционалната рачка не се извади од неутралната положба враќајќи се во автоматскиот режим.

OUO6075,0001706 -A8-02JAN14-1/1

Копче на прекинувачите за менувачот на брзината (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Големината на гумите и прописите за кодот на државата ја ограничуваат максималната теренска брзина.

Машината мора да биде сопрена и повеќе функционалната рачка поставена во неутрална положба пред да се избира саканата брзина.

Копчињата на прекинувачите за менувачот на брзината (A, B, или C) се користат за да електронски се контолира теренска брзина. Притиснете го саканиот прекинувач за да ја зголемите или намалите теренската брзина на машината. Приказот покажува кој прекинувач е притиснат и свети сè додека преносот на се промени електронски.



H95208 —UN—27JAN10

A—Копче на прекинувачот за менувачот на 1-ва брзина
B—Копче на прекинувачот за менувачот на 2-ра брзина
C—Копче на прекинувачот за менувачот на 3-та брзина

OUO6075,0000642 -A8-13DEC10-1/1

Прекинувачи за ProDrive режими 1 и 2 (Машини ProDrive) (ако постојат)

ЗАБЕЛЕШКА: Големината на гумите и прописите за кодот на државата ја ограничуваат максималната теренска брзина. Брзината може да биде програмирана од нула до максималната дозволена теренска брзина.

Максималната теренска брзина за возење на назад е 10 km/h (6.2 mph) и е иста во секој режима на работа.

Прекинувачите за ProDrive режимите 1 или 2 може да бидат избрани додека машината работи.

Прекинувачот за ProDrive режим 1 (A) и прекинувачот за ProDrive режим 2 (B) се користат за електронски пренос на теренската брзина. Прелинувачите се користат за да се нагоди удобно жнеење или транспортна брзина. Кога е поставена саканата теренска брзина и повеќе функционалната рачка е поставена потполно на напред, машината не работи побрзо од зададената брзина во избраниот режим.

1. Притиснете го прекинувачот за ProDrive режимот 1 или 2. Светлосниот индикатор во аголот на приказот покажува кој режим моментално е избран.



H94730 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за ProDrive режим 1
B—Прекинувач за ProDrive режим 2

2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање додека не ја постигнете поставката за саканата бзина на машината.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000F82 -A8-09FEB12-1/2



H101553 —UN—16MAY11



H101554 —UN—16MAY11

3. Приказот на CommandCenter ги покажува нагодувањата на операторот за поставките:

ЗАБЕЛЕШКА: Режим 1 максималната брзина не може да биде поставена повисоко од тековно максимално поставената брзина во режимот 2.

Машината има дијапазон на брзина од 0—7.2 km/h (0—4.5 mph) или 0—15.6 km/h (0—9.7 mph) како што е прикажано и нема да работи побрзо од зададената брзина.

Промената на брзината се случува меѓу режимот 1 и режимот 2 (На пример: Режим 1 поставен на 8 km/h (5 mph) со повеќе функционална рачка во среден дијапазон (4 km/h 2.5 mph). Режим 2 поставен на 20 km/h (12.4 mph) со повеќе функционална рачка во среден дијапазон (10 km/h; 6.2 mph). Тековната теренска брзина се зголемува меѓу режимите).

Низок дијапазон на максималната теренска брзина (Режим 1):

- Низок дијапазон на максималната теренска брзина (A) се прикажува кога е избран прекинувачот на ProDrive режимот 1.
  - Приказот ја прикажува тековно зададената брзина (B).
  - Кога копчето за бирање се ротира, машината полека ја зголемува или намалува теренската брзина, без оглед на тоа каде е позиционирана повеќе функционалната рачка.

Висок дијапазон на максималната теренска брзина (режим 2):

- Висок дијапазон на максималната теренска брзина (C) се прикажува кога е избран прекинувачот на ProDrive режимот 2.
  - Приказот ја прикажува тековно зададената брзина (D).
  - Кога копчето за бирање се ротира, машината полека ја зголемува или намалува теренската брзина, без оглед на тоа каде е позиционирана повеќе функционалната рачка.



H101555 —UN—16MAY11

A—Низок дијапазон на максималната теренска брзина
B—Тековно зададена брзина
C—Висок дијапазон на максималната теренска брзина
D—Тековно зададена брзина
E—Повисок дијапазон на забрзување
F—Понизок дијапазон на забрзување

ЗАБЕЛЕШКА: Поголеми максимални зададени вредности значат поагресиви движења на машините. Секогаш е подобро за се избере низок дијапазон со максимално ниска зададена вредност кога извршувате прецизни движења (закачување на хедерот).

- **Пример 1:** Прикачување на хедерот на машината и собирање на посакуваната култура. Режим 1 поставен на 1.6 km/h (1 mph). Режим 2 поставен на 11.3 km/h (7 mph).
- **Пример 2:** Водени пристапи и собирање на посакуваната култура. Режим 1 поставен на 4.8 km/h (3 mph). Режим 2 поставен на 11.3 km/h (7 mph).

OUO6075,0000F82 -A8-09FEB12-2/2

Прекинувачи за погонот на четири тркала (ако постои)

ВАЖНО: Не го вклучувајте погонот на четири тркала на ON (вклучено) или на OFF (исклучено) додека ја возите машината на максимална патна брзина. Намалете ја брзината или запрете ја машината.

Исклучете го погонот на четири тркала пред да одите надолу по стрмнини.

Машини кои не се ProDrive: Во услови кои предизвукуваат висок притисок во хидрауличниот систем и кога машината забавува или запира, поставете ја повеќе функционалната рачка во неутрална положба и префрлете го преносот во помала брзина.

ВО РЕД е да префрлувате меѓу ниски (желка) и високи (зајак) поставки во "GO" додека жнеете.

Прекинувачите за погонот на четири тркала (A) се користат за да ја контролираат брзината на системот на погонот на четири тркала.

Притиснете го прекинувачот на погонот на четири тркала еднаш за да го вклучите или за да го исклучите. Светлосниот индикатор (B) над секој прекинувач се вклучува покажувајќи кој прекинувач беше избран.

Притиснете го дното на прекинувачот (желка) кога ви е потребна повеќе влечна сила, или врвот на прекинувачот (зајак) кога ви е потребна поголема брзина.

ЗАБЕЛЕШКА: Во повеќето случаи нормално е предните тркала да се завртат (да го изгубат влечењето) пред задните тркала. Во екстремно калливи услови, може да биде неопходно веднаш да се постават двете



H94720 —UN—27JAN10

A—Прекинувачи за погонот на четири тркала **B—Индикациски светла**

сопирачки за да се зголеми хидростатичниот притисок кај моторите со погонот на четири тркала. Машини кои не се ProDrive: Ако задните тркала се вртат претерано, префрлете го преносот во помала брзина.

Се препорачува погонот на четири тркала да биде оставен во помала брзина (желка) што му дозволува на машината да работи со максимален влечен капацитет. Се препорачува да се користи голема брзина (зајак) само за да им се овозможи на задните тркала да се завртат побрзо од теренската брзина кога тоа е потребно.

ВНИМАНИЕ: Машини кои не се ProDrive: Теренската брзина се зголемува кога се завртува на OFF и се намалува кога се завртува на ON.

OUO6075,0000F83 -A8-09FEB12-1/1

Прекинувач за блокадата на диференцијалот (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Блокадата на диференцијалот не се вклучува ако прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е на ON. Диференцијалот се исклучува кога педалите за сопирачките се притиснати.

Вклучувањето е единствено можно ако теренската брзина е под 10 km/h (6.2 mph) и автоматски се исклучува кога теренската брзина е над 12 km/h (7.5 mph).

Прекинувачот за блокадата на диференцијалот (A) рачно ја вклучува/исклучува блокадата на диференцијалот за да се решат проблемите со влечната сила при работа во поле. Светлосниот индикатор (B) се вклучува кога системот е активен.

H94721 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за блокадата на диференцијалот **B—Индикациско светло**

OUO6075,0000F85 -A8-09FEB12-1/1

Висина на хедерот/HydraFlex™ Копче за контрола на притисокот

Копчето за контрола на висината на хедерот (A) му овозможува на операторот да ја избере положбата на хедерот во однос на земјата и да се врати во положбата автоматски (видете Враќање на висината на хедерот и Сензор за висината на хедерот во делот Столб во аголот на кабината CommandTouch).

Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да го подигнете хедерот и зададете ја вредноста (ако е опремен со HydraFlex зголемување на притисокот) или кон симболот минус (-) за да го спуштите хедерот и зададете ја вредноста (ако е опремен со HydraFlex намалување на притисокот).



H94722 —UN—27JAN10

A—Висина на хедерот/Контрола на HydraFlex притисокот

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0000445 -A8-20NOV09-1/1

Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Бирање

Автоматско нагодување на брзината на намотката/брзината на ременскиот пикап

Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) бирањето (A) ќе ја промени брзината на ролната или ременестиот подигнувач како што е одредено од возачот. Работната брзина е односот меѓу брзината на движење на машината и брзината на ролната или брзината на ременот (види во систем за бирање брзина (Dial-A-Speed™) CommandTouch™ во делот за аголната контролна единица во кабина).

Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите брзината на намотката или на ременскиот пикап и зададете ја вредноста или кон симболот минус (-) за да ја намалите брзината на намотката или на ременскиот пикап и зададете ја вредноста.

Рачно нагодување на брзината на намотката/брзината на ременскиот пикап

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата (B) за бирање на брзина (Dial-A-Speed™) е нагласена, за да се оневозможи автоматскиот систем на прилагодување и за да се дозволи рачна контрола.

Поставете го бирањето на брзина (Dial-A-Speed™) на рачно менување на брзина на ролната или на ременестиот подигнувач.

Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите брзината на намотката или на ременскиот пикап или кон симболот минус (-) за да ја намалите брзината на намотката или на ременскиот пикап.

Системот е во рачен режим кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот и сепараторот се вклучени.
- Бирањето на брзина Dial-A-Speed™ е оневозможено или кога движењето на машината е под 0.25 km/h (0.16 mph).

Dial-A-Speed е заштитен знак на Deere & Компанија
CommandTouch е регистриран заштитен знак на Deere & Company

H94723 —UN—27JAN10



H109799 —UN—12FEB14

A—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Бирање

B—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Икона

ЗАБЕЛЕШКА: Хедерите за пченка со закачена намотка за долна пченка работат само во рачен режим.

Ролната мора да биде во овозможена состојба, за повеќе информации види за менување на поставки на хедер во управувачкиот центар (CommandCenter™) во делот за приказ на екранот.

OUO6075,0001753 -A8-06FEB14-1/1

Прекинувач за исклучување на патен транспорт

ВНИМАНИЕ: Машини ProDrive: Притискањето на прекинувачот за брзо сопирање додека сепараторот е вклучен предизвикува машината нагло да запре. Се препорачува секогаш да го ставате безбедносниот ремен за да избегнете сериозни повреди.

ЗАБЕЛЕШКА: Машината нема да помине во режим за пат ако сепараторот е вклучен. Предупредувачка порака за аларм се појавува покажувајќи дека сепараторот е вклучен. Исклучете го сепараторот за да го вклучите прекинувачот за исклучување на патниот транспорт.

Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт (A) мора да биде во режим за пат кога машината се движи по јавни патишта.

Кога е притиснат прекинувачот за исклучување на патниот транспорт, индикациското светло (B) се ВКЛУЧУВА што покажува дека прекинувачот е во положба за пат. Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт ги оневозможува следниве функции:

- Вклучување на сепараторот
- Вклучување на хедерот
- Подигнување/спуштање на хедерот
- Враќање на висина на хедерот
- Детекција на висината на хедерот



H94726 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за исклучување патен транспорт

B—Индикациско светло

- Странично накосување
- Подигнување/спуштање на намотката и движење на намотката напред/назад
- Растоварување на спиралата
- Нишање на спиралата
- Автоматско преклопување на спиралата (ако постои)
- Капаци за резервоарот за зрна (ако се вградени)

По возењето на машината по јавни патишта и кога сакате да работите во поле, притиснете го прекинувачот за исклучување на патниот транспорт и задржете **две секунди** овозможувајќи индикациското светло да се ИСКЛУЧИ и овозможувајќи посакуваните функции на прекинувачите повторно да работат.

OUO6075,000061F -A8-11OCT10-1/1

Прекинувач за кратенки на функциите за преклопување (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Екранот ги покажува сите изборни функции за преклопување. Функцијата за преклопување секогаш е поставена на горниот дел на екранот во зависност од опциите.

ЗАБЕЛЕШКА: Зачувајте ја зададената вредност на враќањето на плочата на платформата со притискање и држење две секунди на моментално избраните копчиња за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка. Иконата (A) светка означувајќи дека е зачувана зададената вредност.

Активирајте го враќањето на положбата на плочата на платформата на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (C) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за активно враќање на положбата на плочата на платформата (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

Користете го прекинувачот за подигнување на намотката и движење на намотката напред/назад (B), за да се добие саканото растојание на хидрауличните плочи на платформата. Левата страна на прекинувачот го зголемува растојанието, а десната страна го намалува.

Приказот го покажува моменталниот отвор на плочата на платформата. Плочите на платформата имаат опсег од 0 (минимална положба) до 9 (максимална положба).

Рачното движење на прекинувачот за подигнување на намотката и движење на намотката напред/назад (B) на повеќенаменската рачка го деактивира растојанието на плочите на платформата.

H98587 —UN—14OCT10



H109732 —UN—29JAN14

A—Икона за враќање на положбата на плочата на платформата
B—Прекинувач за подигнување на намотката и движење на намотката напред и назад
C—Број на копчето за активирање

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Плочите на платформата автоматски ќе се преместат во однапред избраната положба.

OUO6075,000174E -A8-13FEB14-2/2

Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата)

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Системот работи само ако во опремата има хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава.

Му дозволува на навалувањето напред/назад на куќиштето за достава да го постави правилниот однос меѓу долните заштитни плочи на платформата и подлогата. Менувањето на аголот на шипката за косење ги компензира различните услови при жнеење како кај легнат посев, доставувањето на посев во куќиштето за достава и способноста да се зема плодот на стеблото под различни агли. Сензорот го мери аголот на куќиштето за достава и како што хедерот се движи преку подлогата, сензорот го одржува тој агол.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Активирачките копчиња 1, 2 или 3 кои се наоѓаат на повеќе функционалната рачка се употребуваат за да се избере една од трите различни програмирани положби на навалувањето напред/назад на куќиштето за достава.

Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за режими за автоматска висина на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата за напред/назад на куќиштето за достава (B) е нагласена.

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H1109819 —UN—12FEB14

Приказ на хедерот за пченка



H1109818 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Икона за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хидрауличниот систем за движење напред/назад на куќиштето за достава е овозможен.
- Распределбата на прекинувачите на повеќе функционалната рачка е според функциите.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачите од задната страна на повеќе функционалната рачка може да се репрограмираат.

За повеќе информации околу репрограмирањето видете во поставките за повеќе функционалната рачка во делот за приказ на екран на CommandCenter™.

Активирајте го хидрауличното навалување напред/назад на куќиштето за достава со притискање на активирачките копчиња 1, 2 или 3 на повеќе функционалната рачка.

Активираниот број на копчето (A) на екранот покажува кое активирачко копче е избрано.

За промена на избраните активирачки копчиња на навалувањето напред/назад, притиснете го посакуваното активирачко копче и прилагодете го навалувањето напред/назад користејќи ги прекинувачите (B или C) за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава.

Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава на напред или притиснете и задржете го долниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава на назад.

Дисплејот кај потпирачот за раце ја покажува положбата на навалеността напред/назад на куќиштето за достава во однос на подлогата врз основа на сензорот поврзан со куќиштето за достава.

Рачното поместување на прекинувачите (B или C) за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, на повеќе функционаланата рачка го исклучува системот.

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хидрауличното навалување напред/назад на куќиштето за достава автоматски се поместува во претходно избраната положба.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога куќиштето за достава е подигнато и хедерот е вклучен, тогаш навалеността напред/назад на куќиштето за достава автоматски се придвижува напред овозможувајќи им на безбедносните запирачи на куќиштето за достава да се спуштат на хидрауличната цилиндрична шипка. Навалеността напред/назад на куќиштето за достава, при спуштање, автоматски се враќа во последната запазена положба.

H109828 —UN—11FEB14



H109863 —UN—14FEB14



H109829 —UN—11FEB14

A—Број на копчето за активирање
B—Прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава
C—Прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава

Кога хедерот е исклучен, навалеността напред/назад на куќиштето за достава, при подигнување, автоматски се придвижува напред. Навалеността напред/назад на куќиштето за достава, при спуштање, нема да се врати во последната запазена положба.

Продолжува на следната страница

Напред/назад положба на шипката за косење (европски хедер платформи 600X)

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Системот единствено работи со европските хедер платформи 600X.

И дозволува на шипката за косење да биде прилагодена на напред и на назад за различни висини на растенијата и висини на житни култури. Менувањето на положбата на шипката за косење ги компензира различните услови при жнеење како легнати посеви и доставувањето на посевот во куќиштето за достава. Сензорот ја мери положбата на шипката за косење и како што хедерот се движи преку подлогата, сензорот ја одржува таа положба.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Активирачките копчиња 1, 2 или 3 кои се наоѓаат на повеќе функционалната рачка се употребуваат за да се избере една од трите различни програмирани положби на навалувањето напред/назад на куќиштето за достава.

Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за режими за автоматска висина на хедерот (A).

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H109820 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Икона за напред/назад положба на шипката за косење

Допрете го или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата (B) за напред/назад положбата на шипката за косење е нагласена.

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот е вклучен
- Распределбата на прекинувачите на повеќе функционалната рачка е според функциите.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачите од задната страна на повеќе функционалната рачка може да се репрограмираат.

За повеќе информации околу репрограмирањето видете во поставките за повеќе функционалната рачка во делот за приказ на екран на CommandCenter™.

Активирајте ја напред/назад положбата на шипката за косење со притискање на активирачките копчиња 1, 2 или 3 на повеќе функционалната рачка.

Активираниот број на копчето (A) на екранот покажува кое активирачко копче е избрано.

За промена на избраните активирачки копчиња за напред/назад на шипката за косење, притиснете го посакуваното активирачко копче и прилагодете напред/назад користејќи ги копчињата за напред/назад на шипката за косење (B или C).

Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да ја продолжите положбата на шипката за косење или притиснете и задржете го долниот дел од прекинувачот за да ја вовлечете положбата на шипката за косење.

Дисплејот кај потпирачот за раце ја покажува положбата напред/назад на шипката за косење во однос на хедерот врз основа на сензорот поврзан со хедерот.

Рачното поместување на прекинувачите (B или C) за напред/назад на шипката за косење, на повеќе функционаланата рачка го исклучува системот.

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Положбата напред/назад на шипката за косење автоматски се поместува во претходно избраната положба.

H109828 —UN—11FEB14



H109863 —UN—14FEB14



H109829 —UN—11FEB14

A—Број на копчето за активирање
B—Прекинувач за напред/назад на шипката за косење
C—Прекинувач за напред/назад на шипката за косење

OUO6075,000175C -A8-01APR14-2/2

Приказ VisionTrak™

Системски барања:

- Прекинувачот за хедерот и прекинувачот за сепараторот се вклучени.

VisionTrak™ следењето ја проверува загубата на зрна со мерење на репрезентативен примерок од загубата преку чистачот на зрна и преку сепараторот. VisionTrak™ постојано ги следи перформансите на машината со цел да му обезбеди на операторот максимален капацитет на машината. Промената во брзината на загубата се покажува на столбестите дијаграми.

Информациите за загуба на зрна се прикажуваат на три вертикални столбести дијаграми.

Индикатор за загуба од решетото (A): ја покажува загубата на зрна од решетото.

- Просечната загуба од чистачот на зрна е покажан на два соседни вертикално столбести дијаграми.

Нормален опсег (B) (зелен опсег): линиите близу од опсегот на центарот ги покажуваат прифатливите нивоа на загуба.

Симбол за збир (C): се прикажува над столбестиот дијаграм.

Индикатор за вкупна загуба (D): го покажува просекот на загуба на зрна од подрачјето на решетото и сепараторот.

- Вкупната загуба е покажана на вертикален столбест дијаграм поставен во центарот од приказот.

Индикатор за загуба од сепаратор (E): ја покажува загубата на зрна од подрачјето на сепараторот.

- Просечната загуба од сепараторот е покажана на два соседни вертикално столбести дијаграми.

Индикатор за количината на отпад (F): го прикажува количеството на повратени отпадоци.

- Количеството на отпадоци е прикажано како процент од вкупната наполнетост во хоризонталниот столбест дијаграм.
- Количеството на отпадоци е дефинирано како вкупна количина на материјал (зрна и материјал кој не е зрна) што се пренесува низ елеваторот за отпад.



H106893 —UN—11FEB13

ЗАБЕЛЕШКА: Ако столбестиот дијаграм прикажува полно или ако се појави екран со аларм за предупредување, сопрете ја машината и нагодете го отстранувачот на плева и ситото.

Столбестиот дијаграм претставува визуелен водич што повремено може да се зема предвид со цел да се забележи дали се случува зголемување или намалување во волуменот на отпад.

Доколку столбестиот дијаграм покаже зголемување на волуменот, намалете ја теренската брзина и проверете дали столбестиот дијаграм се враќа назад во прифатливиот опсег на загуба.

Доколку столбестиот дијаграм по намалувањето на теренската брзина не се враќа во опсегот на прифатлива загуба, исклучете го прекинувачот за хедерот. Столбестиот дијаграм треба да се спушти на нула (ништо не треба да се прикажува на столбестиот дијаграм). Вклучете го прекинувачот за хедерот, столбестиот дијаграм треба да се врати во опсегот на прифатлива загуба.

Продолжува на следната страница

Доколку приказот за сензорот за отпад постојано отчитува статус на наполнетост (сите ленти се светнати) кога не се врши жнеење или е празен (не свети ниту една лента) кога се врши жнеење, истото може да покажува дека леќата на сензорот е обложена со материјал или заптивката допуштила навлегување на прашина.

ВНИМАНИЕ: Сензорот за отпад е ласерски производ од класа 1 и емитира ласерска радијација кога е под напон. Кога ги сервисирате или отстранувате сензорите за отпад, бидете внимателни и не гледајте директно во зракот.

Контактниот клуч мора да биде ИСКЛУЧЕН и сензорот за отпад мора да биде одвоен пред да се сервисираат или отстрануваат сензорите.

НЕ работете со сензорот кога е извадена леќата. Достапна ласерска емисија кога леќата е наместена:

- 850 nm
- ширина на пулсот 500 nsec
- стапка на повторување ≤ 500 Hz
- < 90 nJ по пулс
- просечна моќност 43 uW
- Степени од класа 1 (безбедно за очите)

Ако сензорот работи со отстранета леќа, достапните степени на ласерската емисија се:

- 850 nm
- ширина на пулсот 500 nsec
- стапка на повторување ≤ 500 Hz
- < 380 nJ по пулс
- просечна моќност 188 uW
- Степени од класа 3R (мал потенцијал за повреда на очите)

1. По потреба, отстранете ги сензорите за отпад (A) за да ја проверите и исчистите леќата.
2. Ако леќите се чисти, отстранете и проверете од прашина. Ако се пронајде прашина, исчистете ја целосно површината и поставете ја леќата повторно во единицата, осигурувајќи дека дихтунгот затвора.
3. Проверете дали леќите се сочувани со сите претходно отстранети завртки пред да инсталирате.

ВНИМАНИЕ: Пропустот на непоставување на пластичниот капак пред замената на сензорите на подигнувачот може да причини дефект, неточни отчитувања за жетвата или оштетување на сензорот и може да се овозможи потенцијално опасно изложување на очите кога сензорот е отстранет.



H70551 —UN—02JAN02

Сензори за отпад (S660 и S670)

H105437 —UN—17MAY12

Сензори за отпад (S680, S685 и S690)

A—Сензори за отпад

4. Поставете го сензорот и тестирајте го системот.
5. Ако екранот продолжува да прикажува целосно полно или празно, контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00017F5 -A8-08MAY14-2/2

VisionTrak™ следење на перформанси (општи информации)

ЗАБЕЛЕШКА: VisionTrak™ е активен кога хедерот е вклучен и е во режим на дијагностика.

VisionTrak™ ги следи проверките на загуба на жито со мерење на репрезентативни примероци на загуби од кај чистачките делови во форма на чевли и преку одделувачот. VisionTrak™ постојано ги следи перформансите на машината со цел да му обезбеди на операторот максимален капацитет на машината. Промената во брзината на загубата се покажува на столбестите дијаграми.

VisionTrak™ може да се постави во два режими:

Стандарден режим (фабрички режим): пресметува заедничка просечна вредност од двата сензори на решетото. Овие индикатори за активност ќе ја променат осетливоста со изменување на калибрацијата на системот.

Индикаторите за активност на решетото (A и B) (просечна вредност од сензорите на решетото) и индикаторот за активност на сепараторот (C) ја покажуваат активноста на секој од трите сензори. Индикаторот за активност на вкупната загуба (D) ги покажува вкупните отчитувања од трите сензори. Вкупната вредност може да се нагоди така што нормалните перформанси ќе бидат прикажани во средна скала.

Изборен режим: ја покажува активноста на секој индивидуален сензор на решетото (посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема). Овие индикатори за активност ќе ја променат осетливоста со изменување на калибрацијата на системот.

Индикаторите за активност на решетото (A и B) (сензорите на решетото се покажани посебно) и индикаторот за активност на сепараторот (C) ја покажуваат активноста на трите сензори. Индикаторот за активност на вкупната загуба (D) ги покажува вкупните отчитувања од трите сензори. Сите дијаграми можат да се нагодуваат така што нормалните перформанси ќе се прикажуваат во средна скала додека се извршува калибрацијата.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете го VisionTrak™ следење на перформанси — работење во ова поглавје за нагодување на загубата од решетото/сепараторот (рамнотежа) и загубата од решетото/сепараторот (осетливост).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на културата (E).

Нагодете ја машината и хедерот на прифатливите нивоа на загуба за специфичната култура и состојбата.



H94473 —UN—31MAR10

H94446 —UN—11NOV09



Икона за конфигурација на комбајнот



H111422 —UN—12JUN14

A—Индикатор за активност на решетото (лев сензор)
B—Индикатор за активност на решетото (десен сензор)
C—Индикатор за активност на сепараторот
D—Индикатор за активност за вкупна загуба
E—Икона за конфигурација на културата
F—Икона за калибрација на загубата на зрна
G—Вредност на калибрацијата на загубата на зрна

Додека работите во посакуваните перформанси, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрацијата на загубата на зрна (F). Со ова се внесуваат тековните работни карактеристики во меморијата и се цели кон индикаторот за активност кај вкупната загуба. Вредноста за калибрација на загубата на зрна (G) исто така ќе биде прикажана за идна референца. VisionTrak™ е сега поставен да му помогне на операторот да ги одржи перформансите на машината.

Продолжува на следната страница

ЗАБЕЛЕШКА: Централниот столбест дијаграм сега претставува визуелен водич. Операторот може повремено да го прегледува приказот за да дознае дали се има случено зголемување или намалување во тоталната загуба.

Ненадејно зголемување во столбестиот дијаграм кога не се променети теренските услови може да укажува дека отстранувачот на плева или ситото е затнато или затворено. Кога ова ќе се случи, запрете ја машината и решете го проблемот.

VisionTrak е заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001835 -A8-12JUN14-2/2

VisionTrak™ следење на перформансите — работење

VisionTrak™ Мониторот на изведба е активен кога:

- Хедерот е вклучен.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на културата (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за култура (B).

Менито за културата го прикажува следното:

Луцерка	Леќа	'Рж
Јачмен	Волчјак	Шафран
Јачмен - пролетен[a]	Просо	Сорго
Јачмен - зимски[a]	Синап	Соја
Канола	Бел грав	Сончоглед
Леблебија	Овес	Тритикале[a]
Пченка	Грашок	Пролетна пченица
Грав за јадење	Царевка	Зимска пченица
Лен	Семе на маслодајна репка[a]	
Семиња за трева	Ориз	

[a] *Листа само на европски култури.*

Кога ќе се одбере саканата култура, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Калибрација на загубата на зрна:

Нагодете ја машината и хедерот на прифатливите нивоа на загуба за специфичната култура и состојбата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (C).

ЗАБЕЛЕШКА: Со ова се внесуваат тековните работни карактеристики во меморијата и се центрира индикаторот за активност на вкупната загуба во столпчето во аголот.

VisionTrak е заштитен знак на Deere & Company

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H111423 —UN—12JUN14

A—Икона за конфигурација на културата
B—Мени на културата
C—Икона за калибрација
D—Вредност на калибрацијата на загубата на зрна

Референтен број на калибрацијата:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за вредноста на калибрацијата на загубата на зрна (D).

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже саканата референтна вредност на калибрацијата. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја саканата референтна вредност на калибрацијата на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001836 -A8-12JUN14-1/5

Рамнотежа на решетото/сепараторот

Ја нагодува рамнотежата на лентите помеѓу индикаторот за загубата на решетото и индикаторот за загубата на сепараторот сместени на приказот VisionTrak™. Нагодувањето може да се користи за прецизно нагодување на приказот, ако изгледа дека загубите доаѓаат од едно подрачје на машината, но повеќе загуби се прикажани во друго подрачје на машината поради состојбата на културата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки за VisionTrak™ (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за рамнотежа на решетото/сепараторот (B) или столбестиот дијаграм за рамнотежа на решетото/сепараторот (C).

Поле за нагодување на рамнотежата на решетото/сепараторот:

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже посакуваната вредност на рамнотежата на решетото/сепараторот. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност на рамнотежата на решетото/сепараторот.

Нагодување на столбестиот дијаграм за рамнотежата на решетото/сепараторот:

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите столбестиот дијаграм на рамнотежата на решетото/сепараторот до посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност на рамнотежата на решетото/сепараторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (F) за да се вратите на претходната страница.

Резолуција на решетото/сепараторот

Овозможува операторот да го модифицира бројот на ленти прикажани на приказот VisionTrak™ за индикаторот на загубата на решетото и за индикаторот за загуба од сепараторот (независно од бројот на средишните ленти).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки за VisionTrak™ (A).



H111420 —UN—12JUN14



H108629 —UN—26JUL13

A—Икона за поставки за VisionTrak™
B—Поле за рамнотежа на решетото/сепараторот
C—Столбест дијаграм за рамнотежата на решетото/сепараторот
D—Поле за резолуцијата на решетото/сепараторот
E—Столбест дијаграм за резолуцијата на решетото/сепараторот
F—Икона Враќање/Назад

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за резолуција на решетото/сепараторот (D) или столбестиот дијаграм за резолуција на решетото/сепараторот (E).

Поле за нагодување на резолуцијата на решетото/сепараторот

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Завртете го копчето за бирање додека не се прикаже вредноста за посакуваната резолуција на загубата на решетото/сепараторот. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност за резолуција на решетото/сепараторот.

Столбест дијаграм за нагодување на резолуцијата на решетото/сепараторот:

Продолжува на следната страница

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите столбестиот дијаграм за резолуцијата на решетото/сепараторот до посакуваната вредност. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Допирајте го или притискајте го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за плус (+) или минус (-) додека не се прикаже посакуваната вредност за резолуција на решетото/сепараторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (F) за да се вратите на претходната страница.

OUO6075,0001836 -A8-12JUN14-3/5



H111424 —UN—12JUN14



H105941 —UN—08OCT12

A—Икона за калибрација **B—Нормален опсег**

Поставете го следното на приказот:

1. Од менито за култура, изберете ја посакуваната култура која ќе се жнее.
2. Нагодете ја машината и хедерот на прифатливите нивоа на загуба за специфичната култура и состојбата.

ЗАБЕЛЕШКА: Сега за сега, игнорирајте го средишниот столбест дијаграм на столпчето во аголот.

3. Работете со машината при прифатливо ниво на загуба.
4. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (A) за да се центрира вкупната загуба во нормалниот опсег (B). Столбестиот дијаграм укажува дека машината работи при нивоа на вкупна загуба прифатливи за операторот од чекорот 3.

Продолжува на следната страница OUO6075,0001836 -A8-12JUN14-4/5

ЗАБЕЛЕШКА: Столбестиот дијаграм сега претставува визуелен водич. Операторот може повремено да се осврне кон екранот за да знае кога има намалување (A) или зголемување (B) во вкупната количина на загуба што се случува. Подетално следење може да се постигне со следење на нивоата на загуба од чистачот на зрна и сепараторот.

5. Кога условите за културата се менуваат во текот на денот (влажност на слама, роса, итн.) правете повремени проверки на загубата за да утврдите дали е потребно повторно нагодување.



H87033 —UN—30NOV06

A—Намалува **B—Зголемува**

OUO6075,0001836 -A8-12JUN14-5/5

VisionTrak — Прелиминарни нагодувања на машината

Пред да направите нагодувања на мониторот за перформанси VisionTrak, нагодете ја машината така што да работи со максимална ефикасност. Нагодувањата мора да одговараат на одредени услови на теренот и на културата (видете во поглавјето Поставки на културата).



H52739 —UN—05MAR99

OUO6075,00004CE -A8-19NOV09-1/1

Работни проверки за VisionTrak™



H70998 —UN—25JAN02

Десен сензор на решетото



H70999 —UN—25JAN02

Сензор на сепараторот

A—Сензор

ЗАБЕЛЕШКА: Потребни се две лица за извршување на оваа работна проверка. Едното лице мора да седи на седиштето на операторот, додека второто лице ги потчукнува сензорите.

1. Завртете го контактниот клуч во положба RUN (контакт), но не стартувајте ја машината.
2. Прекинувач за вклучување на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: МОРА да биде во посев кој претходно бил калибриран. Калибрираната вредност за загуба на жито МОРА да биде помала од 50.

3. Допрете неколку пати на саканиот сензор (A). Лицето кое го надгледува VisionTrak™ екранот треба да го види движењето на индикаторот на загуба кај чистачките делови во форма на чевли или индикаторот на загуба кај одделувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Вратете ја калибрираната вредност за загуба на жито на оригиналната вредност или изведете уште една калибрација за посевот.

4. Исклучете го прекинувачот за хедерот и завртете го контактниот клуч во положба OFF (исклучено).
5. Ако VisionTrak™ не работи после овие проверки, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00017F4 -A8-08MAY14-1/1

Постапки за калибрација - Кога да се калибрира

Овој список ги покажува сите можни калибрации. Во зависност од опциите на машината и од видовите хедери, покажаниот список може да не се совпаѓа со менито на калибрации што се покажува на приказот.

ЗАБЕЛЕШКА: На приказот кодовите за грешки покажуваат дали постои некој проблем во текот на постапката на калибрација. Условите што ја предизвикуваат грешката мора да се поправат пред да се продолжи со калибрацијата.

- **Жолти трепкачи -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица RC1, жолтите трепкави светилки или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Растојание меѓу отворите за пченка на хедерот -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC1 или сензорите за положба на плочата или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Брзина на подигање на куќиштето за достава -** направете калибрација;
  - Ако контролната единица LC1 е заменета.
  - Првиот пат кога хедерот се поврзува со комбајнот.
  - Ако на хедерот се додава или се вади од него дополнителна опрема со значителна тежина.
- **Опсег на навалувањето напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата) -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC1 или кабинската контролна единица или сензорот за положба на навалувањето напред/назад на куќиштето за достава или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Опсег на навалување на куќиштето за достава (ако има во опремата) -** направете калибрација;
  - Ако контролната единица LC1 е заменета.
  - Ако страничниот сензор за навалување на куќиштето за достава или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
  - Пред да се поврзе хедерот за комбајнот.
- **Брзина на навалување на куќиштето за достава (ако има во опремата) -** направете калибрација;
  - Ако страничниот сензор за навалување на куќиштето за достава или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
  - Пред да се поврзе хедерот или првиот пат кога хедерот се поврзува со комбајнот.
- **Хедер -** направете калибрација;
  - Ако контролната единица LC1 е заменета.
  - Ако сензорот за контрола на висината на хедерот или составните компоненти се заменуваат/нагодуваат.
  - Првиот пат кога хедерот се поврзува со комбајнот.

ЗАБЕЛЕШКА: Мора да се направи калибрација на вибрацијата на протокот на маса кога се менуваат хедерите и со секоја култура што се жнее.

- **Вибрации за проток на маса (ако има во опремата) -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица AYM или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Сензор за температура и влага (ако има во опремата) -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица AYM или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Положба на ролна и шипката за косење (европски хедер платформи 600X) -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC1 или сензорите за положба на ролната/шипката за косење или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Положба на вибрирачко гумно -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC2 или придвижувачот на вибрациите се заменети/прилагодени или жалузинските отвори се вон можноста да бидат наместени.
- **Положба на сито на гумно -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC2 или придвижувачот на ситото се заменети/прилагодени или жалузинските отвори се вон можноста да бидат наместени.

ВАЖНО: Калибрацијата не треба да заврши со вградени капаци на кружна корпа. Како резултат ќе се појави неточна нулта положба.

- **Зазор на вршење -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC2, сензорот за зазор на вршењето или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.

ЗАБЕЛЕШКА: Пред внесување на калибрација за конкавни отстранувачи на воздух, проверте дали нивелирачките завртки со глава се во положба за складирање, цревата за отстранување на воздух се поставени и моторот работи.

- **Конкавно отстранување на воздух (по избор, активна конкавна изолација) -** направете калибрација;
  - Кога било кој хидрауличен елемент од конкавниот систем бил заменет.
  - Доколку влегол воздух во хидрауличниот систем.
- **Конкавно нивелирање (по избор, активна конкавна изолација) -** направете калибрација;
  - Кога контролната единица LC2, сензорот за зазор на вршењето или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
  - Кога конкавните делови се отстранети/заменети или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- **Вклучување на сврдел за истовар -** направете калибрација;

Продолжува на следната страница

- Кога контролната единица RC2, ременот на сврделот за истовар или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.

ЗАБЕЛЕШКА: Калибрацијата на приносот мора да се прави секоја година и со секоја култура што се жнее, за да се добијат прецизни мерења на тежината на зрната. Исто така проверете дали калибрацијата на вибрации за проток на маса се направени за секоја култура.

За повеќе информации, погледнете под Калибрација на приносот во поглавјето Екрани на приказот CommandCenter.

- **Принос (ако има во опремата) -** направете калибрација кога контролната единица AYM или поврзаните компоненти се заменети/прилагодени.
- Ограничена прецизност - нема извршено постапка за калибрација од страна на корисникот. Системот стандардно е наместен на фиксна внатрешна вредност на калибрација која не е нагодлива.
- Средна прецизност - корисникот собрал и избрал еден до три полнења. Системот ги користи овие вредности за да ја нагоди внатрешната вредност на калибрација.
- Голема прецизност - корисникот собрал и избрал најмалку четири калибрациски полнења. Системот ги користи овие вредности за да ја нагоди внатрешната вредност на калибрација.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да се зачуваат 13 идентификациски броеви на полнењето, по што меморијата е полна и мора да се избрише еден идентификациски број.

OUO6075,0001869 -A8-01JUL14-2/2

Постапки за калибрација

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи дијагностичката икона.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за калибрации (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи **саканата калибрација** .

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (C).

Следете ги упатствата на приказот за да калибрирате.

Повторете по потреба за другите калибрации.

A—Икона за калибрација
B—Мени за калибрации
C—Икона за внесување/прифаќање

H94478 —UN—31MAR10

Икона за дијагностика



H94928 —UN—11OCT10

OUO6075,0000623 -A8-26APR10-1/1

Кодови на грешки при калибрација

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се појават кодови на грешки во текот на постапката за калибрација, кодовите ќе се покажат на приказот CommandCenter. Условите што ја предизвикуваат грешката мора да се поправат пред да се продолжи со калибрацијата.

Ако кодовите на грешки во калибрацијата се појават во текот на калибрирање на машината, видете во поглавјето Дијагностички кодови на грешки.

OUO6075,0000624 -A8-22JAN10-1/1

Простор за складирање на прирачникот

Чувајте го прирачникот за операторот на машината и упатствата за поставките во одделот (A) сместен на задниот ѕид на кабината.

A—Оддел



H95270 —UN—04FEB10

OUO6075,0000628 -A8-04FEB10-1/1

Излез во случај на опасност

Извадете го чеканот (A) и удрете го прозорецот (B) за да го скршите стакло и да излезете од кабината. Обратете му се на Вашиот трговец со John Deere опрема ако треба да го замените прозорецот.

A—Чекан **B—Прозорец**



H95176 —UN—22JAN10

OUO6075,0000626 -A8-22JAN10-1/1

Етернет приклучок John Deere FarmSight™ (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Машините со подготвен John Deere FarmSight™ доаѓаат поставени со етернет кабел кој е насочен во приказот на потпирачот за рака (ако опремено со приказ GreenStar™ 3 2630).

Етернет каблите (A) се користат за поврзување на приказ GreenStar™ 3 2630 (B) сместен на потпирачот за рака или на столпчето во аголот со технологијата John Deere FarmSight™. Дополнителните контролни единици се сместени под потпирачот за рака на подот од кабината. За повеќе информации, погледнете во специфичниот прирачник за користење на John Deere FarmSight™.

A—Кабли за етернет **B—Приказ GreenStar™ 3 2630**



H106182 —UN—15NOV12

FarmSight е регистриран заштитен знак на Deere & Company
GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00012CD -A8-16NOV12-1/1

Седиште на операторот ComfortCommand (Основно седиште) — нагодување



H97561 —UN—02JUN11

ЗАБЕЛЕШКА: Седиштето е опремено со систем за присутност на операторот. Ако системите на хедерот и сепаратороt се вклучени и операторот го напушти седиштето, погонскиот систем на хедерот ќе се исклучи.

A — Рачката за нагодување напред/назад го лизга седиштето напред или назад за да се најде најдобрата работна положба.

B — Контролата на амортизерот за вертикален шок го ограничува количеството на "движење нагоре" што го предизвикува амортизацијата на седиштето.

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете ја контролата напред за помеко возење или повлечете ја рачката назад за тврдо возење. Помеѓу овие две положби е средно тврдо возење.

C — Рачката за нагодување на тежината/висината го подигнува или спушта седиштето. Повлечете ја рачката нагоре за да го подигнете седиштето или надолу за да го спуштите. Нагодувајте го седиштето додека не се појави зелена ознака на индикаторот за тежина/висина.

ЗАБЕЛЕШКА: Амортизацијата може да се нагоди за да ја достигнува најниската и највисоката граница, што всушност го заглавува системот за амортизација и го прави крут. И контролата на висината на амортизацијата ќе оди до границите ако се нагоди преблиску до крајностите.

Не работете со компресорот повеќе од една минута кога го нагодувате седиштето.

Ако седиштето не плива или "потскокнува", обратете се кај Вашиот трговец со John Deere опрема.

D — Индикаторот за тежина/висина му обезбедува на операторот визуелен индикатор за моменталната тежина и висина. Користете ја рачката за нагодување на тежината/висината за да го нагодите седиштето додека не се појави зелена ознака на индикаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете го седиштето спрема тежината и висината на операторот. Ова ќе му овозможи на операторот да ја добие најдобрата заштита на зоната на возење. Седиштето има вграден амортизер на долната и горната граница од вертикалното движење на седиштето, што овозможува помирно возење.

E — Рачка за нагодување на изолацијата напред/назад го блокира или го ослободува движењето напред или назад. Повлечете ја рачката нагоре за да го блокирате седиштето или надолу за да го ослободите.

ЗАБЕЛЕШКА: Изолаторот на движењето напред/назад ги амортизира ударите од шоковите.

OUO6075,00007BB -A8-09AUG10-1/1

ComfortCommand™ седиште на операторот (Премиум седиште со облога)—Нагодување



H96739 —UN—02JUN11

ЗАБЕЛЕШКА: Седиштето е опремено со систем за присутност на операторот. Ако системите на хедерот и сепараторот се вклучени и операторот го напушти седиштето, погонскиот систем на хедерот ќе се исклучи.

A — Рачката за нагодување напред/назад го лизга седиштето напред или назад за да се најде најдобрата работна положба.

B—Контролата на амортизерот за вертикален шок го ограничува количеството на "движење нагоре" што го предизвикува амортизацијата на седиштето.

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете ја контролата напред за помеко возење или повлечете ја рачката назад за тврдо возење. Помеѓу овие две положби е средно тврдо возење.

C — Рачката за нагодување на тежината/висината го подигнува или спушта седиштето. Повлечете ја рачката нагоре за да го подигнете седиштето или надолу за да го спуштите. Нагодувајте го седиштето додека не се појави зелена ознака на индикаторот за тежина/висина.

ЗАБЕЛЕШКА: Амортизацијата може да се нагоди за да ја достигнува најниската и највисоката граница, што всушност го заглавува системот за амортизација и го прави крут. И контролата на висината на амортизацијата ќе оди до границите ако се нагоди преблиску до крајностите.

Не работете со компресорот повеќе од една минута кога го нагодувате седиштето.

Ако седиштето не плива или "потскокнува", посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

D— Индикаторот за тежина/висина му обезбедува на операторот визуелен индикатор за моменталната тежина и нагодувањето за висина. Користете ја рачката за нагодување на тежината/висината за да го нагодите седиштето додека не се појави зелена ознака на индикаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете го седиштето спрема тежината и висината на операторот. Ова ќе му овозможи на операторот да ја добие најдобрата заштита на зоната на возење. Седиштето има вграден амортизер на долната и горната граница од вертикалното движење на седиштето, што овозможува помирно возење.

E— Рачка за нагодување на најдолна положба на седиште се движи седиштето во правец надолу/напред или надолу/назад за да се постави во најдобрата работна положба.

F— Рачка за нагодување на најдолен агол на седиште Го подигнува или го спушта перничето за да се постави во најдобрата работна положба.

G— Рачка за нагодување на изолацијата напред/назад го блокира или го ослободува движењето напред или назад. Повлечете ја рачката нагоре за да го блокирате седиштето или надолу за да го ослободите.

ЗАБЕЛЕШКА: Изолаторот на движењето напред/назад ги амортизира ударите од шоковите.

H— Рачка за нагодување на странична изолација го блокира или го ослободува движењето од една на друга страна. Притиснете ја рачката за да ослободите и повлечете ја рачката наназад за да заклучите.

Продолжува на следната страница

OUO6075,000127F -A8-16OCT12-1/2

ЗАБЕЛЕШКА: Страничната изолација ги амортизира ударите од шоковите.

OUO6075,000127F -A8-16OCT12-2/2

ComfortCommand™ седиште на операторот (Премиум кожно седиште)—Нагодување



H106058 —UN—31OCT12

ЗАБЕЛЕШКА: Седиштето е опремено со систем за присутност на операторот. Ако системите на хедерот и сепараторот се вклучени и операторот го напушти седиштето, погонскиот систем на хедерот ќе се исклучи.

A — Рачката за нагодување напред/назад го лизга седиштето напред или назад за да се најде најдобрата работна положба.

B — Контролата на амортизерот за вертикален шок го ограничува количеството на "движење нагоре" што го предизвикува амортизацијата на седиштето.

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете ја контролата напред за помеко возење или повлечете ја рачката назад за тврдо возење. Помеѓу овие две положби е средно тврдо возење.

C — Рачката за нагодување на тежината/висината го подигнува или спушта седиштето. Повлечете ја рачката нагоре за да го подигнете седиштето или надолу за да го спуштите. Нагодувајте го седиштето додека не се појави зелена ознака на индикаторот за тежина/висина.

ЗАБЕЛЕШКА: Амортизацијата може да се нагоди за да ја достигнува најниската и највисоката граница, што всушност го заглавува системот за амортизација и го прави крут. И контролата на висината на амортизацијата ќе оди до границите ако се нагоди преблиску до крајностите.

Не работете со компресорот повеќе од една минута кога го нагодувате седиштето.

Ако седиштето не плива или "потскокнува", посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

D— Индикаторот за тежина/висина му обезбедува на операторот визуелен индикатор за моменталната тежина и нагодувањето за висина. Користете ја рачката за нагодување на тежината/висината за да го нагодите седиштето додека не се појави зелена ознака на индикаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете го седиштето спрема тежината и висината на операторот. Ова ќе му овозможи на операторот да ја добие најдобрата заштита на зоната на возење. Седиштето има вграден амортизер на долната и горната граница од вертикалното движење на седиштето, што овозможува помирно возење.

E— Рачка за нагодување на најдолна положба на седиште се движи седиштето во правец надолу/напред или надолу/назад за да се постави во најдобрата работна положба.

F— Рачка за нагодување на најдолен агол на седиште Го подигнува или го спушта перничето за да се постави во најдобрата работна положба.

G— Рачка за нагодување на изолацијата напред/назад го блокира или го ослободува движењето напред или назад. Повлечете ја рачката нагоре за да го блокирате седиштето или надолу за да го ослободите.

ЗАБЕЛЕШКА: Изолаторот на движењето напред/назад ги амортизира ударите од шоковите.

H— Рачка за нагодување на странична изолација го блокира или го ослободува движењето од една на друга страна. Притиснете ја рачката за да ослободите и повлечете ја рачката наназад за да заклучите.

Продолжува на следната страница

ЗАБЕЛЕШКА: Страничната изолација ги амортизира ударите од шоковите.

OUO6075,0001280 -A8-31OCT12-2/2

Лев потпирач за раце и потпирачот за грбот на седиштето (основно седиште) — нагодување

А — Нагодување на висината на потпирачот за раце го отстранува кружното капаче од капакот и ја олабавува навртката од 13 mm (1/2 in.). Нагодете го потпирачот за раце во саканата положба и затегнете ја навртката според спецификацијата и заменете го капачето.

Технички податоци (спецификации)

Навртка—Вртлив момент.....25 N·m (221 lb.-in.)

В — Рачката за нагодување на аголот на потпирачот за грб го нагодува аголот на потпирачот на седиштето. Повлечете ја нагоре рачката за да го нагодите потпирачот за грб во саканата положба и ослободете ја рачката.



H97562 —UN—02JUN11

OUO6075,0000795 -A8-09AUG10-1/1

Лев потпирач за рака и потпирач за грбот на седиштето (Премиум седиште со облога/кожно седиште) — нагодување

А— Копче за нагодување на аголот на потпирачот за рака го нагодува потпирачот за рака нагоре или надолу. Ротирајте го копчето во насока на движењето на стрелките на часовникот за да спуштите, а во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да подигнете.

В — Нагодување на висината на потпирачот за рака го отстранува кружното капаче од капакот и олабавете ја навртката за 13 mm (1/2 in.). Нагодете го потпирачот за рака во саканата положба, затегнете ја навртката според спецификацијата и поставете го повторно капачето.

Технички податоци (спецификации)

Навртка—Вртлив момент.....25 N·m (221 lb.-in.)

С — Рачката за нагодување на аголот на потпирачот за грб го нагодува аголот на потпирачот на седиштето. Повлечете ја рачката нагоре за да го нагодите потпирачот за грб во посакуваната положба и ослободете ја рачката.



H96740 —UN—02JUN11

OUO6075,0001282 -A8-31OCT12-1/1

Прекинувач за греење/вентилација на седиштето (Премиум кожно седиште)

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде во положба ON (вклучено) или машината мора да работи за да работи и греењето/вентилацијата на седиштето.

Греењето/вентилацијата на седиштето му нуди на операторот удобност при ладни/жешки температури. Прекинувачот за греење/вентилација на седиштето (A), сместено на левата страна од потпирачот за грб, го ВКЛУЧУВА/ИСКЛУЧУВА грејачот на седиштето или вентилацијата на седиштето.

- Поместувањето во горната положба го ВКЛУЧУВА грејачот на седиштето (вентилацијата на седиштето е ИСКЛУЧЕНА).
- Поместувањето во средната положба го ИСКЛУЧУВА грејачот на седиштето и вентилацијата на седиштето.
- Поместувањето во долната положба ја ВКЛУЧУВА вентилацијата на седиштето (грејачот на седиштето е ИСКЛУЧЕН).

H106063 —UN—31OCT12

A—Прекинувач за греење/вентилација на седиштето

OUO6075,0001281 -A8-31OCT12-1/1

Прекинувач за лумбална поддршка (Премиум кожно седиште)

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде во положба ON (вклучено) или машината мора да работи за да работи и лумбалната поддршка.

Лумбалната поддршка му нуди на операторот додатна удобност за горните и долните подрачја на порпирачот за грб. Прекинувачите за лумбална поддршка (A и B), сместени на левата страна од потпирачот за грб, ја зголемуваат или намалуваат заобленоста на лумбалната поддршка.

- Прекинувач за горна лумбална поддршка - притиснете го прекинувачот кон симболот плус (+) за да зголемите заобленоста на горната лумбална поддршка или притиснете го прекинувачот кон симболот минус (-) за да ја намалите заобленоста на горната лумбална поддршка.
- Прекинувач за долна лумбална поддршка - притиснете го прекинувачот кон симболот плус (+) за да зголемите заобленоста на долната лумбална поддршка или притиснете го прекинувачот кон симболот минус (-) за да ја намалите заобленоста на долната лумбална поддршка.

H106066 —UN—31OCT12

A—Прекинувач за лумбална поддршка

B—Прекинувач за лумбална поддршка

OUO6075,00012E0 -A8-31OCT12-1/1

Седиште за обука — нагодување

Потпирачот за грб (A) и Долниот дел на седиштето (B) можат да се подигнуваат или спуштаат во саканата работна положба.

A—Потпирач за грб на седиштето

B—Долен дел на седиштето

H96631 —UN—26MAY10

OUO6075,000078B -A8-26MAY10-1/1

Фрижидер (ако е вграден)

ЗАБЕЛЕШКА: Фрижидерот работи само кога контактниот клуч е на ON (вклучен) и МОРА да остане во помошниот излез за да ја лади храната или пијалаците.

Фрижидерот обезбедува простор за ладење на храната или пијалаците во текот на денот.

Подигнете го долниот дел на седиштето (A) за да го отворите горниот капак на фрижидерот (B).

Предниот капак на фрижидерот (C) може да се отвори и без да се подигне долниот дел на седиштето.

Завретете го копчето за контрола на температурата (D) надесно за да ја намалите температурата, или налево за да ја зголемите.

A—Долен дел на седиштето

B—Горен капак

C—Преден капак

D—Копче за контрола на температурата



H96632 —UN—02NOV10

OUO6075,000078F -A8-02NOV10-1/1

Ремени на седиштето

⚠ ВНИМАНИЕ: Проверете ги ремените на седиштата и деловите за монтирање на Вашата машина најмалку еднаш годишно. Ако системот на ременот на седиштето, вклучувајќи ги деловите за монтирање, спојките, ременот или повлекувачот, покажуваат знаци на оштетување како што се исекотини, екстремно или невообичаено абење, промена на бојата или абразија, целиот систем на ременот на седиштето треба веднаш да биде заменет. За Ваша безбедност, заменете го системот за ремен само со резервни делови одобрени за Вашата машина, и обратете се кај Вашиот трговец со John Deere опрема.

Ремените на седиштата се стандардна опрема и за седиштето на операторот и за седиштето за обука.



H96657 —UN—01JUN10

Ремените на долниот дел на седиштата имаат копче со притисок за брзо ослободување и автоматско вовлекување на ременот за непречено излегување и влегување.

OUO6075,000062D -A8-01JUN10-1/1

Контролна конзола на потпирачот за рака — нагодување

Олабавете го копчето (A) и лизгајте ја контролната конзола на потпирачот за раце горе/напред или долу/назад во жлебовите на надворешната плоча. Стегнете го копчето за да го блокирате потпирачот за раце во положбата.

Олабавете го копчето (B) и лизгајте ја контролната конзола CommandARM напред/назад. Стегнете го копчето за да ја блокирате контролната конзола на своето место.

A—Копче **B—Копче**



H97713 —UN—20AUG10

OUO6075,000078E -A8-20AUG10-1/1

Приказ на потпирачот за раце — нагодување

Завртете го кракот (A) лево/десно во саканата работна положба.

Завртете го приказот (B) лево/десно или напред/назад во саканата работна положба.

A—Крак **B—Екран**



H97714 —UN—20AUG10

OUO6075,00008F8 -A8-20AUG10-1/1

Низа на помошни излези за напојување

ЗАБЕЛЕШКА: Максималната комбинирана потрошувачка на струја за преспоено напојување е 20 ампери, а за непреспоено напојување е 30 ампери.

Низата на помошни излези за напојување (A) е опремена со шест дополнителни излези кои се сместени на долниот заден дел на десниот прозорец. Овие излези обезбедуваат преспоено или непреспоено напојување.

Приклучокот (B) е директен позитивен напон цело време.

Приклучок (C) е заземјување.

Приклучокот (D) е помошно напојување (контактниот клуч е на ON (вклучен)).



H94452 —UN—14MAY10

A—Низа на помошни излези за напојување
B—Приклучок (директен позитивен напон)
C—Приклучок за заземјување
D—Приклучок (позитивен, контактниот клуч е на ON (вклучен))

OUO6075,00010C7 -A8-08MAR12-1/1

Положби на скалите на кабината (конфигурација на единечни гуми)

ВНИМАНИЕ: Не возете се и не обидувајте се да се искачите на предните или на задните скали додека машината се движи.

Скалата може да биде поставена од земјата или со спуштање на скалата со рачка (A) или со рачката (B).

Ако бравата на скалата се чини лабава, исчистете ја областа на јазичето на бравата. Во овој дел не употребувајте масло или маст.

Свртете ги скалите на напред или на назад и блокирајте ги во следниве различни положби:

- **Положбата (C):** е за нормално работење во теренски услови.
- **Положбата (D):** е за транспорт на машината по јавни патишта.

ВНИМАНИЕ: Секогаш свртете ја скалата во положба (D) пред транспорт на јавни патишта за да се намали ширината на машината и за да се насочат светлата за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.



H96381 —UN—14MAY10

A—Рачка
B—Рачка
C—Положба за теренска работа
D—Положба за возење по јавни патишта

OUO6075,000075F -A8-29JUN11-1/1

Положби на скалите на кабината (конфигурација на двојни гуми)

ВНИМАНИЕ: Не возете се и не обидувајте се да се искачите на предните или на задните скали додека машината се движи.

Скалата може да биде поставена од земјата или со спуштање на скалата со рачка (A) или со рачката (B).

Ако бравата на скалата се чини лабава, исчистете ја областа на јазичето на бравата. Во овој дел не употребувајте масло или маст.

Свртете ги скалите на напред или на назад и блокирајте ги во следниве различни положби:

- **Положбата (C):** е за нормално работење во теренски услови.
- **Положбата (D):** е за транспорт на машината по јавни патишта.

ВНИМАНИЕ: Секогаш свртете ја скалата во положба (D) пред транспорт на јавни патишта за да се намали ширината на машината и за да се насочат светлата за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.



H96380 —UN—14MAY10

A—Рачка
B—Рачка
C—Положба за теренска работа
D—Положба за возење по јавни патишта

OUO6075,0000630 -A8-29JUN11-1/1

Противпожарен апарат

Во Вашата машина мора да монтирате противпожарен апарат од 6 kg (15 lb.) за општа намена што ги исполнува националните барања сертификат. Противпожарен апарат и носач се сместени на десната страна на платформата на моторот.

Одржувајте го противпожарниот апарат за да биде во работна состојба.

Одржувајте го просторот околу моторот чист и без прашина, плева и слама за да ја спречите можноста од пожар.

H39760 —UN—11OCT88

OUO6075,0000A9F -A8-16NOV10-1/1

Место на противпожарниот апарат

Противпожарен апарат за општа намена е сместен на предната платформа за скали.

H966654 —UN—27MAY10

Предно место на противпожарниот апарат

OUO6075,0000C9F -A8-14JUN11-1/1

Управувачки столб

A — Сирена му овозможува на операторот да ги предупреди минувачите да се тргнат настрана.

B — Прекинувач за трепкач му овозможува на операторот да покаже кога врти лево или десно.

ВНИМАНИЕ: Нагодувајте го воланот единствено кога машината не е во движење.

C — Вертикално нагодување на управувачкиот столб му овозможува на операторот да го нагоди управувачкиот столб нагоре или надолу.

Олабавете ја главината и турнете го или повлечете го воланот во позиција. Малку стегнете ја главината за да го задржи воланот во позиција.

D — Прекинувач за стартување овозможува контактниот клуч да се заврти во:

Прва положба	Дополнителна опрема
Втора положба	OFF (исклучено)
Трета положба	Run (работи)
Четврта положба	Start (стартување)

ВНИМАНИЕ: Нагодувајте го столбот единствено кога машината не е во движење. Не притиснувајте го педалот без да го држите воланот.

E — Хоризонтално нагодување на управувачкиот столб му овозможува на операторот да го движи со педалот управувачкиот столб во саканата положба.

Притиснете го педалот за да ја ослободите блокадата на управувачкиот столб и да го придвижите столбот во саканата позиција. Столбот се заклучува во место откако педалот ќе се ослободи.

ЗАБЕЛЕШКА: Помошта при стартување единствено функционира во позициите “Run” (контакт) или “Старт” (стартувај).



H94521 —UN—02NOV10

F— Копче на притискање за помош при стартување (ако е вградено) му ја овозможува на операторот можноста да го стартува моторот во услови на студ.

ВНИМАНИЕ: Нагодувајте го воланот единствено кога машината не е во движење.

G — Нагодување на накосеноста на воланот (ако е вградено) му овозможува на операторот да го движи управувачкиот столб до саканата положба со помош на рачка.

Повлечете ја нагоре рачката за да ја ослободите блокадата и да го придвижите воланот во саканата позиција. Ослободете ја рачката за да ја блокирате во саканата положба.

OUO6075,0000634 -A8-21MAR11-1/1

Прекинувач за бришачите/прскалките на ветробранското стакло

ЗАБЕЛЕШКА: Клучот за стартување мора да биде на ON (вклучено) или машината да работи за бришачот и прскалката на ветробранското стакло да работат.

Прекинувачот за бришачите/прскалката на ветробранското стакло (A) што се наоѓа на управувачкиот столб се користи за контролирање на следното:

- Положба OFF (исклучено) (B)
- Испрекинато работење на бришачот (C)
- Положба на бришач ON (вклучено) (D)
- Прскалка на ветробранското стакло (E)



H96489 —UN—22JUN11

A—Прекинувач за бришач на шофершајбна/измивач
B—Положба OFF (исклучено)
C—Положба на испрекинато движење на бришач
D—Положба на бришач ON (вклучено)
E—Прскалка на ветробранското стакло

OUO6075,000076D -A8-20MAY10-1/1

Рачка за менување на брзини (ако постои)

ВАЖНО: Запрете ја машината и поставете ја повеќенаменската рачка во неутрална положба пред да менувате брзини.

Кога менувате со рачката за менување брзина (A) распоредот на брзини е права линија со прегради за 1, 2 и 3. Помал отпор се чувствува за неутралната меѓу првата и втората брзина.

A—Рачка за менување на брзини



H102184 —UN—13JUN11

OUO6075,0000635 -A8-13JUN11-1/1

Рачна сопирачка за паркирање (ако постои)

ВАЖНО: Машината е опремена со педали за сопирачки за паркирање кои може рачно да се вклучуваат и исклучуваат. Осигурете да ја вклучите сопирачката за паркирање кога моторот работи, а машината е паркирана, како и пред да ја напуштате машината кога моторот е ИСКЛУЧЕН.

Притиснете го педалот (A) за да ја вклучите сопирачката за паркирање и педалот (B) за да ја исклучите сопирачката за паркирање.



H102186 —UN—13JUN11

A—Педал (вклучен) **B—Педал (исклучен)**

OUO6075,0000636 -A8-17JUN13-1/1

Педали за сопирачки

Оставете ги педалите за сопирање (A) неблокирани за на терен, а блокирајте ги (B) педалите за сопирање заедно при транспорт.

A—Педали за сопирачки **B—Блокада (транспорт)**



H96681 —UN—01JUN10

OUO6075,0000637 -A8-01JUN10-1/1

Држачи за раце и пристап до десниот подест

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја целосно доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник на цилиндерот за подигнување на доставната комора.

ВАЖНО: Затворете ја вратата на кабината пред да го користите држачот за раце.

Не движете го рачно кракот на бришачот, може да го оштетите механизмот на бришачот.

Употребете ја скалата и подестот за да ја исчистите левата страна на кабината.

Пристапете до доставната комора со помош на скалилото на левата страна.

Користете ги држачите за раце (A) лоцирани на едната или другата страна или на врвот на кабината.

Застанете на подигнатата доставна комора за да го исчистите предниот прозорец на кабината и за да ги сервисирате предните светла или бришачот.

Употребете ги скалилото (B) и подестот (C) за да ја исчистите десната страна на кабината.



H94810 —UN—15JUL10

A—Држачи за раце
B—Скалило
C—Подест

OUO6075,0000496 -A8-08OCT09-1/1

Приказ GreenStar™ и системи Harvest Monitor/Harvest Doc™

Приказите GreenStar 3 CommandCenter се монтирани на потпирачот за раце, кои содржат специфични информации за возилото и за апликациите GreenStar (без Harvest Doc).

Приказот GreenStar 3 2630 (изборно) е монтиран на потпирачот за раце и содржи специфични информации за апликациите GreenStar.

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Harvest Monitor/Harvest Doc се регистриран заштитен знак на Deere & Company

За информации за системот Harvest Doc, видете во прирачникот за Harvest Doc.

OUO6075,000062E -A8-03NOV10-1/1

Прекинувачи за светла

ЗАБЕЛЕШКА: Излезните светла остануваат ВКЛУЧЕНИ за 180 секунди откако контактниот клуч ќе биде завртен во положба OFF (исклучено) (ако во претходните пет минути биле користени светлата за возење или светлата за поле). Операторот избира да ја осветли левата или десната страна на машината преку користење на рачката за трепкачот.

Кога сите светла се вклучени со поставување на положба ON (вклучено), а контактниот клуч е поставен во положба OFF (исклучено), ќе биде потребно мало одложување пред светлата да се ВКЛУЧАТ.

Прекинувачот за избирање светла (A) што се наоѓа на столбот на воланот се користи за контролирање на следново:

- Положба OFF (исклучено) (B)
- Прекинувач за светло за паркирање (C) команди:
  - Светла за означување
- Прекинувач за светла за возење по пат (D) команди:
  - Светла (трепкачки) за опасност
  - Четири предни светла (две кратки светла и две долги светла)
  - Светилници
  - Ниски транспортни светла (ако постои)
- Прекинувач за светла за работа во поле (E) команди:
  - Резервоар за зрна и сите осум предни светла
  - Светла за барање редови со рачка за трепкач
  - Светло на растоварната спирала кога е продолжена
  - Светла за означување и светла за опасност

Рачката за трепкачи што се наоѓа на столбот на воланот се користи за контролирање на високи/ниски предни светла:

ЗАБЕЛЕШКА: Индикаторот за долги светла светнува во столпчето во аголот кога рачката е во положбите за привремено долго светло и за долго светло.

- Привремени долги светла (F):
  - Со повлекување на рачката во горна положба моментално се активираат долгите светла.
- Положба за кратки светла (G):
  - Повлечете ја рачката во средната положба за работење со кратки светла.
- Положба за долги светла (H):
  - Повлечете ја рачката во долна положба за да ги активирате долгите предни светла.

Прекинувачот за светло на потпирачот за рака се користи за контролирање на следното:

- Прекинувач за предни светла за стрниште (I) команди:
  - Светла за стрниште на предниот дел од машината



H99531 —UN—22JUN11

Прекинувач за избирање светла на столбот на воланот



H99532 —UN—03JAN11

Прекинувачи за светло на потпирачот за рака

A—Прекинувач за избирање светла
B—Положба OFF (исклучено)
C—Прекинувач за светло за паркирање
D—Прекинувач за светла за возење по пат
E—Прекинувач за светла за работа во поле
F—Привремени долги светла
G—Положба за кратки светла
H—Положба за долги светла
I—Прекинувач за предни светла за стрниште
J—Прекинувач за задните светла за празнење
K—Прекинувач за автоматски светилник
L—Прекинувач за светилник
M—Прекинувач на светлото за предупредување

  - Светла на контролната табла на кабината (ако постои)
- Прекинувач за задните светла за празнење (J) команди:
  - Задни светла за остатоци на задниот дел од машината
- Автоматски прекинувач за ротационо светло (K) команди:
  - Автоматски светилници
- Прекинувач за ротационо светло (L) команди:
  - Светилници
- Прекинувач за предупредувачко светло (M) команди:
  - Светла (трепкачки) за опасност

OUO6075,0001352 -A8-30NOV12-1/1

Локации за осветлување

Поглед на светлата на предната и на задната страна





H107108 —UN—28FEB13

A—Халогенски предни светла на кабината или предни светла на кабината со висок интензитет на празнење (HID) (изборно)
B—Предни светла на кабината (долги/кратки светла)
C—Светилници
D—Светла за опасност (жолти)
E—Светла за опасност (жолти)
F—Светла за означување (бели)
G—Светла за стрниште
H—Светла на контролната табла (ако постои)
I— Ниски транспортни светла (ако постои)
J— Светла за означување/за сопирачки (црвени)
K—Задни светла за опасност (жолти)
L—Светилник
M—Задни светла за празнење

Прекинувач за светилник:

ВНИМАНИЕ: Светлата мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

- Прекинувачот ги контролира светилниците (C, L).
- Двата светилници се сместени напред (лево и десно) и едно на задниот дел на машината. Овие светла им даваат предупредување на другите возачи при транспорт по јавни патишта.

Прекинувач за светлото за предупредување:

ВНИМАНИЕ: Светлата мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

- Прекинувачот ги контролира светилниците (C, L), светлата за опасност (D, E), и задните светла за опасност (K).
- Светлата за опасност се сместени и на двете страни од машината, напред и назад. Овие светла се користат за да покажат дека машината не работи.

Прекинувач за светла за возење по пат:

ВНИМАНИЕ: Светлата мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога светлата за возење по пат се ВКЛУЧЕНИ и хедерот не е поврзан, ниските транспортни светла се вклучуваат и предните светла на кабината се исклучуваат. Кога хедерот е поврзан, ниските транспортни светла се ИСКЛУЧУВААТ и предните светла на кабината се ВКЛУЧУВААТ.

Светлата за опасност се ВКЛУЧЕНИ ако трепкачите се ИСКЛУЧЕНИ. Ако сигнализацијата на трепкачите е ВКЛУЧЕНА, светлата за предупредување ја имаат функцијата на светлата за трепкачите.

- Прекинувачот ги контролира светилниците (C, L), предните светла на кабината (B), светлата за означување (F), ниските транспортни светла (I), и светла за означување/за сопирачки (J).

Продолжува на следната страница

- Овие светла им даваат предупредување на другите возачи при транспорт по јавни патишта.

OUO6075,0001353 -A8-18JUN13-2/7





H107108 —UN—28FEB13

A—Халогенски предни светла на кабината или предни светла на кабината со висок интензитет на празнење (HID) (изборно)
B—Предни светла на кабината (долги/кратки светла)
C—Светилници
D—Светла за опасност (жолти)
E—Светла за опасност (жолти)
F—Светла за означување (бели)
G—Светла за стрниште
H—Светла на контролната табла (ако постои)
I— Ниски транспортни светла (ако постои)
J— Светла за означување/за сопирачки (црвени)
K—Задни светла за опасност (жолти)
L—Светилник
M—Задни светла за празнење

Прекинувач за автоматски светилник:

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се активирани автоматските светилници и зрната го достигнуваат сензорот за наполнетост од 3/4, светилниците започнуваат да трепкаат (3 секунди ВКЛУЧЕНИ и 6 секунд ИСКЛЧЕНИ). Кога зрната го достигнуваат сензорот за целосна наполнетост на резервоарот за зрна, светилниците се ВКЛУЧУВААТ да светат постојано и нема да трепкаат.

- Светилници (C, L) светнуваат кога резервоарот за зрна е 3/4 полн. Светилниците нудат сигнализација за операторот на количката за зрна дека резервоарот за зрна е полн и е готов да се растовари.

Прекинувач за светла за работа во поле:

- Прекинувачот ги контролира светлата за означување (F), светлата за означување/за сопирачки (J), и предните светла на кабината (A, B).

[1]*Ако светлата за возење се ВКЛУЧЕНИ и машината е во режимот за работа на пат, светлата за стрниште, светлата на шоферската табла и задните светла за празнење не ќе може да се ВКЛУЧАТ.*

- Светлата за поле му овозможуваат на операторот осветлување на површината за работење навечер и во услови на слаба светлина.

Прекинувач за предни светла за стрниште:

⚠ ВНИМАНИЕ: За да избегнете конфузија кај другите возачи не работете со работните светла при транспортирање на јавни патишта.

- Прекинувачот ги контролира светлата за стрниште (G) и светлата на контролната табла (H).
- Светлата за стрниште му обезбедуваат на операторот дополнително светло зад хедерот за ноќно работење и работење во услови на слаба светлина[1].
- Светлата на контролната табла му овозможуваат на операторот дополнително светло на предниот дел од машината за време на жнеењето.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001353 -A8-18JUN13-3/7





H107108 —UN—28FEB13

A—Халогенски предни светла на кабината или предни светла на кабината со висок интензитет на празнење (HID) (изборно)
B—Предни светла на кабината (долги/кратки светла)
C—Светилници
D—Светла за опасност (жолти)
E—Светла за опасност (жолти)
F—Светла за означување (бели)
G—Светла за стрниште
H—Светла на контролната табла (ако постои)
I— Ниски транспортни светла (ако постои)
J— Светла за означување/за сопирачки (црвени)
K—Задни светла за опасност (жолти)
L—Светилник
M—Задни светла за празнење

Прекинувач за задните светла за празнење:

⚠ ВНИМАНИЕ: За да избегнете конфузија кај другите возачи не работете со работните светла при транспортирање на јавни патишта.

- Прекинувачот ги контролира задните светла за празнење (M).
- Задните светла за празнење му обезбедуваат на операторот осветлување на задниот дел за ноќно работење и работење во услови на слаба осветленост[1] [2].

Светла за означување/за сопирачки:

- Светлата за означување/за сопирачки (J) ќе се ВКЛУЧАТ кога машината ќе насети забавување.

[1]Ако светлата за возење се ВКЛУЧЕНИ и машината е во режимот за работа на пат, светлата за стрниште, светлата на шоферската табла и задните светла за празнење не ќе може да се ВКЛУЧАТ.
[2]Само за Франција: Ако машината е во режим за работа на пат, задните светла за празнење нема да се ВКЛУЧАТ.
[3]Само за Франција: Светлата за сопирачките ќе се ВКЛУЧАТ кога ќе се притисне педалот за сопирачките.

Светлата остануваат вклучени минимум две секунди.[3]

- Штом брзината е помала од 1,6 km/h (1 mph), светлата за сопирачки остануваат вклучени две минути или сè додека не се детектира забрзување нанапред и брзината е поголема од 1,6 km/h (1 mph).
- Светлата за означување исто така имаат улога на индикатори, и светат кога се сигнализира вртење. Трепка светлото во насоката во која се врти.

Светло за излез:

- Двете најнадворешни предни светла на кабината (B) остануваат вклучени најмногу 180 секунди откако контактниот клуч и прекинувачот за светлата ќе бидат ИСКЛУЧЕНИ (ако во последните пет минути се употребувале светлата за возење по пат или светлата за работа во поле).

Продолжува на следната страница

Поглед на светлата на левата и на десната страна



A—Светло на резервоарот за зрна
B—Светла за барање редови
C—Крилни сервисни светла
D—Сервисни светла на решетото
E—Сервисни светла за одделот на моторот
F—Светло на растоварната спирала
G—Прекинувач за сервисното светло на решетото
H—Прекинувач за крилните сервисни светла
I— Прекинувач за сервисните светла за одделот на моторот

Прекинувач за светла за работа во поле:

- Прекинувачот го контролира светлото на резервоарот за зрна (A), светлата за барање редови (B) (преку рачката за трепкачот), светлото на растоварната спирала (F) и светлата за означување/опасност.
- Светлата за барање редови му обезбедуваат на операторот осветлување на подрачјето на секоја страна на машината за ноќно работење и работење во услови на слаба осветленост.

  ЗАБЕЛЕШКА: Кога теренското светло е вклучено, рачката за трепкачите го активира десното или левото светло за барање редови.

- Светлото на резервоарот за зрна му обезбедуваат на операторот осветлување во резервоарот за зрна за ноќно работење и работење во услови на слаба осветленост.
- Светлото на резервоарот за зрна се ИСКЛУЧУВА кога зрната го достигнуваат сензорот за наполнетост од 3/4.
- Светлото на растоварната спирала е ВКЛУЧЕНО кога спиралата е продолжена повеќе од 50% со ВКЛУЧЕНИ светла за поле.
- Светлото на растоварната спирала обезбедува осветлување на резервоарот за зрна ноќе или во услови на слаба осветленост.

Продолжува на следната страница



A—Светло на резервоарот за зрна
B—Светла за барање редови
C—Крилни сервисни светла
D—Сервисни светла на решетото
E—Сервисни светла за одделот на моторот
F—Светло на растоварната спирала
G—Прекинувач за сервисното светло на решетото
H—Прекинувач за крилните сервисни светла
I— Прекинувач за сервисните светла за одделот на моторот

Сервисни светла на решетото:

- Сервисните светла на решетото (D) му обезбедуваат на операторот осветлување при нагодување на чистачот на зрна ноќе или во услови на слаба осветленост.
- Прекинувачот ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО на сервисните светла на решетото (G) се наоѓа над левата страна на штитникот на сепараторот.
- Осветлување за време на операции на одржување и сервисирање (не за време на жнеењето).

Крилни сервисни светла (изборно):

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте конфузија кај другите возачи. Не работете со крилните сервисни светла при транспорт.

- Крилните сервисни светла (C) се достапни на двете страни од машината над крилните врати и овозможуваат подобра видливост на подрачјето на сепараторот.
- Прекинувачот ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО на крилните сервисни светла (H) се наоѓа над левата страна на штитникот на сепараторот.

Продолжува на следната страница



A—Светло на резервоарот за зрна
B—Светла за барање редови
C—Крилни сервисни светла
D—Сервисни светла на решетото
E—Сервисни светла за одделот на моторот
F—Светло на растоварната спирала
G—Прекинувач за сервисното светло на решетото
H—Прекинувач за крилните сервисни светла
I— Прекинувач за сервисните светла за одделот на моторот

Сервисни светла за одделот на моторот (изборно):

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнувајте конфузија кај другите возачи. Не работете со сервисните светла за одделот на моторот при транспорт.

- Сервисните светла во одделот на моторот (E) овозможуваат осветлување на површината на платформата на моторот ноќе или во услови на слабо осветлување.
- Прекинувачот (I) за ВКЛУЧЕНИ/ИСКЛУЧЕНИ сервисни светла во одделот на моторот се наоѓа на десната задна страна од машината.
- Прекинувачот ги контролира светлата на вратата на одделот на моторот, задното светло на платформата на моторот и предното светло на одделот на моторот.
- Осветлување за време на операции на одржување и сервисирање (не за време на жнеењето).

Светло за излез:

- Светлата за барање редови (B) остануваат вклучени најмногу 180 секунди откако контактниот клуч и прекинувачот за светлата ќе бидат ИСКЛУЧЕНИ (ако во последните пет минути се употребувале светлата за возење по пат или светлата за работа во поле). Операторот избира да ја осветли левата или десната страна од машината преку користење рачката за трепкачот.

OUO6075,0001353 -A8-18JUN13-7/7

Транспортни светла (само за Русија)

ВНИМАНИЕ: Транспортните светла мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога светлата за возење по пат се ВКЛУЧЕНИ и хедерот не е поврзан, ниските транспортни светла се вклучуваат и предните светла на кабината се исклучуваат. Кога хедерот е поврзан, ниските транспортни светла се ИСКЛУЧУВААТ и предните светла на кабината се ВКЛУЧУВААТ.

Ниските транспортни светла (A) се достапни само за максимална брзина на движење од 20 km/h (12.4 mph).

Ниските транспортни светла (A) ТРЕБА да бидат покриени и ТРЕБА да бидат поставени две изборни транспортни светла (B) за максимална брзина на движење од 30 km/h (18.6 mph).



H105724 —UN—16NOV12

A—Ниски транспортни светла B—Транспортни светла (изборно)

Прекинувачот за светлата за возење по пат ги контролира транспортните светла (A) и изборните транспортни светла (B). Погледнете во Прекинувачи за светла, претходно во ова поглавје за понатамошни информации.

OUO6075,00012CF -A8-26OCT12-1/1

Одложување на осветлувањето/истек на време

Кога сите светла се вклучени со поставување во положба ON (вклучено), а контактниот клуч е поставен во положба OFF (исклучено), ќе има мало одложување. Машината одредува дали тековниот напон на акумулаторот е доволен за работење на светлата без машината да работи. Оваа карактеристика е вградена во машината за да се спречи премногу напон да биде повлечен од акумулаторот, што може да ја спречи машината да стартува.

ЗАБЕЛЕШКА: По чистењето на светлата на чистачот на зрна, сервисните светла или сервисните светла во одделот на моторот се ВКЛУЧЕНИ повеќе десет минути, светлата ќе трепкаат, а потоа ќе се привремено ќе се ИСКЛУЧАТ, па повторно ќе ВКЛУЧАТ за 20 секунди. Овој циклус ќе продолжи во траење од три минути, а потоа светлата ќе се ИСКЛУЧАТ додека не се заврти прекинувачот. Ако светлата не се вклучат повторно откако ќе се сврти прекинувачот, машината има одредено дека напонот на акумулаторот е премногу низок за да се овозможи работење со светлата. Светлата ќе се вклучат повторно откако машината ќе работи и акумулаторите се полнат.

OUO6075,0001354 -A8-27NOV12-1/1

Трепкачи

ЗАБЕЛЕШКА: Трепкачите работата цело време додека е вклучен контактниот клуч. Кога теренското светло е вклучено, рачката за трепкачите го активира или десното или левото светло за барање редови. Трепкачите не се гасат самите, затоа рачката мора да се врати во неутрална положба.

Кога работите со машината на пат или автопат, користете ја рачката за трепкачите (A) за да покажете дека вртите.

ЗАБЕЛЕШКА: Индикациските светла (лево или десно) на столпчето во аголот светат и го означуваат вртењето.

H95266 —UN—22JUN11

A—Рачка за трепкач

OUO6075,0000682 -A8-29JUN11-1/1

Внатрешно светло во кабината

Сводното светло обезбедува осветлување од горе за употреба ноќе или при услови на слаба осветленост.

Прекинувачот за светло (A) го контролира сводното светло (B).

Прекинувачот за светло има три положби:

- ON - вклучено (лево)
- OFF - исклучено (во средина)
- Автоматско (десно) (отворена врата од кабината)



H94501 —UN—06AUG09

A—Прекинувач за светла **B—Сводно светло**

OUO6075,0000683 -A8-03FEB10-1/1

Светло за мапа

Светлото за мапа обезбедува осветлување од горе за употреба ноќе или при услови на слаба осветленост.

Прекинувачот за светло (A) го контролира светлото за мапа (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете го светлото за мапа по потреба.

Прекинувачот за светло има две положби:

- ON (вклучено)
- OFF (исклучено)



H96823 —UN—10JUN10

A—Прекинувач за светла **B—Светло за мапа**

OUO6075,00007D1 -A8-02NOV10-1/1

Безбедносен граничник на хидрауличниот цилиндар

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Напукувањето во наставките на хидрауличниот довод за спуштање на доставната комора резултира во моментално паѓање на доставната комора и хедерот.

Спуштете го безбедносниот граничник (A) на шипката на хидрауличниот цилиндар.

A—Безбедносен граничник



TS696 —UN—21SEP89



H90891 —UN—26FEB08

OUO6075,0000657 -A8-02FEB10-1/1

Бочни штитници на доставната комора

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Штитниците на доставната комора имаат преден и заден штитник. Завртете ја бравата (A) и отворете го предниот штитник за сервисирање.

Завртете ја бравата (B) и извадете го клинот за брзо заклучување (C) за да го отворите задниот штитник.

A—Брава
B—Брава
C—Клин за брзо заклучување



H91044 —UN—27MAR08



H91045 —UN—27MAR08

OUO6075,0000677 -A8-02FEB10-1/1

Врати на доставната комора

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Разлабавете ги навртките (A) на секоја страна на вратата и турнете ги навртките кон центарот на доставната комора.

Повлечете ја вратата (B) напред за да ја извадите.

Подигнете ги вратите (C) за да пристапите внатре до доставната комора.

A—Навртки
B—Врата
C—Врати



H100486 —UN—28FEB11



H900905 —UN—27FEB08

OUO6075,0000B6F -A8-21MAR11-1/1

Врата за пристап од горе до доставниот акцелератор

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Разлабавете ги навртките за блокирање (A) на секоја страна на вратата и турнете ги кон центарот на машината.

Повлечете ја вратата (B) напред за да ја извадите.

Повлечете ја вратата (C) напред за да ја извадите.

A—Навртки за блокирање
B—Врата
C—Врата



H100487 —UN—28FEB11



H100488 —UN—28FEB11

OUO6075,0000B70 -A8-21MAR11-1/1

Долна врата на доставната комора и изолациска потпора на доставната плоча

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Извадете го клинот за брзо заклучување и повлечете ја рачката (A) надолу и наназад за да се отвори вратата.

ВАЖНО: Рачката ќе биде навалена лево долу кога доставната комора се спушта.

Повлечете ја рачката напред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.



H52761 —UN—17MAY99

A—Рачка

OUO6075,000065B -A8-02FEB10-1/2

Ако вратата на доставната комора не се затвора цврсто (A), зрната може да истекуваат.

Олабавете ги завртките со глава (B) на двете страни.

Завртете го ексцентарот (C).

Зацврстете ја завртката со глава што го обезбедува ексцентарот.

Зацврстете ги останатите завртки со глава.

A—Заптивка
B—Завртки со глава
C—Ексцентар



H74778 —UN—14JAN03

OUO6075,000065B -A8-02FEB10-2/2

Собирач на камења

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Собирачот на камења го заштитува цилиндерот и корпата од оштетување од камења или карпи.

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.

Поместете ја рачката надолу за да се затвори собирачот на камења. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.



H99239 —UN—01DEC10

A—Клин за брзо заклучување B—Рачка

OUO6075,000065C -A8-01DEC10-1/1

Прилагодување и поставки на предна/задна страна на рамката за навалување на куќиштето за достава

ВНИМАНИЕ: Спуштете го хедерот до тлото за да ја ослободите затегнатоста од затегите на рамка за накосување напред/назад. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Рамката за накосување напред/назад се користи за местење на точниот однос меѓу лизгачките плочи на платформата и тлото. Таа компензира за различните големини на гуми, поставките на задната оска и други варијабили.

Разлабавете ги навртките на рамката за накосување (A) и навртката (B) на двете страни.

ВАЖНО: Не олабувајте ја завртката со глава (C).

Исклучете ги жлебовите на подлошката (D) од потпорната плоча на двете страни.

ЗАБЕЛЕШКА: Поместете ја десната гранична плоча до задните дупки за монтирање, ако има потреба.

Разлабавете ги навртките (E) и поместете ја граничната плоча (F) наназад на двете страни.

A—Навртки на рамката за накосување, M16
B—Навртка на рамката за накосување, M20
C—Завртка со глава
D—Жлебови на прскалката
E—Навртки
F—Гранична плоча



H95791 —UN—22MAR10



H105003 —UN—08MAR12

Задни дупки (лево) / предни дупки (десно)

OUO6075,0001760 -A8-12MAR14-1/4

ВАЖНО: Стегачот за црево на мулти-спојката можеби треба повторно да се намести кога се нагодува рамката за накосување напред/назад.

Разлабавете ја навртката (A) и нагодете ја затегата (B) на двете страни по потреба за точен агол на хедерот.

Затегнете ја навртката на затегата на двете страни.

A—Навртка
B—Затега



H105751 —UN—05SEP12

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001760 -A8-12MAR14-2/4

Активирајте ги жлебовите на подлошката (D) во потпорната плоча и затегнете ги навртките на рамката за накосување (A и B) на двете страни според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Навртки на рамката за накосување M16 (A)—Вртлив момент.....300 N·m (221 lb.-ft.)

Навртка на рамката за накосување M20 (B)—Вртлив момент.....620 N·m (460 lb.-ft.)

ВАЖНО: Не смее да има празнина меѓу граничните плочи и рамката накосување напред/назад по затегнувањето на навртките.

ЗАБЕЛЕШКА: Закачете десна гранична плоча до предните или задните дупки, ако има потреба.

Поместете ја граничната плоча (F) целосно напред на двете страни и зацврстете ги навртките (E) според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Навртки на граничната плоча—Вртлив момент.....130 N·m (96 lb.-ft.)

A—Навртки на рамката за накосување, M16
B—Навртка на рамката за накосување, M20
C—Завртка со глава
D—Жлебови на прскалката
E—Навртки
F—Гранична плоча



H95791 —UN—22MAR10



H105003 —UN—08MAR12

Задни дупки (лево) / предни дупки (десно)

OUO6075,0001760 -A8-12MAR14-3/4

Рамката за навалување фабрички е наместена на приближна положба, но ако положбата на гумите или осовините е променета или теренските услови се изменети (мека земја), можеби е неопходно одново де се прилагоди.

Приближна поставка може да се добие без да биде закачен хедерот, на следниот начин:

- Кога машината е на рамна површина, спуштете ја или подигнете ја доставната комора додека винтот на оската (A) не се намести до растојанието на тлото според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Винт на оската до тлото—Растојание..... 903 mm (35-1/2 in.)

- Користејќи го нивото како референца, нагодете ја рамката за накосување напред/назад додека предниот дел не е вертикален.



H94359 —UN—24JUN09

A—Винт на оската

OUO6075,0001760 -A8-12MAR14-4/4

Преносен синџир на доставната комора — Нагодување

Извадете ги штитниците на доставната комора на двете страни.

Една алка на секој синџир мора да се извади кога подлошката (A) се израмнува со внатрешниот раб на предниот граничник (B) како што е покажано.

Зацврстете ја навртката (C) на двете страни на доставната комора сè додека подлошката (D) не е помеѓу крајот на мерачот (E) и дното од скалата.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете ја затегнатоста на двете страни на секои 25 часа во текот на првите 100 часа.

- Проверете ја затегнатоста на двете страни на секои 100 часа. Нагодете кога некој дел од подлошката е зад крајот на мерачот.
- Незаобленитe запчаници или барабанот и свиткани оски можат да предизвикаат синџирот да е нерамномерно затегнат, да е престегнат или прелабав.
- Поради преголемата затегнатост на синџирот може да дојде до дефект на оската и лежиштето.

Монтирајте ги бочните штитници на доставната комора.



H94329 —UN—19JUN09



H94336 —UN—22JUN09

A—Подлошка
B—Граничник
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач

OUO6075,000067C -A8-22NOV10-1/1

Алки на преносниот синџир на доставната комора — Вадење



Три компонентен транспортен синџир за куќиштето за достава



Четири компонентен транспортен синџир за куќиштето за достава

A—Поместувачка алка
B—Поместувачка алка
C—Странична пречка
D—Слепа навртка
E—Празнина, 1—2 mm (3/64 in.—5/64 in.)

ЗАБЕЛЕШКА: Три компонентниот транспортен синџир за куќиштето за достава е достапен само за HillMaster™ машините.

Кога ги заменувате алките на синџирот секогаш проверете ги запчаниците дали се истрошени.

Отстранете ги поместувачките алките (A) за почетно нагодување на синџирот.

Отстранете ги поместувачките алките (B) за второ нагодување. Кога се прави нагодување по вториот пат, синџирот е истрошен и мора да се замени.

Технички податоци (спецификации)

U-ребро M10 прицврстувачи—Вртлив момент.....73 N·m (54 lb.-ft.)

Алка на синџирот M8 слепи навртки—Вртлив момент.....25 N·m (18 lb.-ft.)

ВАЖНО: Кога се монтираат конекторски алки, слепите навртки мора да се насочени подалеку од прстените на барабанот.

Кога слепите навртки на алката на синџирот (D) се затегнати според спецификацијата, празнина (E) треба да има меѓу пречката на конекторската алка (C) и слепата навртка.

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001755 -A8-03FEB14-1/1

Барабан на доставната комора — Нагодување на висина

⚠ ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Отворете ги штитниците на доставната комора.

Извлечете го и држете го клинот (A) додека ја ротирате рачката (B) во позиција за саканата култура на двете страни.

Затворете ги штитниците на доставната комора.

A—Клин

B—Рачка за висина на барабанот



H90908 —UN—27FEB08

Положба само за пченка



H90909 —UN—27FEB08

Положба за мали зрна

OUO6075,000067E -A8-02FEB10-1/1

Промена на преносениот синџир на доставната комора

⚠ ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаните поставки на запчаникот на преносникот на доставната комора видете под Поставки на културата.

Важни забелешки за 32-забниот запчаник:

- Употребата на запчаникот не се препорачува за пченка.

Препорачано за услови кога доставата е слаба поради следните култури и услови:

- **Култури:** Јачмен, канола, овес, ориз, ‘рж и пченица
- **Услови:** Голем волумен, зелено, влажно, подредено во откоси и слаба достава

Ако се сменат условите на културата или се подобри доставата (посуво, порамномерни откоси, полесна слама) се препорачува употребата на 26-забниот запчаник. Брзината на синџирот се забавува и ја намалува можноста за оштетување на сламата или пред-вршењето и го продолжува животот на синџирот.



H102187 —UN—13JUN11

A—Запчаник

Преносниот доставен синџир може да се постави во две брзини со избирање на погонскиот запчаник (A) на десната страна од долната оска.

Користете мали запчаници за мали брзини и големи запчаници за големи брзини.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000661 -A8-13JUN11-1/4

1. **За да го преместите преносниот синџир на помал запчаник:** Отворете го десниот преден штитник.
2. Разлабавете ја навртката (A) и турнете го запчаникот наназад.
3. Рзалабевете ја навртката (B) и поместете го запчаникот во горна положба (C).
4. Турнете ја спојката и поместете го запчаникот (D) надвор додека не се фиксира.

A—Навртка
B—Навртка
C—Горна положба
D—Запчаник



H102188 —UN—13JUN11

OUO6075,0000661 -A8-13JUN11-2/4

5. Преместете го синџирот (A) од големот запчаник (B) на малот запчаник (C).

A—Синџир
B—Голем запчаник
C—Мал запчаник



H102189 —UN—13JUN11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000661 -A8-13JUN11-3/4

6. Преместете го запчаникот (A) во пониска положба и затегнете ја навртката (B).
7. Разлабавете ги навртките (C) и зализгајте ја водилката на синџирот (D) во саканите засеци (E) и затегнете ги навртките.

ЗАБЕЛЕШКА: Не го затегнувајте премногу преносникот на погонскиот доставен синџир. Синџирот може да биде поставен и на пластична водилка.

8. Употребете метален лост во отворите на внатрешната плоча за да го поместите запчаникот (F) нанапред и да ја затегнете навртката (G).
9. Затворете го десниот преден штитник.

A—Запчаник
B—Навртка
C—Навртки
D—Водилка на синџирот
E—Засеци
F—Запчаник
G—Навртка



H102190 —UN—13JUN11



H91064 —UN—02APR08

OUO6075,0000661 -A8-13JUN11-4/4

Нагодување на преносниот погонски синџир на доставната комора

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Отворете го десниот преден штитник.

Разлабавете ја навртката (A) и турнете го запчаникот наназад.

ЗАБЕЛЕШКА: Не го затегнувајте премногу преносникот на погонскиот доставен синџир. Синџирот може да биде поставен и на пластична водилка.

Употребете метален лост во отворите на внатрешната плоча за да го поместите запчаникот нанапред и да ја затегнете навртката (A).



H102191 —UN—13JUN11

A—Навртка

Затворете го десниот преден штитник.

OUO6075,0000662 -A8-13JUN11-1/1

Запчаници на горната оска на доставната комора

По 1000 часа, во зависност од културите што се жнеат, проверете дали се истрошени запчаниците на горната оска.

Ако запчаниците се истрошени повеќе од 12 mm (1/2 in.) (A), треба да се завртат обратно за да се трошат рамномерно.

A—Димензии 12 mm (1/2 in.)



H39620 —UN—11OCT88

OUO6075,0000665 -A8-02FEB10-1/1

Замена на погонскиот ремен за променлива брзина на доставната комора

ВНИМАНИЕ: Долната променлива ременица е затегната со пружина, ако се извади ременот таа ќе се врати во затворена положба.

Стартувајте го моторот, вклучете го сепараторот и поместете го копчето за брзина на моторот на горен празен од. **Нагодете го погонскиот ремен на доставната комора на мала брзина на предната оска.**

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Исклучете го сепараторот, изгаснете го моторот и извадете го клучот.

Спуштете го безбедносниот граничник и извадете ги штитниците од левата страна на доставната комора.

Погледнете под гумената чизма (A) за да се уверите дека горните ременици се целосно отворени. Во положба на мала брзина надворешната ременица го допира носачот (B).



H90912 —UN—28FEB08

A—Гумена чизма **B—Носач**

OUO6075,0000666 -A8-02FEB10-1/6

Извадете ги штитниците (A).

Разлабавете ја затегнувачката навртка (B) за да се олабави ременот.

A—Штитници **B—Навртка**



H90910 —UN—27FEB08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000666 -A8-02FEB10-2/6

Разлабевете ги навртките (A) за да се олабави погонскиот ремен на намотката (B).

A—Навртка **B—Погонски ремен**



H90976 —UN—06MAR08

OUO6075,0000666 -A8-02FEB10-3/6

Извадете ги и осигурајте ги навртките (A) и носачот (B).

Разлабавете ги навртките (C) за да овозможите движење на горниот склоп на ременицата.

A—Навртки (2 употребени) **C—Навртки (3 употребени)**
B—Носач



H90967 —UN—05MAR08

OUO6075,0000666 -A8-02FEB10-4/6

ЗАБЕЛЕШКА: Навртката (C) мора да се помести и фиксира до навртката (A). Овие две навртки заедно може да се користат за да се заврти затезната завртка.

Разлабавете ја навртката (A) од носачот (B) додека не се појави отвор од 3 mm (1/8 in.) меѓу двете страни на носачот.

Затегнете ја навртката (C) кон навртката (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Завртувањето на завртката во затегачот овозможува ременицата да се помести напред за да се извади погонскиот ремен.

Употребете ја навртката (A) за да ја завртите завртката во затегачот (D).



H90913 —UN—28FEB08

A—Навртка **C—Навртка**
B—Носач **D—Затегнувач**

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000666 -A8-02FEB10-5/6

Извадете го погонскиот ремен (A) од ременицата.

Поставете го заменетиот погонски ремен и нагодете ја затегнатоста. (Видете под Нагодување на ременот на променлива брзина на доставната комора).

Монтирајте ги претходно извадениот носач и штитниците на доставната комора.

A—Погонски ремен



H90911 —UN—28FEB08

OUO6075,0000666 -A8-02FEB10-6/6

Нагодување на погонскиот ремен на променлива брзина на доставната комора

ЗАБЕЛЕШКА: Помали нагодувања на ременот на променлива брзина може да се направат со подигање на затегнувачот. Ако отворот од 3 mm (1/8 in.) не може да се постгне со подигање на затегнувачот, преминете на следниот чекор.

Стартувајте го моторот, вклучете го сепараторот и поместете го копчето за брзина на моторот на горен празен од. **Нагодете го погонскиот ремен на доставната комора на мала брзина на предната оска.**

Исклучете го сепараторот, изгаснете го моторот и извадете го клучот.

Спуштете го безбедносниот граничник и извадете ги штитниците од левата страна на доставната комора.

Погледнете под гумената чизма (A) за да се уверите дека горните ременици се целосно отворени. Во положба на мала брзина надворешната ременица го допира носачот (B).



H90912 —UN—28FEB08

A—Гумена чизма **B—Носач**

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-1/9

Разлабавете ја навртката (A) за да го нагодите затегнувачот (B) во пониска положба.

A—Навртка **B—Затегнувач**



H90914 —UN—28FEB08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-2/9

Извадете ги и осигурајте ги навртките (A) и носачот (B).

Разлабавете ги навртките (C) за да овозможите движење на горниот склоп на ременицата.

A—Навртки (2 употребени)
B—Носач
C—Навртки (3 употребени)



H90967 —UN—05MAR08

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-3/9

ЗАБЕЛЕШКА: Навртката (C) мора да се помести и фиксира до навртката (A). Овие две навртки заедно може да се користат за да се заврти затезната завртка.

Разлабавете ја навртката (A) од носачот (B) додека не се појави отвор од 3 mm (1/8 in.) меѓу двете страни на носачот.

Затегнете ја навртката (C) кон навртката (A).

A—Навртка
B—Носач
C—Навртка



H90915 —UN—28FEB08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-4/9

ВАЖНО: Вртете го ременот додека го нагодувате отворот на ременицата. Ако не го вртите ременот додека го нагодувате отворот на ременицата може да се оштети ременот.

Отворот меѓу половините на ременицата е важен за да може половините на ременицата да го фатат ременот во положба на мала брзина. Погонската оска на брзината на платфомата за режење мора да биде на мала брзина.

Завртете ја навртката (A) за да ја нагодите завртката (B).

Движете ги горните променливи ременици со завртка додека не постигнете отвор од 3 mm (1/8 in.) меѓу долните половини на ременицата или додека горниот спој на ременицата не стигне до крајот на жлебовите.

A—Навртка
B—Винт
C—Отвор од 3 mm (1/8 in.)



H90916 —UN—28FEB08



H84140 —UN—26JUL05

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-5/9

Прво затегнете ја навртката (A) а потоа навртката (B).

A—Навртка
B—Навртка



H90917 —UN—28FEB08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-6/9

Затегнете ги навртките (C) и монтирајте го носачот (B) и осигурајте го со навртки (A).

A—Навртки (2 употребени)
B—Носач
C—Навртки (3 употребени)



H90967 —UN—05MAR08

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-7/9

ВАЖНО: Не потпирајте се на ременот додека го нагодувате отворот со затегнувачот.

Подигајте го затегнувачот (A) додека не го допре погонскиот ремен.

Подигнете ја ременицата за дополнителни 25 mm (1 in.) и затегнете ја навртката (B).

A—Затегнувач
B—Навртка



H90914 —UN—28FEB08

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-8/9

Затегнете ја навртката за подесување (A) така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата за да ја нагодите намотката на погонскиот ремен (B).

Монтирајте ги штитниците на доставната комора.

A—Навртка
B—Погонски ремен



H90976 —UN—06MAR08

OUO6075,0000667 -A8-02FEB10-9/9

Замена на хедерот на намотката за ременот на пикап пумпата (променлива брзина на доставната комора)

⚠ ВНИМАНИЕ: Долната променлива ременица е затегната со пружина, ако се извади ременот таа ќе се врати во затворена положба.

Старувајте го моторот, вклучете го сепараторот и поставете го прекинувачот на горен празен од. **Нагодете го погонскиот ремен на доставната комора на мала брзина на предната оска.**

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Исклучете го сепараторот, изгаснете го моторот и извадете го клучот.

Спуштете го безбедносниот граничник и извадете ги штитниците од левата страна на доставната комора.

Погледнете под гумената чизма (A) за да се уверите дека горните ременици се целосно отворени. Во положба на мала брзина надворешната ременица го допира носачот (B).



H90912 —UN—28FEB08

A—Гумена чизма **B—Носач**

OUO6075,0000668 -A8-03AUG10-1/13

Разлабевете ја затезната навртка (A) и зализагајте ја ременицата (B) надолу за да се олабави погонскиот ремен.

A—Затезна навртка **B—Ременица**



H90914 —UN—28FEB08

OUO6075,0000668 -A8-03AUG10-2/13

Извадете ги штитниците (A), навртките (B) и носачот на сензорот (C).

Разлабавете ги навртките (D) за да може да се помести горниот склоп на ременицата.

A—Штитници
B—Навртки (2 употребени)
C—Носач на сензорот
D—Навртки (3 употребени)



H90918 —UN—05MAR08

Продолжува на следната страница OUO6075,0000668 -A8-03AUG10-3/13

ЗАБЕЛЕШКА: Навртката (C) мора да се помести и фиксира до навртката (A). Овие две навртки заедно може да се користат за да се заврти затезната завртка.

Разлабавете ја навртката (A) од носачот (B) додека не се појави отвор од 3 mm (1/8 in.) меѓу двете страни на носачот.

Затегнете ја навртката (C) кон навртката (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Завртувањето на завртката во затегачот овозможува ременицата да се помести напред за да се извади погонскиот ремен.

Употребете ја навртката (A) за да ја завртите завртката во затегачот (D).



H90913 —UN—28FEB08

A—Навртка
B—Носач
C—Навртка
D—Затегнувач

OUO6075,0000668 -A8-03AUG10-4/13

Разлабавете ги навртките (A) за да го олабавите погонскиот ремен.

Извадете ги завртката со глава и навртката за да ја тргнете потпората на пумпата на намотката (B) и за да може да се извади погонскиот ремен (C).

A—Навртки
B—Потпора
C—Погонски ремен



H90977 —UN—06MAR08

OUO6075,0000668 -A8-03AUG10-5/13

ЗАБЕЛЕШКА: Затворете го хидрауличното црево за да спречите загадување на системот и загуба на течности.

C—Засек
D—Завртки со глава
E—Крила на одбојниот битер

OUO6075,0001227 -A8-09OCT12-1/1

Десен преден ремен на меѓупреносното вратило — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H96938 —UN—17JUN10

OUO6075,00007F8 -A8-17JUN10-1/1

Десен преден ремен на меѓупреносното вратило — заменување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот (B).

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навртки
B—Десен преден ремен



H96924 —UN—16JUN10

OUO6075,00007F9 -A8-17JUN10-1/1

Десен заден ремен на меѓупреносното вратило — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H96939 —UN—17JUN10

OUO6075,00007FA -A8-17JUN10-1/1

Десен заден ремен на меѓупреносното вратило — заменување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го десниот преден ремен (B) на меѓупреносното вратило.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го задниот ремен (C) на меѓупреносното вратило.

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставете го предниот ремен на меѓупреносното вратило и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното од скалата.



H96940 —UN—17JUN10

A—Навртки
B—Преден ремен на меѓупреносното вратило
C—Ремен на задното меѓупреносно вратило

OUO6075,00007FB -A8-22JUN10-1/1

Воздушни канали на чистачот на зрна

Отстранете го клинот за брзо заклучување (A) за да го отворите воздушниот канал (B). Отворањето на воздушните канали му овозможува на возачот да ја гледа површината на чистачот на зрна при нагодување на отстранувачот на плева или на ситото кога се прегледува површината на чистачот на зрна.

A—Клин за брзо заклучување B—Воздушен канал



H96942 —UN—14SEP10

OUO6075,00007FC -A8-14SEP10-1/1

Пристапна врата на чистачот на зрна (машини распрскувачи)

Отстранете го клинот за брзо заклучување (A) за да ја отворите пристапната врата (B). Отворањето на пристапната врата му овозможува на возачот да ја гледа површината на чистачот на зрна при нагодување на отстранувачот на плева или на ситото кога се прегледува површината на чистачот на зрна.

A—Клин за брзо заклучување B—Пристапна врата



H1022445 —UN—15JUN11

OUO6075,0000CA7 -A8-16JUN11-1/1

Запченици на спиралата на чистачот на зрна - врата за рачно чистење (ако постои)

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Му овозможува на возачот да ја исчисти и провери површината на запченикот на спиралата на чистачот на зрна.

Отстранете ги завртките со глава од вратата за чистење (A) за да ја исчистите површината.

A—Врата за чистење



H102538 —UN—29JUN11

OUO6075,0000CBD -A8-29JUN11-1/1

Запченици на спиралата на чистачот на зрна - врата за чистење (ако постои)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Му овозможува на возачот да ја исчисти и провери површината на запченикот на спиралата на чистачот на зрна.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја рачката (B) за да ја отворите или затворите вратата за чистење (C).

Поместете ја рачката во посакуваната положба:

- Затворена положба (D)
- Отворена положба (E)



H95822 —UN—24MAR10

A—Клин за блокирање
B—Рачка
C—Врата за чистење
D—Затворена положба
E—Отворена положба

OUO6075,0000F8B -A8-09FEB12-1/1

Ремен на чистачот, вентилаторот и спиралниот преносник — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H96944 —UN—17JUN10

Штитникот е отстранет заради подобар преглед

OUO6075,00007FD -A8-17JUN10-1/1

Ремен на чистачот, вентилаторот и спиралниот преносник — заменување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете го десниот преден ремен на меѓупреносното вратило и ремените на вентилаторот за чистење на променливиот погон.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот на чистачот на зрна, вентилаторот и спиралниот преносник (B).

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставете го предниот ремен на меѓупреносното вратило, ременот на вентилаторот за чистење на променливиот погон и нагодете ги затегнувачите додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

A—Навртки **B—Ремен**



H96943 —UN—17JUN10



H54683 —UN—17MAY99

Насочување на ремен

OUO6075,00007FE -A8-17JUN10-1/1

Ремен на вентилаторот за чистење — заменување

Стартувајте ја машината, вклучете го сепараторот и работете со вентилаторот на максимална брзина.

Исклучете го сепараторот, ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и извадете го клучот.

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Поместете ја со крак долната ременица (A) во целосно отворена положба.

Одвојте ги потпорните краци (B) и занишајте ги краците подалеку.

Отстранете ја горната ременица (C) и повлечете го ременот (D) над долната ременица.

Поставете го резервниот ремен, отстранете го клинот и поврзете ги потпорните краци.



H96945 —UN—17JUN10

A—Долна ременица **C—Горна ременица**
B—Потпорни краци **D—Ремен**

Проверете го нагодувањето за брзината на вентилаторот за чистење.

OUO6075,00007FF -A8-17JUN10-1/1

Актуатор на вентилаторот за чистење — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Минималната/максималната брзина на вентилаторот за чистење се контролираат автоматски; граничните навртки обезбедуваат заштита на погонот во случај на несоодветно електронско поставување на брзината и мора да бидат поставени како што е прикажано.

Осигурете дека навртките (A) се заглавени заедно на крајот од навоите (B), како што е прикажано.



H96946 —UN—17JUN10

A—Навртки **B—Крај на навоите**

OUO6075,0000800 -A8-17JUN10-1/1

Преден отстранувач на плева со длабок заб

Предниот отстранувач на плева со длабок заб е фиксиран и е поставен на 24 mm (15/16 in.).

Материјалот од жетвата кој поминува низ предниот отстранувач на плева се доставува до отстранувачот на плева за понатамошно чистење.



H54528 —UN—01APR99

OUO6075,0000766 -A8-22APR08-1/1

Отстранувач на плева и сито — мерење

Должина на отворите за воздух

Машините може да бидат опремени со два различни типа на отстранувач на плева и сита.

- Отстранувач на плева со **длабок заб** и сито.
- Отстранувач на плева за **општа намена** и сито.

Соодветниот начин на мерење на должината на отстранувачот на плева и отворите за воздух на ситото е од мрежа-до-мрежа (A), како што е прикажано. Ова може да се искористи за одредување дали е поставен отстранувач на плева и сито со длабок заб или за општа намена.



H89699 —UN—21AUG07

A—Мрежа-до-мрежа

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001367 -A8-18DEC12-1/2

Зазор на отворот за воздух

ЗАБЕЛЕШКА: Секогаш затворете го отстранувачот на плева/отворите за воздух на ситото после посакуваната поставена точка, а потоа отворете ги отворите за воздух во посакуваната поставена точка за да го отстранете слободниот од.

Соодветниот начин на мерење на зазорот на отстранувачот на плева и ситото е од отвор на воздух-до-отвор на воздух (A), како што е прикажано. Ова може да се искористи за одредување дали зазорот на отстранувачот на плева и ситото одговара со прикажаната поставка на приказот на потпирачот за рака.



H92974 —UN—03OCT08

A—Од отвор за воздух-до отвор за воздух

OUO6075,0001367 -A8-18DEC12-2/2

Отстранувач на плева за општа намена од 29 mm (1-1/8 in.)

Отстранувачот на плева за општа употреба е соодветен за пченка, соја, сорго, култури со мали зрна, семиња за масло, семиња за трева и многу други специјални култури. Се препорачува за суви услови и е отпорен на “бодење” кај стеблата на пченкарната свила и сојата, сончогледот и соргото.



H54526 —UN—01APR99

OUO6075,0000767 -A8-22AUG07-1/1

Отстранувач на плева за општа намена од 41 mm (1-5/8 in.)

ЗАБЕЛЕШКА: Не се препорачува за употреба при култури со мали зрна, пченка за храна или за печено пченкарно зрно

Отстранувачот на плева со сито со длабок заб нуди капацитет за дополнителна сепарација на зрното при услови на висока влага и посеви со високо-плодна пченка, како и висок капацитет и пример на чисто зрно при култури на пченка и соја.



H58751 —UN—13JUL99

OUO6075,0000A1E -A8-13OCT10-1/1

Сито за општа намена од 29 mm (1-1/8 in.)

Ова сито е соодветно за сите главни култури и многу специјални култури.



H54527 —UN—01APR99

OUO6075,0000C9E -A8-14JUN11-1/1

Сито со длабок заб 29 mm (1-1/8 in.)

ЗАБЕЛЕШКА: Не се препорачува за употреба при култури со мали зрна, пченка за храна или за печено пченкарно зрно

Ситото со длабок заб нуди дополнителна сепарација на зрното при висока влага и високо-плодна пченка.

Ова сито, заедно со отстранувачот на плева со длабок заб, нуди висок капацитет и примероци за чисто зрно при култури на пченка и соја.



H54526 —UN—01APR99

OUO6075,0000A20 -A8-13OCT10-1/1

Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плева/ситото

ВАЖНО: Целосно затворете ги отворите за воздух на отстранувачот на плева/ситото за да спречите оштетување на отворите за воздух додека го отстранувате отстранувачот на плева/ситото.

Прекинувачот за нагодување на отстранувачот на плева (A) и прекинувачот за нагодување на ситото (B) се наоѓаат на левата страна од машината.

Прекинувачот за нагодување на отстранувачот на плева и прекинувачот за нагодување на ситото му овозможуваат на возачот да ги отвора или затвора отстранувачот на плева и ситото во различни положби.



H97564 —UN—14SEP10

A—Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плева

B—Прекинувач за нагодување на ситото

OUO6075,00007DC -A8-21MAR11-1/1

Задно нагодување на двојната зона на отстранувачот на плева — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.

Подигнете ја дробилката/склопот на распрскувачот.

Завртете ги врзните делови за нагодување (A) во насока на движењето на стрелките на часовникот за да го затворете отстранувачот на плева, а во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го затворете отстранувачот на плева.

Затворете ги отворите за воздух на отстранувачот на плева после посакуваната поставена точка, а потоа отворете ги отворите за воздух во посакуваната поставена точка за да го отстранете слободниот од.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете во поглавјето Поставки на културата за препорачаните поставки за задно нагодување на двојната зона на отстранувачот на плева.

Измерете го растојанието помеѓу отворите за воздух и потврдете ја поставката.



H106353 —UN—17DEC12

A—Врзни делови за нагодување

OUO6075,0001368 -A8-25JAN13-1/1

Елементи на отстранувачот на плева/ситото — отстранување и поставување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.

ВАЖНО: Избегнувајте оштетување на елементите на отстранувачот на плева/ситото. Целосно затворете ги отворите пред да ги отстраните елементите од машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да ја отстранувате дробилката или распрскувачот (ако постојат) за да ги отстраните елементите на отстранувачот на плева/ситото. Дробилката или распрскувачот мора да бидат целосно подигнати.

Отстранувањето на ситото е слично како и отстранувањето на отстранувачот на плева.



H111147 —UN—30APR14

A—Заптивка **B—Електричен кабелски сноп**

1. Отстранете го воведникот (A) пред да го откачите електричниот кабелски сноп (B) од ситото.

Продолжува на следната страница

OUO6075,00017DC -A8-30APR14-1/6

2. Отстранете го клинот за брзо заклучување (A) за да го отворите воздушниот канал (B) на двете страни од машината.

A—Клин за брзо заклучување **B—Воздушен канал**



H111148 —UN—30APR14

OUO6075,00017DC -A8-30APR14-2/6

3. Отстранете ги завртките со глава (A) и носачот на мешалката (B) на двете страни од машината.

A—Завртки со глава (2 употребени) **B—Носач на мешалката**



H100411 —UN—13JUN11

OUO6075,00017DC -A8-30APR14-3/6

ЗАБЕЛЕШКА: Моторот за прочешлување (чафер мотор) нема потреба да биде отстранет.

4. Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).
5. Откачете го електричниот кабелски сноп (C) од моторот за прочешлување.

A—Завртки со глава **C—Електричен кабелски сноп**
B—Капак



H111151 —UN—30APR14

Продолжува на следната страница OUO6075,00017DC -A8-30APR14-4/6



H96969 —UN—21JUN10



H96971 —UN—21JUN10

A—Задна плоча
B—Завртка со глава и навртка
C—Завртки со глава
D—Завртки со глава и навртки

ЗАБЕЛЕШКА: Задната врата нема потреба да биде отстранета.

6. **Спуштете ја задната плоча (A):**
   a. Отстранете ја завртката со глава (B) од двете страни на машината.
   b. Олабавете ги завртките со глава (C) од двете страни на машината.
   c. Отстранете ги завртките со глава и навртките (D) од средината на долната страна на задната плоча.
   d. Повлечете ја задната плоча кон назад и спуштете ја.

OUO6075,00017DC -A8-30APR14-5/6

7. Отстранете ги потпорните винтови (A) на отстранувачот на плева/ситото, како и пружините од двете страни на машината.
8. Лизгајте го елементот на отстранувачот на плева/ситото низ задниот дел од машината.
9. Проверете ги заптивките за зрно на елементот на отстранувачот на плева/ситото и поправете или заменете по потреба.
10. Поставете го елементот на отстранувачот на плева/ситото низ задниот дел од машината и затегнете ги потпорните винтови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Потпорни винтови на отстранувачот на плева/ситото—Вртлив момент	100 N·m (74 lb.-ft.)

11. Подигнете ја задната врата и поставете го претходно отстранетиот хардвер.
12. Поврзете го претходно отстранетиот електричен кабелски сноп на моторот за прочешлување.
13. Поставете го претходно отстранетиот капак и затегнете го со завртките со глава.
14. Поставете го носачот на мешалката на двете страни од машината со завртките со глава.



H102179 —UN—13JUN11

A—Потпорни завртки

15. Затворете ги воздушните канали на двете страни од машината и затегнете ги со клиновите за брзо заклучување.
16. Поставете го претходно отстранетиот воведник и поврзете го претходно отстранетиот електричен кабелски сноп од ситото.
17. Калибрирајте го отстранувачот на плева/ситото, погледнете во поглавјето Постапки за калибрација за понатамошни информации.

OUO6075,00017DC -A8-30APR14-6/6

Мотор на отстранувачот на плева/ситото — рачно нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.

ЗАБЕЛЕШКА: Истата постапка за рачно нагодување може да се користи за моторот на отстранувачот на плева/ситото.

1. Отстранете ги завртките со глава (A) за да пристапите до моторот.



H75897 —UN—09APR03

A—Завртки со глава

OUO6075,00009B4 -A8-06DEC10-1/2

ВАЖНО: За да спречите оштетување на моторот за нагодување, не користете клуч на копчето.

ЗАБЕЛЕШКА: Откако моторот за нагодување на отстранувачот на плева/ситото е поправан или заменет, моторот за нагодување ќе мора повторно да биде калибриран. (Погледнете во поглавјето Постапки за калибрација).

2. Користете го копчето (A) за да го нагодите моторот. Завртете го копчето во насока на движењето на стрелките на часовникот за да го затворете и во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го отворите отстранувачот на плева/ситото.



H74041 —UN—05NOV02

A—Копче

OUO6075,00009B4 -A8-06DEC10-2/2

Ремен на елеваторот за чисти зрна — нагодување



H97127 —UN—27OCT10

S660 и S670



H97030 —UN—22JUN10

S680, S685 и S690

A—Навртка **B—Навртка** **C—Подлошка** **D—Мерач**

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,0001228 -A8-09OCT12-1/1

Ремен на елеваторот за чисти зрна — заменување



H97128 —UN—27OCT10

S660 и S670



H97033 —UN—22JUN10

S680, S685 и S690

A—Навртки
B—Ремен на елеваторот за чисти зрна

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да го намалете затегнувањето на ременот на елеваторот за чисти зрна (B).

OUO6075,0001229 -A8-09OCT12-1/2



H97032 —UN—22JUN10



H97034 —UN—22JUN10

A—Шрафови со глава

B—Капак
C—Ремен на елеваторот за чисти зрна

Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).

Отстранете го ременот на елеваторот за чисти зрна (C) од макарите.

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

Поставете го претходно отстранетиот капак и затегнете го со завртките со глава.

OUO6075,0001229 -A8-09OCT12-2/2

Преносен синџир на елеваторот за чисти зрна — нагодување



H62184 —UN—13JAN00



H87582 —UN—07MAR07

A—Навртки (4 употребени) **B—Навртки**

Ослободете ја бравата и отворете ја долната врата.

Отстранете ги навртките од капакот на лежиштето (ако постои).

Олабавете ги навртките (A) и употребете ги навртките (B) за да го нагодите синџирот. Поместете го носачот на лежиштето кон надолу за да го затегнете синџирот.

Синџирот на елеваторот е соодветно нагоден кога долниот крај на синџирот може да се лизга од едната страна до другата на запчаникот, но не може да биде повлечен надвор од запченикот. Кога синџирот ќе се олабави до 6 mm (1/4 in.) од запченикот, повторно нагодете го синџирот. После извесно време на користење, можеби ќе биде потребно да се отстрани пола алка за синџирот да може да се нагоди правилно.

OUO6075,0001048 -A8-27FEB12-1/1

Сензори на елеваторот на системот за отпад

ВНИМАНИЕ: Сензорот за отпад е ласерски производ од класа 1 и емитира ласерска радијација кога е под напон. Кога ги сервисирате или отстранувате сензорите за отпад, бидете внимателни и не гледајте директно во зракот.

Клучот за стартување мора да биде ИСКЛУЧЕН и сензорот за отпад мора да биде откачен пред да се сервисираат или отстрануваат сензорите.

НЕ работете со сензорот кога е извадена леќата. Достапна ласерска емисија кога леќата е наместена:

- 850 nm
- ширина на пулсот 500 nsec
- стапка на повторување ≤ 500 Hz
- < 90 nJ по пулс
- просечна моќност 43 uW
- Степени од класа 1 (безбедно за очи)

Ако сензорот работи со отстранета леќа, достапните степени на ласерската емисија се:

- 850 nm
- ширина на пулсот 500 nsec
- стапка на повторување ≤ 500 Hz
- < 380 nJ по пулс
- просечна моќност 188 uW
- Степени од класа 3R (мал потенцијал за повреда на очите)

1. По потреба, отстранете ги сензорите за отпад (A) за да ја проверите и исчистите леќата.
2. Ако леќите се чисти, отстранете и проверете од прашина. Ако се пронајде прашина, исчистете ја целосно површината и поставете ја леќата повторно во единицата, осигурувајќи дека дихтунгот затвора.
3. Осигурете дека леќата е затегната со сите претходно отстранети завртки пред поставувањето.

ВНИМАНИЕ: Неуспешноста да се постави пластичниот капак на елеваторот пред заменувањето на сензорите може да предизвика дефекти, неточни отчитувања при жнеењето или оштетување на сензорот, како и да предизвика можна опасна изложеност за очите кога сензорот е отстранет.



H70551 —UN—02JAN02

S660 и S670

H105437 —UN—17MAY12

S680, S685 и S690

A—Сензори за отпад

4. Поставете го сензорот и тестирајте го системот.
5. Ако екранот продолжува да прикажува целосно полно или празно, контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,000122A -A8-09OCT12-1/1

Лопатки на елеваторот на системот за отпад

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повремено проверувајте го ременот на елеваторот од абење или лопатки кои недостасуваат.

Во калливи услови, на синџирот на елеваторот може да се постави една челична лопатка која ќе има улога на бришач.



H62187 —UN—13JAN00

S660 и S670



H97055 —UN—22JUN10

S680, S685 и S690

OUO6075,000122B -A8-09OCT12-1/1

Погонски ремен на елеваторот за отпад — нагодување (S660 и S670)

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја сигурносната навртка (A).

Затегнете ја навртката (B) така што предлошката (C) да дојде во положба меѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H62186 —UN—13JAN00

OUO6075,0000F98 -A8-09FEB12-1/1

Синџир за лопатките на елеваторот на системот за отпад — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Ослободете ја бравата и отворете ја долната врата.

Отстранете ги навртките од капакот на лежиштето.

Олабавете ги навртките (A) и употребете ги навртките (B) за да го нагодите синџирот. Поместете го носачот на лежиштето кон надолу за да го затегнете синџирот.

Синџирот на елеваторот е соодветно нагоден кога долниот крај на синџирот може да се лизга од едната страна до другата на запчаникот, но не може да биде повлечен надвор од запченикот. Кога синџирот ќе се олабави до 6 mm (1/4 in.) од запченикот, повторно нагодете го синџирот. После извесно време на користење, можеби ќе биде потребно да се отстрани пола алка за да може синџирот на елеваторот за отпад да се нагоди правилно.

A—Навртки (4 употребени) **B—Навртки**



H62185 —UN—13JAN00

S660 и S670



H97059 —UN—22JUN10

S680, S685 и S690

OUO6075,000122C -A8-09OCT12-1/1

Горен погонски синџир на спиралата за отпад — нагодување (S660 и S670)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја завртката со глава (A) и нагодете го блокот (B) за да го затегнете синџирот. Затегнете ја завртката со глава кога синџирот е стегнат.

A—Шраф со глава **B—Блок**



H62189 —UN—13JAN00

OUO6075,0000F99 -A8-09FEB12-1/1

Погонски ремен на системот за отпад — нагодување (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H97014 —UN—13SEP10

OUO6075,000122D -A8-09OCT12-1/1

Погонски ремен на системот за отпад — заменување (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот на задното меѓупреносно вратило (B) од макарата.

Олабавете ги навртките (C) и отстранете го погонскиот ремен на системот за отпад (D).

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставете го ремен на задното меѓупреносно вратило на макарата и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

A—Навртки
B—Ремен на задното меѓупреносно вратило
C—Навртки
D—Погонски ремен на системот за отпад



H97015 —UN—22JUN10



H97016 —UN—22JUN10



H97017 —UN—13SEP10

OUO6075,000122E -A8-09OCT12-1/1

Погонски синџир на системот за отпад — нагодување (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H105438 —UN—17MAY12

OUO6075,000122F -A8-09OCT12-1/1

Погонски синџир на системот за отпад — заменување (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете ги штитниците (B и C).

A—Навртки
B—Штитник
C—Штитници



H105439 —UN—17MAY12

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001230 -A8-09OCT12-1/2

Заменете ако синџирот (A), кога е целосно затегнат, доаѓа во контакт или е оддалечен помалку од 3 mm (1/8 in.) од носачот (B).

Поставете го резервниот синџир и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставете ги претходно отстранетите штитници.

A—Синџир **B—Носач**



H97963 —UN—30JUN11

OUO6075,0001230 -A8-09OCT12-2/2

Ленти за носење и турпиести ленти на системот за отпад — отстранување и поставување (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот од погонскиот ремен на системот за отпад.

A—Навртки



H97073 —UN—13SEP10

Продолжува на следната страница OUO6075,0001231 -A8-09OCT12-1/4

Отстранете ги завртките со глава (A) и лентата (B).

Отстранете ги ременските винтови (C), завртката со глава (D) и шипката (E) од пристапниот капак (F).

A—Завртки со глава (3 употребени)
B—Спона
C—Раменски винтови (2 употребени)
D—Шраф со глава
E—Шипка
F—Пристапен капак



H97069 —UN—13SEP10



H97070 —UN—13SEP10

OUO6075,0001231 -A8-09OCT12-2/4

Отстранете ги завртките со глава и навртките (A) од лентите за носење.

По потреба, отстранете и заменете ги лентите за носење.

Затегнете ги завртките со глава на лентата за носење според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на лентата за носење—Вртлив момент.....70 N·m (52 lb.-ft.)

A—Завртки со глава и навртки
B—Ленти за носење



H97072 —UN—13SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001231 -A8-09OCT12-3/4

Отстранете ги завртките со глава (A) од турпиестата лента (B).

По потреба, отстранете и заменете ги турпиестите ленти.

Затегнете ги завртките со глава на турпиестата лента со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на турпиестата лента—Вртлив момент..... 37 N·m ± 7 N·m (27 lb.-ft. ± 5 lb.-ft)

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали заптивките на пристапниот капак остануваат на своето место кога ги поставувате во системот за отпад.

Поставете го пристапниот капак и затегнете го со шипката и завртката со глава.

Поставете ги раменските винтови, порамнете го гуменото парче со отворите и поставете ја лентата и завртките со глава.

Нагодете го затегнувачот на погонскиот ремен на системот за отпад додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.



H97084 —UN—23JUN10

A—Завртки со глава и навртки

B—Турпиеста лента

OUO6075,0001231 -A8-09OCT12-4/4

Ленти за носење и турпиести ленти на системот за отпад — нагодување (S680, S685 и S690)

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот од погонскиот ремен на системот за отпад.

A—Навртки



H97073 —UN—13SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001232 -A8-09OCT12-1/3

Олабавете ги навртките (A) и отстранете ги штитниците (B и C).

Отстранете го погонскиот синџир за да овозможите системот за отпад да се врти слободно.

A—Навртки
B—Штитник
C—Штитници



H105439 —UN—17MAY12

OUO6075,0001232 -A8-09OCT12-2/3

ЗАБЕЛЕШКА: Поместувањето на рачката за нагодување кон надолу ја намалува положбата помеѓу лентите за носење и турпиестите ленти.

Поместете ја рачката за нагодување (A) кон надолу, како што е прикажано, и поставете ги завртките со глава (B) во постечките отвори.

Олабавете ги завртките со глава и навртките (C).

Бавно нагодувајте ја пристапната врата додека го ротирате битерот, додека не се слушне “чукање”.

Бавно повлекувајте кон назад, додека “чукањето” не прекине, потоа затегнете ги завртките со глава и навртките.

Нагодете го затегнувачот на погонскиот ремен на системот за отпад додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставетет го синџирот и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставете ги претходно отстранетите штитници.



H97094 —UN—13SEP10

A—Рачка за нагодување
B—Завртки со глава, M6
C—Завртки со глава и навртки

OUO6075,0001232 -A8-09OCT12-3/3

Повратна корпа на системот за отпад — нагодување (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: За да спречите лична повреда или оштетување на машината, не помесутвајте ја рачката за избирање култура додека машината работи.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете во поглавјето Поставки за култура за препорачаните поставки за положбата на корпата на системот за отпад.

Положба за мали зрна (B):

Рачката за избирање култура (A) треба да биде во “СПУШТЕНА” положба кога се врши жнеење на култури со мали зрна.

Положба за големи зрна (C):

Рачката за избирање култура (A) треба да биде во “ГОРНА” положба кога се врши жнеење на култури со големи зрна, во спротивни ќе настане оштетување на осетливите култури.



H97103 —UN—13SEP10

A—Рачка за избирање култура
B—Положба за мали зрна
C—Положба за големи зрна

OUO6075,0001233 -A8-10MAR14-1/1

Врата за чистење на спиралата на системот за отпад (S680, S685 и S690)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата за чистење на спиралата на системот за отпад по потреба и да го отстраните материјалот.

A—Рачка

H97095 —UN—13SEP10

OUO6075,0001234 -A8-09OCT12-1/1

Погонски ремени — лева страна



H107018 —UN—25FEB13

Машини S660			
A	Стандарден ремен / ремен за висок капацитет на хедерот и на пумпата за намотката	F	Ремен на меѓупреносното вратило, на битерот за празнење и на дробилката
B	Систем на растоварната спирала, #60 синџир за вртење	G	Ремени на дробилката за слама
C	Ремен на системот на растоварната спирала	H	Погонски ремен на доставната комора со фиксна брзина Стандарден погонски ремен / погонски ремен за висок капацитет на доставната комора со променлива брзина
D	Погонски ремен на сепараторот со променлива брзина	I	Моторен ремен за справување со остатоци (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)
E	Ремен на битерот за празнење (машини што не се за ориз) Ремени на битерот за празнење (машини што се за ориз)		
Машини S670			
A	Стандарден ремен / ремен за висок капацитет на хедерот и на пумпата на намотката или погонски ремен на CommandTouch™ доставна комора со повеќе брзини (изборно)		
B	Систем на сврдел за истовар, #60 валчест синџир (10 572 L (300 bu.) резервоар за жито)		
C	Ремен на системот на растоварната спирала		
D	Погонски ремен на сепараторот со променлива брзина		
E	Ремени на битерот за празнење		
F	Ремен на меѓупреносното вратило, на битерот за празнење и на дробилката		
G	Ремени на дробилката за слама		
H	Погонски ремен на доставната комора со фиксна брзина Стандарден погонски ремен / погонски ремен за висок капацитет на доставна комора со променлива брзина или погонски ремен на CommandTouch™ доставна комора со повеќе брзини (изборно)		
I	Моторен ремен за справување со остатоци (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)		
Машини S680, S685 и S690			
A	Стандарден ремен / ремен за висок капацитет на хедерот и на пумпата на намотката или погонски ремен на CommandTouch™ доставна комора со повеќе брзини (изборно)		
B	Систем на сврдел за истовар, #80 валчест синџир (14 096 L (400 bu.) резервоар за жито)		
C	Ремен на системот на растоварната спирала		
D	Погонски ремен на сепараторот со променлива брзина		
E	Ремени на битерот за празнење		
F	Ремен на меѓупреносното вратило, на битерот за празнење и на дробилката		
G	Ремени на дробилката за слама		

Продолжува на следната страница

H	Погонски ремен на доставната комора со фиксна брзина Стандарден погонски ремен / погонски ремен за висок капацитет на доставна комора со променлива брзина или погонски ремен на CommandTouch™ доставна комора со повеќе брзини (изборно)
I	Ремен за контрола на отпадоци во моторот (привремено ниво 4/фаза III B)

OUO6075,00016C0 -A8-17FEB14-2/2

Погонски ремени — десна страна (S660 и S670)



A—Ремен на елеваторот за чисти зрна
B—Заден десен ремен на вратилото за подигање
C—Ремен на спиралата за отпад и елеваторот
D—Повратна спирала за отпад, синџир #50
E—Ремени на вентилаторот на решетото и спиралите на преносникот
F—Преден десен ремен на вратилото за подигање
G—Променлив ремен на вентилаторот за чистење
H—Ремен на влезниот акцелератор
I— Влезен преносник (синџир), синџир #60
J— Погонски ремен на одбојниот битер (изборно) [1]

[1]Достапно само кај машините S670.

OUO6075,0001049 -A8-27FEB12-1/1

Погонски ремени — десна страна (S680, S685 и S690)



A—Ремен на елеваторот за чисти зрна
B—Заден десен ремен на вратилото за подигање
C—Синџир за вртење #60 на елеваторот за зрна/горната спирала
D—Погонски ремен на системот за отпад
E—Преден десен ремен на вратилото за подигање
F—Ремени на вентилаторот на решетото и спиралите на преносникот
G—Ремен на влезниот акцелератор
H—Влезен преносник (синџир), синџир #60
I—Променлив ремен на вентилаторот за чистење
J—Погонски ремен на одбојниот битер (изборно)

OUO6075,0001235 -A8-09OCT12-1/1

Влезен акцелератор - одзатнување

1. Исклучете го сепараторот.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
3. Променете го запчестиот пренос на погонот на сепараторот во ниска брзина.
4. Отстранете го затегнувањето на ременот од погонот на влезниот акцелератор со притискање на рачката кон нагоре и кон надвор од засекот на носачот.
5. Отворете ја вратата на собирачот на камења и исчистете. Оставете ја отворена вратата на собирачот на камења.
6. Озвучете ја сирената, стартувајте го моторот и поставете ја брзината на моторот во среден празен од.
7. Вклучете го сепараторот за да го исчистите материјалот, битерот за празнење и дробилката.
8. Исклучете го сепараторот.
9. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
10. Отстранете ги пристапните капаци на влезниот акцелератор и отстранете го материјалот од културата од површината на акцелераторот. Откако ќе го исчистите затнувањето, завртете го акцелераторот за еден круг за да осигурете дека е ослободен.
11. Вклучете го погонот на влезниот акцелератор со притискање на рачката кон нагоре и внатре во засекот на носачот.
12. Озвучете ја сирената, стартувајте го моторот и поставете ја брзината на моторот во среден празен од.
13. Вклучете го сепараторот. Ако затнувањето на се исчисти, исклучете го сепаратерот и повторете ги чекорите 9 — 13.
14. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
15. Затворете го собирачот на камења и поставете го растојанието на корпата назад во оригналната поставка. Заменете ги пристапните капаци на влезниот акцелератор.
16. Ако почетно работете при високи брзини, променете го запчестиот пренос на погонот и нагодете ја брзината на сепараторот назад во почетната поставка и продолжете со работењето.

OUO6075,0000785 -A8-09AUG07-1/1

Сепаратор — одзатнување

Исклучете го сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Забележете ја поставката на корпата и нагодете ја копрата во широко отворена положба.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Променете го запчестиот преносник на погонот на сепараторот во неутрална положба.

Отстранете го затегнувањето на ременот од погонот на влезниот акцелератор со притискање на рачката кон нагоре и кон надвор од засекот на носачот.

Отворете ја вратата на собирачот на камења и исчистете. Затворете ја вратата за заробување на камчиња.

Озвучете ја сирената, стартувајте го моторот и поставете ја брзината на моторот во среден празен од.

Вклучете го сепараторот за да го исчистите материјалот од битерот за празнење.

Нагодете го променливиот ремен на сепараторот на средина од опсегот.

Исклучете го сепараторот.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Променете го запчестиот преносник на погонот на сепараторот во ниска брзина.

Озвучете ја сирената, стартувајте го моторот и поставете ја брзината на моторот во среден празен од.

ВАЖНО: За да спречите оштетување на главниот запчест преносник на моторот и на мократа спојка, не ја вклучувајте спојката на сепараторот со затнат сепаратор повеќе од три пати во период од три минути.

Додека моторот работи во празен од, почекајте една минута помеѓу вклучувањата на затнатиот сепаратор.

Вклучете го сепараторот за да го исчистите сепараторот. Ако затнувањето не се отстрани, исклучете го сепараторот.

Ако сепараторот не може да биде отстранет преку вклучување и исклучување, ќе биде неопходно да се отстранат корпите и решетките и да се отстрани мало количество слама со рацете. Откако ќе го исчистите затнувањето, повторно поставете ги корпите и решетките.

Откако одделувачот е исклучен, поставете го проредот на конкавниот дел назад на почетната поставка.

Вклучете го погонот на влезниот акцелератор со притискање на рачката кон нагоре и внатре во засекот на носачот.

Ако претходно сте работиле во висока брзина, променете го запчестиот преносник на сепараторот во положба за висока брзина. Нагодете ја брзината на сепараторот назад во оригиналната поставка и продолжете со работата.

OUO6075,0001853 -A8-25JUN14-1/1

Битер за празнење — одзатнување

Исклучете го хедерот и сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Забележете ја поставката на корпата и нагодете ја копрата во широко отворена положба.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Подигнете ја дробилката за слама.

Отстранете ги капаците за да пристапите до површината на битерот за празнење и отстранете го посевниот материјал од површината на битерот.

Отстранете ги штитниците над погонските макари на битерот за празнење, така што макарите можат да се вртат со рака.

Откако ќе го исчистите затнувањето, завртете го битерот за еден круг за да осигурете дека е ослободен.

Променете го запчестиот пренос на погонот на сепараторот во неутрална положба.

Отстранете го затегнувањето на ременот од погонот на влезниот акцелератор со притискање на рачката кон нагоре и кон надвор од засекот на носачот.

Озвучете ја сирената, стартувајте го моторот и поставете ја брзината на моторот во среден празен од.

Вклучете го сепараторот за да го исчистите материјалот од битерот за празнење и дробилката.

Исклучете го сепараторот.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Променете го запчестиот пренос на погонот на сепараторот во првобитната брзина.

Вклучете го погонот на влезниот акцелератор со притискање на рачката кон нагоре и внатре во засекот на носачот.

Поставете ги сите штитници кои биле претходно отстранети.

Спштете ја дробилката за слама во работната положба.

Озвучете ја сирената, стартувајте го моторот и поставете ја брзината на моторот во среден празен од.

Вклучете го сепараторот.

Поставете го растојанието на корпата назад во почетната поставка и продолжете со работењето.

OUO6075,0000787 -A8-09AUG07-1/1

Дробилка (општи информации)

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте некој да стои зад дробилката кога таа работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите нагодување на дробилката.

Нормалната употреба го троши дното на перките на дробилката и го остри нивниот раб.

За дробилки со висока брзина:

- Зрна

За дробилки со ниска брзина:

- Пченка

За да ја промените дробилката во висока или во ниска брзина, погледнете во Погонски брзини на дробилката — Променување, понатаму во ова поглавје.

Започнете со блокот ножеви во целосно исклучена положба. Ако се посакува подобар квалитет на отсекување, нагодете го блокот ножеви во целосно отворена положба, погледнете во Стационарен блок ножеви на дробилка — нагодување, понатаму во ова поглавје.

ЗАБЕЛЕШКА: За понатамошни информации за нагодување на дробилката преку прекинувачи во кабината, погледнете го поглавјето Конзола на потпирачот за рака CommandTouch.

OUO6075,0000B74 -A8-21MAR11-1/1

Плевање (општи информации)

- Целосно подигнете ја дробилката. Погледнете во Нагодување на дробилката понатаму во ова поглавје.
- Променете го погонот на дробилката во неутрална положба. Погледнете во Погонски брзини на дробилка — Променување, понатаму во ова поглавје.
- Ако вржите жнеење на култури со ниска слама, спуштете го дефлекторот за кочан во положба за пченка. Погледнете во Пренасочувач на култури, понатаму во ова поглавје.
- Ако опремено со задна плоча PowerCast, поставете ја брзината на дискот на нула. За понатамошни информации, погледнете во Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот во поглавјето Конзола на потпирачот за рака CommandTouch.

OUO6075,0000CB9 -A8-28JUN11-1/1

Задна врата—прилагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги завртките со глава (A) од двете страни на задната врата.

Прилагодете ја задната врата нагоре или надолу во засеците (B) за контрола на широчината на распостилање на сламата.

Стегнете ги завртките со глава од двете страни на задната врата за да ја заклучите во дадената положба.

A—Завртки со глава (4 употребени)

B—Засеци



H98131 —UN—20SEP10

OUO6075,0001815 -A8-28MAY14-1/1

Крила на задната врата (рачно прилагодување)—прилагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.

Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.).

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги крилата на задната врата (B) како што е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (рачно прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

Стегнете ги навртките и повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.



H98133 —UN—20SEP10

A—Навртки **B—Крила на задна врата**

OUO6075,0001816 -A8-28MAY14-1/1

Крила на задната врата (електричен мотор)—прилагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.

Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.).

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги крилата на задната врата (B) на различните отвори (C) доколку е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

Стегнете ги навртките и повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.



H98134 —UN—21SEP10

A—Навртки **C—Отвори**
B—Крила на задна врата

OUO6075,0001818 -A8-28MAY14-1/1

Крила на задната врата (рачно прилагодување)—фабрички поставки



Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од горната страна на крилата на задната врата)

A—693 mm (27.3 in.)
B—548 mm (21.6 in.)
C—382 mm (15 in.)
D—262 mm (10.3 in.)
E—133 mm (5.2 in.)
F—48 mm (1.9 in.)

OUO6075,0001817 -A8-28MAY14-1/1

Крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки



H100408 —UN—23FEB11

Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од долната страна на крилата на задната врата)

A—Лопатка 1
B—Втор отвор
C—Лопатка 2
D—Трет отвор
E—Лопатка 3
F—Шести отвор
G—Лопатка 4
H—Петти отвор
I— Лопатка 5
J—Четврти отвор
K—Лопатка 6
L—Прв отвор

ЗАБЕЛЕШКА: Местото на отворите се од средината на надворешната страна на задната врата кога ги прилагодувате крилата на надворешната врата.

Ако се посакува патека на ширина на ширењето од 7,6 m (25 ft.) контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за понатамошни информации за изборен комплет.

OUO6075,0001819 -A8-28MAY14-1/1

Задна плоча PowerCast — нагодување (изборно)

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте некој да стои зад задната плоча која се шири додека таа работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите нагодување.

За најдобри перформанси, погонската задна плоча треба секогаш да работи рамно на земјата или паралелно со земјата. Во зависност од комбинацијата на гуми, можеби ќе биде потребно да се подигне или спушти задната плоча.

Паркирајте ја машината на рамен терен.

Олабавете ги завртките (A) на двете страни на дробилката.

Нагодете ја погонската задна плоча нагоре или надолу во жлебовите (B) за да ја порамните задната плоча.

Затегнете ги завртките со глава на двете страни на дробилката за да ја затворите во положбата.



H98132 —UN—20SEP10

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Засеци

OUO6075,00009CC -A8-14OCT10-1/1

Сечило на задна плоча PowerCast — заменување (изборно)

ВНИМАНИЕ: Склоповите на дискот тежат приближно 13 kg (29 lb.).

ВАЖНО: Склоповите на дискот се леви и десни. Означете ги положбите на склопот на дискот пред да го отстранувате.

Одвртете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B) од склоповите на дискот на распрскувачот (C).

A—Сигурносна навртка
B—Шраф со глава
C—Склопови на дискот на распрскувачот



H98170 —UN—22SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00009CE -A8-22SEP10-1/2

ВАЖНО: Кога заменувате истрошени или оштетени сечила, осигурете дека истовремено ги заменувате и сечилата на спротивните страни од дискот за да се одржи рамнотежата при ротирање на дискот.

Сечилата се ориентирани во наизменични патеки на отвори за да се добие оптимална ширина за материјалот. Осигурете дека резервните сечила се поставени назад во истите отвори како и претходно отстранетите сечила.

Поставете ги резервните сечила по потреба и затегнете ги машинските делови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Машински делови на сечило—Вртлив момент.....22 N·m (16 lb.-ft.)



H98171 —UN—22SEP10

OUO6075,00009CE -A8-22SEP10-2/2

Задни обвивки на задната плоча PowerCast (изборно)

ЗАБЕЛЕШКА: Обвивките може да се отстранат за да се носи повеќе материјал кон средината на машината при жнеење во услови на груба или тешка слама.

Предните и задните обвивки треба секогаш да бидат поставени за да се овозможи оптимално распоредување при жнеење пченка.

Положба за теренска работа:

Обвивките се употребуваат за управување на распрскувањето отпадоци преку распоредување кај широки платформи.

Поставете ги задните обвивки (B) зад заварената лента, како што е прикажано, и затегнете ги со машинските делови (A).



H98180 —UN—22SEP10

A—Машински делови (8 употребени)

B—Задни обвивки

Продолжува на следната страница

OUO6075,00009CF -A8-30SEP10-1/2

Положба за складирање:

Отстранете и задржете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

Поставете ги задните обвивки (C) на заварената двоглава навртка, како што е прикажано, и затегнете со крилестата навртка (D).

Поставете го претходно отстранетиот штитник и клиновите за брзо заклучување.

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник
C—Задни обвивки
D—Крилеста навртка



H98181 —UN—22SEP10

OUO6075,00009CF -A8-30SEP10-2/2

Лопатки на пренасочувачот на културата — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Вртењето на завртката со глава (A) го нагодува индикаторот (B) и ги поместува лопатките на пренасочувачот на култура.

- Во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот (C) - ги поместува лопатки кон левата страна од машината.
- Во насока на движењето на стрелките на часовникот (D) - ги поместува лопатки кон десната страна од машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете ги лопатките додека распределбата на материјалот на културите е еднаква долж ширината на телото.

A—Шраф со глава
B—Индикатор
C—Во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот
D—Во насока на движењето на стрелките на часовникот



H98165 —UN—21SEP10



H98166 —UN—21SEP10



H98708 —UN—19OCT10

OUO6075,00009CD -A8-17NOV10-1/1

Пренасочувач на култура

ВАЖНО: За да спречите лична повреда или оштетување на машината, не поместувајте ја рачката за пренасочувачот на култура додека машината работи.

Положба за мали зрна (C):

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја посакуваната вредност за максимална брзина на жнеење во нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (D) за да се вратите на претходната страница.

Нагодувања на системот

- Максимална брзина на жнеење (2,0 - 14,0 km/h) (1.2 - 8.6 mph) – употребете го параметарот за да ја поставите максималната теренска брзина кога е активен Harvest Smart™.

  ЗАБЕЛЕШКА: Параметрите може да бидат модифицирани за да се зголеми функционалноста и да се оптимизираат перформансите.

  - Поставете удобна максимална теренска брзина без да мора да ја поместувате повеќенаменската рачка кон назад. Во спротивно, кога условите на културата ќе се променат од нормален принос до мали приноси, системот ја зголемува теренската брзина додека не се постигне целниот притисок или положбата за брзина на повеќенаменската рачка.

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H106442 —UN—03JAN13



H106492 —UN—08JAN13

A—Икона за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Икона за напредна конфигурација
C—Поле за максимална брзина на жнеење
D—Икона Враќање/Назад

- Една опција е да се постави максималната теренска брзина за 0,8—1,6 km/h (0.5—1 mph) повисоко во најлесни услови на култура. Со ограничувањето на максималната теренска брзина така што се движи малку над нормалната работна брзина, системот е поефикасен (не мора да се адаптира на голем опсег на брзина и учење на параметрите).

  ЗАБЕЛЕШКА: Положбата на повеќенаменската рачка поставена од операторот секогаш ја ограничува максималната теренска брзина.

OUO6075,0001376 -A8-08JAN13-1/1

Брзина на полнење Harvest Smart™ — осетливост

Осетливоста ја поставува агресивноста на одговорот од Harvest Smart™ кон изменувања во густината на културата. Поставки за висок одговор предизвикуваат машината да прави нагли промени во теренската брзина со цел одржување на количеството култура. Поставки за низок одговор предизвикуваат машината да прави помалку агресивни промени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™ (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредна конфигурација (B).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за осетливост (C).

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже посакуваната вредност за осетливоста. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.

Само за екран осетлив на допир: Внесете ја посакуваната вредност за осетливост во нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (D) за да се вратите на претходната страница.

Нагодувања на системот

- Осетливост (0 — 100) – употребете го ова за да нагодете колку агресивно Harvest Smart™ врши промени во теренската брзина.

  ЗАБЕЛЕШКА: Параметрите може да бидат модифицирани за да се зголеми функционалноста и да се оптимизираат перформансите.

  - Најдобро е да се започне со ниски вредности и да се вршат големи зголемувања (10 - 20) додека промените во теренската брзина не постанат премногу агресивни. Оттаму, поставете помали вредности.
  - Стапките варираат според хедерот поради различноста во функцијата на полнење (пример: хедер за пченка може да има подобри перформанси при високи стапки, додека пак транспортната лента има потреба од помали стапки).
  - Стапките мора да бидат нагодени врз основа на теренската брзина. При мали брзини, повисоката стапка би можела да има подобри перформанси отколку при големи брзини. Во многу променливи услови (големи промени во густината за кратки растојанија), се препорачува брзината на реакцијата да се одржува во среден опсег (40 — 60).

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H106442 —UN—03JAN13

H106493 —UN—08JAN13

A—Икона за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Икона за напредна конфигурација
C—Поле за осетливост
D—Икона Враќање/Назад

OUO6075,0001377 -A8-08JAN13-1/1

Брзина на жнеење Harvest Smart™ — идентификации на статус

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™ (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Индикаторот за статус на Harvest Smart™ (B) го прикажува режимот во кој машината моментално работи.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностички параметри (C).

Екранот ги прикажува следниве информации за состојба на машината, условите и статусот:

- Harvest Smart™ е поставен
- Рачниот режим е деактивиран
- Сепараторот е вклучен
- Хедерот е вклучен
- Моторот е во висок празен од
- Режимот за работа на пат не е активен
- Притиснато е копчето за активирање 2 или 3
- Повеќенаменската рачка е ограничена
- Положба на повеќенаменската рачка
- Зададена положба на Harvest Smart™

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (D) за да се вратите на претходната страница.

A—Икона за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Индикатор за статус на Harvest Smart™
C—Икона за дијагностичките параметри
D—Икона Враќање/Назад

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H106444 —UN—04JAN13



H106446 —UN—04JAN13

OUO6075,0001374 -A8-04JAN13-1/1

Брзина на полнење Harvest Smart™ — Почетна калибрација



H106448 —UN—04JAN13



H106449 —UN—04JAN13

A—Прекинувач за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™
B—OFF (исклучено)
C—Прекинувач за вклучување на хедерот
D—Прекинувач за вклучување на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Калибрацијата МОРА да биде извршена кога за прв пат се врши жнеење на култура, при променување на култури или кога се променуваат условите на теренот.

Притиснете го прекинувачот за вклучување на брзина на полнење Harvest Smart™ (A) додека на екранот не се прикаже OFF (B) (исклучено).

Завртете го прекинувачот за вклучување на хедерот (C) и прекинувачот за вклучување на сепараторот (D) во положба ON (вклучено) и спуштете го хедерот.

OUO6075,0001284 -A8-08JAN13-1/2

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™ (A).

Работете со машината во постојана култура со посакуваните степени на загуба, одржувајќи го тој степен за 10 – 15 секунди за да овозможите машината да се стабилизира.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација на Harvest Smart™ (B). Ова ги поставува протокот на материјалот и целните загуби за Harvest Smart™.

A—Икона за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Икона за калибрација на Harvest Smart™

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H106450 —UN—04JAN13

Прикажан е режимот за капацитет

OUO6075,0001284 -A8-08JAN13-2/2

Брзина на полнење Harvest Smart™ — работење





H106448 —UN—04JAN13

H106438 —UN—03JAN13

A—Прекинувач за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Смарт
C—Прекинувач за вклучување на хедерот
D—Прекинувач за вклучување на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Ако операторот го напушти седиштето додека е активиран Harvest Smart™, системот ќе продолжи да работи три секунди пред системот да се деактивира и машината ќе забави до целосно застанување. За да го активирате системот, поставете ја повеќенаменската рачка во неутрална положба и притиснете го копчето за активација 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Притиснете го прекинувачот за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™ (A) додека на екранот не се прикаже Смарт (B).

Завртете го прекинувачот за вклучување на хедерот (C) и прекинувачот за вклучување на сепараторот (D) во положба ON (вклучено) и спуштете го хедерот.

Продолжува на следната страница

Притиснете го копчето за активирање 2 или 3 на повеќенаменската рачка за да го активирате системот и поместете ја повеќенаменската рачка целосно кон напред.

ЗАБЕЛЕШКА: Повеќенаменската рачка ја ограничува максималната теренска брзина. Поместете ја повеќенаменската рачка наназад за да ја забавите или да ја стопирате машината. Поместете ја повеќенаменската рачка нанапред за да овозможите машината бавно да оди до теренската брзина која е била претходно поставена од операторот.

Максималната дозволена теренска брзина се прикажува на екранот на CommandCenter™.

ВНИМАНИЕ: Откако ќе се притисне копчето за активација 1, машината ќе забрза до положбата на повеќенаменската рачка, враќајќи ја целосната контрола за повеќенаменската рачка на операторот.

Кога се доаѓа до крајот од полето, притиснете го копчето за активација 1 на повеќенаменската рачка. Ова привремено го деактивира системот, овозможувајќи машината да се забрза до положбата на повеќенаменската рачка. Кога системот е привремено деактивиран, операторот има целосна контрола на



H95954 —UN—01NOV10

машината. Повлечете ја повеќенаменската рачка наназад за да ја забавите машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Можат да бидат потребни до пет минути за Harvest Smart™ да ја одреди просечната брзина на жнеење откако е внесена нова калибрација. Оваа брзина потоа се користи за продолжување на теренската брзина на машината кога се влегува во културата со активен Harvest Smart™.

Кога влегувате во културите, притиснете го копчето за активирање 2 или 3 на повеќенаменската рачка за повторно да го активирате системот и поместете ја повеќенаменската рачка целосно кон напред.

OUO6075,0001375 -A8-24JAN13-2/2

Брзина на полнење Harvest Smart™ — дополнителни информации (ВКЛУЧЕНА растоварна спирала и теренски услови)

ЗАБЕЛЕШКА: Harvest Smart™ (Паметно жнеење) ја одржува брзината на движење на машината кога е притиснато копчето за сврделот за празнење (ако повеќефункционалната рачка не е придвижена назад). Кога е вклучен системот за растоварување, системот останува во контрола; сепак одговорот е ограничен за да се спречат ненадејни промени кои би ја превртиле количката со зрна.

- Кога е притиснат прекинувачот за погонот на растоварната спирала (A), Harvest Smart™ сè уште ќе биде активен. Ако операторот сака рачна контрола при растоварувањето, повлечете ја повеќенаменската рачка наназад додека машината не забави за привремено да го деактивирате системот. Сега операторот има целосна контрола над теренската брзина. Кога копчето за растоварната спирала е ИСКЛУЧЕНО, системот автоматски се активира повторно и ја контролира теренската брзина.
- Кога условите на културата се високо променливи, операторот треба да ја помести повеќенаменската



H95955 —UN—01NOV10

A—Прекинувач на погонот на растоварната спирала

рачка наназад за забавување и ограничување на влезната брзина при услови на тешки култури. После 5 секунди, поместете ја повеќенаменската рачка целосно нанапред.

Harvest Smart е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001837 -A8-12JUN14-1/2

- Ако системот постојано прави машината да се движи побрзо отколку нормално, зголемете ја вредноста на калибрацијата на загубата на зрна за 2 или 3. Ако системот постојано прави машината да се движи побавно отколку нормално, намалете ја вредноста на калибрацијата на загуба на зрна за 2 или 3.

a. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.
b. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на културата (A).
c. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за вредноста на калибрацијата на загубата на зрна (B).
d. Изберете ја посакуваната вредност на калибрацијата на загубата на зрна:
Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го копчето за бирање додека не се прикаже саканата вредност на калибрацијата на загубата на зрна. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.
Само за екран осетлив на допир: Внесете ја саканата вредност на калибрацијата на загубата на зрна во нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H111425 —UN—12JUN14

A—Икона за конфигурација на културата

B—Вредност на калибрацијата на загубата на зрна

OUO6075,0001837 -A8-12JUN14-2/2

Брзина на полнење Harvest Smart™ — најдобри пракси

Калибрирајте го системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™ (A).

Работете со машината 15 - 20 секунди во посакуваната култура во прифатлив проток и степени на загуба осигурувајќи стабилно работење (овозможува притисокот на ротерот и степените на загуба да се стабилизираат).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрацијата на загубата на зрна (B). Калибрирањето ги поставува следниве параметри:

- Целно количество (проток)
- Целна загуба
- Фактор за калибрација на загубата VisionTrak™

A—Икона за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™

B—Икона за калибрација на загубата на зрна

H94473 —UN—31MAR10

Икона за конфигурација на комбајнот



H106450 —UN—04JAN13

Прикажан е екранот за капацитет

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001286 -A8-04JAN13-1/2

Активирајте го системот:

Притиснете го прекинувачот за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™ (A) додека на екранот не се прикаже режимот Смарт или режимот за капацитет:

- Режим Смарт - е препорачаниот метод.
- Режим за капацитет - ако загубите не се проблем или ако VisionTrak™ не е сигурен поради условите.

Притиснете го копчето за активирање 2 или 3 на повеќенаменската рачка за да го активирате системот и поместете ја повеќенаменската рачка нанапред за да овозможите системот да ја зголеми брзината според густината на културата.

ЗАБЕЛЕШКА: Системот нема да зададе брзина поголема од положбата на повеќенаменската рачка.

A—Прекинувач за вклучување на брзината на полнење Harvest Smart™

H95948 —UN—06APR10



H95956 —UN—01NOV10

OUO6075,0001286 -A8-04JAN13-2/2

Контрола на брзината на полнење Harvest Smart™ — симптоми на системот и на теренот

Машината забрзува многу бавно:

- Зголемете го стапката на осетливост, погледнете во ова поглавје брзина на полнење Harvest Smart™ — осетливост.
  - При повисоки стапки на осетливост, машината одговора побрзо на промените.

  ЗАБЕЛЕШКА: Зголемувањето на стапката на осетливоста во чекори од еден речиси не се забележува. Зголемувањето на стапката на осетливоста во чекори од 20 повеќе се забележува. Откако ќе добиете прифатлив опсег на перформансите, поставките можат да се дефинираат попрецизно.

  Зголемувањето на стапката на осетливост нема никакво влијание на максималното забавување.

Машината застанува или има драматично пречекорување на брзината:

- Ако машината е на долниот крај од опсегот на брзината за вршалката и брзината на полнење е превисока, зголемете ја брзината на роторот за 20 - 30 вртежи/мин. Теренската брзина се одржува десет секунди откако ќе се зголеми или намали брзината на роторот. После десет секунди, се зема средна вредност од пет секунди за притисокот на роторот и се поставува нова вредност за целниот притисок.

ЗАБЕЛЕШКА: Harvest Smart™ има ограничувања кои го детектираат оптоварувањето при долниот и горниот крај на опсегот на брзината на вршалката. Ако после петнаесет секунди, просечниот систем изгледа нестабилен, калибрирајте ја повторно целната вредност.

Теренската брзина осцилира:

ЗАБЕЛЕШКА: При жнеење нови култури, нормално е машината да осцилира кратко време.

- Намалете ја стапката на осетливост.
- Машината работи блиску до максималната сила (под номиналната брзина на моторот) и предизвикува машината да осцилира (зголемување/намалување на теренската брзина), погледнете во Брзина на полнење Harvest Smart™ — осетливост, во ова поглавје.
  - Намалете ја стапката на осетливост за да ја прекинете осцилацијата и нагодете ја целната брзина на моторот за да ја контролирате теренската брзина.

Теренската брзина осцилира во ридести услови:

- Како што се движи машината нагоре по ридот, ќе задржи константна теренска брзина. Ако машината се движи нагоре по стрмен рид, машината малку ќе забави поради високите хидростатични сили, погледнете во Брзина на полнење Harvest Smart™ — максимална брзина на полнење, во ова поглавје.
- Како што машината се спушта надолу по ридот, ја зголемува брзината, погледнете во Брзина на полнење Harvest Smart™ — максимална брзина на полнење, во ова поглавје.
  - Операторот треба да постави максимална теренска брзина на жнеење што е удобна. Ова и овозможува на машината да не ја пречекори максималната брзина кога оди надолу по ридот.

  ЗАБЕЛЕШКА: Кога вршите жнеење во површини каде условите на културата се построги или долж водни патишта или ерозии од надојдена вода, се препорачува операторот да ја повлечи наназад повеќенаменската рачка. Ова овозможува да се добие контрола над машината и ја намалува теренската брзина ако операторот смета дека машината се движи многу брзо.

Целната или теренската брзина се зголемува без загуби:

- Кога работите во режимот Смарт, сензорите на VisionTrak™ не работат, (прекриени, исклучени или се оштетени), што предизвикува машината да ја зголеми брзината што резултира во поголеми загуби, погледнете во брзина на полнење Harvest Smart™ — режим Смарт или режим за капацитет во ова поглавје.
  - Променете од работење во режим Смарт во работење во режим за капацитет. Ова овозможува постојан проток на материјалот овозможувајќи на машината да ја зголеми брзината кога материјалите од културата се полесни и да ја намали теренската брзина кога материјалите од културата се потешки.

Системот ги губи целните вредности:

- Кога работите во режимот Смарт, системот постојано ги пресметува вредностите за целниот притисок за да ја нагоди теренската брзина.
- Harvest Smart™ мора да биде повторно калибриран секогаш кога контактниот клуч е завртен. Системот не ја задржува влезната брзина кога се врти стартниот клуч.

Машината реагира многу бавно на промените во културата:

- Нагодувањето на стапката на осетливост на машината е многу ниско, погледнете во ова поглавје во Брзина на полнење Harvest Smart™ — осетливост.

Продолжува на следната страница

ЗАБЕЛЕШКА: Зголемувањето на стапката на осетливоста во чекори од еден речиси не се забележува. Зголемувањето на стапката на осетливоста во чекори од 20 повеќе се забележува.

- Продолжете да ја зголемувате стапката на осетливоста сè додека не се појави осцилирање и намалете ја стапката на осетливоста од таа точка.
- Поставки за висока стапка на осетливост предизвикуваат машината да врши нагли промени во теренската брзина за да го одржи количеството култура.
- Поставки за ниска стапка на осетливост овозможуваат помалку агресивни промени.

Машината реагира поагресивно на загуби на култура:

- Режимот за капацитет овозможува постојан проток на материјалот овозможувајќи на машината да ја зголеми брзината кога материјалите од културата се полесни и да ја намали теренската брзина кога материјалите од културата се потешки.
- Извршете повторна калибрација на VisionTrak™, погледнете во Брзина на полнење Harvest Smart™ — почетна калибрација во ова поглавје.
- Ако повторната калибрација на VisionTrak™ нема никаков ефект, префрлете во режимот Смарт, погледнете во Брзина на полнење Harvest Smart™ — режим Смарт или режим за капацитет во ова поглавје.
- Во некои услови, режимот за капацитет е подобар режим за работење.

OUO6075,0001378 -A8-30JAN13-2/2

Решавање проблеми со брзината на полнење Harvest Smart™

Контрола на брзината на полнење Harvest Smart™

Симптом	Проблем	Решение
Машината забавува или застанува кога е активираната контролата на брзината на полнење Harvest Smart™.	*ЗАБЕЛЕШКА: Можат да бидат потребни до пет минути за Harvest Smart™ да ја одреди просечната брзина на жнеење откако е внесена нова калибрација.*	Извршете повторна калибрација на системот.
	Машината има неточна вредност при калибрацијата.	
	Harvest Smart™ мора да биде повторно калибриран секогаш кога контактниот клуч е завртен. Системот не ја задржува влезната брзина кога се врти стартниот клуч.	Извршете повторна калибрација на системот.
После повторната калибрација на системот, машината се движи многу бавно.	Целниот вртлив момент на роторот е многу низок.	Зголемете ја вредноста на калибрација на загубата на зрна за 2 или 3.
	Машината има неточна вредност при калибрацијата.	Извршете повторна калибрација на системот.
После повторната калибрација на системот, машината се движи побрзо од посакуваното.	Целниот вртлив момент на роторот е многу висок.	Намалете ја вредноста на калибрација на загубата на зрна за 2 или 3.
	Машината има неточна вредност при калибрацијата.	Извршете повторна калибрација на системот.
Со активна контрола на брзината на полнење Harvest Smart™, машината ја осцилира брзината премногу.	Зрната/Агресивноста е поставена на многу високо.	Намалете ја поставката за осетливоста.
	Контролата на загубата е премногу осетлива.	Обидете се со работење на системот за контрола на брзината на полнење Harvest Smart™ во режим за капацитет.
Со активен систем за контрола на брзината на полнење Harvest Smart™, системот изгледа бавен во применувањето на изменувањата.	Зрната/Агресивноста е поставена на многу ниска.	Зголемете ја поставката за осетливоста.
Контролата на брзината на полнење Harvest Smart™ работи неконтролирано.	Машината има неточна вредност при калибрацијата.	Извршете повторна калибрација на системот.
	Контролата на загубата не работи исправно.	Обидете се со работење на системот за контрола на брзината на полнење Harvest Smart™ во режим за капацитет.

Продолжува на следната страница

Контрола преку жица на брзината на полнење Harvest Smart™

Симптом	Проблем	Решение
Машината прекинува неочекувано и не се поместува.	Некоја компонента на системот е надвор од толеранцијата.	Вратете ја повеќенаменската рачка во неутралната положба и избришете ги сите дијагностички кодови за грешка. Откако кодовите ќе се избришат, обидете се да ја возите машината.
	Сензорот за положба на плочата за плискање открива блокиран вентил или е не исправен и прикажува повеќе дијагностички кодови за грешки.	(Машини што не се ProDrive™) За дополнителни информации погледнете во Режим Limp и режим за работа во итни случаи на брзината на полнење Harvest Smart™ понатаму во ова поглавје или посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема. (Машини ProDrive™) За дополнителни информации погледнете во Режим Limp на брзината на полнење Harvest Smart™ понатаму во ова поглавје или посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Системот има изгубено еден или повеќе од каналите за редундантност или каналите се во прекин што предизвикува системот да прикажува повеќе дијагностички кодови за грешки.	(Машини што не се ProDrive™) За дополнителни информации погледнете во Режим Limp и режим за работа во итни случаи на брзината на полнење Harvest Smart™ понатаму во ова поглавје или посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема. (Машини ProDrive™) За дополнителни информации погледнете во Режим Limp на брзината на полнење Harvest Smart™ понатаму во ова поглавје или посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Машината ќе прекине откако возачот нема да биде на своето седиште повеќе од три секунди.	Операторот не е на своето седиште.	Операторот мора да се врати на седиштето и да ја врати повеќенаменската рачка во неутрална положба пред да може да се продолжи со работењето.

OUO6075,0001379 -A8-30JAN13-2/2

Режим на брзината на полнење Harvest Smart Limp и режими за работа во итни случаи

Режим Limp

ЗАБЕЛЕШКА: ОВОЗМОЖУВА МАШИНАТА ДА РАБОТИ ДО ЧЕТИРИ ЧАСОВИ. ДА СЕ СЕ КОРИСТИ ЗА НОРМАЛНА РАБОТА. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за веднаш да ја провери машината.

Користете го режимот **LIMP** за машината привремено да се помести.

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за центарот на пораки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностичките адреси.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата со стрелка долу за да се движите низ листата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи паѓачко мени на уредот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога контролниот прекинувач **VCM** ќе се означи во менито.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата со стрелка долу.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога адресата **103** ќе се означи во менито.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати.

ЗАБЕЛЕШКА: Променете 0 во 1 за да го овозможите режимот limp.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи бројот еден.

- 0= Исклучено
- 1= Вклучено

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати за да ја зачувате вредност на адресата.

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

Режим за работа во итни случаи

ЗАБЕЛЕШКА: ЈА ПОМЕСТУВА МАШИНАТА ЗА 30 СЕКУНДИ. ДА СЕ СЕ КОРИСТИ ЗА НОРМАЛНА РАБОТА. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за веднаш да ја провери машината.

Користете го режимот за **РАБОТА ВО ИТНИ СЛУЧАИ** за да ја отстраните машината од патот.

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за центарот на пораки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностичките адреси.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата со стрелка долу за да се движите низ листата.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи паѓачко мени на уредот.

Машини кои не се ProDrive: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога контролниот прекинувач **VCM** ќе се означи во менито.

Машини ProDrive: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога контролниот прекинувач **PTP** ќе се означи во менито.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата со стрелка долу.

Машини кои не се ProDrive: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога адресата **102** ќе се означи во менито.

Машини ProDrive: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога адресата **119** ќе се означи во менито.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати.

ЗАБЕЛЕШКА: Променете 0 во 1 за да го овозможите режимот за работа во итни случаи.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи бројот еден.

- 0= Исклучено
- 1= Вклучено

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати.

Продолжува на следната страница

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати за да ја зачувате вредност на адресата.

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,0001118 -A8-13APR12-2/2

Системот HillMaster (општи информации)

ВНИМАНИЕ: HillMaster мора да се користи само во поле. Пред возење на јавни патишта, машината мора да се спушти во положба за транспорт, така што максималната висина да не е поголема од 4.0 m.

Мора да се внимава кога машината се врти на стрмнини. Следете ги овие предупредувања кога ја вртите машината на стрмнини за да не изгубите стабилност и да се превртите од машината:

- **Никогаш не вртете ја машината побрзо одошто системот за порамнување може да го одржи нивото на машината.**
- **Секогаш вртете на угорнина и никогаш на удолнина.**
- **Не движете се на поголеми стрмнини кога ќе се појави на дисплејот индикаторот за максимално ограничување на накосеноста.**

Избегнете повреди од згмечување. Секогаш спуштете го системот за порамнување пред да одите под машината за сервис или нагодувања. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: Пред да го активирате контролниот прекинувач за рачно порамнување, проверете сопирачката за паркирање да е ослободена.

Немојте да ја паркирате машината премногу блиску до други машини или ѕидови од



ZX002438 —UN—16JUN95

ZX 002438

зграда. Ова е многу важно бидејќи машината може да се накоси поради внатрешно губење на притисок на маслото кога е паркирана за подолг временски период. Ова може да предизвика штета на машината и на соседните машини или ѕидови.

Стандардните крајни погони сместени се на ротирачките носечки плочи на предната оска. Хидрауличниот цилиндер се користи за ротирањето на носечките плочи горе-долу за накосување на машината. Сепараторот го одржува нивото додека машината се движи низ нераман терен.

Со системот може да се работи рачно користејќи ги копчињата HillMaster за накосување на лево и десно или во автоматскиот режим.

OUO6075,0000A04 -A8-02NOV10-1/5

Во автоматскиот режим, сензорот за накосување (A) управува со телото на машината и го одржува нивото додека машината се движи низ поле.

Со менувањето на стрмнини во поле, висок во сензорот за накосување го измерува аголот на накосување и дава сигнал во контролната единица. Во соодветното време и аголот на накосување, контролно струјно коло праќа електронски сигнал до левиот или десниот соленоид за накосување на контролниот вентил за порамнување на накосувањето.

ЗАБЕЛЕШКА: Сензорот го одржува нивото на сепараторот во рамките на еден степен во текот на работата на поле. Во работата на груб и нерамен терен, положбата на нивото на сепараторот може да надминува тој еден степен за кратко време.

Системот за накосување одржува новото на сепараторот на стрмнини до 15%. Ако се работи на стрмнини поголеми од 15%, индикаторот за



H98380 —UN—01OCT10

Сензор за накосување сместен на предната оска

A—Сензор за накосување

максимално ограничување на накосувањето се појавува на екранот.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000A04 -A8-02NOV10-2/5

Работа на накосување HeaderTrak

Накосувањето HeaderTrak помага во одржувањето на хедерот паралелно со терен додека сепараторот на машината се накосува за да остане на нивото. Системот користи посебно опремена доставната комора (A) што овозможува хедерот да се накосува кон лево и десно.

Функцијата HillMaster заедно со функцијата за накосување HeaderTrak овозможува хедерот да се накосува кон лево и десно за ± 9 степени. Двата системи овозможуваат хедерот соодветно да реже на стрмнини до 15%.

Системот за накосување HeaderTrak го користи распоредот на примарниот/секундарниот цилиндер со двојно дејство за накосување на хедерот во однос на шасијата.



H84660 —UN—07OCT05

A—Доставна комора

OUO6075,0000A04 -A8-02NOV10-3/5

Примарниот цилиндер за накосување на хедерот (A) е спојен меѓу предната оска и левата носечка плоча на крајниот погон. Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот (B) е лоциран на врвот на доставната комора и ја поврзува рамката за накосување со доставната комора. Во текот на нормалното работење, хедерот автоматски останува во паралелна положба со терен додека сепараторот се накосува кон лево или десно.

ЗАБЕЛЕШКА: Подрачјата околу рамката за накосување на доставната комора треба да биде соодветно исчистена за да се спречи наталожување на материјалот што може да одраничи движење во полно накосување.

Операторот може да ја надвлада поставката за автоматско порамнување на хедерот користејќи ги прекинувачите за накосување HeaderTrak лоцирани на повеќенаменска ручка. Кога прекинувачите за накосување HeaderTrak се притиснати, маслото од главниот хидрауличен вентил за блокирање се додава или отстранува од струјното коло за накосување на хедерот, овозможувајќи му да се движи независно од доставната комора и шасијата.

За автоматско работење, хедерот треба да е опремен со сензорите HeaderTrak и калибриран пред првото користење.

Автоматско работење се вклучува со притисок копчето на екранот за овозможување на HeaderTrak. Системот е активиран со притисок на активациските копчиња 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Хедерите опремени со функцијата за накосување HeaderTrak го имаат сензорот на левиот и на десниот крај. Слигналите од овие сензори се обработуваат,



H84613 —UN—04OCT05

Примарниот цилиндер е сместен на левата страна

H84661 —UN—07OCT05

Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

A—Примарниот цилиндер за накосување на хедерот

B—Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

а соодветниот хидраулични контролни вентил се напојува за нивото на хедерот во однос на терен.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000A04 -A8-02NOV10-4/5

Цилиндри за накосување на хедерот

Аголот на хедерот е одреден со распоредот на примарниот/секундарниот цилиндер. Примарниот цилиндер (A) е спојен меѓу шасијата и левата носечка плоча на крајниот погон. Секундарниот цилиндер (B) е спојен меѓу доставната комора и рамката за накосување.

Краевите на споната на примарниот и секундарниот цилиндер меѓусебно се поврзани и краевите на клиповите на примарниот и секундарниот цилиндер меѓусебно се поврзани. Додека левиот цилиндер за порамнување се продолжува и повлекува, левата носечка плоча на крајниот погон се ротира горе-долу и го продолжува и го повлекува примарниот цилиндер за накосување на хедерот. Движењето на примарниот и секундарниот цилиндер го продолжува и повлекува секундарниот цилиндер.

Додека примарниот цилиндер се продолжува со движењето на носечката плоча на крајниот погон, маслото тече низ системот од крајот на споната на примарниот цилиндер до крајот на споната на секундарниот цилиндер. Тоа предизвикува секундарниот цилиндер да се повлекува. Маслото од основниот крај на секундарниот цилиндер тече кон основниот крај на примарниот цилиндер за да го исполни дополнителниот волумен создаден при продолжувањето на примарниот цилиндер.

Кога примарниот цилиндер се повлекува со движењето на носечката плоча на крајниот погон, се случува спротивно.



H84613 —UN—04OCT05

Примарниот цилиндер е сместен на левата страна

H84661 —UN—07OCT05

Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

A—Примарниот цилиндер за накосување на хедерот

B—Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

OUO6075,0000A04 -A8-02NOV10-5/5

Подготовки за дневна работа со HillMaster

ВНИМАНИЕ: Не обидувајте се да управувате со машина HillMaster сè додека сите од следниве работни проверки се успешно завршени. Ако една или повеќе од следните проверки се неуспешни (сепараторот не се накосува или времето за постигнување целосно накосување е предолго), контактирајте со Вашиот трговец со John Deere опрема за помош.

Пред работа со HillMaster машина, мора да се направат следните три работни проверки (дневно).

Системски барања:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.
- Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување (A) за да го активирате системот за автоматско порамнување.
- Индикациското светло (B) се ВКЛУЧУВА покажувајќи дека е во автоматски режим.

Прва проверка: Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување надесно (C) околу 20 секунди за да ја накосите шасијата на машината надесно.

Втора проверка: Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево (D) околу 20 секунди за да ја накосите шасијата на машината налево.



H94961 —UN—27JAN10

A—Контролен прекинувач за автоматско порамнување
B—Индикациско светло
C—Прекинувач за рачно накосување надесно
D—Прекинувач за рачно накосување налево

ЗАБЕЛЕШКА: Времето потребно за да се доведе машината од положба на максимално лево накосување во положба на максимално десно накосување е околу 5-7 секунди.

Трета проверка: Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево сè додека машината не се накоси целосно налево. Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување надесно се додека шасијата на машината не е целосно накосена надесно.

OUO6075,0000A05 -A8-01NOV10-1/1

Контролни прекинувачи за порамнување HillMaster

Автоматско порамнување

Контролниот прекинувач за автоматско порамнување (A) му дозволува на сепараторот на машината автоматски да се порамни како што машината се движи по лизгав терен.

Системски барања:
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

1. Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување за да го активирате системот за автоматско порамнување.
2. Индикациското светло (B) ќе се вклучи покажувајќи дека е во автоматски режим.
3. Дисплејот ја покажува положбата на шасијата на машината графички.

Со помош на висок се одредува стрмнината на машината додека се движи по теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Со активирањето на контролен систем за автоматско порамнување,прекинувачите за рачно накосување може да се употребат за да се надминат автоматските функции (машината може да се накоси рачно лево или десно).

Рачно порамнување

Прекинувачите за рачно накосување и дозволуваат на шасијата на машината рачно да се накоси лево или десно како што машината се движи на лизгав терен.

Системски барања:
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Машини со притисно копче за менување на брзини: Притиснете го десниот прекинувач за рачно накосување (C) или левиот прекинувач за рачно накосување (D) за да го вклучите режимот HillMaster. Притиснете го прекинувачот на сопирачката за паркирање за да ја ослободите сопирачката за паркирање.

Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување надесно (C) за да ја накосите шасијата на машината надесно.

Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево (D) за да ја накосите шасијата на машината налево.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога прекинувачот за рачно саканото накосување е ослободен, автоматскиот режим ја презема и автоматски ја нивелира шасијата на машината.



H94961 —UN—27JAN10

A—Контролен прекинувач за автоматско порамнување
B—Индикациско светло
C—Прекинувач за рачно накосување надесно
D—Прекинувач за рачно накосување налево

Дисплејот ја покажува положбата на шасијата на машината графички.

Со помош на висок се одредува стрмнината на машината додека се движи по теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Со активирањето на контролен систем за автоматско порамнување,прекинувачите за рачно накосување може да се употребат за да се надминат автоматските функции (машината може да се накоси рачно лево или десно).

Положба на патен транспорт:

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте да изгубите контрола за време на патен транспорт и сериозна повреда или смрт. Никогаш не транспортирајте машина на пат со HillMaster во автоматски режим. Никогаш не обидувајте се рачно да ја накосите машината додека ја транспортирате на пат.

Следното го блокира системот за порамнување HillMaster и обезбедува системот за порамнување да не ја накоси машината при патен транспорт.

Системски барања:
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

1. Доведете ја машината на рамен терен.
2. Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување **пет секунди** или додека не светне индикациското светло (B).
3. Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување надесно (C) за да ја накосите шасијата на машината надесно.

Продолжува на следната страница

4. Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево (D) за да ја накосите шасијата на машината налево.

Машината е сега во неутрална положба и може да се вози на патишта.

OUO6075,00010C9 -A8-14MAR12-2/2

Противпожарни препораки

Машината мора да биде прегледана периодично во текот на денот на жнеење. Наталожувањето на материјал од посевите и на други отпадоци мора да биде отстрането за да се осигури соодветно работење на машината и да се намали ризикот од пожар.

Редовното и темелното чистење на машината, во комбинација со другите рутински постапки на одржување на опремата наведени во овој Прирачник за користење, значително го намалува ризикот од пожар и можноста за скапи застои и ги подобрува перформансите на машината.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршувате каква било проверка или чистење, секогаш ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот за стартување.

Вашата машина е опремена со противпожарниот апарат за општа намена и со водениот противпожарниот апарат под притисок. Противпожарните апарати треба дневно да се проверуваат кога влегувате или излегувате од кабината и кога работите околу машината за да се осигурите дека се во работната состојба. Противпожарните апарати мора да се заменат или професионално да се сервисираат по секое користење.

За повеќе информации, можете да прочитајте го поглавјето Чистење на машината. OUO6075,00001E2 -A8-29MAR11-1/1

Работа со противпожарниот апарат



H90363 —UN—05DEC07

Вашата машина е опремена со противпожарниот апарат за општа намена и со водениот противпожарниот апарат под притисок. Противпожарните апарати треба дневно да се проверуваат кога влегувате или излегувате од кабината и кога работите околу машината за да се осигурите дека се во работната состојба. Противпожарните апарати мора да се заменат или професионално да се сервисираат по секое користење.

Препораки за противпожарниот апарат:

Противпожарен апарат за општа намена:
- Користете го противпожарниот апарат за пожари од маснотија, масло како и електрични и хемиски пожари.

Водениот противпожарен апарат под притисок:
- Користете го противпожарниот апарат врз пожарот од наталожувани култури или отпадоци од културата.

Користење на противпожарниот апарат:

Дијаграмот ја покажува препорачаната метода за гаснење пожар. Секогаш насочувајте кон средиштето на пожарот.

Следните се основни чекори за користење на противпожарниот апарат:

1. Отстранете го противпожарниот апарат од носачот и пренесете го до просторот каде што е огнот.
2. Приближете со до просторот со оган, така што ветрот да дува во Вашиот грб.
3. Повлечете го безопасниот клин од врвот на противпожарниот апарат.
4. Држете го противпожарниот апарат за рачките во вертикална положба и насочете го цревото кон **подножјето** на пламенот.
5. Притиснете ги рачките за да го испразните противпожарниот апарат.
6. Прскалката движете ја напред и назад, прекривајќи го пламенот со облак од прашина.

Листата на проверка:

Најмалку еднаш месечно, прегледајте ги противпожарните апарате и проверете го следново:

1. Дали противпожарните апарати се положени на означеното место во подестот на скалата во кабината и на задниот крај на машината?
2. Дали постојат пречки кои оневозможуваат правилен пристап или видливост?
3. Дали упатството за работа што се наоѓа на плочката со називот на производот е читливо и свртено кон надвор?
4. Дали безбедносните пломби се скршени или исчезнати?
5. Дали противпожарниот апарат е полн? (се одредува според тежината или ”дигање”)
6. Дали има некое физичко оштетување, корозија, протекување или затната прскалка?

Кога со преглед ќе се утврдат недостатоци на противпожарниот апарат, истиот мора да се сервисира или замени.

OUO6075,00001E1 -A8-29MAR11-1/1

Безбедно ракување со горивото—Избегнување пожари

Внимателно ракувајте со горивото: тоа е лесно запаливо. Не полнете ја машината со гориво додека пушете и внимавајте во близина да нема отворен пламен или извор на искри.

Секогаш исклучете го моторот пред полнењето на машината со гориво. Полнете го резервоарот за гориво само на отворено.

Спречете пожари со тоа што ќе ја одржувате машината чиста од насобрана нечистотија, масло и отпадоци. Секогаш исчистете го прелиеното гориво.

Употребувајте само одобрен сад за гориво кога пренесувате запаливи течности.

Никогаш не полнете сад за гориво во пикап камион со пластична долна обвивка. Секогаш поставувајте го садот за гориво на земја пред повторно да го полните. Допрете го садот за гориво со млазникот за полнење

TS202 —UN—23AUG88

гориво пред да го отстранете капакот на садот. Додека полните гориво држете го млазникот за полнење гориво во допир со отворот на садот за гориво.

Не складирајте го садот со гориво на места каде има отворен оган, искри или индикаторска светилка како што е грејач за вода или друг уред.

DX,FIRE1 -A8-12OCT11-1/1

Подготовка за итни случаи

Бидете подготвени во случај на пожар.

Држете ги при рака кутијата за прва помош и апаратот за гасење на пожар.

Во близина на Вашиот телефон, држете ги броевите на лекарите, службата за итна помош, болницата и противпожарната служба.



TS291 —UN—15APR13

DX,FIRE2 -A8-03MAR93-1/1

Безбедно ракување со течност за стартување

Течноста за стартување е лесно запалива.

При користењето, држете подалеку секакви искри или оган. Држете ја течноста за стартување подалеку од акумулатори и кабли.

За да избегнете случајно испарување кога го складирате садот под висок притисок, држете го капакот на садот и складирајте ја на ладна, заштитена положба.

Не палете или пробивајте сад со течност за стартување.

TS1356 —UN—18MAR92

DX,FIRE3 -A8-16APR92-1/1

Отстранување на акумулираните растителни остатоци

Наталожувањето на плевел и на растителни остатоци во моторниот простор, на моторот и во близината на подвижните делови претставува опасност од пожар. Често проверувајте ги и чистете ги овие делови. Пред извршувањето на било каква проверка или сервисирање, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

TS227 —UN—15APR13

HX,9010SA,B -A8-23AUG97-1/1

Противпожарен апарат

Во Вашата машина мора да монтирате противпожарен апарат од 6 kg (15 lb.) за општа намена што ги исполнува националните барања сертификат. Противпожарен апарат и носач се сместени на десната страна на платформата на моторот.

Одржувајте го противпожарниот апарат за да биде во работна состојба.

Одржувајте го просторот околу моторот чист и без прашина, плева и слама за да ја спречите можноста од пожар.

H39760 —UN—11OCT88

OUO6075,0000A9F -A8-16NOV10-1/1

Место на противпожарниот апарат

Противпожарен апарат за општа намена е сместен на предната платформа за скали.

H96654 —UN—27MAY10

Предно место на противпожарниот апарат

OUO6075,0000C9F -A8-14JUN11-1/1

Во случај на пожар

ВНИМАНИЕ: Избегнете лична повреда.

Веднаш запрете ја работата на машината на првиот знак на оган. Тоа може да се идентифицира по мирисот на час или појавата на оган. Со оглед на тоа што огнот напредува и се шири брзо, веднаш слезете од машината и внимателно оддалечете се од огнот. Не се враќајте до машината! На прво место е безбедноста.

Повикајте ја противпожарната служба. Преносливиот противпожарен апарат може да изгасне мал оган или да го стави под контрола додека не дојде противпожарната служба, но преносливите противпожарни апарати имаат ограничувања. Секогаш на прво место треба да биде безбедноста на возачот и на луѓето во околината. Ако се обидувате да го изгаснете огнот, грбот нека Ви биде свртен кон ветерот, со непречен пат по кого ќе можете брзо да се оддалечите ако пожарот не може да биде изгаснат.

Внимателна прочитајте го упатството за противпожарниот апарат и запознајте се со неговата локација, деловите и работата, пред да се појави пожар. Локалната противпожарна служба или набавувачите на противпожарна опрема можат да понудат обука и препораки за противпожарни апарати.

Ако Вашиот противпожарен апарат нема упатства, следете ги овие општи насоки:

TS227 —UN—15APR13

1. Повлечете го осигурувачот. Задржете го противпожарниот апарат со прскалка насочена далеку од вас, и ослободете го механизмот за блокирање.
2. Насочете ниско. Противпожарниот апарат насочете го во подножјето на огнот.
3. Стиснете ја рачката пополека и рамномерно.
4. Поместувајте ја прскалката од една на друга страна.

DX,FIRE4 -A8-22AUG13-1/1

Чистење на одделот за мотор

ВНИМАНИЕ: Не чистете го моторот или оддел за моторот додека моторот работи. Нечистота, масло, плева и отпад од култура во оддел за моторот и на моторот може да предизвикат пожар. Насока на ветер, вид на култура и содржината на влага од содржина може да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат отпад и плева. Почесто го преверувајте и чистете ова пордачје.



H95319 —UN—11FEB10

OUO6075,0000575 -A8-17MAR10-1/1

Општи насоки за чистење

Машината мора да биде прегледана периодично во текот на денот на жнеење. Наталожувањето на материјал од посевите и на други отпадоци мора да биде отстрането за да се осигури соодветно работење на машината и да се намали ризикот од пожар. Зачестеноста на контроли и чистења ќе варира во зависност од многубројни фактори, вклучувајќи ги работните услови, поставките на машината, условите на културата, работната брзина и временските услови. Контролите и чистењата може ќе бидат потребни повеќекратно во текот на денот на жнеење, особено во суви, топли и ветровити услови.

ВАЖНО: Редовното и темелното чистење на машината, во комбинација со другите рутински постапки на одржување на опремата наведени во овој Прирачник за користење, значително го намалува ризикот од пожар и можноста за скапи застои и ги подобрува перформансите на машината.

Материјалот од културата и друг отпадок може да се акумулира во различни подрачја. Насоката на ветер, вид на културата и содржината на влага може да имат влијание врз тоа колку материјалот од културата и отпадокот може да се акумулура. Бидете свесни за условите на жнеење и нагодете го Вашиот распоред за чистење за да се осигури соодветно функционирање на машината и да се намали ризикот од пожар. Проверете ги и исчистете ги овие подрачја колку е потребно во текот на денот на жнеење.

Жнеењето на одредените култури може да предизвикува особени проблеми. Некои култури се многу “лепливи” и често е тешко машината да се исчисти кога тие култури се жнеат. Во примероци на овие култури вклучени се сончоглед, канола и шафраника. Особено се погрижете за чистењето на машината кога жнеете овие култури.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршувате каква било проверка или чистење, секогаш ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот за стартување.

OUO6075,0001167 -A8-21JUN12-1/1

Чистење на машината (повремено чистење)

Фотографиите во ова поглавје прикажуваат порачја од машината кои што побаруваат редовна контрола и чистење. Постојат и други подрачја што треба редовно да се чистат, но овие подрачја бараат посебно внимание за да се овозможи што подобра противпожарна заштита.

Некои од тие фотографии прикажуваат наталожувањата на материјалот на култура и останатиот отпад пред чистењето. Овој вид на наталожување не е нормален, се дозволува само за илустрација.

ВАЖНО: Тие подрачја треба почесто да се чистат, дури и повеќекратно на ден, во зависност од условите на жнеење. Бидете свесни за условите на жнеење и нагодете го Вашиот распоред за чистење за да се осигури соодветно функционирање на машината и да се намали ризикот од пожар.

Во други подрачја неспомнати во ова поглавје исто така може да се собира отпад од културата и ТРЕБА да се исчисти периодично за подобар изглед и функција на машината. Внимателно ја прегледувајте целата машуна редовно во текот на сезоната на жнеење.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршите каква било проверка или чистење, секогаш ИЗГАСНЕТЕ го моторот, кренете ја рачната кочница и отстранете го клучот.

Внимателно ја исчистете машината од врвот до дното со компримиран воздух. Најпрвин ги исчистете сите подрачја достапни од платформата на моторот. Започнете со просторот каде што е сместен моторот и работете нанадвор и обратно од стрелките на часовникот кон другите области околу моторот, подот под моторот, горниот заден дел од роторот и задната палуба, вклучувајќи ги и областите околу прегрaдениот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата). Еднаш кога горните делови од машината се чисти, продолжете со чистењето на подрачјата достапни од теренот.

Од теренот, исчистете го задниот дел од долната страна на резервоарот за гориво и горниот дел од задниот дел на системот за отстранување на отпад. Областа околу прегрaдениот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата) исто така ќе треба да се исчисти почнувајќи од основата. Кога чистењето од теренот е завршено, одново го прегледајте одделот со моторот да не е издуван отпад од културата од чистењето од теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои заштитни прегради се отстранети за поголема јасност на сликата.

Продолжува на следната страница

Оддел со моторот (горни подрачја)



H108983 —UN—29AUG13

H111318 —UN—30MAY14

S660 и S670 (9.0 L конечно ниво 4/фаза IV)

(1) — Горен дел на мотор и Турбополнач(и)



H108984 —UN—29AUG13

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-2/16

Оддел со моторот (горни подрачја)

H108985 —UN—29AUG13

(2) — Издувна разводна цевка и разводна преграда, турбо меѓуфазна цевка, цевка од ладилникот за рециркулација на издувните гасови (EGR)



H105226 —UN—02MAY12

(3) — Околу моторот

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-3/16

Оддел со моторот (горни подрачја)

H108963 —UN—29AUG13

(4) — Под моторот



H108986 —UN—29AUG13

(5) — Горен заден дел на ротор и областите околу погонот на роторот

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-4/16

Оддел со моторот (горни подрачја)



H108987 —UN—29AUG13



H111022 —UN—28MAR14

Прегреден дел за дополнителна обработка на издувот (привремено ниво 4/фаза III B)

(6) — Главното куќиште на запчест пренос на моторот

(7) — Области околу и под прегрдниот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата)



H108988 —UN—29AUG13

Прегреден дел за дополнителна обработка на издувот (конечно ниво 4/фаза IV)

Продолжува на следната страница

Оддел со моторот (горни подрачја)



H108990 —UN—29AUG13



H108989 —UN—29AUG13

(8) — На врвот од резервоарот за гориво

(9) — Систем за ладење на моторот

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-6/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)

H100574 —UN—20JUN11

H105229 —UN—19APR12

(1) — Под резервоарот за гориво

(2) — Подрачја околу лежишта и штитници на лежишта (различни локации)

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-7/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H108991 —UN—29AUG13

H105230 —UN—02MAY12

Центер со осигурувачи (машини тип S660 и S670)

ВАЖНО: Ознаки за подмачкување прикажуваат различни локации за помачкување околу машината. Следете ги времињата за подмачкување како што е опишано на ознаките и за повеќе информации прочитајте за часовни интервали наведени во поглавјето Подмачкување и одржување.

Дефекти во лагерите и прегревање може да предизвикаат пожар. За намалување на неуспешна работа на лежиштето или прегревање, секогаш прочитајте ги ознаките за подмачкување на машината.

(3) — Центар со осигурувачи и подрачја на кутија на акумулаторот

(4) — Погони за елеватор за чисти зрна

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-8/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)

H105336 —UN—02MAY12



H105231 —UN—02MAY12

(5) — Бочно подрачје за одење

(6) — Бочни штитници од кал

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-9/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)

H105337 —UN—02MAY12

(7) — Штитници од десната страна на доставната комора

H105338 —UN—02MAY12

(8) — Штитници од левата страна на доставната комора

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-10/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)

H105232 —UN—02MAY12

(9) — Пренос

H105339 —UN—02MAY12

(10) — Подрачје од левата страна за Catwalk

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-11/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105340 —UN—02MAY12



H105341 —UN—02MAY12

Центер со осигурувачи (машини тип S680, S685 и S690)

(11) — Центар со осигурувачи и подрачја на кутија на акумулаторот

(12) — Погони за битер за празнење

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-12/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)

(13) — Левата страна од подрачјето на ротор

H105233 —UN—02MAY12

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-13/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105234 —UN—02MAY12



H108992 —UN—29AUG13

(14) — Погони на ротор

(15) — Области од левата страна

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-14/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)

(16) — Погони за отстранување остатоци

H108951 —UN—28AUG13

Продолжува на следната страница

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-15/16

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H111023 —UN—28MAR14

Преграден дел за дополнителна обработка на издувот (привремено ниво 4/фаза III B)



H108993 —UN—29AUG13

Преграден дел за дополнителна обработка на издувот (конечно ниво 4/фаза IV)

(17) — Области околу и под прегрaдниот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата)

OUO6075,000182D -A8-16JUN14-16/16

Чистење на машината (годишно чистење и специјални култури)

ВНИМАНИЕ: За да спречите повреда, никогаш не чистете ја машината додека моторот работи или сепараторот е вклучен. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Следните упатства се препорачуваат кога се чисти машината за сертифицирани семенски посеви или при меѓудржавен транспорт на машината.

ВНИМАНИЕ: Безбедно блокирајте го хедерот така што да не може да се движи. Спуштете ги безбедносните граничници на намотката.

Отстранете го хедерот од машината.

Возете ја машината над крајот од редовите или над испакнатини да за ги ослободите нечистотиите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отворете или отстранете ги сите врати и отвори за испуштање.

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената (A) за да ја исчистете површината од други лица. Бидете подалеку од машината кога вршите празнење на плевата.

Завртете го контактниот клуч (B) за да го стартувате моторот.

Вклучете го сепараторот сè додека плевата не престане да излегува од задниот дел од машината.



H97186 —UN—02NOV10

A—Сирена **B—Контактен клуч**

Спуштете ги вртежите/мин на моторот во бавен празен од и вклучувајте го сепараторот повеќе пати. Работењето на сепараторот во бавен празен од предизвикува отстранување на нечистотиите од внатрешноста на роторот.

Поместете ја гаста до високи вртежи/мин и работете неколку минути. Повторете го циклусот додека од задниот дел на машината не престане да излегува плева.

ВНИМАНИЕ: Погрижете се други лица да бидат подалеку од машината при празнењето на плевата.

Возете ја машината на некое подигнување така што десната страна да биде околу 150 mm (6 in.) повисоко од левата, или пак паркирајте на закосена површина така што прашината да може да излезе.

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-1/30

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање, извадете го клучот, блокирајте ги тркалата и спуштете го безбедносниот граничник на доставната комора.

При работење со компримиран воздух во прашливи услови, поради лична заштита, мора да носите очила и маска за заштита од прашина. Воздушното црево мора да има стап од 2 m (6 ft.) (краен дел).

Започнете од врвот на машината, па продолжете надолу.



H39607 —UN—11OCT88

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-2/30



H62230 —UN—19JAN00

S660 и S670



H98866 —UN—27OCT10

S680, S685 и S690

A—Врата за чистење **B—Врата за чистење** **C—Врата за чистење**

Отворете ги вратите за чистење (A), (B) и (C).

Исчистете ги зрната под напречните спирали на резервоарот за зрна над коритото.

Исчистете ги зрната од рабовите на коритото на растоварната спирала кон дното. Зрната мора да бидат исчистени од вратите со стоење на земјата.

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-3/30

Товарна спирала на резервоарот за зрна (наставки за резервоарот за зрна):

Ослободете ги стегачите (A) и спуштете ја спиралата.

Исчистете ја горната површина и надолу во елеваторот на чисти зрна за да го исчистете синџирот на елеваторот. Исчистете ги сите страни.

A—Стегачи



H102235 —UN—15JUN11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-4/30

Товарна спирала на резервоарот за зрна (капаци за резервоарот за зрна):

ВНИМАНИЕ: НЕМОЈТЕ да го влечете или отстранувате клинот (A) за да ја спуштите товарната спирала на резервоарот за зрна. Отстранувањето на клинот може да резултира во лична повреда или оштетување на машината.

Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Отстранете го клинот за брзо заклучување (B) и клинот (C) од затегата (D).

Употребете ја рачката (E) за помош при спуштањето на товарната спирала на резервоарот за зрна (F).

Исчистете ја горната површина и надолу во елеваторот на чисти зрна за да го исчистете синџирот на елеваторот. Исчистете ги сите страни.



H102236 —UN—15JUN11

A—Клин
B—Клин за брзо заклучување
C—Клин
D—Затезна спојка
E—Рачка
F—Спирала

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-5/30

Олабавете ги стегачите (A) и завртете го прозорецот на резервоарот за зрна (B) нагоре.

Исчистете го подрачјето зад кабината, околу примарното меѓупреносно вратило и над сепараторот.

A—Стегачи

B—Прозорец на резервоарот за зрна



H76204 —UN—28APR03

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-6/30

Отстранете ја пристапната врата (A) (ако постои) на предната страна од резервоарот за зрна.

Исчистете го материјалот околу запчестиот преносник на погонот на доставната комора со повеќе брзини.

A—Пристапна врата



H87627 —UN—13MAR07

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-7/30

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете го држачот за раце (B) нагоре додека држачот за раце не влезе на место.

Отворете ги пристапните капаци (C) на моторот и исчистете го горниот дел од одделот за моторот како и околу сепараторот на предната страна од моторот.

Исчистете ја целата површина на одделот за моторот, особено површината под моторот.

Избришете какво било масло или подмачкувач во површината на моторот.

A—Клин за блокирање
B—Држач за раце
C—Капаци за пристап до моторот



H102385 —UN—22JUN11

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-8/30

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете ја скалата (B) нагоре додека скалата не влезе на место.

Отворете го пристапниот капак на филтерот (C) за да го ослободите од магнетот.

Исчистете ја задната страна на површината на одделот за моторот.

Исчистете ја целата површина на одделот за моторот, особено површината под моторот.

Избришете какво било масло или подмачкувач во површината на моторот.

A—Клин за блокирање
B—Скала
C—Капак



H95353 —UN—25AUG10

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-9/30

Tier 2/Stage II (S660 и S670):

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

Отворете ја вратата на ротационото сито.

Исчистете ги следниве површини во правец од внатре кон надвор:

- Радијатор (A)
- Кондензатор
- Ладилник на маслото
- Ладилник на воздушното полнење

Исчистете ја прашината од долниот вакуумски канал (B) и од преносниот канал (C).

A—Радијатор
B—Вакуумски канал
C—Преносен канал



H106852 —UN—08FEB13

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-10/30

Привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/Фаза IV (S660, S670, S680, S685 и S690):



H106853 —UN—08FEB13



H106854 —UN—08FEB13

A—Клин за блокирање
B—Ладилник на горивото
C—Радијатор
D—Вакуумски канал
E—Кондензатори
F—Врата на ротационото сито
G—Преносен канал

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

Отворете ја вратата на ротационото сито.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете го ладилникот на горивото (B) за да исчистите.

Исчистете ги следниве површини во правец од внатре кон надвор:

- Радијатор (C)
- Ладилник на маслото
- Ладилник на воздушното полнење

Исчистете ја прашината од долниот вакуумски канал (D).

Исчистете ги кондензаторите (E) сместени на вратата на ротационото сито (F).

Исчистете ја прашината од преносниот канал (G).

Продолжува на следната страница

S660 и S670:



H62232 —UN—19JAN00



H62233 —UN—19JAN00

A—Врата на елеваторот за отпад

B—Врата на елеваторот за чисти зрна

C—Крилести навртки

Отворете ја вратата на долниот елеватор за отпад (A) и вратата на елеваторот за чисти зрна (B).

Отстранете ги крилестите навртки (C) и отстранете ја вратата на горниот крај од елеваторот за отпад.

Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-12/30

S680, S685 и S690:

Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата на елеваторот за чисти зрна (B) и вратата на елеваторот на системот за отпад (C).

Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.



H97193 —UN—30JUN10

A—Рачка

B—Врата на елеваторот за чисти зрна

C—Врата на елеваторот на системот за отпад

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-13/30

S680, S685 и S690:

Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата на спиралата на системот за отпад (B).

Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.



H97194 —UN—30JUN10

A—Рачка

B—Врата на спиралата на системот за отпад

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-14/30

Исчистете ја плевата помеѓу сепараторот и страните на машината.



H100541 —UN—02MAR11

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-15/30



H1100486 —UN—28FEB11



H90905 —UN—27FEB08

A—Навртки
B—Врата на доставната комора
C—Врата на доставната комора

Олабавете ги навртките (A) на секоја страна од вратата на доставната комора и притиснете ги навртките кон центарот на доставната комора.

Повлечете ја вратата нанапред за да ја отстраните.

Исчистете ја доставната комора низ горните врати (B) и (C).

Подигнете го преносниот синџир и дозволете синџирот да се поврати неколку пати додека го чистите.

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-16/30

Извадете го клинот за брзо заклучување и поместете ја рачката (A) надолу и наназад за да се отвори доставната плоча.

Исчистете ја површината на доставната плоча.

Притиснете ја рачката нанапред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.

A—Рачка



H52761 —UN—17MAY99

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-17/30

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.

Исчистете ја површината на собирачот на камења.

Поместете ја рачката надолу за да се затвори собирачот на камења. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.

A—Клин за брзо заклучување B—Рачка



H99239 —UN—01DEC10

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-18/30

Ако постои: Отстранете ги завртките со глава од вратите за чистење (A) за да ја исчистите површината.

Кога ќе завршите со чистење, поставете ги вратите за чистење и завртките со глава.

A—Врати за чистење



H102538 —UN—29JUN11

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-19/30

Ако постои: Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја рачката (B) нагоре за да ја растоварите вратата за чистење (C) и поместете ја рачката надолу за да ја затворите и заклучете вратата за чистење.

A—Клин за блокирање C—Врата за чистење
B—Рачка



H91139 —UN—15APR08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-20/30



H111240 —UN—13MAY14

Поклопец за проверка (стандардно конкавно прилагодување)



H111241 —UN—13MAY14

Поклопец за проверка (активна конкавна изолација)

Отстранете ги брзо заклучувачките клинови (A) и поклопецот за проверка (B). Со стругалката олабавете го материјалот и потоа темелно исчистете ги страните на машината.

A—Клинови за брзо заклучување

B—Поклопец за проверка

H52708 —UN—23MAR99

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-21/30

Исчистете го горниот дел од оската и преносот.



H99165 —UN—22NOV10

Прикажана е машина со менување на брзините со притисно копче

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-22/30

Отворете го ситото и отстранувачот на плева колку е можно повеќе и исчистете ги.

H52710 —UN—23MAR99

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-23/30

Исчистете ја задната површина на оската.



H100556 —UN—02MAR11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-24/30

Извадете ги клинот за брзо заклучување (A) и отворете го штитникот (B).

Извадете го клинот за брзо заклучување (C) и завртете ја бравата (D) да се отклучи.

Подигнете ги и тргнете ги задниот штитник (B) и штитникот на средниот вентилатор (E).

Исчистете ја површината на вентилаторот.

A—Клин за брзо заклучување
B—Штитник
C—Клин за брзо заклучување
D—Брава
E—Штитник



H96806 —UN—09JUN10

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-25/30

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и завртете ја бравата (B) за да го отстраните штитникот (C).

Исчистете ја површината.

A—Клин за брзо заклучување
B—Брава
C—Штитник



H96803 —UN—09JUN10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-26/30

Исчистете ја површината околу вентилаторот.



H100557 —UN—02MAR11

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-27/30

Подигнете ја дробилката (ако постои) преку прекинувачот (A).

A—Прекинувач



H97565 —UN—14SEP10

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-28/30

Олабавете ја крилестата навртка (A) и употребете ја рачката (B) за да го одвоите блокот ножеви и исчистете ја дробилката.

A—Крилеста навртка **B—Рачка**



H98137 —UN—20SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-29/30

Исчистете ја плевата од површината на погонот на распрскувачот (ако постои) и од хаубата на распрскувачот.



H98906 —UN—27OCT10

OUO6075,0001803 -A8-13MAY14-30/30

Безбедно ракување со горивото—Избегнување пожари

Внимателно ракувајте со горивото: тоа е лесно запаливо. Не полнете ја машината со гориво додека пушете и внимавајте во близина да нема отворен пламен или извор на искри.

Секогаш исклучете го моторот пред полнењето на машината со гориво. Полнете го резервоарот за гориво само на отворено.

Спречете пожари со тоа што ќе ја одржувате машината чиста од насобрана нечистотија, масло и отпадоци. Секогаш исчистете го прелиеното гориво.

Употребувајте само одобрен сад за гориво кога пренесувате запаливи течности.

Никогаш не полнете сад за гориво во пикап камион со пластична долна обвивка. Секогаш поставувајте го садот за гориво на земја пред повторно да го полните. Допрете го садот за гориво со млазникот за полнење

TS202 —UN—23AUG88

гориво пред да го отстранете капакот на садот. Додека полните гориво држете го млазникот за полнење гориво во допир со отворот на садот за гориво.

Не складирајте го садот со гориво на места каде има отворен оган, искри или индикаторска светилка како што е грејач за вода или друг уред.

DX,FIRE1 -A8-12OCT11-1/1

Избегнете го ризикот од појава на статичен електрицитет при полнење на гориво

Отстранувањето на сулфур и на други компоненти во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD), ја намалува неговата спроводливост и го зголемува ризикот од акумулирање на статичен електрицитет.

Рафинериите можеби го третирале горивото со антистатични додатоци. Меѓутоа, постојат многу фактори кои можат да ја намалат ефикасноста на тие додатоци со текот на времето.

Статичниот електрицитет може да се акумулира во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур додека тоа течи низ системите за полнење со гориво. Празнењето на статичниот електрицитет во присутност на запаливи пареи би можело да резултира со оган или експлозија.

Затоа е важно да се обезбеди целиот систем кој се користи за полнење со гориво на Вашата машина (резервоар за гориво, пумпа, доводно црево, пиштол за полнење и др.) да е правилно заземјен и меѓусебно поврзан. Побарајте совет од Вашиот снабдувач со гориво или со систем за гориво, за да бидете сигурни дека системот за испорака е во согласност со стандардите за снабдување со гориво во однос на практиката за правилно заземјување и поврзување.

RG22142 —UN—17MAR14



RG21992 —UN—21AUG13

DX,FUEL,STATIC,ELEC -A8-12JUL13-1/1

Резервоар за гориво — полнење

ВНИМАНИЕ: Внимателно ракувајте со горивото. Не полнете ја машината со гориво додека пушите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да го полните резервоарот.

Не пренаполнувајте го резервоарот за гориво. Може да настане телесна повреда предизвикана од испрскување на гориво. Може да настанат протекувања поради ширењето на горивото. Ако резервоарот е наполнет премногу и ако е оставен на директна сончева светлина или ако температурата постане премногу висока, резервоарот ќе прелие.

ВАЖНО: Привремено ниво 4/Фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV мотори: Користете САМО гориво со ултра ниско ниво на сулфур. За понатамошни информации, погледнете во Дизел гориво и биодизел гориво во ова поглавје.



H106862 —UN—11FEB13

A—Резервоар за гориво

Наполнете го резервоарот за гориво (A) на крајот од секој ден. Со тоа се спречува кондензирање во резервоарот кое настанува со ладењето на влажниот воздух.

OUO6075,00016E3 -A8-26NOV13-1/1

Ракување и складирање на дизел гориво

ВНИМАНИЕ: Намалете го ризикот од пожар. Внимателно ракувајте со горивото. НЕ полнете го резервоарот за гориво додека работи моторот. НЕ пушете кога го полните резервоарот со гориво или додека го сервисирате системот за вбризгување на гориво.

Полнете го резервоарот со гориво на крајот на секој ден работа, за да спречите кондензирање на водата и замрзнување за време на ладни временски услови.

Одржувајте ги контејнерите за складирање практично полни за да ја намалите кондензацијата.

Проверете дали сите капачки и поклопувачи за контејнерите со гориво се соодветно наместени за спречите појава на влага. Редовно проверувајте ја содржината на вода во горивото.

Кога користете биодизел гориво, филтерот за гориво можеби ќе треба да се менува почесто поради прераното затнување.

Проверете го нивото на масло на моторот дневно пред стартување на моторот. Зголемено ниво на масло може да индицира растворање на горивото или на маслото на моторот.

Кога горивото е складирано на подолг временски период или постои мал обрт на гориво, додадете кондиционер за гориво за да го стабилизирате горивото и да спречите кондензација на вода. За препораки, контактирајте го Вашиот трговец со горива или Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,000163E -A8-06SEP13-1/1

Дизел гориво

Консултирајте се со вашиот локален дистрибутер на горива за карактеристиките на дизел горива достапни во вашиот крај.

Најчесто дизел горивата се мешани за да ги задоволат условите на ниски температури или географскиот предел каде се користат.

Препорачливи се дизел горива според спецификацијата EN 590 or ASTM D975. Обновливото дизел гориво произведено од хидро-обработени животински масти и растителни масла во основа е идентично со нафтеното дизел гориво. Обновливото дизел гориво кое ги задоволува стандардите EN 590 или ASTM D975 е прифатливо за користење во сите процентуални односи на мешавините.

Потребни карактеристики на горивото

Во секој случај, горивото треба да ги задоволува следниве карактеристики:

Цетански број најмалку 43. Се препорачува цетански број поголем од 47, особено при температури под –20°C (–4°F), или висини над 1500 m (5000 ft.).

Точката на затнување на ладниот филтер (CFPP) треба да биде најмалку 5°C (9°F) под очекуваната најниска температура или **точката на заматување** под очекуваната најниска температура на околината.

Мазивоста на горивото треба да го помине максималниот дијаметар на трага од 0,52 mm кога се мери според спецификацијата ASTM D6079 или ISO 12156-1. Се препорачува максималниот дијаметар на трага од 0.45 mm.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур мора да се во согласност со постојните прописи за издувни гасови во пределот каде што работи машината. НЕ користете дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 10000 mg/kg (10000 ppm).

Содржина на сулфур за моторите Interim Tier 4, Final Tier 4, Степен III B и Степен IV

- Користете САМО дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

Содржина на сулфур за моторите Tier 3 и Степен III A

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 1000 mg/kg (1000 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 1000 - 2000 mg/kg (1000 - 2000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и на филтерот.
- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 2000 mg/kg (2000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Содржина на сулфур за моторите Tier 2 и Степен II

- СЕ ПРЕПОРАЧУВА употреба на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 2000 mg/kg (2000 ppm).
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 2000 - 5000 mg/kg (2000 - 5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и на филтерот.
- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Содржина на сулфур за други мотори

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 5000 mg/kg (5000 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm) ги НАМАЛУВА интервалите на промена на маслото и на филтерот.

ВАЖНО: Не мешајте користено масло за дизел мотори или било кој друг тип на подмачкувач со дизел гориво.

Несоодветното користење на адитиви за гориво може да предизвика оштетување на опремата за вбризгување на гориво кај дизел моторите.

DX,FUEL1 -A8-17JUN13-1/1

Биодизел гориво

Биодизел горивото е составено од моно-алкил естери на долгата низа масни киселини добиени од растителни масла или од животински масти. Биодизелските мешавини се биодизели помешани со нафтено дизел гориво на волуменска основа.

Пред да го користите горивото кое содржи биодизел, прегледајте ги Барањата и препораките за користење на биодизел во Прирачникот за користење.

Законите за заштита на околината можат да го поттикнуваат или забрануваат користењето на биодизелот. Пред да ги користат биогоривата, возачите треба да се консултираат со соодветните државни органи.

Сите мотори на John Deere со филтер за издувни гасови (произведени во 2011 г. и потоа)

Иако се преферираат 5% мешавини (B5), можат да се користат и биодизелски концентрации до 20% мешавина (B20) во нафтените дизел горива. Биодизелски мешавини до B20 можат да се користат САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги задоволува стандардите ASTM D6751 (САД), EN 14214 (ЕУ), или еквивалентни спецификации. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Концентрациите на биодизелот над B20 можат да ги оштетат системите за контрола на емисијата на моторот и не треба да се користат. Вклучени ризици, но не се ограничуваат само на нив, се почесто стационарно регенерирање, акумулација на саѓи и зголемени интервали за отстранување на пепел.

При користењето на биодизелски мешавини B10 - B20 потребни се кондиционери за гориво одобрени од John Deere кои што содржат детергенти и дисперзантски адитиви и се препорачуваат при користењето на пониски биодизелски мешавини.

Сите мотори на John Deere без филтер за издувни гасови (првенствено произведени пред 2012 г.)

Иако се преферираат 5% мешавини (B5), можат да се користат и биодизелски концентрации до 20% мешавина (B20) во нафтените дизел горива. Биодизелски мешавини до B20 можат да се користат САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги задоволува стандардите ASTM D6751 (САД), EN 14214 (ЕУ), или еквивалентни спецификации. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Овие мотори John Deere можат да работат со биодизелски мешавини над B20 (до 100% биодизел). Работете со биодизел над B20 САМО ако е законски дозволен и ако се задоволува стандардот EN 14214 (првенствено достапен во Европа). Мотори кои работат на биодизел мешавини над B20 може да не се целосно во согласност, или да не се дозволени од сите важечки прописи за емисии. Очекувајте до 12% намалување на силата и 18% намалување во економичноста на горивото при користењето на 100% биодизел.

При користењето на биодизелски мешавини B10 - B20 потребни се кондиционери за гориво одобрени од John Deere кои што содржат детергенти и дисперзантски адитиви и се препорачуваат при користењето на пониски биодизелски мешавини.

Барања и препораки за користење на биодизел

Количината на нафтениот дизел во сите биодизелски мешавини мора да ги исполни барањата на комерцијалните стандарди ASTM D975 (САД) или на EN 590 (ЕУ).

Корисниците на биодизел во САД се поттикнуваат да купуваат биодизелски мешавини од сертифицирани трговци на BQ-9000 или со потекло од акредитиран производувач на BQ-9000 (како што е потврдено од страна на Националниот биодизелски одбор). Сертифицираните трговци и акредитираните производувачи можат да се најдат на следната интернет страница: http://www.bq9000.org.

Биодизелот содржи остаток на пепел. Нивоата на пепел кои го надминуваат дозволениот максимум според ASTM D6751 или EN14214 можат да резултираат со побрзо натрупување на пепелот и бараат почесто чистење на филтерот за издувни гасови (ако постои).

Може да е потребно почесто менување на филтерот за гориво кога се користи биодизел гориво, особено при префрлувањето од дизел. Проверувајте го нивото на маслото на моторот дневно пред стартувањето на моторот. Зголеменото ниво на масло може да предизвика растворање на горивото или на маслото на моторот. Биодизелските мешавини до B20 мора да се искористат во рок од 90 дена од датумот на производство на биодизелот. Биодизелските мешавини над B20 мора да се искористат во рок од 45 дена од датумот на производство на биодизелот.

При користењето на биодизелски мешавини до B20 треба да се земе во предвид следното:

- Ладното време ја поттикнува деградацијата
- Прашања во врска со стабилноста и складирањето (апсорпција на влага, раст на микроби)
- Можно ограничување и затнување на филтерот (обично проблемот настанува при првото префрлање кон биодизел кај користените мотори)
- Можно истекување на горивото низ отворите и цревата (првенствено проблем кај постарите мотори)
- Можно намалување на сервисниот век на траење на деловите на моторот

Продолжува на следната страница DX,FUEL7 -A8-15MAY13-1/2

Побарајте сертификат за анализата од Вашиот дистрибутер на гориво за да проверите дали горивото е во согласност со карактеристиките наведени во овој Прирачник за користење.

Консултирајте се со Вашиот трговец на John Deere за одобрените кондиционери на горивото за подобрување на складирањето и перформансите со биодизелските горива.

Следното исто така треба да се земе во предвид ако се користат биодизелски мешавини над B20:

- Можно затнување или блокирани прскалки на вбризгувачите, што резултира со губење на силата и застој на моторот, ако не се користат одобрени John Deere кондиционери за гориво
- Можно растворање на маслото во картерот (што бара почести промени на маслото)
- Можно затнување или блокирање на внатрешните компоненти
- Можно создавање на талог и седименти
- Можна термичка оксидација на горивото при повисоки температури
- Можни проблеми со компатибилноста со другите материјали (вклучувајќи бакар, олово, цинк, калај, месинг и бронза) кои што се користат во опремата за ракување со горивото
- Можно намалување на ефикасноста на одвојувачот на вода
- Можно оштетување на бојата при изложеност на биодизел
- Можна корозија во опремата за вбризгување на гориво
- Можна деградација на еластомерниот капак и на материјалот на дихтунгот (првенствено проблем кај постарите мотори)
- Потенцијални високи нивоа на киселина во рамките на системот на горивото
- Бидејќи биодизелските мешавини над B20 содржат повеќе пепел, користењето на мешавините над B20 може да резултира со побрзо натрупување на пепел и бара почесто чистење на филтерот за издувни гасови (ако постои)

ВАЖНО: Сурово пресираните растителни масла НЕ се прифатливи за употреба како гориво во било каква концентрација кај John Deere моторите. Нивната употреба може да предизвика оштетување на моторот.

DX,FUEL7 -A8-15MAY13-2/2

Способност за подмачкување на дизел горива

Повеќето дизел горива произведени во Соединетите Држави, Канада и Европската Унија имаат соодветна способност да подмачкуваат за да осигураат правилно работење и трајност на компонентите од системот за вбризгување на гориво. Меѓутоа, дизел горивата произведени во некои други делови од светот можеби ја немаат соодветната способност да подмачкуваат.

ВАЖНО: Осигурете се дека дизел горивата во вашата машина прикажуваат карактеристики на добра способност за подмачкување.

Лизгавоста на горивото треба да го помине максималниот дијаметар на трага од 0,52 mm според спецификациите ASTM D6079 или ISO 12156-1. Се препорачува максималниот дијаметар на трага од 0.45 mm.

Ако се користи гориво со ниска или непозната способност за подмачкување, додадете John Deere Fuel-Protect Diesel Fuel Conditioner (или негов еквивалент) во наведената концентрација.

Способност на биодизел горивото да подмачкува

Способноста на горивото да подмачкува може значително да се подобри со биодизелски мешавини до B20 (20% биодизел). Понатамошното зголемување на способноста за подмачкување е ограничена за биодизелски мешавини поголеми од B20.

DX,FUEL5 -A8-07FEB14-1/1

Дополнителни адитиви за дизел горива

Дизел горивото може да биде извор на проблеми во работењето, или со перформансите поради много причини. Некои можат да предизвикаат слабо подмачкување, загадувачи, низок центански број и различни својства кои што можат да предизвикаат таложење на отпадоци во системот за гориво. Тие и други причини се опишани во останатите поглавја во Прирачникот за користење.

За оптимални перформанси и сигурност на моторот, детално придржувајте се кон препораките за квалитетот на горивото, складирањето и ракувањето кои што можат да се пронајдат во овој Прирачник за користење.

За понатамошна помош во одржувањето на перформансите и сигурноста на системот за гориво на моторот, John Deere разви цела низа на производи на додатоци за гориво за најширокиот пазар. Примарните производи ги вклучуваат Fuel-Protect Diesel Fuel Conditioner - кондиционер за заштита на дизел гориво (кондиционер со целосна функција со зимска и летна формула) и Fuel-Protect Keep Clean - средство кое што го одржува горивото чисто (за отстранување и спречување на таложење на отпадоци на вбризгувачот за гориво). Достапноста на истите и на другите производи се разликува од пазар до пазар. Контактирајте го вашиот трговец со John Deere опрема за достапноста и за дополнителни информации за додатоците за горива кои што се соодветни на вашите потреби.

DX,FUEL13 -A8-07FEB14-1/1

Намалување на ефектот од ладните временски услови брз дизел моторите

John Deere дизел моторите се дизајнирани да оперираат ефикасно на ладни временски услови.

Но, за ефикасно стартување и работење во ладни временски услови, потребна е мала дополните грижа. Следните информации ги наведуваат чекорите кои можат да го намалат ефектот што лошите временски услови можат да го имаат врз стартувањето и работењето на вашиот мотор. Обратете му се на вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации и локална достапност на средства за работа во ладни временски услови.

Користете гориво од зимска класа

Кога температурата паѓа под 0 °C (32 F), дизел горивото од зимска класа (бр. 1-D во Северна Америка) е најпогодно за работа во студени временски услови. Дизел горивото од зимската класа има пониска точка на заматување и температура на течливост.

Точката на заматување е температурата на која почнува да се формира восок во горивото. Тој восок може да предизвика затнување на филтрите за гориво. **Точка на течливост** е најниската температура на која е овозможен проток на горивото.

ЗАБЕЛЕШКА: Просечно, дизел гориво од зимска класа има понизок степен на Btu (топлинска содржина). Користење на дизел гориво од зимска класа може да ја намали силата на моторот и ефикасноста на горивото, но не би требало да предизвика други намалувања на перформансите на моторот. Проверете го квалитетот на горивото кое се користи пред да решавате проблеми со ниска сила на моторот во ладни временски услови.

Грејач на влезот на воздух

Грејач на влезот на воздух е достапна опција за некои мотори за помош при стартување во ладни временски услови.

Етер

Отворот за етер на влезот е достапен за да ви помогне при стартувањето во ладни временски услови.

⚠ ВНИМАНИЕ: Етерот е лесно запалив. Не користете етер кога го стартувате моторот опремен со грејачи или грејач на влезниот воздух.

Грејач на разладното средство

Грејач на блокот на моторот (грејач на разладното средство) е достапна опција за помош при стартување во ладни временски услови.

Вискозитет на сезонско масло и соодветна концентрација на разладното средство

Се препорачува користење на вискозитет на сезонското масло базирана на очекуваниот опсег на температура помеѓу промената на масла и соодветна концентрација на силикатен антифриз. (Видете ги барањата за МАСЛО ЗА ДИЗЕЛ МОТОРИ и РАЗЛАДНА ТЕЧНОСТ ЗА МОТОРИ во ова поглавје.)

Адитив за проток на дизел гориво

Користете кондиционер за заштита на дизел горивото John Deere Fuel-Protect Diesel (зимска формула) кој содржи хемиски анти-гел или негов еквивалент, за третирање на гориво кое не е од зимска класа (бр. 2-D во Северна Америка) за време на студените зимски периоди. Тоа општо ја зголемува способноста за работење на приближно 10 °C (18 °F) под точката на заматување. За работа при пониски температури, користете гориво од зимска класа.

ВАЖНО: Третирајте го горивото кога надворешната температура паѓа под 0 °C (32 °F). За најдобри резултати, употребувајте нетретирано гориво. Следете ги сите препорачани инструкции на етикетата.

Биодизел

Кога работите со биодизел мешавини, формирањето на восок може да се случи на потопли температури. Почнете со користење на кондиционер за биодизелски горива John Deere Fuel-Protect Diesel Fuel Conditioner (зимска формула) на 5 °C (41 °F) за третирање на биодизелски горива во период на студени временски услови. Користете B5 или пониски мешавини при температури под 0 °C (32 °F). Користете само нафтеното дизел гориво од зимска класа при температури под -10°C (14°F).

Зимски штитници

Користење на ткаенина, картон или цврсти зимски штитници не е препорачливо за било кој John Deere мотор. Нивната употреба може да предизвика зголемена температура кај разладното средство, маслото и вовлечениот воздух. Ова може да доведе до намален век на моторот, загуба на силата на моторот и слаба економичност на потрошувачката на гориво. Зимските штитници можат да предизвикаат и невообичаено оптоварување на вентилаторот или составните делови на системот на вентилација, предизвикувајќи прерано откажување.

Ако се користат зимски штитници, тие никогаш не треба целосно да го затвораат просторот на предната решетка. Приближно 25% од површината во центарот на решетката треба постојано да биде отворен. Во никој случај не треба да се поставува блокада директно на уредот за влез на воздух во јадрото на радијаторот.

Продолжува на следната страница DX,FUEL10 -A8-15MAY13-1/2

Капаци на радијаторот

Ако постои систем за термостатичка контрола на капацитетот на радијаторот, истиот треба да биде регулиран на таков начин што капаците се целосно отворени до моментот кога разладното средство достигне 93 °C (200 °F) со цел да се спречи прекумерна температура во влезот за воздух. Рачно контролирани системи не се препорачливи.

Ако се користи меѓуладење воздух-воздух, капаците мора да бидат целосно отворени до моментот кога температурата во влезот на воздухот ја достигне максимална дозволена температура на вовлечениот воздух.

За повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,FUEL10 -A8-15MAY13-2/2

Течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

Течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF) е течност со висок степен на чистота која се инјектира во издувниот систем на мотори опремени со системи за селективна каталитичка редукција (SCR). Одржувањето на чистотата на DEF е важно за да се избегнат дефекти во системот на SCR. Моторите кои бараат DEF треба да користат производ кој ги задоволува барањата за водени раствори на уреа 32 (AUS 32) во согласност со нормата ISO 22241-1.

Се препорачува употреба на John Deere течност за издувни гасови од дизел мотори. John Deere течноста за издувни гасови од дизел мотори е достапна кај Вашиот трговец со John Deere опрема во различни величини на пакување кои одговараат на Вашите работни потреби.

Ако John Deere течноста за издувни гасови од дизел мотори не е достапна, употребите DEF сертифициран од Американскиот институт за нафта (American Petroleum Institute - API) преку сертификациската програма за течности за издувни гасови од дизел мотори или од AdBlue™ сертификациската програма за течности за издувни гасови од дизел мотори. На садот побарајте го сертификацискиот симбол на API или називот AdBlue™.

Во некои случаи DEF е наведен под еден или повеќе од овие називи:

- Urea (Уреа)
- Aqueous Urea Solution 32 (Воден раствор на уреа 32)
- AUS 32
- AdBlue™
- NOx Reduction Agent (Адитив за намалување на NOx)
- Catalyst Solution (Раствор на катализатор)

AdBlue е трговски назив од VDA, Германско здружение на автомобилската индустрија.

OUO6075,0001829 -A8-10JUN14-1/1

Проверка на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

ВАЖНО: Користењето на DEF со правилна концентрација е од клучно значење за моторот и за дополнителната обработка на перформансите на системот. Долготрајното складирање и други услови можат негативно да ја сменат концентрација на DEF.

Ако квалитетот на DEF е дискутабилен, извадете примерок од DEF од резервоарот или од садот за чување во чист сад. Течноста за DEF треба да биде кристално бистра со благ мирис на амонијак. Ако течноста за DEF се замати, има обоена нијанса или силен мирис на амонијак, најверојатно не е во рамките на техничките спецификации. Течноста за DEF во ваква состојба не смее да се користи. Во тој случај, испразнете го резервоарот, измијте го со дестилирана вода и повторно наполнете го со нова и исправна течност за DEF. По повторното полнење на резервоарот, проверете ја концентрацијата на DEF.

Ако DEF го помине визуелниот и тестот за мирис, проверете ја концентрација на DEF со рачен рефрактометар калибриран за мерење на DEF.

Концентрацијата на DEF треба да се проверува по подолго складирање на моторот, или ако постои сомнеж дека моторот или пакувањето на течноста за DEF се контаминирани со вода.

Две одобрени алатки се достапни преку Вашиот трговец со John Deere опрема:

- JDG11594 Digital DEF Refractometer - Дигитална алатка која обезбедува лесно читање на измерената концентрацијата
- JDG11684 DEF Refractometer - Алтернатива алатка со ниска цена која обезбедува аналогно читање

Следете ги инструкциите добиени со мерењето на било која од алатките.

Точната концентрација на течноста за DEF изнесува 31,8% - 33,2%. Ако концентрација на течноста за DEF не е во рамките на спецификацијата, испразнете го резервоарот за DEF, измијте го со дестилирана вода и повторно наполнете го со нова и исправна течност за DEF. Ако пакувањето на DEF не е во рамките на спецификациите, отстранете го и заменете го со ново или исправно пакување.

OUO6075,000182A -A8-10JUN14-1/1

Складирање на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

Течноста за издувните гасови од дизел моторите не смее да се голта. Во случај ако ја голтнете, веднаш јавете се кај лекар. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Отстранувањето на компоненти или промена на системот за дополнителна обработка е нелегално. Не користете DEF кои не ги задоволуваат потребните спецификации и не работете со моторот без DEF.

Никогаш не се обидувајте да направите DEF мешајќи земјоделска уреа со вода. Земјоделската уреа не ги задоволува потребните спецификации и може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Не додавајте никакви хемикалии или адитиви во DEF во обид да го спречите смрзнувањето. Било која хемикалии или адитиви додадена во DEF може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Никога не ставајте вода или некоја друга течност наместо или како додаток во DEF. Работењето со модифицирана DEF или користењето на несоодветна DEF може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Информациите за чување наведени подолу служат за ваше подетално информирање и треба да се користатат единствено како упатства.

Се препорачува DEF да не се чува на екстремни температури. Течност за издув на дизел мотор (DEF) замрзнува на –11°C (12°F). Изложеноста на температура поголеми од 30°C (86°F) може, со текот на време, да го намали квалитетот на течноста за издув на дизел мотор (DEF).

Контејнерите за складирање на DEF треба да бидат запечатени кога не се употребуваат за да се спречи испарување и загадување. За чување и транспорт на течноста за издув на дизел мотор (DEF) се препорачува да се користат садови направени од полиетилен, полипропилен или од нерѓосувачки челик.

Идеални услови за складирање на DEF се:

- Чувајте ја на температури од 5°C до 30°C (23°F и 86°F).
- Чувајте ја во специјално наменети запечатени садови за да избегнете нејзино загадување и испарување.

Ако се чува под овие услови, се очекува DEF да остане употреблив најмалку 18 месеци. Чувањето на течност за издув на дизел мотор (DEF) на повисоки температури може да го намали векот на траење од околу 6 месеци за секои 5 ° C (9 ° F) температура над 30 ° C (86 ° F).

Ако не сте сигурни колку долго и под кои услови DEF беше складирана, тогаш тестирајте ја. Погледнете го делот Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF).

Не се препорачува долгорочно чување на течноста (над 12 месеци) во резервоарот за течност за издув на дизел мотор (DEF). Доколку долгорочното чување е неопходно, проверете ја течноста за издув на дизел мотор (DEF) пред да го стартувате моторот. Погледнете го делот Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF).

Препорачливо е DEF да се купува во количина која што ќе биде потрошени во рок 12 месеци.

OUO6075,0001640 -A8-06SEP13-1/1

Дополнување на резервоарот за течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

Течноста за издувните гасови од дизел моторите не смее да се голта. Во случај ако ја голтнете, веднаш јавете се кај лекар. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Користите само дестилирана вода за да ги измиете компонентите кои се користат за испорака на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF). Водоводната вода може да ја загади DEF. Ако дестилирана вода не е на располагање, исплакнете со чиста водоводна вода, а потоа темелно исплакнете со обилна количина на DEF.

Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Ако DEF е наполнета во резервоар за моторно гориво или во други резервоари за течности, не го вклучувајте моторот додека системот не е правилно исчистен од DEF. Веднаш контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за да утврдите како да го испразните и исчистите системот.

Бидете внимателни при повторното полнење на резервоарот за DEF. Погрижете се просторот околу поклопката на резервоарот за DEF да биде без било какви остатоци пред неговото отворање. Затворете ги цврсто резервоарите за DEF помеѓу користењата, заради спречување на загадување и испарување.

Избегнувајте прскање на DEF и не дозволувајте DEF да дојде во контакт со кожата, очите или устата.

TS1731 —UN—23AUG13

DEF не е штетна за ракување, но може да биде корозивна за материјали како челик, железо, цинк, никел, бакар, алуминиум и магнезиум. Користете соодветни резервоари за транспорт и складирање на DEF. Се препорачуваат контејнери од полиетилен, полипропилен или од челик што не `рѓосува.

Избегнувајте продолжен контакт со кожата. Во случај на случаен контакт, веднаш измијте ја кожата со сапун и вода.

Предметите што се користат за складирање или прелевање на DEF треба да бидат чисти, без нечистотии и прашина. Темелно измијте ги и исплакнете ги резервоарите или инките со дестилирана вода за да ги отстраните загадувачите.

Ако неодобрена течност, како дизелско гориво или разладно средство се додаде во резервоар за DEF, веднаш контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за да утврдите како да го испразните и исчистите системот.

Ако во резервоарот за DEF била додадена вода, потребно е чистење на резервоарот. Погледнете го делот Чистење на резервоарот за DEF во овој прирачник. По повторното полнење на резервоарот, проверете ја концентрацијата на DEF. Погледнете го делот Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF).

Возачот мора секогаш да одржува соодветни нивоа на DEF. Секојдневно проверувајте го нивото на DEF и повторно наполнете го резервоарот по потреба. Отворот за полнење е идентификуран со плаво обоена поклопка на која е гравиран прикажаниот симбол DEF.

OUO6075,000182B -A8-10JUN14-1/1

Чистење на резервоарот на течноста за издув на дизел моторот (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за ДИГ може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (СКР).

Ако туѓ материјал или течност се додадени во резервоарот за течноста за ДИГ, испразнете го резервоарот за течноста за ДИГ, измијте го и наполнете го со нова течност за ДИГ.

Ако е во прашање квалитетот на течноста за ДИГ, извлечете примерок од резервоарот за течност за ДИГ и ставете го во чист резервоар. Течноста за ДИГ треба да биде кристално бистра со благ мирис на амонијак. Ако течноста за ДИГ изгледа матно, има обоена нијанса или силен мирис на амонијак, најверојатно не е во рамките на техничките спецификации. Течноста за DEF во ваква состојба не смее да се користи.

1. Отстранете го испусниот чеп (ако постои) и испуштете ја содржината или излијте ја со сифон лошата течност за ДИГ од резервоарот за течноста за ДИГ.

ЗАБЕЛЕШКА: Чистењето може да се изврши со вграден или отстранет резервоар за течност за ДИГ.

2. Исчистете го резервоарот за течност за ДИГ со нова течност за ДИГ.

   Пред моторот да може да работи, течноста за DEF мора да одговара на критериумите за изглед, мирис и концентрација. За повеќе информации, видете за течноста за издув на дизел моторот (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV) во делот за горива и подмачкувачи.

3. Испразнете го резервоарот за течност за DEF или сифонски излијте ја неговата содржина.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторете ги чекорите 2 - 3 додека резервоарот не биде чист.

4. Променете го филтерот на уредот за дозирање на течноста за ДИГ.
5. Инсталирајте испусен чеп во резервоарот за течност за ДИГ, ако е отстранет. Инсталирајте резервоар за течност за ДИГ, ако е отстранет.
6. Наполнете го резервоарот за течност за ДИГ со нова течност за ДИГ.
7. Проверете ја концентрацијата на течноста за ДИГ со рефрактометар за течноста за ДИГ, како JDG11594 или JDG11684. Точната концентрација на течноста за ДИГ изнесува 31,8% - 33,2%. Посетете го Вашиот овластен трговец за повеќе информации.
8. Ако течноста за DEF не е во рамките на спецификациите, не изгледа чисто или нема благ мирис на амонијак, контактирајте го Вашиот овластен трговец.

OUO6075,000182C -A8-10JUN14-1/1

Отстранување на течноста за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

Додека ситните истекувања на DEF на земјата се мал проблем, големите истечени количини на DEF треба да се собираат. Доколку дојде до истурање на поголеми количини од течноста, контактирајте ги локалните еколошки органи за да ви помогнат со чистење на истата.

Ако значителна количина на DEF не е во рамките на спецификациите, јавете му се на трговецот со DEF за помош со отстранувањето. Не исфрлајте значителни количини на DEF врз земјата или преку пречистителните капацитети.

OUO6075,000164A -A8-10SEP13-1/1

Разладно средство за дизел мотори (мотор со влажни обвивки на цилиндрите)

Препорачани разладни средства

Се препорачуваат следните претходно разредени разладни средства за мотори:

- **John Deere COOL-GARD™II**
- **John Deere COOL-GARD II PG**

Претходно разреденото разладно средство COOL-GARD II е достапно во неколку концентрации со различни граници на заштита од замрзнување, како што е прикажано во следната табела.

Претходно разредено COOL-GARD II	Граница на заштита од замрзнување
COOL-GARD II 20/80	-9 °C (16 °F)
COOL-GARD II 30/70	-16 °C (3 °F)
COOL-GARD II 50/50	-37 °C (-34 °F)
COOL-GARD II 55/45	-45 °C (-49 °F)
COOL-GARD II PG 60/40	-49 °C (-56 °F)
COOL-GARD II 60/40	-52 °C (-62 °F)

Не се сите претходно разредени производи COOL-GARD II достапни во сите земји.

Употребете COOL-GARD II PG кога е потребна нетоксична формулација на разладното средство.

Додатни препорачани разладни средства

Следниве разладни средства исто така се препорачани:

- John Deere COOL-GARD II Concentrate во 40—60% мешавина од концентрат со квалитетна вода.

ВАЖНО: Кога мешате концентрат на разладно средство со вода, не користете помал концентрат на разладно средство од 40% или поголем од 60%. Помалку од 40% дава несоодветни адитиви за заштита од корозија. Повеќе од 60% може да резултира со желатинозност на разладното средство и со проблеми во системот за разладување.

Други разладни средства

Други разладни средства на база на етилен гликол или пропилен гликол можат да се користат ако ги задоволуваат следните спецификации:

- Претходно разредено разладно средство кое ги задоволува барањата ASTM D6210
- Концентрат на разладно средство кое ги задоволува барањата ASTM D6210 во 40—60%-тна мешавина на концентрат со квалитетна вода

Ако не е достапно разладно средство кое е во согласност со една од наведените спецификации, користете концентрат на разладно средство или претходно разредено разладно средство кое ги има минимално следните хемиски и физички својства:

- Обезбедува заштита на внатрешната обвивка на цилиндарот во согласност со методата на John Deere за испитување на кавитацијата или со проучувањето извршено при капацитет на оптоварување од 60% или поголем
- Формулирано е со пакет на адитиви без додаток на нитрит
- Ги штити од корозија металите на системот за разладување (леано железо, алуминиумски легури и бакарни легури, како што е месинг)

Квалитет на водата

Квалитетот на водата е важен за работата на системот за разладување. Се препорачува дестилирана, дејонизирана или деминерализирана вода за мешање со концентрат на разладно средство на база на етилен гликол и пропилен гликол.

Интервали на празнење на разладното средство

Испуштете и исперете го системот за разладување и повторно наполнете го со свежо разладно средство на означениот интервал, кој зависи од употребеното разладно средство.

Кога се користи COOL-GARD II или COOL-GARD II PG, интервалот на празнење е 6 години или 6000 работни часови.

Ако се употребува друго разладно средство освен COOL-GARD II или COOL-GARD II PG, намалете го интервалот на испуштање на 2 години или 2000 работни часови.

ВАЖНО: Не користете адитиви кои би можеле да го затнат разладниот систем или антифриз кој содржи такви адитиви.

Не мешајте разладни средства базирани на етилен гликол и пропилен гликол.

Не користете разладни средства што содржат нитрити.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL3 -A8-15MAY13-1/1

John Deere COOL-GARD™ II Coolant Extender

Некои адитиви на разладните средства постепено се трошат во текот на работата на моторот. При користење на COOL-GARD™ II pre-mix и COOL-GARD II Concentrate, обновете ги адитивите на разладното средство помеѓу интервалите на испуштање со додавање на COOL-GARD II Coolant Extender.

COOL-GARD II Coolant Extender не треба да се додава освен ако тоа не е наведено од лентите за тестирање COOL-GARD II. Овие ленти за тестирање овозможуваат едноставна, ефикасна метода за проверка на точката на замрзнување, нивоата на адитивите и pH на вашето разладно средство за мотори.

Тестирајте го растворот на разладното средство на интервали од 12 месеци и секогаш кога се губи голема количина на разладното средство поради протекување или прегревање.

ВАЖНО: Не користите ленти за тестирање COOL-GARD II со COOL-GARD II PG.

COOL-GARD II Coolant Extender е хемиски усогласен систем на адитиви за употреба со сите разладни средства COOL-GARD II. COOL-GARD II Coolant Extender не е наменет за употреба со разладни средства кои содржат нитрити.

ВАЖНО: Не додавајте дополнителни адитиви на разладното средство при испуштање и повторно полнење на системот за разладување со нешто од следното:

- **John Deere COOL-GARD II**
- **John Deere COOL-GARD II PG**

Употребата на дополнителни адитиви на разладното средство кои не се препорачани може да предизвика истекување на адитивот, стврднување на разладното средство или корозија на компонентите на системот за разладување.

Додадете ја препорачаната концентрација на COOL-GARD II Coolant Extender. НЕ додавајте повеќе од препорачаната количина.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL16 -A8-15MAY13-1/1

Работа во топли временски услови

Моторите John Deere се дизајнирани за работа со користење на препорачаните разладни средства за мотор.

Секогаш користете препорачано разладно средство за мотор, дури и кога работите во географски предели каде не е потребна заштита од замрзнување.

ВАЖНО: Водата може да се користи како разладно средство *само во случај на опасност.*

Создавање на пена, корозија на жешки алуминиумски и железни делови, градација и појавување на шуплини настанува кога се користи вода како разладно средство, дури и кога се додадени и други кондиционери на разладното средство.

Испуштете го системот за разладување и наполнете го со препорачано разладно средство за мотор колку што е можно побргу.

DX,COOL6 -A8-15MAY13-1/1

Квалитет на водата која се меша со концентратот на разладното средство

Разладните средства за мотори се комбинација од три хемиски компоненти: антифриз на база на етилен гликол (EG) или пропилен гликол (PG), инхибиторни адитиви на разладни средства и квалитетна вода.

Квалитетот на водата е важен за работата на системот за разладување. Се препорачува дестилирана, дејонизирана или деминерализирана вода за мешање со концентрат на разладно средство на база на етилен гликол и пропилен гликол.

Секоја вода која се користи во системот за разладување мора да ги задоволува следните спецификации за квалитет:

Хлориди	<40 mg/L
Сулфати	<100 mg/L
Вкупно тврди честички	<340 mg/L
Вкупно растворена I тврдост	<170 mg/L
pH	5.5—9.0

ВАЖНО: Не користете пакувана вода за пиење поради тоа што често содржи повисоки концентрации на вкупно растворени цврсти честички.

Заштита од замрзнување

Релативните концентрации од гликол и вода во разладното средство на моторот ја одредуваат границата на заштита од замрзнување.

Етилен гликол	**Граница на заштита од замрзнување**
40%	-24 °C (-12 °F)
50%	-37 °C (-34 °F)
60%	-52 °C (-62 °F)
Пропилен гликол	**Граница на заштита од замрзнување**
40%	-21 °C (-6 °F)
50%	-33 °C (-27 °F)
60%	-49 °C (-56 °F)

НЕ употребувајте мешавина на вода со разладно средство во која има повеќе од 60% етилен гликол или 60% пропилен гликол.

DX,COOL19 -A8-15MAY13-1/1

Испитување на точката на замрзнување на разладното средство

Користењето на рачен рефрактометар за разладни средства е најбрзата, најлесната и најточната метода за утврдување на точката на замрзнување на разладното средство. Оваа метода е поточна од користењето на ленти за тестирање или ареометар од пловен тип, што може да даде лоши резултати.

Рефрактометар за разладни средства е достапен преку Вашиот трговец со John Deere опрема во состав на програмата на алати SERVICEGARD™. Делот број 75240 обезбедува економично решение за точно одредување на точката на замрзнување при работа на поле.

За користење на овој алат:

1. Оставете го системот за разладување да се олади на температурата на околината.
2. Отворете го капакот на радијаторот за да пристапите до разладното средство.
3. Со приложената капалка, земете мал примерок на разладното средство.
4. Отворете го капачето на рефрактометарот, ставете една капка од разладното средство на стаклото и затворете го капачето.
5. Погледнете низ окуларот и фокусирајте ако е потребно.
6. Запишете ја наведената точка на замрзнување за видот на разладното средство (разладно средство на база на етилен гликол или пропилен гликол) кое се испитува.

TS1732 —UN—04SEP13

SERVICEGARD™ дел број 75240



TS1733 —UN—04SEP13

Слика со капка на разладно средство 50/50 поставена на стакло на рефрактометар

SERVICEGARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL,TEST -A8-13JUN13-1/1

Diesel Engine Break-In Oil (ниво 2/фаза II)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In™ или со John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додадете моторно масло John Deere Break-In™ или Break-In Plus™, соодветно, колку што е потребно за да се задржи препорачаното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Ако моторното масло John Deere Break-In™ се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот по најмногу 100 часови.

Ако се користи моторно масло John Deere Break-In Plus™, променете го маслото и филтерот по најмалку 100 часови и најмногу часови кои се еднакви со интервалот специфициран за маслото John Deere Plus-50™ II или Plus-50™.

По ремонт на моторот, наполнете го моторот со моторно масло John Deere Break-In™ или Break-In Plus™.

Ако моторното масло John Deere Break-In™ или Break-In Plus™ не е достапно, употребете масло за дизел мотор со степен на вискозност SAE 10W-30 кое задоволува едно од наведеното и променете го маслото и филтерот по најмногу 100 работни часови:

- API сервисна класификација CE
- API сервисна класификација CD
- API сервисна класификација CC
- ACEA редослед на маслото E2
- ACEA редослед на маслото E1

ВАЖНО: Не користете Plus-50™ II, Plus-50™ или моторни масла кои задоволуваат нешто од наведеното при почетното разработување на нов или ремонтиран мотор:

API CJ-4	**ACEA E9**
API CI-4 PLUS	**ACEA E7**
API CI-4	**ACEA E6**
API CH-4	**ACEA E5**
API CG-4	**ACEA E4**
API CF-4	**ACEA E3**
API CF-2	
API CF	

Тие масла не му дозволуваат на моторот да се разработи соодветно.

Моторното масло John Deere Break-In Plus™ може да се користи за сите дизел мотори John Deere на сите сертификациски нивоа за емисии.

По периодот на разработување, користете го маслото John Deere Plus-50™ II, John Deere Plus-50™ или друго масло за дизел мотори како што е препорачано во овој прирачник.

Break-In е регистриран заштитен знак на Deere & Company.
Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company.

OUO6075,00016F9 -A8-19DEC13-1/1

John Deere Break-In Plus™ моторно масло (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)

Новите мотори се наполнети во фабриката со John Deere Break-In Plus™ масло за мотор. За време на периодот на разработување, додадете моторно масло John Deere Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

За време на почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот помеѓу најмалку 100 работни часови и најмногу работни часови еднакви на интервалот наведен за маслото John Deere Plus-50™ II.

По ремонт на моторот, наполнете го моторот со моторно масло John Deere Break-In Plus™.

Ако моторното масло John Deere Break-In Plus™ не е достапно, употребете масло за дизел мотори со степен на вискозност SAE 10W-30 кое задоволува едно од наведеното:

- API сервисна класификација CJ-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E6

Ако едно од овие масла се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот помеѓу најмалку 100 часови и најмногу 250 часови.

ВАЖНО: Не употребувајте други масла за мотор за време на почентното разработување на нов или ремонтиран мотор.

Моторното масло John Deere Break-In Plus™ може да се користи за сите дизел мотори John Deere на сите сертификациски нивоа за емисии.

По периодот на разработување, користете масло John Deere Plus-50™ II или други масла за дизел мотори кои се препорачани во овој прирачник.

Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company.

OUO6075,00016FA -A8-19DEC13-1/1

Дизел моторни масла (ниво 2/фаза II)

Користете масло чиј вискозитет е базиран на очекуваниот опсег на воздушна температура за време на периодот на промена на маслото.

Се препорачува користење на John Deere Plus-50™ II.

Исто така, се препорачува John Deere Plus-50™.

Другите масла можат да се користат ако задоволуваат еден или повеќе услови од следниве:

- John Deere Torq-Gard™
- API сервисна класификација CJ-4
- API сервисна класификација CJ-4 PLUS
- API сервисна класификација CI-4
- API сервисна класификација CH-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E7
- ACEA редослед на маслото E6
- ACEA редослед на маслото E5
- ACEA редослед на маслото E4

Се препорачуваат мулти-вискозитетни масла за дизел мотори.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур во горивото мора да се во согласност со постојните прописи за емисии во подрачјето каде работи машината.

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company
Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company



Вискозитет на маслото за опсег на воздушни температури

НЕ користете дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 10000 mg/kg (10000 ppm).

OUO6075,00016FB -A8-19DEC13-1/1

Дизел моторно масло (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)

Користете масло чиј вискозитет е базиран на очекуваниот опсег на воздушна температура за време на периодот на промена на маслото.

John Deere Plus-50™ II е препорачаното масло за мотор.

Можат да се применат продолжени интервали на сервисирање кога се користат масла за мотор John Deere Plus-50 II. За повеќе информации, погледнете ја табелата за интервал на испуштање на маслото во моторот и консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема.

Ако John Deere Plus-50 II масло за мотор не е достапно, може да се употреби масло за мотор кое исполнува еден или повеќе од наведените услови:

- API сервисна класификација CJ-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E6

НЕ употребувајте масло за мотор кое содржи повеќе од 1,0% сулфатен пепел, 0,12% фосфор, или 0,4% сулфур.

Се препорачуваат мулти-вискозитетни масла за дизел мотори.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур во горивото мора да се во согласност со постојните прописи за емисии во подрачјето каде работи машината.

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company



Степен на вискозитет на маслото во однос на температурата на воздухот

ВАЖНО: Користете само дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

OUO6075,00016FC -A8-19DEC13-1/1

Моторно масло и and интервали на сервисирање на филтерот (ниво 2/фаза II)

Препорачаните интервали за сервисирање на маслото на мотор и филтер се темелат на комбинација од капацитетот на садот за масло (картерот), типот на употребеното маслото на мотор и филтер, како и содржината на сулфур на дизел горивото. Реалните интервали на сервисирање исто така зависат и од работните операции и одржувања.

Користете анализа на гориво за да ја проценете состојбата на маслото и како помош во изборот на соодветно интервал на сервисирање на маслото и филтерот. За повеќе информации за анализа на масло на гориво, консултирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Промените го маслото и филтерот за масло еднаш на секои 12 месеци, дури и ако работните часови се помалку отколку препорачаните за интервал на сервисирање.

Содржината на сулфур во дизел гориво влијае на интервалите на сервисирање на маслото на мотор и филтер.

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 2000 mg/kg (2000 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 2000 - 5000 mg/kg (2000 - 5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и на филтерот.
- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на моторот:

- **Намалете го интервалот на сервисирање на маслото и филтерот за 50% кога користите биодизелски мешавини поголеми од B20. Анализата на маслото може да дозволи подолги интервали на сервисирање.**
- **Употребувајте само одобрени типови на масло.**

Одобрени типови на масло:

- “Plus-50 Oils” вклучува John Deere Plus-50™ II и John Deere Plus-50™.
- “Други масла” вклучуваат John Deere Torq-Gard™, API CJ-4, API CI-4 PLUS, API CI-4, API CH-4, ACEA E9, ACEA E7, ACEA E6, ACEA E5 и ACEA E4.

Интервали на сервисирање за маслото на мотор и филтер	
Сулфур во горивото	Помалку од 2000 mg/kg (2000 ppm)
Масла Plus-50	375 работни часови
Други масла	250 работни часови
Сулфур во горивото	2000—5000 mg/kg (2000—5000 ppm)
Масла Plus-50	275 работни часови
Други масла	150 работни часови
Сулфур во горивото	5000—10000 mg/kg (5000—10000 ppm)
Масла Plus-50	187 работни часови (посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема)
Други масла	125 работни часови (посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема)
Анализата на масло може да го продолжи интервалот на сервисирање за “Други масла” до максимален интервал кој не го надминува интервалот за масла Plus 50.	

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company
Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00016FD -A8-19DEC13-1/1

Моторно масло и сервисни интервали на филтер (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)

Препорачаните интервали за сервисирање на моторното масло и на филтерот се темелат на комбинација од капацитетот на садот за масло (картерот), типот на употребеното мотороно масло и филтер, како и содржината на сулфур на дизел горивото. Реалните интервали на сервисирање исто така зависат и од работните операции и одржувања.

Користете анализа на гориво за да ја проценете состојбата на маслото и како помош во изборот на соодветно интервал на сервисирање на маслото и филтерот. За повеќе информации за анализа на масло на гориво, консултирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Промените го маслото и филтерот за масло еднаш на секои 12 месеци, дури и ако работните часови се помалку отколку препорачаните за интервал на сервисирање.

Содржината на сулфур во дизел гориво влијае на интервалите на сервисирање на маслото на мотор и филтер. Повисоките нивоа на сулфур ги намалуваат интервалите на сервисирање на масло и филтер.

Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 15 mg/kg (15 ppm) е ЗАДОЛЖИТЕЛНА.

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на моторот:

- **Намалете го интервалот на сервисирање на маслото и филтерот за 50% кога користите биодизелски мешавини поголеми од B20. Анализата на маслото може да дозволи подолги интервали на сервисирање.**
- **Употребувајте само одобрени типови на масло.**

Одобрени типови на масло

- John Deere Plus-50™ II
- “Другите масла” вклучуваат API CJ-4, ACEA E9 и ACEA E6

Интервали на сервисирање за маслото на мотор и филтер	
John Deere Plus-50™ II	400 работни часови
Други масла	250 работни часови
Анализата на масло може да го продолжи интервалот на сервисирање за “Други масла” до максимален интервал кој не го надминува интервалот за маслата Plus-50™ II.	

OUO6075,00016FE -A8-11APR14-1/1

Oilscan™ и CoolScan™

Oilscan™ и CoolScan™ се програми на John Deere за земање примерок кои Ви помагаат во набљудувањето на перформансите на Вашата машина и во идентификувањето на можни проблеми пред тие да предизвикаат сериозни оштетувања.

Примероци од маслото и разладното средство треба да се земат од секој систем пред препорачаниот интервал на променување.

Проверете ја кај Вашиот трговец со John Deere опрема достапноста на Oilscan™ и CoolScan™ комплети.



T6828AB —UN—15JUN89



T6829AB —UN—26AUG11

Oilscan е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CoolScan е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,OILSCAN -A8-13SEP11-1/1

Масла за пренос ProDrive™, CommandTouch™ со погон со повеќе брзини на доставната комора, систем со хидростатичен погон, главен хидруаличен систем и главен запчест преносник на моторот

ЗАБЕЛЕШКА: Машините ја напуштаат фабриката наполнети со John Deere Hy-Gard™.

Одобрени се само следниве масла:

- John Deere Hy-Gard™
- Масла кои ги исполнуваат стандардот John Deere JDM J20C

ЗАБЕЛЕШКА: За употреба во екстремно ниски температури, можат да се заменува само со следново:

- *Low Viscosity Hy-Gard™*
- *Масла кои ги исполнуваат стандардот John Deere JDM J20D*



ZX1030848 —UN—15SEP02

Hy-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00013F2 -A8-28FEB13-1/1

Пренос (механички менувач и менувач со притисок на копче), крајни погони, растоварна спирала, примарно меѓупреносно вратило и погони од две брзини на куќиштето на запчестиот пренос на сепараторот

Користете масло чиј вискозитет е базиран на очекуваниот опсег на воздушна температура за време на периодот на промена на маслото.

Се препорачуваат следните масла:

- John Deere GL-5 GEAR ПОДМАЧКУВАЧ
- John Deere EXTREME-GARD™

Другите масла може да се користат ако ја задоволуваат API Service GL-5 класификацијата.

Број на производ	Опис	Големина
TY6252	Подмачкувач за менувач 80W/90 GL5	Контејнер од 16 kg (контејнер 35 lb.l)
TY6296	Подмачкувач за менувач 80W/90 GL5	резервоар од 0.9 L (резервоар од 1 qt.)
TY6256	Подмачкувач за менувач 85W/140 GL5	Контејнер од 16 kg (контејнер 35 lb.l)
TY6345	Подмачкувач за менувач 85W/140 GL5	резервоар од 0.9 L (резервоар од 1 qt.)



TS1653 —UN—14MAR96

EXTREME-GARD е регистриран заштитен знак на Deere& Company.

OUO6075,00010AC -A8-05MAR12-1/1

Запчест преносник на реверсерот на доставната комора

Се дозволува само следното масло:

- ISO VG 460 Fully Synthetic

Број на производ	Опис	Големина
TY26408	ISO VG 460 Fully Synthetic	0,95 L (1 qt)



OUO6075,0000B2A -A8-09AUG07-1/1

Подмачкувач

Користете подмачкувач базиран на конзистентните броеви на NLGI и очекуваниот опсег на воздушна температура за време на интервалот на сервисирање.

Се препорачува следниов подмачкувач:

- John Deere SD POLYUREA GREASE (TY6341)

Други подмачкувачи може да се користат ако ги исполнуваат следниве услови:

- NLGI спецификација на перформанси GC-LB

ВАЖНО: МАСЛО John Deere SD POLYUREA (TY6341) потребно е масло за сензорните камери со вртлив момент во доставната комора.

Некои типови подмачкувачи се стврднуваат и не се компатибилни со други.

Ако наставката за подмачкување недостига, заменете ја веднаш. Исчистете ги наставките темелно пред да употребувате пиштол за подмачкување.

Број на производ	Опис
TY6341	Повеќенаменски подмачкувач за висока температура и екстремен притисок, особено ефективен при работење со контакти при превртување.



HX,AG,SF7350 -A8-26OCT99-1/1

Течност за сопирачки (ако е вградено)

ВАЖНО: Кога го отстранувате капакот од резервоарот, внимавајте загадувачи да не доспеат во резервоарот.

Течност треба да биде 6 mm (1/4 in.) од врвот.

Наполнете го резервоарот со SAE J1703d, DOT-3 или DOT-4 хидраучична течност за сопирачки.

OUO6075,0000AE9 -A8-10DEC10-1/1

Филтри за масло

Филтрирање на маслото е од огромна важност за соодветно работење и подмачкување. Марките на филтри за масло John Deere се дизајнирани и произведени специјално за John Deere примени.

Филтрите John Deere се усогласени со техничките спецификации за квалитет на материјалот на филтерот, степенот на ефикасност на филтерот, јачината на врската помеѓу материјалот на филтерот и завршниот капак на елементот, животниот век на кутијата (ако постои) и капацитетот за притисок на капакот на филтерот. Филтрите за масло кои не се од John Deere можеби нема да ги задоволуваат овие клучни спецификации на John Deere.

Секогаш редовно менувајте ги филтрите за масло како што тоа е наведено во овој прирачник.

DX,FILT1 -A8-11APR11-1/1

Филтри за гориво

Важноста на филтрирање на горивото е особено важна при новите модерни системи за гориво. Комбинацијата од сè поголемиот број регулативи за ограничување на емисиите како и барањата за поефикасни мотори бараат системите за гориво да работат на многу повисоки притисоци. Високите притисоци може да се постигнат само со користење на компоненти за вбризгување на гориво кои имаат многу мали отстапувања. Овие строги производствени отстапувања имаат значително намалени капацитети за отпад и вода.

Марките на филтри за гориво John Deere brand се дизајнирани и произведени специјално за John Deere мотори.

За да се заштити моторот од отпад и вода, секогаш менувајте ги филтрите за гориво на моторот како што е тоа наведено во овој прирачник.

DX,FILT2 -A8-14APR11-1/1

Алтернативни и синтетички подмачкувачи

Условите во некои географски предели може да побаруваат подмачкувачи различни од оние наведени во овој прирачник.

Некои видови John Deere разладни средства и подмачкувачи можеби не се достапни во Вашата локација.

Консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема за да добиете информации и препораки.

Синтетички подмачкувачи може да се користат ако ги задоволуваат техничките побарувања наведени во овој прирачник.

Температурните граници и интервали на сервисирање наведени во овој прирачник се однесуваат и на обичните и на синтетичките подмачкувачи.

Рециклираните масла можат да се користат ако ги задоволуваат побарувањата на техничките податоци.

DX,ALTER -A8-11APR11-1/1

Складирање на подмачкувач

Вашата опрема може да работи со максимална ефикасност само ако се употребуваат чисти подмачкувачи.

Користете чисти контејнери за чување на сите подмачкувачи.

Складирајте ги подмачкувачите и контејнерите во простории заштитени од прашина, влага и други извори на загадување. Чувајте ги контејнерите хоризонтално за да избегнете акумулирање на вода и прашина.

Осигурете се дека секој контејнер е соодветно означен за да се знае што содржи.

Соодветното отстранете ги старите контејнери и каков било подмачкувач што е останало во нив.

DX,LUBST -A8-11APR11-1/1

Мешање на подмачкувачи

Општо, избегнувајте мешање на различни видови подмачкувачи или видови масло. Производувачите на масла мешаат адитиви во нивните масла за да исполнат одредени спецификации и побарувања на перформанси.

Мешањето на различни масла може да влијае на соодветното функционирање на овие адитиви и да ги намали перформансите на подмачкувачот.

Консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема за да добиете информации и препораки.

DX,LUBMIX -A8-18MAR96-1/1

Интервали на сервисирање — чистење или одложување

H95847 —UN—12OCT10



Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

H95878 —UN—29MAR10



Мониторот за перформанси Икона за примена

⚠ ВНИМАНИЕ: За да избегнете повреди, никогаш не ја подмачкувајте сервисната машина, хедерот или моторот додека работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: Интервали на сервисирање се однесуваат на просечни услови. Сервисирајте почесто ако машината се користи во екстремни услови.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледајте го поглавјето Сервисирање во периодот на разработување за информации за Интервали за сервисирање за првите 100 работни часови на машината.

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за мониторот за перформанси.

Продолжува на следната страница

OUO6075,00005F1 -A8-27JUN12-1/3

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредните поставки (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи менито за интервал на алармот за сервисирање (B).

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го изборникот додека не се прикаже вредноста за саканиот интервал за сервисирање. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја сочувате вредноста.

Само екран осетлив на допир: Внесете го саканиот интервал за сервисирање со помош на екранот со броеви. Допрете ја иконата влез/прифати за да ја сочувате вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете го екранот за сервисирање како водич кога машината треба да се сервисира.

Екранот за сервисирање се појавува на секои 50 работни часови на мотор покажувајќи дека машината треба да се сервисира.

Кога екранот за сервисирање се појави, можете да одберете помеѓу две опции:

- Операторот може да одбере да занемарува сервисирањето на машината во ова време.
- Операторот може да одбере да ја сервисира машината во ова време.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако операторот одбере икона за назад/враќање занемарувајќи го сервисирањето во ова време, исчезнува екранот. Следниот пат кога прекинувачот за клуч се обрне кон положбата "RUN", екранот ќе се појави.

Време откако последното ресетирање (C) се појави и го предупреди операторот за износ на часови поминати од последното сервисирање.



H95957 —UN—05OCT10

A—Икона за напредни поставки
B—Интервал на Алармот за сервисирање
C—Време од последното ресетирање
D—Икона за ресетирање

По сервисирањето, допрете го или притиснете го прекинувачот за потврдување кога иконата за ресетирање (D) е означена за ресетирање на нула.

OUO6075,00005F1 -A8-27JUN12-2/3

H95845 —UN—31MAR10

H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.



Икона за главната примена на комбајнот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за главната страница на комбајнот.

OUO6075,00005F1 -A8-27JUN12-3/3

Локации на ознаки за подмачкување



H97176 —UN—30JUN10

Ознаки за подмачкување на лева страна



H83439 —UN—01JUN05

Ознаки за подмачкување на десна страна (S660 и S670)

ВАЖНО: Машини HillMaster: Избегнете повреди од згмечување. Секогаш комплетно спуштете го системот за порамнување пред да одите под машината за да ја сервисирате, нагодувате или поправате. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Ознаките за подмачкување (A) прикажуваат различни локации за подмачкување околу машината. Следете ги времињата за подмачкување како што е опишано на ознаките и за повеќе информации прочитајте за часовни интервали.

Дефекти во лагерите и прегревање може да предизвикаат пожар. За да ги намалите неуспешни работи на лежиштето или прегревање, следете ги интервалите на времиња наведени во ова поглавје за повеќе информации.

Материјалот од културата и друг отпад може да се наталожува околу лежиштата и капаците на лежишта.



H97177 —UN—30JUN10

Ознаки за подмачкување на лева страна (S680, S685 и S690)

A—Ознаки за подмачкување

Проверете ги и исчистете ги овие подрачја периодично во текот на денот на жнеење.

OUO6075,0001258 -A8-09OCT12-1/1

Замена на хидраулично црево

Хидрауличните црева треба почесто да се проверуваат од истекување, замотување, исекотини, абразија, меури, корозија, оголени жици или било какви други знаци на абење или оштетување. Истрошеното или оштетеното црево може неуспешно да работи во текот на користењето и треба веднаш да се замени. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема ако треба да ги замените цревата.

⚠ ВНИМАНИЕ: Ако се користи црево со неправилни димензии, може да дојде до оштетување на машината, повреди или смрт.

Ако цревата треба да се произведат, осигурете да тие црева бидат со исти димензии како она што се заменува. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за замената со цревата со правилни димензии.

Неправилната должина или неправилните димензии на цревото може да предизвикат абење или оштетување на цревото. Користете го старото црево како мерка за должината и димензијата на цревото.

Неправилните наставки може да оштетат деловите за поврзување или да предизвика истекнување. Погиржете се да ги користите челични наставки одобрени за користење од произведувач на цревото. Користете ја правилната должина и вид на навој во заменувањето на цревото.

OUO6075,00000B9 -A8-04JUN08-1/1

Чистота на хидрауличен систем

ВНИМАНИЕ: Истекувањето на течноста под висок притисок може да ја пробие кожата и да предизвика тешки повреди. Избегнете несреќа со испуштање на притисокот од хидрауличните и од другите црева пред нивно одвојување. Затегнете ги сите приклучоци пред повторно да воспоставите притисок во системот. Со парче картон проверете нешто да не истекува. Заштитете ги рацете и телото од течностите под висок притисок.

Ако се случи несреќа, веднаш одете на лекар. Ако некоја течност продре под кожата, мора по хируршки пат да се отстрани во рок од неколку часови, во спротивно може да предизвика гангрена. Лекарите незапознаени со овој вид на повреда можат да контактират Медицинскиот оддел на Deere & Company во Молин, Илиноис, или друг релевантен медицински извор.

Чистота

Ако хирауличниот систем треба да се исклучи од работа, заштитете ги краевите на цревата, цевките и приклучоците на компоненти од загадување со чиста крпа која што не остава влакненца или чисти пластични врекички.



X9811 —UN—23AUG88

Пред инсталирањето на кое било заменско црево, измијте ја внатрешноста со некористено дизел гориво или некористена комерцијална течност за чистење на база од нафта за минимално десетина секунди. Не користете вода, водорастворливи средства за чистење или компримиран воздух.

Отстранете го капакот од мулти-спојката и приклучете го на докинг станицата на хедерот. Кога ја спојувате на хедерот, површини на мулти-спојката треба да се изчистени од нечистотии и отпад.

OUO6075,0000A7B -A8-04NOV10-1/1

Притисок на акомулатор

ЗАБЕЛЕШКА: Поради температурните разлики, притисоците на акомулаторот можат значително да се менуваат и потребно е нивно прилагодување. За повеќе информации, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00017A8 -A8-27MAR14-1/1

Симболи за подмачкување

ВНИМАНИЕ: Никогаш не подмачкувајте или сервисирајте главата за пченка во текот на работата на моторот.

Подмачкувајте со John Deere Multipurpose SD Polyurea Grease High Temperature/Extreme Pressure lubricant или со SAE Multipurpose High Temperature Grease за работа во ектремен притисок (EP) во времињата прикажани на симболот.

Подмачкувајте со масло John Deere SAE 30 или потешко масло во временските интервали наведени на симболите.

ВАЖНО: Препорачаните интервали на сервисирање се однесуваат на просечни услови. Сервисирајте ПОЧЕСТО ако машината работи во неповолни услови.

OUO6075,0000852 -A8-14MAR07-1/1

На секои 10 работни часови



H106183 —UN—20FEB13

ВАЖНО: Времињата за сервисирање се за просечни услови. Сервисирајте почесто ако машината се користи во екстремни услови.

1. Напливен резервоар - Проверете го нивото на разладното средство во напливниот резервоар (A) кога моторот е ладен. Нивото мора да биде до линијата ”Max Cold” (макс. ладно).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите ”Max Cold” (макс. ладно) и ”Min Cold” (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата ”Min Cold” (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

2. Собирач на камења - отстранете го клинот за брзо заклучување и истоварете го собирачот на камења преку рачката (B). Затворете го собирачот на камења и задржете го со клинот за брзо заклучување.



H107146 —UN—05MAR13

A—Напливен резервоар **B—Рачка**

OUO6075,000132D -A8-07MAR13-1/1

На секои 10 работни часови



H111174 —UN—06MAY14



H106509 —UN—09JAN13



H106510 —UN—09JAN13

Погон на четирите тркала/погон на две тркала

А—Црево за испуштање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал или вода, подмачкајте ги лежиштата на вретеното на задната оска и моторните оски на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте ја опремата се дури не се исчисти маста од горните и долни заптивки кај вртливите делови на моторот.

1. Моторски оски на погонот на четири тркала со две брзини - подмачкајте ги двете наставки за подмачкување (и на двете страни).
2. Моторски оски/лежишта на вретеното на оската кај погон на две тркала за тешки работни услови и кај погон за екстра тешки работни услови - кога работите во кал или вода, подмачкајте ги наставките за подмачкување (и на двете страни) на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте ги наставките за подмачкување (и на двете страни) на секои 50 часови.



H111175 —UN—06MAY14

3. Надворешни лежишта на крајниот погон - кога работите во кал или вода, подмачкајте ги наставките (и на двете страни) на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте ги наставките за подмачкување (и на двете страни) на секои 50 часови.

Продолжува на следната страница OUO6075,00017E4 -A8-06MAY14-1/2

4. Црево за испуштање на клима уредот = исчистете го цревото за испуштање на клима уредот (A) на двете страни од кабината.

ЗАБЕЛЕШКА: Употребете подмачкувач John Deere TY6341 Multi-Purpose SD Polyurea или синтетички подмачкувач John Deere TY25744 кога го подмачкувате запчестиот преносник на погонот на реверсерот на доставната комора.

5. **Машини S660 и S670:** Запчестиот преносник на погонот на реверсерот на доставната комора (доставна комора со променлива брзина) - завртете го ременикот така што наставките да бидат во положба за 12 часот и во положба за 2 часот.

   Кога работите во тешки услови или во високо плодна пченка, подмачкајте ја наставката во положба за 12 часот, 5 - 8 пумпања на секои 10 часови. Вишокот подмачкувач ќе истече од долната страна на пружината.

   Подмачкајте ја наставката во положба за 2 часот, 2 - 3 пумпања на секои 10 работни часови. Зголеменото подмачкување на оваа наставка може да дозволи подмачкувачот да истече врз ременот и да предизвика откажување на ременот.

   Кога работите во нормални услови, подмачкајте ја наставката во положба за 12 часот (10 - 15 пати) и наставката во положба за 2 часот (5 - 8 пати) на секои 50 часови. После подмачкувањето, менувајте ги променливите ременици низ опсегот на брзината неколку пати за да осигурете дека подмачкувачот рамномерно се распространува над површините на брегастото вратило.

6. **Машини S680, S685 и S690:** Лизгачко квачило кај подигнувачот за плевата - наставки за подмачкување кај лизгачкото квачило кај подигнувачот за плевата.

OUO6075,00017E4 -A8-06MAY14-2/2

На секои 10 часови (машини HillMaster™)



H107116 —UN—01MAR13

1. Оска на крајниот погон - подмачкајте ја наставката (и на двете страни) додека не истече подмачкувач.

H98384 —UN—01OCT10

OUO6075,00013F7 -A8-01MAR13-1/1

На секои 50 работни часови



H106185 —UN—20FEB13



H87397 —UN—13FEB07

S660



H93580 —UN—05MAR09

S670, S680, S685 и S690

Машини S660:

ЗАБЕЛЕШКА: Стартувајте ја машината и менувајте го сепараторот низ целиот опсег на брзината неколку пати за рамномерна распределба на подмачкувачот.

1. Погонувани ременици на променливите брзини на сепараторот - менувајте ги ремениците низ опсегот на брзина ако постојано се работи на висока брзина. Вртењето на ремениците помага во пополнување на чаурите со подмачкувач кој е веќе внатре во празнината на ременикот.
2. Управувачки ременици на сепараторот со променлива брзина - вртете ги ремениците низ опсегот на брзина ако постојано се работи на висока брзина. Вртењето на ремениците помага во пополнување на чаурите со подмачкувач кој е веќе внатре во празнината на ременикот.

Машини S670, S680, S685 и S690:

ВАЖНО: Управувачки и погонувани ременици на сепараторот со променлива брзина: Пумпајте 20 — 25 капки подмачкувач во наставката. НЕ СТАВАЈТЕ ПРЕМНОГУ ПОДМАЧКУВАЧ.

1. Погонувани ременици на сепаратор со променлива брзина - завртете ги ремениците за да пристапите до наставката.

ЗАБЕЛЕШКА: Стартувајте ја машината и менувајте го сепараторот низ целиот опсег на брзината неколку пати за рамномерна распределба на подмачкувачот.

2. Управувачки ременици на сепаратор со променлива брзина - затворете ги ремениците (висока брзина) пред да ја подмачкувате наставката на главината на надворешниот ременик. Завртете го ременикот за да пристапите до наставката. Менувајте ја брзината на цилиндарот за да го распоредите подмачкувачот ако постојано се работи во висока брзина.

Продолжува на следната страница

На секои 50 работни часови



H106186 —UN—20FEB13



H91006 —UN—17MAR08



H86775 —UN—02NOV06

Погон на четирите тркала/погон на две тркала



H87803 —UN—04APR07

H86897 —UN—08NOV06

1. Променливи горни ремеици на вентилаторот за чистење - подмачкајте ги и двете наставки на главината на надворешниот ременик. Завртете ги ремениците за пристап до наставката.
2. Променливи долни ремеици на вентилаторот за чистење - подмачкајте ја наставката на главината сместена на внатрешниот ременик. Завртете ги ремениците за пристап до наставката.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал или вода, подмачкајте ги лежиштата на вретеното на задната оска и моторните оски на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте ја опремата се дури не се исчисти маста од горните и долни заптивки кај вртливите делови на моторот.

Продолжува на следната страница

3. Моторски оски на погонот на четири тркала со две брзини - подмачкајте ги двете наставки за подмачкување (и на двете страни).

4. Моторски оски/лежишта на вретеното на оската кај погон на две тркала за тешки работни услови и кај погон за екстра тешки работни услови - кога работите во кал или вода, подмачкајте ги наставките за подмачкување (и на двете страни) на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте ги наставките за подмачкување (и на двете страни) на секои 50 часови.

ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно да го завртите ременикот за да пристапите до наставките.

5. **Машини S660 и S670:** Горни ременици на доставната комора (доставна комора со променлива брзина) - подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник и подмачкајте ги наставките од долната страна на доставната комора.

ЗАБЕЛЕШКА: Употребете подмачкувач John Deere TY6341 Multi-Purpose SD Polyurea или синтетички подмачкувач John Deere TY25744 кога го подмачкувате запчестиот преносник на погонот на реверсерот на доставната комора.

6. **Машини S660 и S670:** Запчестиот преносник на погонот на реверсерот на доставната комора (доставна комора со променлива брзина) - завртете го ременикот така што наставките да бидат во положба за 12 часот и во положба за 2 часот.

   Кога работите во тешки услови или во високо плодна пченка, подмачкајте ја наставката во положба за 12 часот, 5 - 8 пумпања на секои 10 часови. Вишокот подмачкувач ќе истече од долната страна на пружината.

   Подмачкајте ја наставката во положба за 2 часот, 2 - 3 пумпања на секои 10 работни часови. Зголеменото подмачкување на оваа наставка може да дозволи подмачкувачот да истече врз ременот и да предизвика откажување на ременот.

   Кога работите во нормални услови, подмачкајте ја наставката во положба за 12 часот (10 - 15 пати) и наставката во положба за 2 часот (5 - 8 пати) на секои 50 часови. После подмачкувањето, менувајте ги променливите ременици низ опсегот на брзината неколку пати за да осигурете дека подмачкувачот рамномерно се распространува над површините на брегастото вратило.

7. Надворешни лежишта на крајниот погон - кога работите во кал или вода, подмачкајте ги наставките (и на двете страни) на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте ги наставките за подмачкување (и на двете страни) на секои 50 часови.

OUO6075,0001719 -A8-13JAN14-2/2

На секои 50 работни часови



H106187 —UN—20FEB13



H97528 —UN—04AUG10



H107147 —UN—05MAR13



H97452 —UN—30JUL10



H91012 —UN—20MAR08

Запчест преносник на реверсерот со променлива брзина/со повеќе брзини

A—Окно за проверка
B—Филтер за предчистачот за гориво
C—Шипка за мерење
D—Копче
E—Филтер за свеж воздух
F—Шипка за мерење

1. Хидростатично/хидраулично масло - проверете со хедерот спуштен на земјата. Нивото на маслото треба да биде до врвот на окното за проверка (A) со целосно спуштена доставна комора. Додадете масло по потреба.

Продолжува на следната страница

2. Филтер на предчистачот на горивото - визуелно проверете го филтерот на предчистачот на горивото (B) и исчистете ако на ситото се видливи талози. Затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете го филтерот и исчистете го ситото. Поставете го ситото и филтерот и отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво за да наполнете (погледнете во Чистење на филтерот на предчистачот на горивото во поглавјето Сервисирање на моторот.)
3. Радијатор, ладилник на воздушното полнење, ладилник на маслото и кондензатор - исчистете го радијаторот преку дување компримиран воздух од внатрешната страна кон надвор. Проверете ги површините од наталожување на плева и исчистете ако има потреба.

ЗАБЕЛЕШКА: Кај машини опремени со капаци на резервоарот за зрна, неопходно е да се отстранат машинските делови на долната потпорна шипка за да може да се спушти спиралата.

4. Сензор за проток на маса = спуштете ја спиралата и исчистете ја плочата на сензорот за проток на маса.
5. Погон на сепаратор со две брзини - отстранете ја шипката за мерење (C) и проверете го нивото на маслото. Додадете масло по потреба за да го коригирате нивото според шипката за мерење.

ЗАБЕЛЕШКА: Филтерот за свеж воздух во кабината може да има потреба од поредовно чистење во многу прашливи услови.

6. Филтер за свеж воздух во кабината - завртете го копчето (D) и спуштете го пристапниот капак. Отстранете го филтерот за свеж воздух во кабината (E) за да го исчистете или замените.
7. Запчест преносник на реверсерот на доставната комора - подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник. Запчестите преносници со ладилник на маслото ќе имаат потреба запчестиот преносник да работи неколку минути. Ова овозможува ладилникот да се наполни со масло. Нивото на маслото мора да се покаже на закривениот дел од шипката за мерење (F).

OUO6075,0001331 -A8-07MAR13-2/2

На секои 50 работни часови



H109956 —UN—10MAR14



H97797 —UN—27AUG10

S660 и S670 (Ниво 2/фаза II) / (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)



H97800 —UN—27AUG10

S680 и S690 (ниво 2/фаза II) / (привремено ниво 4/фаза III B)

A—Одвод **B—Површини за чистење**

1. Главен филтер за гориво на сепараторот за вода - проверете дали садот на сепараторот има вода. Отворете го одводот (A) и испуштете ја водата од садот на сепараторот.
2. Странично накосување на доставната комора - проверете ги површините за чистење (B) од пакуван материјал кој може да го спречи хедерот да се накосува. Исчистете ако е потребно.



H97798 —UN—27AUG10

OUO6075,0001797 -A8-10MAR14-1/1

На секои 50 работни часови (машини Hillmaster™)



H107117 —UN—01MAR13

1. Оска на клипот на главниот цилиндар - подмачкајте ја наставката (и двете страни) додека не потече масло.
2. Цилиндарски корпус за порамнување - подмачкајте ја наставката (и двете страни) додека не потече подмачкувач.



H98386 —UN—01OCT10

OUO6075,00013FB -A8-01MAR13-1/1

Првите 100 работни часови (Машини S670, S680, S685 и S690 со ProDrive™)



H106189 —UN—20FEB13

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога го заменувате филтерот.

1. **Машини S670 со ProDrive™:** Филтер на главниот запчест преносник на моторот - отстранете и заменете го филтерот (A). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
2. **Машини со ProDrive™:** Филтер за подмачкување на главниот запчест преносник на моторот/ProDrive™ - отстранете и заменете го филтерот (B). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.



H99378 —UN—08DEC10

A—Филтер **B—Филтер**

OUO6075,0001577 -A8-20JUN13-1/1

На секои 100 работни часови



H108217 —UN—10JUN13

H108218 —UN—10JUN13

1. Притисок во гумите и затегнатост на винтовите - проверете го притисокот во предните и во задните гуми и затегнатоста на винтовите на тркалата (погледнете во поглавјето Земјен погон и задна оска).

OUO6075,000150D -A8-10JUN13-1/1

На секои 200 работни часови



H108219 —UN—10JUN13



H108220 —UN—10JUN13



H108221 —UN—10JUN13

A—Филтер за рециркулација

1. Филтер за рециркулација - отстранете го капакот за да го исчистете или замените филтерот за рециркулација (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Машините кои не се опремени со погон на доставната комора со повеќе брзини имаат само една наставка за подмачкување.

2. **Машини S670, S680, S685 и S690:** Главно меѓупреносно вратило (доставна комора со повеќе брзини) - завртете за да пристапите до петте наставки и подмачкајте ги.

OUO6075,0001578 -A8-20JUN13-1/1

На секои 200 работни часови (S660)



H106185 —UN—20FEB13

ВАЖНО: Управувачки и погонувани ременици на сепараторот со променлива брзина: Пумпајте 20 до 25 капки подмачкувач во наставката. НЕ СТАВАЈТЕ ПРЕМНОГУ ПОДМАЧКУВАЧ.

1. Погонувани ременици на сепаратор со променлива брзина - завртете ги ремениците за да пристапите до наставката.

ЗАБЕЛЕШКА: Стартувајте ја машината и менувајте го сепараторот низ целиот опсег на брзината неколку пати за рамномерна распределба на подмачкувачот.

2. Управувачки ременик на сепаратор со променлива брзина - затворете ги ремениците (висока брзина) пред да ја подмачкувате наставката на главината на надворешниот ременик. Завртете го ременикот за да пристапите до наставката. Менувајте ја брзината на цилиндарот за да го распоредите подмачкувачот ако постојано се работи во висока брзина.



H93580 —UN—05MAR09

OUO6075,00013FC -A8-01MAR13-1/1

На секои 250 работни часови (Tier 2/Stage II) (S660 и S670)



H106191 —UN—20FEB13



H97455 —UN—30JUL10



H107149 —UN—06MAR13

A—Капак
B—Одвод
C—Шипка за мерење
D—Одушник на резервоарот за гориво

ВАЖНО: Променете го маслото на секои 100 работни часови ако се користи гориво со висока содржина сулфур. Погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи за понатамошни информации за содржината на сулфур.

Наполнете го картерот со масло со сезонски вискозитет или со Torq-Gard™ (интервал на сервисирање на секои 250 работни часови). Ако се користи моторно масло John Deere Plus-50™ или Plus-50™ II и филтер John Deere, интервалот на сервисирање може да биде продолжен за 50 проценти. Пример: 250 работни часови се продолжува на 375 работни часови.

1. Филтер за масло при максимално полнење на картерот на моторот - отстранете го капакот (A) и извадете го филтерот. Заменете го филтерот и поставете го капакот. Затегнете го капакот според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Капак на филтер за масло—Вртлив момент	40 N·m (30 lb.-ft.)

2. Масло при максимално полнење на картерот на моторот - отворете го одводот (B) за да го извадите маслото.
3. Масло при максимално полнење на картерот на моторот - отстранете ја шипката за мерење (C) за да наполните и проверете го нивото на маслото после полнењето.
4. Одушник на резервоарот за гориво - визуелно проверете го одушникот на резервоарот за гориво (D). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001336 -A8-07MAR13-1/2

Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001336 -A8-07MAR13-2/2

На секои 250 работни часови (Tier 2/Stage II) (S680 и S690)



H106191 —UN—20FEB13



H97489 —UN—02AUG10



H107150 —UN—08MAR13

A—Филтер на маслото
B—Одвод
C—Капак
D—Шипка за мерење
E—Одушник на резервоарот за гориво

ВАЖНО: Променете го маслото на секои 100 работни часови ако се користи гориво со висока содржина сулфур. Погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи за понатамошни информации за содржината на сулфур.

Наполнете го картерот со масло со сезонски вискозитет или со Torq-Gard™ (интервал на сервисирање на секои 250 работни часови). Ако се користи моторно масло John Deere Plus-50™ или Plus-50™ II и филтер John Deere, интервалот на сервисирање може да биде продолжен за 50 проценти. Пример: 250 работни часови се продолжува на 375 работни часови.

1. Филтер на картерот на моторот - отстранете и заменете го филтерот за масло (A).
2. Масло во картерот на моторот - отворете го одводот (B) за да го извадите маслото.
3. Масло во картерот на моторот - отстранете го капакот (C) за да наполните и проверете го нивото на маслото со шипката за мерење (D) после полнењето.
4. Одушник на резервоарот за гориво - визуелно проверете го одушникот на резервоарот за гориво (E). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001579 -A8-09JUL13-1/1

На секои 250 часа (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV) (S660 и S670)



H107514 —UN—18APR13



H97453 —UN—30JUL10



H107151 —UN—08MAR13

A—Капак
B—Одвод
C—Шипка за мерење
D—Одушник на резервоарот за гориво
E—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

Продолжува на следната страница

ВАЖНО: Променете го маслото на секои 250 работни часови кога се користи друго моторно масло освен оние наведени во поглавјето Горива и подмачкувачи.

Променете го маслото на секои 400 работни часови кога се користи моторно масло John Deere Plus-50™ II и филтер John Deere. Погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи за понатамошни информации.

Привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV мотори им е потребноPlus-50™ II моторно масло или API CJ-4, ACEA E9, ACEA E6 сертифицирани масла.

Користете само дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

1. Филтер за масло при максимално полнење на картерот на моторот - отстранете го капакот (A) и извадете го филтерот. Заменете го филтерот и поставете го капакот. Затегнете го капакот според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Капак на филтер за масло—Вртлив момент.....40 N·m (30 lb.-ft.)

2. Масло при максимално полнење на картерот на моторот - отворете го одводот (B) за да го извадите маслото.



H107515 —UN—18APR13

3. Масло при максимално полнење на картерот на моторот - отстранете ја шипката за мерење (C) за да наполните и проверете го нивото на маслото после полнењето.
4. Одушник на резервоарот за гориво - визуелно проверете го одушникот на резервоарот за гориво (D). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.
5. Оддишник на резервоарот на течност за издув на дизел мотор (DEF) - визуелно проверете го оддишникот на резервоарот на течност за издув на дизел мотор (DEF) (E). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

OUO6075,00016E5 -A8-26NOV13-2/2

На секои 250 работни часови (Interim Tier 4/Stage III B) (S680, S685 и S690)



H106191 —UN—20FEB13



H97490 —UN—02AUG10



H107152 —UN—08MAR13

A—Филтер на маслото
B—Одвод
C—Шипка за мерење
D—Одушник на резервоарот за гориво
E—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

ВАЖНО: Променете го маслото на секои 250 работни часови кога се користи друго моторно масло освен оние наведени во поглавјето Горива и подмачкувачи.

Променете го маслото на секои 400 работни часови кога се користи моторно масло John Deere Plus-50™ II и филтер John Deere. Погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи за понатамошни информации.

Моторите Interim Tier 4/Stage III B имаат потреба од моторно масло Plus-50™ II или масла сертифицирани според API CJ-4, ACEA E9, ACEA E6.

Користете само дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

1. Филтер на картерот на моторот - отстранете и заменете го филтерот за масло (A).
2. Масло во картерот на моторот - отворете го одводот (B) за да го извадите маслото.
3. Масло во картерот на моторот - отстранете ја шипката за мерење (C) за да наполните и проверете го нивото на маслото после полнењето.
4. Одушник на резервоарот за гориво - визуелно проверете го одушникот на резервоарот за гориво (D). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

Продолжува на следната страница

OUO6075,00016E6 -A8-17FEB14-1/2

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

OUO6075,00016E6 -A8-17FEB14-2/2

На секои 400 работни часови (S660 и S670)



H106192 —UN—20FEB13



H97460 —UN—09NOV10

Филтри за гориво (ниво 2/фаза II)



H97461 —UN—09NOV10

Филтри за гориво (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)

A—Филтер за предчистачот за гориво

B—Второстепен филтер за гориво

C—Главен филтер за гориво

ВНИМАНИЕ: Течноста под високиот притисок во водовите за гориво може да предизвика сериозна повреда. Пред да ги одвојувате цевките за гориво, сензорите или кои било други компоненти помеѓу пумпата за гориво под висок притисок и прскалките кај мотори со систем за вбризгување гориво под висок притисок Common Rail (HPCR), почекајте најмалку 15 минути откако моторот ќе престане со работа.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да извршувате работи за одржување на филтерот за гориво.

1. Филтер на предчистачот на горивото - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете го филтерот на предчистачот за гориво (A) и исчистете го ситото. Поставете го филтерот на предчистачот на горивото и отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво и дозволете садот да се наполни (погледнете во Чистење на филтерот на предчистачот на горивото во поглавјето Сервисирање на моторот).
2. Второстепен филтер за гориво - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете и заменете го второстепениот филтер за гориво (B) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Отстранете го горивото од филтерот и фрлете го. Поставете резервен второстепен филтер за гориво и отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво (погледнете во Главен и второстепен елемент на филтерот за гориво — заменување во поглавјето Сервисирање на моторот).

Продолжува на следната страница

OUO6075,00016E7 -A8-26NOV13-1/2

Главен филтер за гориво - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете и заменете го главниот филтер за гориво (C) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Исклучете го сензорот за вода од главниот филтер за гориво. Отстранете го горивото од филтерот и фрлете го. Поставете резервен главен филтер за гориво, отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво и завртете го контактниот клуч во положба ON (вклучено) за да го подготвите системот за гориво (погледнете во Главен и второстепен елемент на филтерот за гориво — заменување во поглавјето Сервисирање на моторот).

OUO6075,00016E7 -A8-26NOV13-2/2

На секои 400 работни часови (Tier 2/Stage II) (S680 и S690)



H106193 —UN—20FEB13



H97495 —UN—09NOV10



H97497 —UN—02AUG10

A—Филтер за предчистачот за гориво
B—Сепаратор на вода
C—Главен филтер за гориво
D—Второстепен филтер за гориво

1. Филтер на предчистачот на горивото - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете го филтерот на предчистачот за гориво (A) и исчистете го ситото. Поставете го филтерот на предчистачот на горивото и отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво и дозволете садот да се наполни (погледнете во Чистење на филтерот на предчистачот на горивото во поглавјето Сервисирање на моторот).
2. Сепаратор на вода - проверете го сепараторот на вода (B) дали има вода или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Отворете го одводот за да ја отстраните водата од сепараторот на вода (погледнете во главен филтер за гориво во сепараторот за вода — испуштање во поглавјето Сервисирање на моторот). Отстранете го и задржете го сепараторот на вода.

   Главен филтер за гориво - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете и заменете го главниот филтер за гориво (C) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Поставете резервен главен филтер за гориво и претходно изваденият сепаратор за вода (погледнете во Главен и второстепен елемент на филтерот за гориво — заменување во поглавјето Сервисирање на моторот).
3. Второстепен филтер за гориво - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете и заменете го второстепениот филтер за гориво (D) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Отстранете го горивото од филтерот и фрлете го. Поставете резервен второстепен филтер за гориво, отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво и завртете го контактниот клуч во положба ON (вклучено) за да го подготвите системот за гориво (погледнете во Главен и второстепен елемент на филтерот за гориво — заменување во поглавјето Сервисирање на моторот).

Продолжува на следната страница
OUO6075,000157B -A8-09JUL13-1/2

На секои 400 работни часови (привремено ниво 4/фаза III B) (S680, S685 и S690)



H106193 —UN—20FEB13



H97496 —UN—09NOV10



H97498 —UN—02AUG10

A—Филтер за предчистачот за гориво
B—Одвојувач на вода
C—Главен филтер за гориво
D—Второстепен филтер за гориво

1. Филтер на предчистачот на горивото - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете го филтерот на предчистачот за гориво (A) и исчистете го ситото. Поставете го филтерот на предчистачот на горивото и отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво и дозволете садот да се наполни (погледнете во Чистење на филтерот на предчистачот на горивото во поглавјето Сервисирање на моторот).
2. Сепаратор на вода - проверете го сепараторот на вода (B) дали има вода или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Отворете го одводот за да ја отстраните водата од сепараторот на вода (погледнете во главен филтер за гориво во сепараторот за вода — испуштање во поглавјето Сервисирање на моторот). Отстранете го и задржете го сепараторот на вода.

   Главен филтер за гориво - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете и заменете го главниот филтер за гориво (C) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Поставете резервен главен филтер за гориво и претходно изваденият сепаратор за вода (погледнете во Главен и второстепен елемент на филтерот за гориво — заменување во поглавјето Сервисирање на моторот).
3. Второстепен филтер за гориво - затворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво. Отстранете и заменете го второстепениот филтер за гориво (D) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка. Отстранете го горивото од филтерот и фрлете го. Поставете резервен второстепен филтер за гориво, отворете го вентилот за прекин на резервоарот за гориво и завртете го контактниот клуч во положба ON (вклучено) за да го подготвите системот за гориво (погледнете во Главен и второстепен елемент на филтерот за гориво — заменување во поглавјето Сервисирање на моторот).

Продолжува на следната страница
OUO6075,00016E8 -A8-17FEB14-1/2

На секои 400 часа (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV) (S660 и S670)



H106194 —UN—20FEB13



H100290 —UN—17FEB11



H100281 —UN—17FEB11

A—Штитник
B—Завртка за испуштање
C—Управувачки ременик
D—Погонуван ременик

1. Заштитни елементи на моторот - отстранете и задржете го штитникот (A).
2. Вентил за испуштање на погонот со променлива брзина - олабавете ја завртката за испуштање (B) за да го ослободите притисокот од ремениците.

ВАЖНО: Внатрешниот управувачки ременик мора да биде целосно повлечен за да се добие соодветно количество на подмачкување.

Опсегот на движење на ременикот може да биде нарушен ако ремениците не се целосно одвоени.

3. Управувачки ременик на променливата брзина - пронајдете ја наставката за подмачкување на управувачкиот ременик (C). Повлечете го управувачкиот ременик кон моторот додека целосно не се отвори. Подмачкајте ја наставката со 10—12 пумпања. Вишокот подмачкувач ќе истече од предната страна на управувачкиот ременик.

ВАЖНО: Погонуваните ременици мора да бидат целосно затворени за да се добие соодветно количество на подмачкување.

Опсегот на движење на ременикот може да биде нарушен ако ремениците не се целосно затворени.

4. Погонуваниот ременик на променливата брзина - пронајдете ја наставката за подмачкување на погонуваниот ременик (D). Притиснете ги заедно погонуваните ременици додека тие не бидат целосно затворени. Подмачкајте ја наставката со 10—12 пумпања. Вишокот подмачкувач ќе истече од предната страна на погонуваниот ременик.

Продолжува на следната страница

Затегнете ја завртката за испуштање и навртката на вентилот според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртка за испуштање и навртка—Вртлив момент.....23 N·m (17 lb.-ft.)

Поставете ги претходно отстранетиот штитник.

OUO6075,00016E9 -A8-26NOV13-2/2

На секои 400 работни часови



H106195 —UN—20FEB13



H97612 —UN—25AUG10



H104960 —UN—29FEB12



H108326 —UN—18JUN13



H104962 —UN—29FEB12

S660 и S670 / S680, S685 и S690

1. Горен запчест преносник на растоварната спирала - подмачкајте ја наставката.
2. Лежиште на ременикот на погонската пумпа на хедерот/намотката - подмачкајте ја наставката.

ЗАБЕЛЕШКА: Машините опремени со погон на доставната комора со повеќе брзини имаат пет наставки за подмачкување.

3. Жлеб на универзалниот зглоб на главното меѓупреносно вратило (доставна комора без повеќе брзини) - завртете за да пристапите до наставките и подмачкајте ги.

ВАЖНО: Пумпајте 10 капки подмачкувач во наставката.

Продолжува на следната страница

4. **Машини S680, S685 и S690:** Горен запчест преносник на вертикалната растоварна спирала - подмачкајте ја наставката.
5. Лежиште на дробилката/растоварната погонско вратило- завртете го ременикот за да пристапите до наставката на дното од жлебот на ременикот и подмачкајте ја наставката.

ВАЖНО: Отстранете го чепот на цевката и поставете ја наставката за подмачкување. Пумпајте 40 — 45 капки подмачкувач во наставката. НЕ СТАВАЈТЕ ПРЕМНОГУ ПОДМАЧКУВАЧ. Отстранете ја наставката за подмачкување и повторно поставете го чепот на цевката.

6. Управувачки ременик со променлива брзина - затворете ги ремениците (висока брзина) пред да ја подмачкувате во чепот на цевката во главината на надворешниот ременик. Завртете го ременикот за пристап до чепот на цевката. Менувајте ја брзината на цилиндарот за да го распоредите подмачкувачот ако постојано се работи во висока брзина.
7. Лежиште на влезниот акцелератор (лева страна) - подмачкајте ја наставката.

OUO6075,000157D -A8-20JUN13-2/2

На секои 400 работни часови



H106196 —UN—20FEB13



H86797 —UN—06NOV06



H86798 —UN—06NOV06

A—Лежиште на главното меѓупреносно вратило

B—Лежиште на сепараторот

1. **Машини S660 и S670:** Спојка за пролизгување на погонот на спиралата за отпад - завртете го склопот на ременикот за да пристапите до наставката. Не ставајте премногу подмачкувач.
2. Спојка за пролизгување на погонот на спиралниот преносник - завртете го склопот на ременикот за да пристапите до наставката. Не ставајте премногу подмачкувач.
3. Блок за подмачкување на десната страна - подмачкајте ги наставките за да го подмачкате лежиштето на главното меѓупреносно вратило (A) и лежиштето на сепараторот (B).
4. Лежиште на влезниот акцелератор (десна страна) - завртете ги ремениците за да пристапите до наставката.

H1101059 —UN—15APR11

5. **Машини S670, S680, S685 и S690:** Лежишта на одбојниот битер (изборно) - подмачкајте ја наставката (и на двете страни).

OUO6075,000157E -A8-20JUN13-1/1

На секои 400 работни часови



H106197 —UN—20FEB13



H97684 —UN—25AUG10



H97661 —UN—18AUG10

A—Чеп

1. Лежиште на битерот за празнење - подмачкајте ја наставката (и на двете страни).
2. Лежишта на вратилото на вентилаторот за чистење - подмачкајте ја наставката (и на двете страни).
3. Влечна спона на задната оска - подмачкајте ја наставката (и на двете страни) на топчестиот зглоб на работ од споната на серво системот за управување.
4. Диск на распрскувачот (ако постои) - подмачкајте ја наставката (и на двете страни) за да спречите главините да корозираат на вратилата.
5. **Машини S670, S680, S685 и S690:** Масло на запчестиот преносник на одбојниот битер (изборно) - отстранете го чепот (A) и проверете го нивото на маслото. Додадете масло по потреба.



H97663 —UN—18AUG10

OUO6075,000157F -A8-20JUN13-1/1

На секои 400 работни часови



H106198 —UN—20FEB13



H86807 —UN—19APR07



H97471 —UN—30JUL10

A—Шипка за мерење
B—Чеп
C—Шипка за мерење
D—Приклучок на погонското вратило

1. Погон на сепараторот - отстранете ја шипката за мерење (A) и проверете го нивото на маслото. Нивото на масло треба да биде помеѓу жлебовите на шипката за мерење. Додадете масло по потреба.

ВАЖНО: Машини HillMaster™: Кога го проверувате нивото на маслото на крајниот погон, предупредете ги другите лица да бидат подалеку од машината додека вршите поправнување.

ЗАБЕЛЕШКА: Машини HillMaster™: За прецизно ниво на маслото, крајните погони мора да бидат поставени така што влезното вратило на крајниот погон да биде на истото ниво како и погонското вратило на оската.

2. Масло на крајниот погон - отстранете го чепот (B) и проверете го нивото на маслото (и на двете страни). Маслото треба да биде во рамките на 12 mm (1/2 in.) од дното на отворот. Додадете масло по потреба.



H99263 —UN—02DEC10

ЗАБЕЛЕШКА: Запчестиот преносник на товарната спирала не мора да биде испуштен.

Продолжува на следната страница

3. Запчест преносник на товарната спирала - проверете го нивото на маслото со шипката за мерење (C) и додадете масло по потреба.
4. Спојка за пролизгување на доставната комора - подмачкајте ја наставката на горната спојка за пролизгување на доставната комора, додека подмачкувачот не истече зад крајната заптивка.
5. Приклучоци на крајниот погон - отстранете го приклучокот на погонското вратило (D) и погонското вратило (и на двете страни). Исчистете ги површините на зглобовите и нанесете смеса од одвојувач на двата краеви со зглобови од погонското вратило.

OUO6075,0001404 -A8-01MAR13-2/2

На секои 400 работни часови (машини S660 и S670 што не се ProDrive™)



H106199 —UN—20FEB13



H97639 —UN—16AUG10



H97640 —UN—18AUG10

Механичко менување на брзините / менување на брзините со притисно копче



H91518 —UN—30APR08



H97641 —UN—16AUG10

A—Филтер
B—Филтер
C—Чеп
D—Шипка за мерење
E—Капак на резервоарот
F—Филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Филтер на хидростатичното полнење - отстранете и заменете го филтерот (A). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

Продолжува на следната страница

2. Хидрауличен/хидростатичен филтер - отстранете и заменете го филтерот (B). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
3. Масло на преносот - отстранете го чепот (C) и проверете го нивото на маслото. Додадете масло по потреба во рамките на 12 mm (1/2 in.) од дното на отворот.
4. Масло на запчестиот преносник на главното меѓупреносно вратило (доставна комора со фиксна и со променлива брзина) - проверете го нивото на маслото на запчестиот преносник на главното меѓупреносно вратило преку шипката за мерење (D). Додадете масло по потреба.
5. Течност за сопирачки - проверете го нивото на течност за сопирачките. Погледнете низ капакот на резервоарот (E). Додадете течност за сопирачки за да се достигнат 6 mm (1/4 in.) од врвот. Не дозволувајте да навлезе прашина во течноста за сопирачките.
6. Филтер на главниот запчест преносник на моторот - отстранете и заменете го филтерот (F). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

OUO6075,0001405 -A8-20JUN13-2/2

На секои 400 работни часови (машини S660 и S670 со менување на брзините со притисно копче)



H106200 —UN—20FEB13

ЗАБЕЛЕШКА: Вклучете ја сопирачката за паркирање (клипот издолжен - пружината нанесена).

1. Сајли за цилиндарот на паркирните сопирачки - измерете и потврдете дека растојанието (A) од куќиштето на придвижувачот (B) до балансерот (C) од двете страни е во рамки на спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Кабел на сопирачката за паркирање—Растојание	37,5 ± 2,5 mm (1-31/64 ± 3/32 in.)



H111186 —UN—06MAY14

A—Растојание
B—Куќиште на придвижувачот
C—Стабилизатор

ВНИМАНИЕ: Каблите на цилиндарот на сопирачките за паркирање се под огромен притисок. Каблите МОРА да бидат нагодени од страна на Вашиот трговец со John Deere опрема.

Ако е потребно прилагодување на сајлите, видете го вашиот трговец со John Deere опремата.

OUO6075,00017EE -A8-06MAY14-1/1

На секои 400 работни часови (машини S670 со ProDrive™)



H111492 —UN—27JUN14



H99378 —UN—08DEC10

H111493 —UN—27JUN14

A—Филтер **B—Филтер** **C—Шипка за мерење**

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Филтер на главниот запчест преносник на моторот - отстранете и заменете го филтерот (A). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
2. Филтер за подмачкување на главниот запчест преносник на моторот/ProDrive™ - отстранете и заменете го филтерот (B). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
3. Примарно масло за погонското куќиште на помошно вратило (фиксна брзина на куќиштето за достава) - проверете го нивото на примарното масло кај погонското куќиште за помошно вратило со шипката за мерење на масло (C). Додадете масло по потреба.

OUO6075,0001862 -A8-27JUN14-1/1

На секои 400 часа (машини S680, S685 и S690 ProDrive™)



H106201 —UN—20FEB13



H97704 —UN—25AUG10



H97705 —UN—25AUG10

A—Филтер **B—Шипка за мерење** **C—Филтер**

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Филтер на хидростатичното полнење - отстранете и заменете го филтерот (A). Обложете ја заптивката на новиот филтер со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
2. Масло на запчестиот преносник на главното меѓупреносно вратило (доставна комора со фиксна брзина) - проверете го нивото на маслото на запчестиот преносник на главното меѓупреносно вратило преку шипката за мерење (B). Додавајте масло по потреба.
3. Филтер за подмачкување на главниот запчест преносник на моторот/ProDrive™ - отстранете и заменете го филтерот (C). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

OUO6075,0001861 -A8-27JUN14-1/1

На секои 400 работни часови



H109953 —UN—10MAR14



H104985 —UN—06MAR12



H107154 —UN—06MAR13

S660 и S670 / S680, S685 и S690



H109954 —UN—10MAR14



H111141 —UN—28APR14

ЗАБЕЛЕШКА: Акумулаторите се наоѓаат од десната страна на машината кај машините S660 и S670, и од левата страна на машината за машините S680, S685, и S690.

1. Акумулатори - исчистете го горниот дел на акумулаторите и проверете го нивото во секоја ќелија. Ако е потребно, наполнете до дното од грлото за полнење со дестилирана вода. Исчистете ги приклучоците на акумулаторот, каблите и затегнете ги приклучоците, ако е потребно.
2. Противпожарни апарати - проверете ги противпожарните апарати (предните и задните) преку следење на упатствата за одржување на етикетата на противпожарниот апарат. Наполнете или заменете ако е потребно.

Продолжува на следната страница

ВАЖНО: Проверете ги безбедносниот ремен и машинските делови за монтирање најмалку еднаш годишно. Ако системот на безбедносниот ремен, вклучувајќи ги машинските делови за монтирање, спојките, ременот или повлекувачот покажуваат знаци на оштетување како што се невообичаено абење, промена на бојата или абразија, целиот систем на безбедносниот ремен треба да биде заменет веднаш. Заради Ваша безбедност, заменете го системот на безбедносниот ремен само со резервни делови одобрени за Вашата машина. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

3. Безбедносен ремен - проверете го безбедносниот ремен од оштетување.

ВНИМАНИЕ: Нечистотија, масло, плева и отпадоци од културата во оваа површина можат да предизвикаат пожар. Насоката на ветерот, видот на културата и содржината на влага можат да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат плева и отпадоци. Не чистете ја површината додека моторот работи.

4. **Машини S670, S680, S685, and S690:** Повеќебрзински погон на куќиштето за достава (опција) - отстранете ја вратата за пристап од предната страна на резервоарот за жито и исчистете го материјалот околу погонското куќиште.
5. Елементи на воздушниот филтер - кога на екранот ќе се прикаже индикаторот за затнат воздушен филтер, сервисирајте го главниот воздушен филтер. Проверете го безбедносниот филтер од затнување. Проверете од истекувања и од свиткувања на цевката на аспираторот.
6. Филтер за заштита на моторот од нечистотија (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV мотори) - кога на екранот ќе се појави индикаторот за затнување на филтер за воздух, сервисирајте го примарниот филтер. Проверете го безбедносниот филтер од затнување.

OUO6075,00017DB -A8-28APR14-2/2

На секои 400 работни часови



H107519 —UN—18APR13



H97362 —UN—14JUL10



H107520 —UN—18APR13

A—Модул на сензорот за влага
B—Одушник на резервоарот за гориво
C—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

ВАЖНО: Статичен електрицитет може да го оштети модулот на сензорот за влага додека се допира плочата за детекција. За да избегнете оштетување, осигурете дека секогаш ја допирате металната површина на машината со најмалку една дланка или рака пред да работите со или да го чистите модулот на сензорот за влага.

1. Сензор за влага - отстранете и исчистете го модулот на сензорот за влага (A) кога работите во трева, зелени култури или со многу мали зрна (канола).
2. Одушник на резервоарот за гориво - отстранете и заменете го одушникот на резервоарот за гориво (B).
3. Оддишник на резервоарот за течност за издув на дизел мотор (DEF) (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV) - отстранете и заменете го оддишникот (C) на резервоарот за течност за издув на дизел мотор (DEF).

OUO6075,00016EB -A8-26NOV13-1/1

На секои 800 работни часови



H106204 —UN—20FEB13

1. Запчест преносник на реверсерот на доставната комора - подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник. Испуштете го маслото од чепот (A), избришете го чепот и наполнете преку отворот (B) на шипката за мерење. Проверете го нивото на маслото со целосно подигната доставна комора. Запчестите преносници со ладилник на маслото имаат потреба запчестиот преносник да работи неколку минути. Ова овозможува ладилникот да се наполни со масло. Нивото на маслото мора да се покаже на закривениот дел од шипката за мерење. Погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи за точен тип на маслото.

A—Чеп **B—Шипка за мерење**



H91014 —UN—20MAR08

Запчест преносник на реверсерот со променлива брзина/со повеќе брзини



H104990 —UN—07MAR12

Фиксна брзина

OUO6075,0001347 -A8-27NOV12-1/1

На секои 1000 работни часови (машини S670 со ProDrive™)



H106205 —UN—20FEB13



H108327 —UN—18JUN13



H99381 —UN—08DEC10

A—Чепови
B—Филтер
C—Чеп
D—Филтер

1. Масло и филтер на главниот запчест преносник на моторот - испуштете го маслото преку чеповите (A). Извадете и заменете го филтерот (B). Обложете ја заптивката на новиот филтер со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
2. Масло на преносот - испуштете го маслото преку чепот (C).
3. Филтер за ProDrive™/филтер за подмачкување на главниот запчест преносник на моторот - отстранете и заменете го филтерот (D). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

ЗАБЕЛЕШКА: Пренаполнувањето на главниот запчест преносник на моторот може да предизвика маслото да ја извади цевката на шипката за мерење кон надвор додека машината работи.

4. **Наполнете го главниот запчест преносник на моторот**

E—Шипка за мерење



H107156 —UN—08MAR13

1. Наполнете додека маслото не достигне до долната линија на шипката за мерење (E).
2. Поставете ја шипката за мерење и нека моторот работи најмалку една минута.

Продолжува на следната страница

3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и оставете машината да одмори пет минути овозможувајќи воздухот да се стабилизира од маслото.
4. Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Додадете масло додека нивото на маслото не ја достигне горната линија од шипката за мерење.
5. Повторете ги постапките додека нивото на маслото не остане на горната линија од шипката за мерење.

OUO6075,00014FC -A8-20JUN13-2/2

На секои 1000 работни часови (S680, S685 и S690)



H106206 —UN—20FEB13



H108328 —UN—18JUN13



H107157 —UN—08MAR13

A—Чепови
B—Чеп
C—Филтер
D—Шипка за мерење

1. Главен запчест преносник на моторот - испуштете го маслото преку чеповите (A).
2. Масло на преносот - испуштете го маслото преку чепот (B).
3. Филтер за подмачкување на главниот запчест преносник на моторот/ProDrive™ - отстранете и заменете го филтерот (C). Обложете ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

ЗАБЕЛЕШКА: Пренаполнувањето на главниот запчест преносник на моторот може да предизвика маслото да ја извади цевката на шипката за мерење кон надвор додека машината работи.

4. **Наполнете го главниот запчест преносник на моторот**
   1. Наполнете додека маслото не достигне до долната линија на шипката за мерење (D).
   2. Поставете ја шипката за мерење и нека моторот работи најмалку една минута.
   3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и оставете машината да одмори пет минути овозможувајќи воздухот да се стабилизира од маслото.
   4. Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Додадете масло додека нивото на маслото не ја достигне горната линија од шипката за мерење.
   5. Повторете ги постапките додека нивото на маслото не остане на горната линија од шипката за мерење.

OUO6075,0001582 -A8-20JUN13-1/1

На секои 1000 работни часови (S680, S685 и S690)



H106207 —UN—20FEB13

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ја површината околу капакот на филтерот пред отстранување за да спречите загадување на системот. Не е неопходно да го испуштате системот кога го заменувате филтерот.

1. Филтер на хидрауличниот резервоар - отстранете и заменете го филтерот кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка.

1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од сензорот (B).

⚠ ВНИМАНИЕ: Еднакво отстранете ги завртките со глава за да го намалите притисокот на пружината од капакот на филтерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете го о-прстенот под капакот на филтерот, ако е потребно.

2. Извадете ги и задржете ги завртките со глава (C) и капакот на филтерот (D).
3. Отстранете и задржете ја пружината на врвот од филтерот.
4. Отстранете и фрлете го филтерот.
5. Поставете го резервниот филтер како што е прикажано со претходно изваденатa пружина.
6. Поставете ги претходно отстранетиот капак на филтерот.
7. Употребете го капакот на филтерот за да ја компресирате пружината и поставете ги претходно извадените завртки со глава.



H107158 —UN—07MAR13

A—Приклучок за кабелски сноп
B—Сензор
C—Завртки со глава
D—Капак на филтерот

ВАЖНО: Осигурете дека О-прстенот е на своето место пред да го поставите капакот на филтерот.

8. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....7 N·m (62 lb.-in.)

9. Поврзете го кабелскиот сноп со сензорот.

OUO6075,0001583 -A8-20JUN13-1/1

На секои 2000 работни часови (S660 и S670)



H106208 —UN—20FEB13



H97536 —UN—05AUG10



H86820 —UN—19APR07

A—Вентил за испуштање
B—Капак
C—Окно за проверка
D—Чеп за испуштање
E—Чеп за полнење
F—Отвор за проверка
G—Чепови за испуштање
H—Шипка за мерење

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете ја површината на хидрауличниот резервоар за да спречите загадување на системот и погледнете во поглавјето Спецификации за капацитети за масло пред да вршите испуштање.

1. Масло на хидрауличниот/хидростатичниот резервоар - отворете го вентилот за испуштање (A) за да го испуштете маслото. Затворете го вентилот откако маслото ќе се испушти. Отстранете го капакот (B) и наполнете го хидрауличниот резервоар додека нивото на маслото не е на врвот од окното за проверка (C) со доставната комора целосно спуштена.



H1108330 —UN—18JUN13

2. Мртов од на моторниот вентилот - нека Вашиот трговец со John Deere опрема го провери мртвиот од на моторниот вентил и нека го нагоди ако има потреба.

3. Масло на крајните погони (и на двете страни) - извадете го чепот за испуштање (D) за да испуштите. Извадете го чепот за полнење (E) за да наполнете сè додека нивото на маслото не е во рамките на 12 mm (1/2 in.) од дното на отворот за проверка (F).

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001584 -A8-20JUN13-1/2

4. Масло на главниот запчест преносник на моторот (машини што не се ProDrive™) - испуштете преку чеповите (G). Наполнете повторно и проверете го нивото на маслото преку шипката за мерење (H).

OUO6075,0001584 -A8-20JUN13-2/2

На секои 2000 работни часови (S680, S685 и S690)



H106209 —UN—20FEB13



H108225 —UN—10JUN13



H86820 —UN—19APR07

A—Вентил за испуштање
B—Капак
C—Окно за проверка
D—Чеп за испуштање
E—Чеп за полнење
F—Отвор за проверка

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете ја површината на хидрауличниот резервоар за да спречите загадување на системот и погледнете во поглавјето Спецификации за капацитети за масло пред да вршите испуштање.

1. Масло на хидрауличниот/хидростатичниот резервоар - отворете го вентилот за испуштање (A) за да го испуштете маслото. Затворете го вентилот откако маслото ќе се испушти. Отстранете го капакот (B) и наполнете го хидрауличниот резервоар додека нивото на маслото не е на врвот од окното за проверка (C) со доставната комора целосно спуштена.
2. Мртов од на моторниот вентилот - нека Вашиот трговец со John Deere опрема го провери мртвиот од на моторниот вентил и нека го нагоди ако има потреба.
3. Масло на крајните погони (и на двете страни) - извадете го чепот за испуштање (D) за да испуштите. Извадете го чепот за полнење (E) за да наполнете сè додека нивото на маслото не е во рамките на 12 mm (1/2 in.) од дното на отворот за проверка (F).

OUO6075,0001585 -A8-20JUN13-1/1

На секои 2000 работни часови

H106210 —UN—20FEB13



H97678 —UN—18AUG10



H97679 —UN—18AUG10



H97680 —UN—18AUG10



H97681 —UN—18AUG10

Механичко менување на брзините/менување на брзините со притисно копче

A—Капак
B—Вентил за испуштање
C—Шипка за мерење
D—Капак
E—Шипка за мерење
F—Цевка
G—Блок
H—Чеп за проверка
I— Чеп
J— Чеп

1. Масло на погонот на сепараторот - извадете го капакот (A) и приклучете црево на вентилот за испуштање (B). Отворете го вентилот за да изврши испуштање. Наполнете повторно преку шипката за мерење (C), по потреба.

Продолжува на следната страница

2. Масло на запчестиот преносник на главното меѓупреносно вратило (доставна комора со фиксна и со променлива брзина) - испуштете преку капакот (D) и наполнете преку шипката за мерење (E). Нивото на маслото мора да се покаже на закривениот дел од шипката за мерење.
3. Масло на преносот - лизгајте ја цевката (F) надвор од блокот (G). Отстранете го блокот за да извршите испуштање. Извадете го чепот за проверка (H) и наполнете повторно во рамките на 12 mm (1/2 in.) од отворот.
4. **Машини S670, S680, S685 и S690:** Масло на запчестиот преносник на одбојниот битер (изборно) - испуштете преку чепот (I) и наполнете преку чепот (J). Нивото на маслото мора да биде порамнето со отворот на чепот на страната од запчестиот преносник.

OUO6075,0001586 -A8-20JUN13-2/2

На секои 4500 часа или три години (конечно ниво 4/фаза IV)



H107511 —UN—17APR13

⚠ ВНИМАНИЕ: Содржина на уреа во течноста за издув на дизел мотор (DEF). Течноста не смее да дојде во допир со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Во случај течноста да се проголта, веднаш обратете се на лекар. Погледнете во Безбедносен технички лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работите на одржување.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако течноста се истури или дојде во допир со друга површина освен резервоарот за чување на истата, веднаш исчистете ја површината со чиста вода. Течноста е корозивна за обоени површини и може да оштети некои пластични и гумени делови.

1. Течност за издув на дизел мотор (DEF) - отстранете го капачето (A) и ослободете се од израмнувачкиот филтер (B). Користете ја филтер алатката (C) за да го отстраните и фрлите филтерот (D). Заменете го филтерот и израмнувачкиот филтер. Поставете го капачето и затегнете го според спецификациите.



H107512 —UN—17APR13

A—Капак
B—Израмнувачки филтер
C—Филтер алатка
D—Филтер

Погледнете за дозирачки филтер на течност за издув на дизел мотор (DEF)—замена, во делот за сервисирање на мотор.

Технички податоци (спецификации)

Капак—Вртлив момент.....20 N·m (177 lb.-in.)

OUO6075,00014AA -A8-08AUG13-1/1

4500 работни часови или пет години

ВАЖНО: Склопот на придушувач на вибрации не може да се поправи и треба да се замени на секои пет години или 4500 работни часови, кое се случи прво.

Нека Вашиот трговец со John Deere опрема го замени придушувачот на коленестата оска на моторот.

OUO6075,0000609 -A8-19JAN10-1/1

На секои 6000 работни часови или шест години



H106211 —UN—20FEB13



H107162 —UN—06MAR13

Испуштање на радијаторот кај S660 и S670 (ниво 2/фаза II)



H107163 —UN—08MAR13

S680 и S690 Празнење на ладилник (ниво 2/фаза II)
S660, S670, S680, S685 и S690 празнење на ладилник (привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV)

A—Одвод **B—Напливен резервоар**

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се користи COOL-GARD™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот за празнење е 6 години или 6000 работни часа.

Доколку се користи течност за ладење поинаква од COOL-GARD™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот на празнење треба да се намали на две години или 2000 работни часа.

1. Радијатор - отворете го одводот (A) за да го отстранете разладното средство од радијаторот.
2. Напливен резервоар - исперете и наполнете повторно со соодветно разладно средство и кондиционер (погледнете Систем за ладење — испуштање во поглавјето Сервисирање на моторот и Препораки за разладно средство на моторот во поглавјето Горива и подмачкувачи). Проверете го нивото на разладното средство за моторот во напливниот резервоар (B) кога моторот е ладен. Нивото мора да биде до линијата ”Max Cold” (макс. ладно).

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00016EC -A8-26NOV13-1/1

По потреба



H106212 —UN—20FEB13



H97476 —UN—30JUL10



H97477 —UN—02AUG10

A—Филтер за рециркулација
B—Копче
C—Филтер за свеж воздух
D—Капак на резервоарот
E—Модул на сензорот за влага

1. Филтер за рециркулација - отстранете го капакот за да го исчистете или замените филтерот за рециркулација (A).
2. Филтер за свеж воздух во кабината - завртете го копчето (B) и спуштете го пристапниот капак. Отстранете го филтерот за свеж воздух (C) за да го исчистете или замените, по потреба.
3. Резервоар на измивачот на ветробранското стакло - отворете го капакот (D) и наполнете го резервоарот на измивачот на ветробранското стакло, по потреба.
4. Сито на алтернаторот (алтернаторите) - исчистете го ситото кога ќе биде 50% наполнето со отпадоци.



H97364 —UN—02AUG10

ВАЖНО: Статичен електрицитет може да го оштети модулот на сензорот за влага додека се допира плочата за детекција. За да избегнете оштетување, осигурете дека секогаш ја допирате металната површина на машината со најмалку една дланка или рака пред да работите со или да го чистите модулот на сензорот за влага.

5. Сензор за влага - отстранете и исчистете го модулот на сензорот за влага (E) кога работите во трева, зелени култури или со многу мали зрна (канола).

Продолжува на следната страница

Доставна комора

Симптом	Проблем	Решение
Нееднакво или натрупано полнење на роторот со културата.	Спиралата на хедерот се наоѓа превисоко.	Нагодете ја спиралата кон надолу и назад. Прочитајте го прирачникот за користење на хедерот.
	Наталужување на зрна во секач.	Намалете ја намотката и поставете ја во положбата пред и после колку што е можно поблиску до секачот и спиралата. Прочитајте го прирачник за користење на платформата.
	Рацете на тапанот се собираат кон страничните опшивки на едната страна.	Олабавете го и одново го затегнете синџирот. Исправете ги или заменете ги деловите за свиткање.
	Преносниот синџир на доставната комора е затегнат и го задржува тапанот.	Нагодете го преносниот синџир до правилна напнатост.
	Погоснкиот ремен на хедерот пролизгува.	Затегнувач активиран преку пружина треба да биде слободен и затегнат врз ременот.
	Спиралата се наоѓа премногу далеку од симнувач.	Нагодете ја спиралата назад на симнувачот. Прочитајте го прирачникот за користење на хедерот.
	Погонот на преносниот синџир на доставната комора не се наоѓа на исправниот запчаник.	Поставете го синџирот на исправниот запчаник.
	Ребрата на преносникот на доставната комора се сврзани.	Исправете ги или заменете ги ребрата за свиткање.
	Нечистотии и сокови се наталожуваат на дното на доставната комора.	Исчистете дно.
	Растојание меѓу спиралата на платформата и предниот тапан на доставната комора е преголемо.	Додајте ги поврзници во синџирот на доставната комора.
Хедерот или намотката не може правилно да се повдигне	Воздух во хидрауличен систем.	Затегнете ги стегачите во водови што пропуштаат или црева. Испуштете воздух од системот за повдигање на намотката. Прочитајте го прирачник за користење на платформата.

OUO6075,0000B5B -A8-02MAR11-1/1

Сепаратор

Симптом	Проблем	Решение
Забавување или преоптоварување на сепараторот.	Еднозапчениот ремен на променливиот погон на сепараторот пролизгубва кај бавна брзина.	Нагодете го растојанието на ременицата.
	Брзината на сепараторот е пребавна за културата.	Зголемете ја брзината на сепараторот.
Повратно напојување на влезниот акцелератор.	Брзината на сепараторот е пребавна за културата.	Зголемете ја брзината на сепараторот.
	Брзината на акцелераторот се наоѓа во положбата за бавна брзина.	Променете ја брзината на акцелераторот во положбата за повисока брзина.
Зрната не се овршени.	Брзината на сепараторот е пребавна за културата.	Зголемете ја брзината на сепаротрт на 50-100 вртежи/мин. По нагодувањето на брзината на сепараторот проверете го квалтиетот на зрна.
	Зазор на корпата е премногу широк.	Затегнете го зазорот на вршалката во зголемувања од 5-10 mm. По нагодувањето на зазорот на вршалката, проверет го квалитетот на зрна.
	Зазор на корпата не е еднаков од предната до задната страна.	Нагодете според спецификации. За повеќе информации, погледајте одсек Порамнување на корпата во поглавјето Сепаратор.
	Во комбајнот не влегува доволно материјал за добро извршување на дејноста на вршењето.	Зголемете ја теренската брзина.
Премногу распукани зрна во резервоарот за зрна.	Брзината на сепараторот е премногу брза за културата.	Намалете ја брзината на сепаротрт на10 вртежи/мин.
	Зазорот на корпата е премногу тесен.	Отворете го зазорот на вршалката во зголемувања од 2 mm.
	Брзината на битер за полнење е преголема за културата.	Намалете ја брзината на влезниот акцелератор префрлувајќи ја на пониска брзина.
	Прекумерно количество зрна во отпад.	Отворете го ситото во зголемување од 2 mm за да го намалите отпадот.
	Во машината не влегува доволно материјал.	Зголемете ја теренската брзина.
	Неправилно поставена положба на корпата во активниот отпаден систем (ако е вградено).	Поставете ја положбата на корпата во активниот отпаден систем. Погледнете го поглавјето Поставки на културата за повеќе информации.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
Загуба на зрна од сепаратотрот	Сепараторот е преоптоварен заради нецелосно вршење или доцно вршење кај корпата.	Намалете го просторот помеѓу сепараторот и корпата и/или зголемете ја брзината на сепараторот за да го зголемите ефектот на вршењето.
	Инсталирани се капаците на сепараторот.	Погледнете го поглавјето Поставки на културата за повеќе информации. Отстранете ги капаците за да го зголемите отворениот простор, во текот на товерење на решетото.
	Лопатките на горните капаци на сепараторото (ако е вградено) се наоѓаат во напредна положба.	Преместете ги лопатките во стандардна положба. За повеќе информации погледајте го поглавјето Екрани на приказот на CommandCenter.
Нечист резервоар за зрна (неовршени кластови).	Сепараторот не извршува доволно вршење.	Зголемете ја брзината на сепароторт на 50-100 вртежи/мин. Намалете го зазорот на вршалката во зголемувања од 2 mm. Проверете го нивото на корпата. За повеќе информации, погледајте одсек Порамнување на корпата во поглавјето Сепаратор. Машини со активен отпаден систем: инсталирајте ги капаците за корпата во првата корпа. Машинте кои немаат активен отпаден систем: инсталирајте ги капаците за корпата во втората корпа. Додајте ги прекинувачи за корпата во првата корпа.
	Неправилно поставена положба на корпата во активниот отпаден систем (ако е вградено).	Проверете дека положбата на корпата во активен отпаден систем е правилна за културата што се жнее. Проверете ја положбата на корпата во активниот отпаден систем дали се наоѓа на положбата нула. Погледајте го одсек Систем на лентите за носење на отпад и трупести ленти — во поглавјето за Нагодување во сепараторот за повеќе информации.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
Нечист резервоар за зрна (најмногу плева).	Брзината на вентилаторот е пребавна.	Зголемете ја брзината на вентилаторот.
	Вратата во отпадниот систем во пренасочувач на култури се наоѓа во неправилна положба.	Проверете дека положбата на вратата е соодветна со културата што се жнее.
Нечист резервоар за зрна (мали парчиња од кочан).	Расечени прачиња од кочан во резервоарот за зрна.	*ЗАБЕЛЕШКА: Граничниците треба да се користат само за пченка и соја. Отстранете ги граничниците за сите други култури.*
		Инсталирајте ги граничниците во решетката на сепараторот.
	Проверете го зазорот на вршалката. Ако зазорот е помал од роторот зо дијаметар на кочан, може да го скрши кочанот.	*ЗАБЕЛЕШКА: Во машини со активен отпаден систем, не треба да се инстарлираа граничнице во предната решетка.*
		Инсталирајте ги граничниците во решетката на сепараторот.
Оштетување на елементите на отстранувачот на плева/ситото.	Вратата во пренасочувач на култури се наоѓа во неправилна положба.	Проверете дека положбата на вратата е соодветна со културата што се жнее.
Загубата на зрна над чистачот на зрна.	Неправилниот зазор кај отрстранувачот на плева/ситото.	Проверете го и калибрирајте го зазорот на отстранувачот на плева/ситото.
	Неправилна дистрибуција на плева/зрна на решетото за чистење.	Нагодете ги празнините на решетката на сепараторот и разделници на подлогата на спиралата како што треба. За повеќе информации погледајте го одеск Постапка за гаснење на напојување во поглавјето Поставки на културата.
Не се чита VisionTrak Performance Monitor.	Губење на чистачот на зрна се зголемува при пониска брзина на полнење.	Намалете ја брзината на вентилаторот.
	Губење на чистачот на зрна се зголемува при поголема брзина на полнење.	Отворете го отстранувачот на плева.
		Зголемете ја брзината на вентилаторот.
	Сензорот не се чита.	Проверет ги поставките за осетливост.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
		Проверете дали сензорите се поврзани.
		Проверете дали материјалот не ги пречи сензорите.
Несаканиот квалитет на слама.	Прекумерно ракување со материјалот.	Намалете ја брзината ана роторот и зголемете го зазорот на вршалката за да го зголемите квалитетот на сламата и избалансирате изведбата на вршалката.
		Намалете ја брзината на ракување со материјалот (доставната комора и влазниот акцелератор) за да го избалансирате квалитетот на сламата и изведбата на ракувањето со материјалот.
		Подобрете ги лопатките на горните капаци на сепараторот (ако е вградено). За повеќе информации погледајте го поглавјето Екрани на приказот на CommandCenter.

OUO6075,0000B6A -A8-07APR11-4/4

Хидростатичен земјен погон

Симптом	Проблем	Решение
Селекторот за опсег на брзина не оди во брзина за назад (машини што не се ProDrive™).	Свиткани или скршени делови во врзните делови.	Поправете или заменете по потреба.
Поврзување на врзните делови (машини што не се ProDrive™).	Замрзнати или истрошени топчести зглобови во контролниот кабел.	Подмачкајте или заменете.
	Олабавено sвоно или поврзување на клиповите.	Подмачкајте или заменете.
	Контролниот кабел е искриван или замрзнат.	Заменете ако е потребно.
Системот премногу се загрева.	Ладилникот на масло или радијаторот се затнати.	Издувајте воздух низ јадрото и исчистете.
	Недоволен проток на масло за полнење.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Ременот на вентилаторот на моторот пролизгува или е скинат.	Проверете дали ременот е изабен или искршен.
	Затнат филтер за маслото.	Променете го филтерот.
	Преголем притисок во растоварниот вентил.	Префрлете на помала брзина.
	Растоварниот вентил е заглавен во затворена положба.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Бајпас вентилот не се затвора.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Голема загуба на масло.	Олабавени приклучоците или хидрауличните водови, црева или О-прстени кои пропуштаат.	Затегнете ги приклучоците или заменете ги оштетените водови, цревата или О-прстените.
	Масло истекува во главниот запчест преносник на моторот (машини што не се ProDrive™).	Заменете ја заптивката на вратилото на хидрауличната пумпа.
	Масло истекува во главниот запчест преносник на моторот (машини со ProDrive™).	Заменете ја заптивката на вратилото на хидрауличниот мотор или заптивките на сопирачката за паркирање во преносот, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Истрошени или оштетени заптивките на тротактната пумпа (машини што не се ProDrive™).	Проверете ги празнините на тротактната пумпа помеѓу блокот вентили на пумпата и пумпата на управувањето. И двете празнини на пумпата не треба да содржат масло. Ако има масло помеѓу одделите на празнините на пумпата, заменете ги заптивките на вратилото на пумпата на блокот вентили на пумпата и пумпата за управувањето пред да мора да ги заменувате и двете пумпи.
	Истрошени или оштетени заптивките на чеитиртактната пумпа (машини со ProDrive™).	Проверете ги празнините на четиритактната пумпа помеѓу блокот вентили на пумпата и пумпата за снабдување со подмачкување на ProDrive™. И двете празнини на пумпата не треба да содржат масло. Ако има масло помеѓу одделите на празнините на пумпата, заменете ги заптивките на вратилото на пумпата на блокот вентили на пумпата и пумпата за снабдување со подмачкување на ProDrive™ пред да мора да ги заменувате и двете пумпи.
Машината не се движи нанапред или наназад.	Преносот е надвор од опсегот (машини што не се ProDrive™).	Променете го преносот.
	Системот открива грешки во земјениот погон (машини со ProDrive™).	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Ниско ниво на маслото.	Проверете дали постојат истекувања и извршите поправка. Наполнете го резервоарот.
	Воздушно протекување во системот.	Затегнете ги приклучоците.
	Контролирајте ги прекинатите или олабавените врзни делови (машини што не се ProDrive™).	Затегнете ги олабавените врзни делови или заменете ги по потреба.
	Недоволен проток на полнење или притисок на полнење.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Затнат филтер.	Променете го филтерот.
	Надминување на поставката за максимален работен притисок (машини што не се ProDrive™).	Префрлете на помала брзина.
	Надминување на поставката за максимален работен притисок (машини со ProDrive™).	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Погонскиот систем не може да насобере притисок.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Растоварниот вентил е отворен.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Теренската брзина е непостојана.	Ниско масло.	Проверете дали постојат истекувања и извршите поправка. Наполнете го резервоарот.
	Затнат филтер.	Променете го филтерот на хидростатичкото полнење.
	Надминување на поставката за максимален работен притисок (машини што не се ProDrive™).	Променете во помал опсег на брзина или вклучете го погонот на четирите тркала.
	Надминување на поставката за максимален работен притисок (машини со ProDrive™).	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Повеќенаменската рачка полека се менува во неутрална положба.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Системот не може да го одржи притисокот на полнење.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Машината не застанува кога селекторот на опсегот на брзината е во неутрална положба (машини што не се ProDrive™).	Контролниот кабел не е нагоден.	Нагодете го кабелот за неутрална положба.
Недостаток или загуба на моќноста. Машината не одговара на селекторот на опсегот на брзината.	Ниско ниво на маслото.	Проверете дали постојат истекувања и извршите поправка. Наполнете го резервоарот.
	Затнат филтер.	Променете го филтерот на хидростатичкото полнење.
	Недоволен проток на полнење или притисок на полнење.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Нечист филтер за гориво.	Заменете го филтерот за гориво.
	Вода во сепараторот на вода.	Испуштете ја водата од сепараторот на вода.
	Погонскиот систем не може да го одржи или да насобере притисок.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Системот открива грешки во земјениот погон.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,0001006 -A8-23MAY13-3/3

Погон на четири тркала (изборно)

Симптом	Проблем	Решение
Машината нема да се подвижи ако погонот на четири тркала е вклучен.	Едно или двата задни тркала во положбата за вртење.	Зголемете го протокот на хидростатичната пумпа движејќи ја повеќенаменската рачка кон напред.
	Лош електричен контролен прекинувач на конзола.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема
	Лош соленоиден вентил на контролниот вентил.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Вител нема да се подвижи во контролниот вентил.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Машината нема да се подвижи ако погонот на четири тркала е исклучен.	Неуспешна линија или врска меѓу главниот систем и контролниот вентил за погонот на задните тркала.	Поправете ги или заменете ги деловите по потреба.
Погонот на четири тркала нема да се исклучи.	Лош електричен контролен прекинувач на конзола.	Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема
	Лош соленоиден вентил на контролниот вентил.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Вителот нема да работи во контролниот вентил.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Задните тркала се нишаат при транспортните брзини.	Конвергенцијата не е нагодена.	Нагодете ја конвергенцијата.

OUO6075,0000AEF -A8-14APR11-1/1

Управување

Симптом	Проблем	Решение
Задните тркала се нишаат при транспортните брзини.	Конвергенцијата не е нагодена.	Нагодете ја конвергенцијата.
Управувачките раце не ги допираат граничниците при полни свртувања.	Управувачкиот цилиндер не е нагоден.	Нагодете го цилиндерот.
Тешко управување.	Ниско ниво на маслото во резервоарот на куќиштето на запчестиот пренос на моторот.	Додајте масло.

OUO6075,0000B30 -A8-09AUG07-1/1

Сопирачки

Симптом	Проблем	Решение
Сунѓњерести притисок на педалот од сопирачката.	Ниска разина на течност за сопирачки (машини Non ProDrive).	Додајте ја течноста за сопирачки.
	Шипката за притискање на педал за сопирање од нагодувањето (машини ProDrive).	Нагодете ги контра-навртките на шипки за притискање на педалот за сопирање.
	Воздух во системот.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Губење на снагата за сопирање.	Глазирани постави (машини Non ProDrive).	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Несоодветен притисок (машини ProDrive).	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошени постави.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Сопирачката за паркирање не се држи.	Сопирачката за паркирње не е соодветно нагодена (машини Non ProDrive).	Нагодете ја сопирачката за паркирање.
	Недсотаток на пружната сила (машини ProDrive).	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Глазирани постави (машини Non ProDrive).	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошени постави на сопирачката (машини ProDrive).	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Машината е рачно префрлена на движење на машината (машини ProDrive).	Отстренете ги завртките од менувач.

OUO6075,00000F7 -A8-29APR08-1/1

Мотор

Симптом	Проблем	Решение
Моторот не стартува	Слаб акумулатор	Наполнете или заменете го акумулаторот.
	Кородирани или олабавени приклучоци на акумулаторот	Исчистете ги терминалита и приклучоците за акумулаторот.
	Оштетен главен прекинувач или старт на безбедносен прекинувач	Поправете го прекинувачот ако е потребно.
	Дефектен соленоид на стартер	Заменете го соленоидот.
	Оштетен стартер	Заменете го стартерот.
Моторот има проблеми со стартувањето или не сака да се стартува	Проблем при стартувањето на системот	Системот за стартување не е доволно силен за стартување на моторот
		Чекорите за изведување се наоѓаат во одсек Engine Will Not Crank.
	Низок квалитет на гориво	Исцедете го горивото и заменете го со поквалитетно гориво со соодветниот степен.
	Брзина на бавно стартување	Проверете ги проблеми во напојување/стартување на системот.
	Превисок вискозитет на маслото во картерот	Исцедете го маслото од картерот и заменете го со маслото со правилен вискозитет.
	Проблем со системот за електроничка контрола или основен проблем со моторот	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Моторот не пали или работи неправилно	Низок квалитет на гориво	Исцедете го горивото и заменете го со поквалитетно гориво со соодветниот степен.
	Проблем со системот за електроничка контрола или основен проблем со моторот	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Недостаток на моторната сила	Низок квалитет на гориво	Исцедете го горивото и заменете го со поквалитетно гориво со соодветниот степен.
	Затнат филтер за гориво	Заменете ги филтрите за гориво.
	Моторот е преоптоварен	Намалете го оптоварувањето на моторот.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Несоодветно масло во картерот	Исцедете го маслото од картерот и заменете го со маслото со правилен вискозитет.
	Проблем со системот за електроничка контрола или основен проблем со моторот	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Моторот работи намалено поради активен дијагностички код на грешка	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Моторот работи намалено поради потреба за чистењето на филтерот за издувните гасови.	Вклучете го автоматскиот режим за чистење на филтерот за издувните гасови и барајте рачно чистење на филтерот за издувните гасови.
Моторот испушта црн или сив чад	Моторот е преоптоварен	Намалете го оптоварувањето на моторот.
	Несоодветен вид гориво.	Користете соодветно гориво.
	Прочистувачот на воздух е ограничен или нечист	Заменете ги елементите на прочистувачот на воздух како што треба.
	Оштетени водови на придушувач/издушувач (предизвикувајќи повратниот притисок)	Заменете ги оштетените водови на придушувачот или издушувачот.
	Проблем со системот за електроничка контрола или основен проблем со моторот	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Нечисти вбризгувачи на гориво.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Пумпа за притисок за гориво под висок притисок вон време.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Турбокомпресорот не работи.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Филтерот за издувните гасови не работи или е оштетен.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Моторот испушта бел чад	Компресија на моторот прениска	Утврдете го поредизвик за ниската компресија и поправете како што треба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Несоодветен вид гориво.	Користете соодветно гориво.
	Ниска температура на моторот.	Загрејте го моторот на нормална работна температура.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Неисправен термостат(и)	Тестирајте ги термостатите; заменете ги термостатите како што треба.
	Разладните средства влегуваат во комората за согорување (неуспешна работа на дихтунот од главата на цилиндерот или неработење на главата на цилиндерот)	Поправете или заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Проблем со системот за електроничка контрола или основен проблем со моторот	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Оштетени вбризгувачи на гориво.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Пумпа за притисок за гориво под висок притисок вон време.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Моторот работи послабо	Низок квалитет на гориво	Исцедете го горивото и заменете го со поквалитетно гориво со соодветниот степен.
	Испуштање на воздув на страната за вшмукување на системот за влез на воздух.	Проверете ги приклучоците од цревото и цевките за стегнатост; поправете по потреба.
	Проблем со системот за електроничка контрола или основен проблем со моторот	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Прекумерна потрошувачка на гориво	Низок квалитет на гориво	Исцедете го горивото и заменете го со поквалитетно гориво со соодветниот степен.
	Моторот е преоптоварен	Намалете го оптоварувањето на моторот.
	Прочистувачот на воздух е ограничен или нечист	Заменете ги елементите на прочистувачот на воздух како што треба.
	Компресија на воздухот е преniska	Утврдете го поредизвик за ниската компресија и поправете како што треба.
	Испуштување во системот за снабдување со гориво	Лоцирајте го изворот на испуштање и поправете го како што е потребно.
	Несоодветен вид гориво.	Користете соодветен вид на гориво.
	Низок квалитет на гориво	Исцедете го горивото и заменете го со поквалитетно гориво со соодветниот степен.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Несоодветно растојание на вентил.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Вбризгувачи на гориво оштетени.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Пумпа за притисок за гориво под висок притисок вон време.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Неправилна работа на турбокомпресор.	Проверете го турбокомпресорот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Ниска температура на моторот.	Проверете ги термостатите.
Гориво во масло	Неправилна главан на цилиндерот	Лоцирајте ја неправилноста, поправете/заменете ги компонентите по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	О-прстените од вбризгувачот во електроничката единица не работат или се истрошени	Отстранете го сомнителниот вбризгувач во електроничката единица и заменете го О-прстенот по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Низок притисок на гориво	Затнат филтер за гориво	Заменете го филтерот за гориво.
	Застој во линијата на гориво	Лоцирајте го застојот, поправете го по потреба.
	Пумпа за трансфер на гориво не работи успешно	Отстранете ја пумпата за трансфер на гориво; поправете/заменете ја пумпата по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Проветреност на гориво	Олабавување на зацврстени стегачи во вбризгувач на електронската единица	Затегнете ја завртакта на капакот од стегачите за зацврстување во соодветно тркало. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	О-прстените од вбризгувачот во електроничката единица не работат или се истрошени	Отстранете го сомнителниот вбризгувач во електроничката единица и заменете го О-прстенот по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Низок притисок на маслото	Ниско ниво на масло во картерот	Наполнете го картерто со соодветно ниво на масло.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Нивото на масло во картерот е превисок	Наполнете го картерто со соодветно ниво на масло.
	Грешка во сензорот за притисок	Заменете го сензорот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Затнат ладилник на масло или филтер	Отстранете го и проверете го ладилникот на масло. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Прекумерна температура на масло	Отстранете го и проверете го ладилникот на масло. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Оштетена пумпа на масло	Отстранете ја и проверете ја пумпата за масло. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Неправилното масло	Исцедете го картерот и одново наполнете со правилно масло.
	Неправилна работа на регулаторен вентил за масло	Отстранете го и проверете го регулаторниот вентил за масло под притисок. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Скршен клип на прскалката	Заменете го скршениот клип на прскалката. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Екран за затната пумпа за масло или неправилната цевка за пикап	Отстранете го садот за масло и екранот за чистење/заменете ја цевката за пикап.
	Прекумерен зазор на главното или поврзувачко лежиште на шипка	Одредете го зазорот на лежиштето. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Висок притисок на маслото	Неправилна класификација на масло	Исцедете го картерот и одново наполнете со правилно масло.
	Грешка во сензорот за притисок	Заменете го сензорот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Олабавување на чаурите на регулаторниот вентил за масло под притисок (за нишење)	Отстранете го и проверете го регулаторниот вентил за масло под притисок. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Неправилна работа на регулаторниот вентил	Отстранете го и проверете го регулаторниот вентил за масло под притисок. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Затнат клип на прскалката	Заменете го скршениот клип на прскалката. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Затнат или оштетен бајпасен вентил на филтерот	Отстранете го и проверете бјапасниот вентил на филтерот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Затнат или оштетен бајпасен вентил на ладилникот на масло	Отстранете го и проверете бјапасниот вентил на ладилникот на масло. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Зголемена потрошувачка на масло	Пренизок вискозитет на маслото во картерот	Исцедете го картерот и одново наполнете со масло со правилен вискозитет.
	Нивото на масло во картерот е превисок	Исцедете го масло додека нивото на маслото не е правилно.
	Надворешно испуштање на масло	Одредете го изворот на испуштањето и поправете го по потреба.
	Прстени за контрола на масло не се поставени	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Прстените за контрола на масло се истрошени или скршени	Заменете ги прстените на клип. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Изгребани обвивки на цилиндарот или клиповите	Отстранете ги и проверете ги цилиндрите и обвивките; заменете ги по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошени водови на вентил или матици	Проверете ги вентилните измерни матици и водови на вентилот; поправете ги по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Прекумерен притисок на маслото	Погледајте одсек Висок притисок на масло во ова поглавје.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Клипот на прстенот е прекумерно истрошен и избраздан	Отстранете ги и проверете ги клиповите. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Клипните прстени се спојуваат со жлебовите на прстенот	Отстранете ги и проверете ги клиповите. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Напнатост на клипниот прстен не е доволна	Отстранете ги и проверете ги клиповите. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Празните места во клипните прстени не се распоредени	Отстранете ги и проверете ги клиповите. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Заптивката за масло во предната и/или задната колenеста оска не е исправна	Заменете ги заптивките на маслото. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Невообичаен звук на моторот [1]	Истрошеното главно или поврзувачко лежиште на шипка	Одредете го зазорот на лежиштето. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Прекумерна предна оска на колenеста оска	Проверете ја предната оска на колenестата оска. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Олабавете ги капаците на главното лежиште	Проверете го зазорот на лежиштето; заменете ги лежиштата и капаците на лежиштата и завртките на капаците на лежиштата по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошените чаури на поврзувачката шипка и клип на прачките	Проверете ги клиповите на прачките и чаурите. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Изгребани клипови	Проверете ги клиповите. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошени преносници за временско нагодување или прекумерен мртов од	Проверете ги преносниците за временско нагодување за мртов од. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Прекумерен зазор на вентилот	Проверете и нагодете го зазорот на вентилот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Истрошени ресички на брегастото вратило	Заменете го брегастото вратило. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошените оски на подвижниот крак	Заменете ги оските на подвижниот крак. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Моторот не е подмачкан доволно	Погледајте Решавање на проблеми во системот за подмачкување понатаму во ова поглавје.
	Звук на турбокомрпесор	Погледајте Решавање на проблеми во системот за влез на воздух понатаму во ова поглавје.
Турбокомпресорот “свири”	Испуштање на воздухот во влезот на воздухот.	Проверете го дихтунгот за влезот на воздухот; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Звук или вибрирање на турбокомпресор [1]	Лежиштата не се подмачкани (недоволен притисок на маслото)	Одредете го предизвик за недостатокот на подмачкуивање; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Испуштање на воздухот во влезот на моторот или колекторот на издувните гасови	Проверете го дихтунгот за влезот на воздухот и колекторот на издувните гасови; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Несоодветен зазор меѓу турбинско тркало и турбинско куќиште	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Скршените сечила (или други тркала со грешка)	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Маслото на тркалото на турбокомпресорот или во куќиштето на компресорот (маслото се турка или привлекува низ централното куќиште)	Екстремен притисокот во моторниот картер.	Одредете предизвик за прекумерен притисок во картерот; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Блокирање на влезот на воздух	Одредете го предизвик за блокирањето на влезот на воздух; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Блокирање на цевка за цедење	Одредете го предизвик за блокирањето на цевката за цедење; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Маслото во влезот на воздух или капење од куќиштето на турбокомпресорот	Екстремен притисокот во моторниот картер	Одредете предизвик за прекумерен притисок во картерот; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Блокирање на влезот на воздух	Одредете го предизвик за блокирањето на влезот на воздух; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Блокирање на цевка за цедење	Одредете го предизвик за блокирањето на цевката за цедење; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Оштетени или истрошени лежшта на куќиштата	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Нерамнотежа на ротациониот склоп	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Оштетување на турбината или тркалото на компресор или сечилата	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Нечистотии или јагленород се наталожува врз тркалото или сечилата	Проверете дали има ислуштања во влезот на воздух (воздушен филтер). Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истрошеност на лежиште	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Недостаток на масло или недоволно подмачкување	Одредете го предизвик за недостатокот на подмачкуивање; поправете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Истрошени заптивки на вратилото	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Вртежниот момент на тркалото на турбината од турбокомпресорот	Наталожување на јагленородот зад тркалото на трубината предизвикувано од малсото од кокс или остатоци од согорување	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Наталожување на нечистота зад тркалото на компресорот предизвикано од испуштањето на влезот на воздухот	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Блокирање на лежиште или нечистота, истрошени лежишта	Проверете го турбокомпресорот; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Моторот прегрева	Преоптоварување на моторот.	Намалете го оптоварувањето на моторот.
	Ниско нивото на разладното средство.	Наполнете го разладниот систем до соодветниот степен и проверете го радијаторот и дали цревата се слабо поврзани или истекуваат.
	Оштетениот капак на напливниот резервоар	Заменете го капакот на напливниот резервоар по потреба.
	Олабавен или неисправен ремен на вентилаторот	Заменете го ременот на вентилаторот по потреба. Проверете ја затегнатоста на ременот.
	Ниско ниво на масло во моторот.	Проверете го нивото на масло. Додајте масло по потреба.
	Системот за разладување треба да се испере.	Измијте го системот за ладење..
	Неисправен термостат(и)	Отстранете ги и проверете ги термостатите по потреба.
	Неисправен мерач на температурата или испраќач за температурата.	Проверете ја температурата на разладното средство со термометар и заменете го ако има потреба.
	Неточна градација на гориво.	Користете ја соодветната градација на гориво.
	Нечистота на јадрото на радијаторот	Исчистете го радијаторот по потреба.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Прениско ниво на масло во картерот	Наполнете го картерто со соодветно ниво на масло.
	Оштетен дихтунг на главата на цилиндерот	Заменете го дихтунгот на главата на цилиндерот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Оштетена пумпа на разладното средство	Заменете ја пумпата на разладното средство. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Разладно средство во картерот	Оштетен дихтунг на главата на цилиндерот	Заменете го дихтунгот на главата на цилиндерот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Грешка со блокот или главата на цилиндерот	Лоцирајте ја неправилноста, поправете/заменете ги компонентите по потреба.
	Испуштање на заптивки на обвивки на цилиндарот	Отстранете ги и проверете ги обвивките на цилиндарот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Испуштање на ладилникот на масло	Тест на притисок за ладилникот на масло; поправете/заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Оштетени О-прстени на ладилникот за масло	Отстранете ги и проверете ги О-прстени на ладилникот за масло; заменете по потреба. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Грешка со заптивката на пумпата за разалдното средство, затнат отвор за цедење; разладното средство испушта низ лежиштето	Заменете ги заптивки на пумпата на разладното средство. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
Температура на разладното средство под нормалата	Неисправен термостат(и)	Тестирајте ги термостатите; заменете ги термостатите како што треба.

[1]ЗАБЕЛЕШКА: Турбокомпресорот со променлива геометрија се рециклира по стартувањето на моторот, предизвикувајќи моментален звук на турирање на моторот. Тоа е нормално. Не го бркајте звукот на завивање во текот на работата со збукот кој што индицира на грешка во лежиштето.

OUO6075,0000C98 -A8-20JUN11-11/11

Електричен

Симптом	Проблем	Решение
Системот не е наполнет	Прекумерно електрично оптоварување од додадената додатна опрема.	Отстрантете ја додатната опрема и инсталирајте го излазниот алтернатор со поголема сила.
	Прекумерен празен од на моторот.	Зголемете вртежи/мин. на моторот кога се користи тешко електрично оптоварување.
	Лошите електрични врски на акумулаторот, лентата за заземјување, стертерот или алтернаторот.	Проверете ги и исчистете ги по потреба.
	Неисправен акумулатор.	Тестирајте ги акумулаторите.
	Неисправен акумулатор.	Тестирајте го системот за полнење.
Акумулаторот користи премногу вода	Грешка со кутијата на акумулаторот.	Проверете дали има влага и заменете ако е потребно.
	Степен на полнење на акумулаторот е превисок.	Тестирајте го системот за полнење.
Акумулаторите не се полнат	Олабавени или кородирани приклучоци.	Исчистете ги и стегнете ги приклучоците.
	Сулфуризирани или истрошени акумулатори.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Истегнат ремен или грешка со затегнувач на ремен.	Нагодете го затегнувањето на ременот или заменете ги ремените.
Моторот не стартува	Погоснките линии на моторот се вклучени.	Исклучете ги погоснките линии на моторот.
	Олабавени или кородирани приклучоци.	Исчистете и стегнете ги олабавените приклучоци.
	Низок излазен напон на акумулаторот или празен акумулатор.	Наполнете ги или заменете ги акумулаторите.
	Грешка со релеј на струјното коло за стартување.	Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.
	Прегорен осигурувач.	Заменете го осигурувачот.
		Исчистете ги терминалита и приклучоците за акумулаторот.
	Оштетен главен прекинувач или старт на безбедносен прекинувач	Поправете го прекинувачот ако е потребно.
	Дефектен соленоид на стартер	Заменете го соленоидот.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
	Оштетен стартер	Заменете го стартерот.
Стартерот бавно се врти	Низок излезен напон од акумулаторот.	Наполнете ги акумулаторите.
	Прегусто масло во картерот.	Користете масло со соодветен вискозитет.
	Олабавени или кородирани приклучоци.	Исчистете и стегнете ги олабавените приклучоци.
Целиот електричен систем не работи	Неисправно поврзување на акумулаторот.	Исчистете и стегнете ги приклучоците.
	Сулфуризирани или истрошени акумулатори.	Заменете ги акумулаторите.
	Прегорен осигурувач.	Заменете го осигурувачот.

OUO6075,0000C99 -A8-20JUN11-2/2

Грејач

Симптом	Проблем	Решение
Грејачот не дува топол воздух.	Нечист филтер за рециркулација.	Исчистете го филтерот.
